**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**

# ШТИПСКИОТ РЕГИОН МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ 1918 – 1941

**(ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА)**

**Кандидат:**
**м-р Кирил Цацков**

**Ментор:**
**Проф. д-р Александар Апостолов**

**СКОПЈЕ, 1998**

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ..... 1

**ГЛАВА ПРВА** ..... 3

**ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИ И ИСТОРИСКИ ПРИЛИКИ ВО ШТИПСКИОТ РЕГИОН**

**I. ПОЛОЖБА, ГРАНИЦИ И ПОВРШИНА** ..... 3

*1. РЕГИОНАЛНО-ГЕОГРАФСКА И ТОПОГРАФСКА ПОЛОЖБА* ..... 4

**II. КЛИМА, ВРНЕЖИ И ВЕТРОВИ** ..... 7

*1. КЛИМА* ..... 7
*2. ВРНЕЖИ* ..... 7
*3. ВЕТРОВИ* ..... 8

**III. ИСТОРИСКИ БЕЛЕЗИ** ..... 9

**ГЛАВА ВТОРА** ..... 14

**ПОСЛЕДИЦИ ОД БАЛКАНСКИТЕ И ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА**

*1. БИТКАТА НА БРЕГАЛНИЦА* ..... 18

**ГЛАВА ТРЕТА** ..... 36

**ЕКОНОМСКАТА ПОЛОЖБА ВО ШТИПСКИОТ РЕГИОН 1918 - 1941**

**I. ЗЕМЈОДЕЛСТВО** ..... 36

*1. АФИОН* ..... 37
*2. ТУТУН* ..... 40
*3. ПАМУК* ..... 42
*4. ЖИТНИ КУЛТУРИ* ..... 43
*5. ГРАДИНАРСТВО* ..... 44
*6. ОВОШТАРСТВО И ЛОЗАРСТВО* ..... 45

**II. СТОЧАРСТВО** ..... 46

**III. ЗАНАЕТЧИСТВО** ..... 49

**IV. ТРГОВИЈА** .......... 68

1. *ФАМИЛИЈА МОМЧЕЦИКОВИ* .......... *69*
2. *ПАНЕ БАЛВАНЛИЕВ* .......... *71*
3. *ФАМИЛИЈА ПУЗДЕРЛИЕВИ* .......... *71*
4. *ФАМИЛИЈА ЗИГОВИ* .......... *72*
5. *ФАМИЛИЈА ЧЕПРЕГАНОВИ* .......... *72*

**V. ИНДУСТРИЈА** .......... 73

1. *МОНОПОЛ – ОБЈЕКТ ЗА ОТКУП И ОБРАБОТКА НА ТУТУН* .......... *75*
2. *МЕЛНИЧКА ИНДУСТРИЈА* .......... *76*
3. *ЕЛЕКТРИЧНИ ЦЕНТРАЛИ* .......... *76*
4. *ФАБРИКА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ВЕШТАЧКИ МРАЗ* .......... *78*

**VI. БАНКАРСТВО** .......... 79

1. *БРЕГАЛНИЧКА БАНКА – АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО, ШТИП* .......... *79*

**VII. СООБРАЌАЈ** .......... 81

**ГЛАВА ЧЕТВРТА** .......... 87

**ЗДРАВСТВО**

**I. ПРВА АНТИМАЛАРИЧНА СТАНИЦА ВО МАКЕДОНИЈА** .......... 90

**II. ФОРМИРАЊЕ НА ОКРУЖНА ГРАЃАНСКА И ВОЕНА БОЛНИЦА** .......... 91

**III. АПТЕКАРСКА СЛУЖБА** .......... 92

**ГЛАВА ПЕТТА** .......... 93

**СРПСКАТА КОЛОНИЗАЦИЈА ВО ШТИПСКИОТ РЕГИОН**

**ГЛАВА ШЕСТА**

**ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИОТ ЖИВОТ ВО ШТИП И ШТИПСКО 1918-1941 ГОДИНА**

**I. ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКАТА ПОЛОЖБА ВО ПЕРИОДОТ НА ДРЖАВНИОТ ПРОВИЗОРИУМ ВО КРАЛСТВОТО НА СРБИ, ХРВАТИ И СЛОВЕНЦИ 1918-1921 ГОДИНА** .......... 104

*1. ВРАЌАЊЕТО НА СРПСКИТЕ ОКУПАТОРСКИ ВЛАСТИ И ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНО-УПРАВНИОТ АПАРАТ ВО ШТИП И ШТИПСКО ...... 104*

*2. АКТИВНОСТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ПАРТИИ И НА КПЈ И НИВНОТО УЧЕСТВО НА ИЗБОРИТЕ ОД 1920 ГОДИНА ...... 110*

**II. ОПШТЕСТВЕНО ПОЛИТИЧКИТЕ ПРИЛИКИ ВО ШТИП И ШТИПСКО ОД ИЗГЛАСУВАЊЕТО НА ВИДОВДЕНСКИОТ УСТАВ ДО ВОВЕДУВАЊЕ НА МОНАРХО-ДИКТАТУРАТА (1921-1929) ...... 119**

*1. ПРОПАГАНДНО-ВООРУЖЕНАТА ДЕЈНОСТ И АТЕНТАТИТЕ НА ВМРО (автономистичка) ...... 119*

*2. КОНТРАЧЕТНИШТВОТО И УЛОГАТА НА „ЗДРУЖЕНИЕТО ПРОТИВ БУГАРСКИТЕ БАНДИТИ" ...... 134*

*3. ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ И ОПШТИНСКИТЕ ИЗБОРИ ВО ШТИП И ШТИПСКО ВО ПЕРИОДОТ ОД 1923 ДО 1929 ГОДИНА ...... 143*

*а) Изборите од 1923 година ...... 143*

*б) Изборите за Народната скупштина во 1925 година ...... 145*

*в) Парламентарните избори од 1927 година ...... 147*

*4. ИЛЕГАЛНАТА РАБОТА НА КПЈ ВО ШТИП ДО ВОВЕДУВАЊЕТО НА ДИКТАТУРАТА ...... 149*

*5. ВМРО (обединета) ВО ШТИП ...... 152*

*6. АТЕНТАТОТ НА ГЕНЕРАЛ МИХАЈЛО КОВАЧЕВИЌ И ВОВЕДУВАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛНА ВОЕНО-ПОЛИЦИСКА СОСТОЈБА ВО ШТИПСКО ...... 157*

**ГЛАВА СЕДМА ...... 165**

**УЛОГАТА НА СРПСКАТА ЦРКВА ВО ШТИП И ШТИПСКО**

**I. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЗЛЕТОВСКО-СТРУМИЧКАТА ЕПАРХИЈА ...... 168**

**ГЛАВА ОСМА ...... 175**

**ЕВРЕИТЕ ВО ШТИП МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ**

**I. КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНИОТ И ЗАБАВНИОТ ЖИВОТ НА ЕВРЕЈСКОТО НАСЕЛЕНИЕ ВО ШТИП МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ ...... 177**

**ГЛАВА ДЕВЕТА** .......... **182**

**КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНИТЕ ПРИЛИКИ, ХУМАНИТАРНИТЕ И СПОРТСКИ ДРУШТВА ВО ШТИП И ШТИПСКО МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ**

**I. ПРОСВЕТАТА ВО ШТИП И ШТИПСКО** .......... **182**

*1. АКТИВНОСТА НА УЧИЛИШНИТЕ ДРУШТВА ПРИ ГИМНАЗИЈАТА ВО ШТИП* .......... *190*

**II. СРПСКИТЕ КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКИ ДРУШТВА И НИВНАТА УЛОГА ВО ШТИП И ШТИПСКО** .......... **193**

**III. ХУМАНИТАРНИ И СПОРТСКИ ДРУШТВА ВО ШТИПСКИОТ РЕГИОН** .......... **202**

*1. КОЛО НА СРПСКИТЕ СЕСТРИ* .......... *202*
*2. „КНЕГИЊА ЗОРКА”* .......... *204*
*3. СОКОЛСКО ДРУШТВО* .......... *206*
*4. ФУДБАЛСКИ КЛУБОВИ* .......... *212*

**ГЛАВА ДЕСЕТА** .......... **218**

**ШТИП И ШТИПСКО ВО ПЕРИОДОТ НА ШЕСТОЈАНУАРСКАТА ДИКТАТУРА**

**ГЛАВА ЕДИНАЕСЕТТА** .......... **220**

**ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИОТ ЖИВОТ ВО ШТИП И ШТИПСКО ОД 1934 ДО 1941.**

**I. ШТИП И ШТИПСКО ВО ВРЕМЕ НА ПЕТОМАЈСКИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ОД 1935 ГОДИНА** .......... **220**

**II. ПОСЛЕДНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ОД ДЕКЕМВРИ 1938 ГОДИНА** .......... **225**

**III. ОБИДИ ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ИЛЕГАЛНАТА ДЕЈНОСТ НА ПАРТИСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ШТИП** .......... **226**

**IV. АПРИЛСКАТА ВОЈНА И КРАЈ НА СРПСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ ВО ШТИП И ШТИПСКО** .......... **230**

**ИЗВОРИ** .......... **233**

**I. АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛИ** .......... **233**

**II. ЛИТЕРАТУРА** ........ **234**

**III. СПИСАНИЈА И ВЕСНИЦИ** ........ **239**

# ВОВЕД

Поттик за моето определување кон оваа тема, покрај личните афинитети, затоа што како Штипјанец чувствувам потреба и долг кон мојот град со настојувања да се тргнат некои заблуди и мистификации во однос на неговото минато, неговата богата историја, исполнета честопати со противречности и контраверзии на сите полиња од неговото живеење: економско, политичко и културно-просветно.

Од тие причини ќе настојувам сите мои сознанија во однос на темата за која пишувам да бидат засновани исклучиво врз научно објективни и автентични извори, а од тоа извлекувајќи синтези што треба да бидат единствен ориентир за понатамошните истражувања на генерациите што допрва доаѓаат. Ова го правам за да придонесам во демистификацијата на многу настани обвиткани во заблуди и злонамерни мотиви, можеби од незнаење или, пак, од дневно-политички потреби. Ова само по себе се наметнува денес како императив откако создадовме своја држава, самостојна и меѓународно призната.

Самиот наслов на темата укажува дека се работи за специфична материја која бара директно навлегување во конкретна и жива ситуација, бара ретроспективен поглед врз еден исечок од целокупното живеење на народот од овој крај.

Иако со определени временски и просторни координати актуелноста и предизвикот на темата не престанува да ги поттикнува интересите и денес. Затоа и се наметнува потребата за расветлување и обработка на една значајна област од штипскиот регион во периодот меѓу двете светски војни.

Иако не би се рекло дека и досега не се правени обиди да се фрли светлина на овој временски период, но се чини дека тие биле парцијални, нецелосни, а понекогаш засновани, не на податоци и аргументи, туку, на сеќавање и тоа со носталгичен тон и неретко со емоционална обоеност.

Преку комплексното истражување и научниот приод кон прашањата поставени во темата би се овозможило автентично видување и максимално доближување до суштината што го детерминирала, економскиот,

политичкиот и духовниот живот во штипскиот регион во ова и би рекле не само за овој регион, туку и пошироко, затоа што сите битни компоненти карактеристични за Штип и штипско се дел и во контекст на целокупното живеење и на целиот македонски народ. Треба да се нагласи и тоа дека основниот извор при изготвување на овој труд беа архивските материјали, посебно Архивот на Југославија во Белград, Архивот на Србија, Архивот на Белград, Архивот на Македонија, Архивот при МАНУ, Универзитетската и национална библиотека Климент Охридски, Историскиот национален институт, Архив на град Штип, Архиви во Софија, Завод за заштита на спомениците на град Штип, Библиотеката Гоце Делчев – Штип.

Исто така беа користени и одделни сеќавања, напишани и оформени, како и сеќавања на луѓе современици и директни учесници во целокупниот општествено-политички, економски и просветно-културниот живот.

На сите чувствувам потреба на овој начин да им се заблагодарам, а посебно сакам да ја истакнам помошта на мојот ментор проф. д-р. Александар Апостолов, чие стручно и несебично залагање придонесе овој материјал да биде обликуван во една ваква форма.

# ГЛАВА ПРВА

# ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИ И ИСТОРИСКИ ПРИЛИКИ ВО ШТИПСКИОТ РЕГИОН

## I. ПОЛОЖБА, ГРАНИЦИ И ПОВРШИНА

Положбата или териториjалната сместеност, покраj останатите има наjголема улога за стопанскиот и демографскиот развиток на секоjа населба или територија. Поради тоа овоj фактор постоjано е присутен, а честопати и доминантен на комплексот на природните и социо-економските поjави и процеси.

Географската положба во штипскиот регион во текот на сите изминати и различни историско-политички и општествено-економски промени, перманентно играла значаjна и позитивна улога во целукупниот негов историски живот и развиток. Територијата што ја зафаќа овој регион лежи во средното сливно подрачје на река Брегалница. Од геоморфолошки аспект оваа територија не преставува единствена целина, бидејќи зафаќа делови од планината Плачковица на исток, Лакавичката котлина на југоисток, Овче Поле на запад и алувијалната рамнина на реката Брегалница на север.

На југозапад територијата на општина Штип, со мал дел, граничи со територијата на општина Велес, а на поголема должина со територијата на општина Неготино. Југоисточната граница ја одделува територијата на општина Штип од територијата на радовишката општина. На североисток Штип граничи со општините: Виница, Кочани и Пробиштип. Северозападната граница на овој регион допира до Свети Николе. Растргната меѓу ридовите Исар, Мери и Кумлак, малата река Отиња градот Штип го дели на два симетрични дела: јужен и северен, а покрај него тече реката Брегалница.

Целокупниот развиток на штипскиот регион, а посебно на градот Штип, во минатото и денес, се должи исклучиво токму на оваа просторна сместеност, која во однос на другите делови на Источна Македонија, му овозможува географски и историски предности. Меѓу другото во овој регион се вкрстуваат повеќе значајни патни правци што водат преку Источна Македонија кон средишната висорамнина и долина на Струма, кон Повардариeто на југ и запад и на север кон Моравската долина. Токму ова придонесува овој регион да има улога на крстопат на повеќе региони.

## *1. РЕГИОНАЛНО-ГЕОГРАФСКА И ТОПОГРАФСКА ПОЛОЖБА*

Поволната регионална положба на Штип уште од неговото создавање, па се до денес, претставувала примарен фактор за неговиот општествено-економски растеж.

Градот Штип се наоѓа на источниот дел на Република Македонија - расположен на тромеѓието од Лакавичката, Кочанската и Овчеполската котлина кои овозможуваат и различно аграрно и економско искористување. Во минатото во Штип се вкрстосувале повеќе познати патишта. „Еден од нив бил трансверзалниот пат кој доаѓал од Стоби и преку Астибо водел кон Пауталија (Ќустендил), поврзувајќи ги долините на Вардар и Струма. Подоцна, кога на Балканскиот полуостров до израз дошло и значењето и на лонгитудиалните патишта, еден таков познат под името Серски или Голем Пат, што доаѓал од кон Овче Поле, поминувал низ Штип и продолжувал кон Лакавичката долина, кон Серез."[1] Тоа е всушност патот Скопје-Штип-Солун што водел преку Овче Поле и Лакавичката котлина, и кој до изградбата на вардарската железница, 1873 година, ја поврзувал внатрешноста на Балканскиот полуостров со Егејското Море и Солун. Паралелно со Серскиот пат водел и друг пат што го поврзувал Штип со Радовиш. Патот

[1] Васил Нетков „Положба, природни услови, население, топографски развиток и тип на градот Штип", Астибо I до XX век, 1964 година, стр. 13

бил многу полош, но затоа пак многу краток. Во текот на времето истиот се користел сè поретко, а денес е наполно напуштен.

Регионалната-сообраќајна положба Штип и регионот, главно, ја задржале и денес.

Најзначајни денешни сообраќајници се:

1. Штип-Велес, кој се вклучува на магистралниот пат Скопје-Атина. Овој пат поминува низ Овче Поле, поврзувајќи се со Свети Николе и Куманово.

2. Штип-Кочани, пат со кој се поврзуваат уште и градовите: Пробиштип и Кратово, потоа, Македонска Каменица, Делчево, и Бугарската граница, како и со градовите Виница и Берово.

3. Штип-Радовиш-Струмица, Дојран и продолжува кон Грција и бугарска граница.

4. Штип-Лакавица-Неготино, поврзувајќи се со Магистралниот пат кон Гевгелија и Кавадарци.

„Во текот на своето постоење и демографско растење, градот се ширел, зафаќајќи нови површини со исклучок на Исарот."[2] Всушност, населбата под Исарот воедно е и најстаро штипско маало. Кон него се приклучуваат, по својата старост уште и маалата, Грнчарско, Стар Конак, Шпиталско, Варош, Дамјаница и Свети Јован. По освојувањето на Штип и неговото приклучување кон Отоманската империја, во Штип се создаваат нови маала сите со ориентални белези, со џамии, теќиња, амами, чешми и друго. Такви биле маалата: Ајшај Теќе, Кади Дере, Кр Теќе и други. Најчесто овие маала етнички биле чисти, населени или само со турско, или само со христијанско население. Но, иако ретко, постоеле и такви каде националниот состав бил мешовит, како на пример Бело Брдо, Горно Маало и други.

Приградската населба Ново Село била исклучиво населена со христијани. „Според пописниот турски дефтер од 1519 година Штип го сочинуваат шест христијански и девет муслимански маала, додека според дефтерот од

---

[2] Миодраг Јовановиќ: „Две средновековни тврдини во Источна Македонија", зборник на Штипскиот музеј II, Штип 1961 година, стр. 103-105

1573 година бројот на христијанските маала бил пет, а на муслиманските осумнаесет. Во овој попис се спомнува и едно еврејско маало."[3]

Економските промени на феудална Турција од крајот на XVIII и почетокот на XIX век детерминирале позабрзан економски растеж, а со тоа и зголемување на населението во градот. Ова влијаело и на измената на неговата физиономија. Така, на пример, се оформува неговиот центар и улици со многубројни трговски и занаетчиски дуќани. „Штипската чаршија се наоѓа во центарот на градот, од двете страни на Отиња. Средиштето на чаршијата се наоѓа околу Градскиот часовник (Саатот), во Горно Маало. Од левата страна на Отиња се наоѓала нова чаршија, која поради дуќаните лоцирани под покрив се викала уште и покриена чаршија. Градското пазариште било од десната страна на Отиња, лоцирано околу Шардаванот."[4]

Во втората половина на XIX век штипската чаршија се проширила од левата страна нареката Отиња, на местото кај што денес се наоѓа училиштето „Ванчо Прке". Сите овие карактеристики и белези на град од ориентален тип, Штип ќе ги задржи се до крајот на Првата светска војна.

Штип не го изменил својот изглед ни по напуштањето на турското население од градот. Ова иселување кое започнало по Балканските војни, особено се интензивирало во триесетите години на овој век.

Впрочем христијанското население што ги купувало овие куќи, едноставно само ги прилагодувало за живеење, не менувајќи ништо во нивниот архитектонски изглед. И сè така до конечното ослободување на овој град во 1944 година кога со регулационен план на градот го доживува своето интензивно топографско ширење.

Покрај изградбата на нови објекти на местата од дотраени стари градби, градот се проширува и периферно, надоврзувајќи се на старите постојни реони и маала, а се формираат и потполно нови: „Осми Ноември", „Блок 70", „Блок 77", „Мазги", „Сењак", „Пребег", „Баби" и други реони. Вака поставен градот со своите приградски населби денес претставува урбана средина со сите карактеристики и белези на модерен и современ град.

---

[3] Методи Соколовски „Развојниот пат на некои градови во Македонија во XV и XVI век", Историја, г. VII, бр. 1, Скопје, 1971 година, стр. 58-61

[4] Јефто Дедиер, „Нова Србија", Београд, 1913 година, стр.127

# II. КЛИМА, ВРНЕЖИ И ВЕТРОВИ

## *1. КЛИМА*

Во штипската котлина претежно преоблавладува медитеранската клима, која доаѓа главно преку долините на реката Вардар и преку долините на реките Струма и Крива Лакавица. На климата во Штип исто така има влијание и континенталната клима и тоа, главно, нејзината источна компонента, која преку Делчево доаѓа од Бугарија. Покрај останатите типови силно влијание има и „Висијската клима" и го продолжува периодот на студените денови и мразови. Овие денови, главно се јавуваат на почетокот од април, а раните есенски мразеви веќе на самиот крај од октомври. Просечниот минимум од -12,6°C припаѓа на месец февруари, а максималната температура на летниот период достигнува до 37,7°C, при што претставува просечна амплитуда од 50,3°C. Апсолутниот максимум изнесува 40,5°C. Како последица на ваквите карактеристики на климата во штипската котлина, вегетациониот период започнува на самиот почеток на месец април, а завршува кон крајот на месец октомври, што за разлика од северните краеви, е значително поголем. Нема дилеми дека за ова многу придонесува и влијанието на медитеранската клима.[5]

## *2. ВРНЕЖИ*

Штип и штипско се вбројува во посушните реони во Република Македонија, со средно годишно количество врнежи од 520 mm. Најголемиот дел од годишните времиња е во форма на дожд. Снегот во вкупниот среден годишен износ на врнежите учествува со околу 10%. Просечниот годишен збир на врнежи е многу непостојан и од година во година варира во

---

[5] А. Лазаревски, „Климата во Македонија, температурата во воздухот, географски разгледи", книга VII, Скопје, 1969 година, стр. 19-28

забележливи размери движејќи се од 270 до 660 mm. Покрај годишните врнежи, исто така и распоредот на врнежите по сезони е доста нерамномерен. Најсушни се месеците: јули и август во кои средното количество врнежи изнесува 27,1 mm и септември со 35 mm. Близу до нив се и месеците: февруари, март и април во кои количеството врнежи се движи од 34,8 до 44 mm. Врнежите најмногу се застапени во подоцната есен, односно во месец октомври со 58,2 mm и месец ноември со 62,2 mm. Приближно кон оваа бројка е и месец мај со 56,9 mm. Карактеристично за врнежите во Штип и штипско се и појавите на долготрајните суши кога во поедини години се забележува и атмосферска суша во траење од 90 дена. Во летните месеци, а понекогаш и во доцната пролет доаѓа до појава и на поројни или интензивни врнежи, но главно, со локален карактер и кои често предизвикуваат поплави. Врнежите од снег обично се карактеристични за месеците од ноември, па се до април. Поради релативно високите температури во воздухот врнежите во месец ноември и април не формираат снежен покривач. Поради ова првиот снежен покривач во Штип и штипско се појавува кон крајот на месец декември, а последниот во месец февруари. Врз основа на податоците добиени од метеролошката станица во Штип, може да се констатира дека соодносот на вкупната вредност на врнежите помеѓу дождот и снегот е 90:10 во полза на дождот.[6]

### *3. ВЕТРОВИ*

Во штипскиот регион најчести се ветровите од северозападниот и југоисточниот правец, додека ветровите од останатите насоки се појавуваат значително поретко. Просекот на ветерот од северозападен правец изнесува 19,6% и претставува најчест ветер во овој крај. Овој ветер е карактеристичен за месеците: јануари, февруари и март, како и за месеците

---

[6] А. Лазаревски, „Климата во македонија, врнежите во СР Македонија", книга IX, Скопје, 1971 година, стр. 27-35

јуни и август. Неговата јачина изнесува 5,2 m/s, додека максималната јачина може да достигне и до 26,5 m/s.

Југоисточниот ветер, врз основа на годишниот просек на честина, се наоѓа на второ место со вредност од 18,3% овој ветер е карактеристичен за месеците: ноември, март и април. Неговата средна годишна брзина е 7 m/s, а максималната достигнува до 28 m/s.

Останатите ветрови во овој регион се карактеристични со помали годишни просеци на честина и тоа: западен и југоисточен правец, северен и североисточен правец. Врз основа на овие податоци може да се констатира и тоа дека просечната годишна честина, односно на денови без ветер изнесува 41,9%.[7]

## III. ИСТОРИСКИ БЕЛЕЗИ

Токму оваа географска положба придонела градот Штип уште од неговото античко постоење преку многубројните феудални господари во раното средновековие и доѓањето на Турците од XV, па се до XX век, да биде примамлив за многу освојувачи.

Денешното име на градот настанало од неговиот антички назив, кој за прв пат во историските документи се спомнува во првиот век од нашата ера под името ASTIBO. Во Византискиот период градот се јавува под името STIPION. Со доаѓањето на Словените при крајот на VI и почетокот на VII век, старото име на Astibo тие го сообразиле на својот словенски јазик Stipion од кое подоцна ќе произлезе денешното име на градот Штип. Словените на градот му дале словенски етничките карактер. За време на

---

[7] А. Лазаревски, „Климата во Македонија, Режим на ветрови во СР Македонија", книга IX, Скопје, 1972 година, стр. 37, 38

[*] Податоци за климатските карактеристики за Штип и штипско се користени и од метереолошката станица

бугарскиот хан Пресијан (836-852) Штип бил под бугарската власт се до 969 година.

За одбележување е дека за време на покрстувањето на Сагудатите на реката Брегалница во штипскиот крај за прв пат била применета словенската азбук - глаголицата. Потврда за ова се Кириловите зборови во т.н. Солунска легенда во која се вели: „И приведеше мене во град Равн на реце Брегалнице. Аз написах им 32 слова, Аз их учах и они сами многу преобратаху."[8]

За време на Самуиловото царство, Штип е во состав на неговата држава и останува се до крајот на 1014 година, кога византискиот цар Василие II ги освоил Штип, Прилеп и Битола. Подоцна Штип е под власта на Немањичката држава и така останува се до паѓањето под Турците во 1395 година. Од овој период останале историските белези кои денеска претставуваат гордост на овој град. Од нив би ги издвоиле само црквите на Исарот: „Св. Архангел", „Св. Јован" и „Св. Спас".

Со доаѓањето на Турците во XIV век, настапиле крупни промени во целокупното живеење на градот. Тој ја менува и својата физиономија, но се менува и духовниот живот на населението.

Во XVII век Штип се спомнува како град со повеќе џамии, теќиња, амами и голем керван - сарај, што недвосмислено укажува дека во тоа време во Штип живеело голем број на турско население. Може да се каже дека во средината на XIX век Штип имал налик на турски град.

Во првата половина на XIX век Штип бил познат како трговско - занаетчиски град со богата, развиена структура. Меѓу другите компоненти, како што веќе рековме, што го условиле неговиот занаетчиски и трговски растеж била и неговата географска положба. Од особено значење бил патот што минел низ Штип, а го поврзувал Солун со Белград и Софија. За услужување на богатите трговци и на караваните што минувале и останувале во Штип за да ја остават и да земат стока, се развиле многу услужни занаети какви што биле сарачи, ортомари, налбати, самарџии, крпачи, казанџии, леблебеџии, бојаџиски, мутавџиски, абаџиски, ќурчиски,

---

[8] Astibo - Штип, I - XX век, 1964 година, стр. 28

шеќерџиски, чибукчиски, кацарски, ќумбетчиски, пушкарски, опинчарски, рогожарски, столарски, фурнаџиски, шивачки, берберски, чевларски, гребенарски, кујунџиски, коларски, каменорезачки и други. Штипските трговци, нуделе жито, афион, ориз, тутун, афионско семе, вино и друго.

Овој богат трговско-занаетчиски живот овозможил да се развие и младата штипска буржоазија која започнала да го менува и духовниот живот на македонскиот народ, а колку повеќе економски јакнела, толку повеќе и национално се осознавала. Меѓутоа ова сè уште беше само најава на тешка борба што го очекуваше македонскиот народ до конечна победа и признавање на неговиот национален идентитет.

Настојувањата за слободен живот и национална осознаеност, започнуваат при крајот на XIX век. До кој степен беше стигната македонската национална осознаеност, најдобро покажува создавањето на ТМОРО во 1893 година во Солун. ТМОРО претставувала голем револуционерен чин за овој народ, организација која ги насочувала широките народни маси кон вистинскиот пат на ослободителното дело.

Кога станува збор за зачетоците на револуционерната борба во штипскиот регион посебно значење за нејзиниот развој имаат Гоце Делчев и Даме Груев, кои во последната деценија на минатиот век, поточно од 1894 до 1896 година биле учители во Штип и штипско Ново Село. Престојот на Гоце Делчев и Даме Груев во Штип е од огромно значење за ширење на револуционерната идеја, не само за штипскиот регион, туку и за цела Македонија. Оттука започнуваат факелите на веќе организираната борба на македонскиот народ. Покрај тоа, престојот на Гоце и Даме во Штип е од особено значење и за растежот на едно модерно школство, сообразено со тековите и барањето на времето и воопшто за целокупниот просветен живот во градот. Гоцевото учителствување во штипско, го продолжило континуитетот на една богата училишна традиција која пред него достигна кулминација за време на познатиот штипски педагог и учител Јосиф Ковачев (1839-1898 година). Исто така, како што ќе спомнеме подоцна, има реални претпоставки дека Гоце Делчев со учениците припремал и театарски изведби со што и се врзал за зачетоците на театарскиот живот во Штип.

И конечно, Илинденското востание и првата република на Балканот – Крушевската, врвна придобивка од организираната национална револуционерна борба на македонскиот народ. Звуците на крушевските камбани најавија дека и по цена на најголемите жртви овој народ е решен да ја добие својата слобода. Тоа што замолкнаа овие звуци пред многубројниот турски аскер и крвавото задушување на републиката, не значеше и крај, ами напротив, почеток на уште поинтензивна и поорганизирана и самостојна борба на македонскиот народ за својата конечна слобода.

За периодот по Илинденското востание до Младотурската револуција се засилуваат акциите на странските пропаганди на соседните Балкански држави: Бугарија, Грција и Србија. Всушност, тие со своите постапки кон Македонија, се однесуваат потполно завојувачки. За оваа цел, Бугарскиот двор ќе ангажира средства да ја засили својата пропаганда кон Македонија со најразновидни шпекулации и интриги. Во овие настојувања на Бугарскиот двор многу ќе придонесе и егзархискиот апарат. Сето ова ќе предизвика судири на македонската интелигенција со Егзархијата. Тоа ќе услови и голема стагнација во полето на развојот на школството во штипскиот регион. Борбата на интелигенцијата со Егзархијата се засилува особено по создадените афери и ќе трае се до 1910/11 година.

Во ваква политичка атмосфера, време на прогони, убиства и самоволија, македонскиот народ ќе ја дочека и Првата и Втората балканска војна, не само што не го реши македонското национално прашање, туку напротив наметна нови ропства, потешки и поперфидни.

Од сè ова најфатален за судбината за македонскиот народ бил Букурешкиот мир, потпишан на 10 Август 1913 година, со кој дојде до распарчување на македонскиот нациоонален интегритет. „За македонскиот народ, наместо едно, дојдоа три нови ропства, едно од друго потешки: грчко, бугарско и српско. Веднаш по завршувањето на Втората балканска војна и изгонувањето на Турците, српските воени власти воспоставија воено-полициски и управен апарат поткрепен со силата на воени судови. Во Македонија, започнува нов терор чии носители биле окружните и среските началници, воени и политички старешини, сите до крај одани на

големосрпската национална кауза."[9] Започнала масовна смислена и организирана денационализација на македонскиот народ почнувајќи од училиштата каде наставата се изведувала на српски јазик, преку установите и администрацијата со присилно менување на презимињата, кои задолжително морале да завршуваат на „иќ". Ваквата политичка клима ќе се задржи се до доаѓањето на новото ропство, овојпат бугарското, во 1915 година. Тоа се нови црнила на македонскиот народ. Сето ова траело се до 26.09.1918 година кога во Штип влегле Сојузничките војски и коњаничката дивизија на Првата српска армија и „Југословенската доброволечка дивизија". Градот на реката Отиња и Брегалница, повторно се најде под ропство. Долгоочекуваната слобода и овојпат остана само илузија и надеж дека, сепак, еден ден ќе дојде и тоа.

---

[9] „Историја на македонскиот народ", книга II, дел 9, глава II, стр. 397

# ГЛАВА ВТОРА

## ПОСЛЕДИЦИ ОД БАЛКАНСКИТЕ И ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Македонскиот народ бил меѓу првите од балканските народи кој бил поробен од Турците. Впрочем, од друга страна пак, Македонија ќе биде последна земја која ќе го отфрли јаремот на отоманскиот поробувач. Губејќи ги сите други поранешни територии на Балканот, кои веќе формирале свои држави, Турција своето насилство, експлоатација и терор, се повеќе ги засилува над сѐ уште неослободеното христијанско население меѓу кои спаѓа и македонскиот народ. Нема дилеми дека ваквата положба на поробениот народ била детерминирана и од најпримитивните феудални општествени и економски противречности во турската држава. Ваквата положба во самата Турција се рефлектира и во земјите кои сѐ уште се под нејзино ропство изразена преку најгруба експлоатација и спречување на сѐ она што упатува на прогрес, напредна и револуционерна мисла. Тоа главно, пак, се и причините поради што македонското револуционерно движење се јавува со задоцнување и поради што во него се чуствуваат влијанија во соседните земји изразени преку своите политички и империјалистички стремежи за приклучување на Македонија кон една или друга соседна земја. Поради тоа Македонија ќе стане интересна на едно време поради што за неа ќе бидат заинтересирани не само балканските земји, туку пошироко, скоро цела Европа. И не е чудно што и таа ќе бара од турските власти да го подобрат животот на македонскиот човек и да спроведат политички и економски реформи. Впрочем сите овие обиди изразени преку ултиматуми и други дипломатски контакти со Портата останале јалови.

Сметајќи на внатрешните слабости на Турците, буржоазиите на соседните земји: Бугарија, Србија, Грција и Црна Гора, почувствуваа дека е дојден часот да ги задоволат своите долгогодишни апетити изразени преку желбите да го распарчат македонскиот национален интегритет.

И се случи тоа што сите го очекуваа. На 18 Октомври 1912 година започна Првата балканска војна. Целокупната територија на Македонија била претворена во воен виор. За суштината и карактерот на оваа освојувачка војна концизно и сликовито ќе забележи проф. д-р Љубен Лапе со зборовите: „Кому ќе му припадне Македонија ваквото прашање го поставува весникот ,Народ', орган на бугарските социјалисти. На прашањето не збунето одговараат српските и бугарските националисти и шовинисти: едни бараат таа да и припадне на Србите, другите на Бугарија. И едните и другите притоа се раководат не од обзирите за доброто на народот во Македонија, туку од себичните интереси на својата експлоататорска буржоазија и кариеристичката интелигенција."[10]

Овде треба да се каже и тоа дека во бугарските, српските и грчките војски учествувале и Македонци. Дел од Бугарската армија навлегла во Македонија. Голем успех имала благодарение на формираните 78 чети со околу 1500 четници, под команда на штабот на Македонско-одринските доброволни одреди. Македонскиот народ сметал дека со истерувањето на Турците ќе ја дочека и долгоочекуваната слобода и посреќна иднина. Во првите денови на ослободувањето во време на еуфорија и радост од првата слобода, македонскиот народ се нафрлил врз турското население. Со грабежи и омраза, сметајќи го за виновно за долгогодишните страдања.

Во штипскиот регион, како и во останатите делови на Македонија, војската која навлегла во овој крај: српската и бугарската, срдечно и со радост била пречекана како ослободители. Двете сојузнички војски навлегле во Штип на 30 Октомври 1912 година. И едната и другата војска не наишле на отпор од турската војска, бидејќи таа со турското население плашејќи се од одмазда од сојузничките војски и од месното население, порано ја напуштила штипската каза.

„Штипската општина била окупирана од бугарски и српски војски, а демаркационата линија меѓу двете војски била повлечена по Брегалница, така што Штип и селата од левата странаги окупирала Бугарија, прогласувајќи го овој крај за бугарски и започнала да воведува своја администрација,

---

[10] Љубен Лапе, „Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ" II дел, Скопје, 1976 година, стр. 777

додека селата и градските земји од другата страна на реката, од десната, ги окупирала Србија, прогласувајќи ги за српски и воспоставувајќи свои воено-полициски и државни органи на власта."[11]

Меѓутоа, војските на буржоаските држави ги покажале своите вистински окупаторски и „ослободителни" претензии. И веднаш стана јасно, едно ропство заменето со друго, потешко и поцрно. Настапиле денови на страв и неизвесност. Во зависност од окупаторот штипското население било прогласувано за бугарско или српско. Најилустративна слика на овој период дал современикот на овие збиднувања, Алексо Мартулков кој забележал: „Нашите ослободители не ги сокриваа своите великосрпски аспирации. Кога почнуваа да зборуваат со некој сретнат граѓанин, првото прашање им беше: ,Што си?' и ќе добиеја одговор дека не е Србин, продолжуваа ,досега беше така, но отсега нема да биде така'. Бугарите многу работеле да ве направат Бугари. Но, сега ќе станете добри Срби. Треба да знаете: таму каде што стапнала српска нога тоа ќе биде српско."[12]

Меѓу најтешките последици за штипското население од Првата балканска војна е колерата што ја донеле бугарските војски. За овој трагичен момент повторно ќе се послужиме од сеќавањата на Алексо Мартулков, кој во нив запишал: „Мене ме замоли кметот на градот Арсо Лазаров[13] да станам градски комесар за да преземам итни мерки за спазување на чистотата, толку многу потребна против опасната епидемија, како и да му бидам при помош во овој тежок момент. Поради колерата секојдневно умираа од 50 до 60 војници."[14]

---

[11] Никола Едровски, „Штип во војните 1912–1918, Македонија во војните 1912–1918", Скопје, 1991 година, стр. 346

[12] Алекса Мартулков, „Моето учество во револуционерните борби во Македонија", Скопје, 1954 година, стр. 244

[13] Арсо Лазаров се родил во град Штип, 1845 година. Потекнува од старо патриотска штипска фамилија чии членови активно учествувале во борбата за самостојна македонска црква. Бил ученик на Милетиќ и Јосиф Ковачев. Подоцна станал трговец познат во Србија и други европски земји.

[14] Алекса Мартулков, „Моето учество во револуционерните борби во Македонија", Скопје, 1954 година, стр. 272

Покрај Штип биле ослободени и сите други населени места околу градот. Ослободувањето на овој простор е изведено од месните раководители Јован Јанев – „Брљо" од Горни Балван, Трајан Крстев Лакавички од село Чифлик, Боро Поцков од село Љуботен, Ване Данаилов, Моне и Тоде Топлички од село Топлик, Ефрем Миладинов од село Криви Дол, Фемо Долански од село Долани, Огњан Тренчев од село Кошево, Михаил Дамбев од Карбинци, Пано Патраклиев и Јанко Богатинов од село Пиперово, Андон Коцев од Никоман, Сандо Судликлиски од Судлик и други.

На 4 Декември 1912 година било склучено примирјето помеѓу балканските држави и Турција. Сепак, на конференцијата главен збор имале големите сили, кои исто така биле заинтересирани за Балканот, но од свои сметки и побуди. На спрема нив, пак, претставниците на балканските земји настојувале колку можеле повеќе да ги задржат освоените територии.

Мировниот договор меѓу балканските држави и Турција бил заклучен на 30 Мај 1913 во дворецот Сен-Џемс во Лондон. Со мировниот договор Турција била приморана да ја напушти и последната своја територија од Европа. Познати беа барањата на Србија, Бугарија и Грција на кој и колку треба да припадне од територијата на Македонија, повикувајќи се од најразлични дипломатски, историско-географски и воени аспекти. Незадоволна од Лондонскиот мир, Бугарија започнала забрзано да се подготвува за нова војна која ќе им овозможи да ги задоволи своите претензии кон нови територијални проширувања. „Овој српско-бугарски судир во Македонија станал окосница на сите расправии и спогодувања околу бројни региони и пунктови во Македонија, кои на крајот довеле до меѓусојузничка, Втора балканска војна во летото 1913 година со што и Балканскиот сојуз бил дефинитивно разбиен."[15]

На повидок беше една нова, сега братоубиствена војна. Судбоносниот чекор го направила Бугарија на реката Брегалница.

---

[15] Петар Стојанов, „Македонија во политиката на големите сили во времето на Балканските војни 1912/13", Скопје, 1979 година

## *1. БИТКАТА НА БРЕГАЛНИЦА*

Битката почна ненадејно и неочекувано. Пред тоа бугарските војски и офицери не давале никаков повод за сомнение. Напротив, многу перфидно и со знаци на блиско пријателство се однесувале кон српските офицери. „Пред самиот напад на 30 Јуни, Бугарите покажувале големо расположение спрема Србите. Српските офицери сосема искрено го примиле ова пријателство, но Бугарите останале итри до крајот. Тоа другарување со српските офицери било вешто прикривано, што подоцна ќе се манифестира во вооружен напад."[16]

Првиот удар започнал на демаркационата линија и тоа во градот Штип. Како точно изгледале овие први мигови на Втората балканска војна ќе се послужиме со сеќавањата на помошникот началник на Штабот, генерал Живоин Мишиќ. Тој пишува: „По наредба на генерал Михаил Савов, на 30 Јуни во 2 часот по полноќ, единиците на Бугарската четврта армија која броела преку 100.000 војници отпочнале со силно ‚ура' и звуците на војната музика која ја свирела химната ‚Шуми Марица', со изненаден напад преку реката Брегалница, а еден час подоцна и преку реката Злетовица."[17]

Бугарите биле уверени дека изненадниот напад ќе овозможи сигурни резултати и сигурна победа. Спрема податоците од книгата „Битката на Брегалница од 17 до 25 Јуни 1913 година" ноќниот напад го извела Осмата тунџанска дивизија. Ноќта околу 2 часот оваа дивизија го започнала неочекуваниот напад, поминувајќи ја реката Брегалница. Се водела борба гради во гради. Србите овој напад го откриле во три часот при што бил даден знак со истрелан сигнал за узбуна. Бидејќи нападот бргу бил откриен, а српската војска добро организирана, нападот успешно бил одбиен. При ова и бугарските и српските војски имале големи загуби. Многу војници ранети од обете страни барале помош од своите санитетски единици. Водите на Брегалница понеле со себе многу лелеци, солзи и офкања. Безумието остави уште една човечка катаклизма. И навистина ретко која војна во историјата на човештвото била толку кратка, а толку многу крвава. Ваков брз крај на битка-

[16] Српска црква, Календар за просту, 1914 година, Београд, стр. 2

[17] Војвода Живоин Мишиќ, „Моје успомене", Београд, 1969 година, стр. 298

та на Брегалница никој не се надевал. Но, и покрај тоа, загубите и на едната и на другата страна биле огромни. Точниот број на загинатите во Брегалничката битка во поединечни извори е различен.



*Заедничка слика на српските и бугарските офицери на Исарот пред самиот почеток на Втората балканска војна на 17 Јуни 1913 година (Архив на град Штип)*

Можеби посликовито за оваа човечка трагедија се изразува дописникот на „Политика": „Шест дена како се наоѓаме на котата 256 која се наоѓа пред самиот град Штип. Сонцето пече. Вода нема. Неа оддалеку ја носат и само по две маторки дневно. Со двогледот се гледа како граѓаните во град Штип се вознемирени. Се забележуваат коли кои го напуштаат градот и се упатуваат кон Радовиш."[18] Дописникот на „Политика" продолжува, кога српските војски влегле во градот заробиле и разоружале бугарски жандарми и цела интендантска група која не забележала дека бугарската војска веќе заминала. Во градот сè уште се забележувале траги од колерата која била присутна и тоа не во мал обем меѓу бугарските војници.

[18] „Политика", „Војната била кратка, но многу крвава", 23.05 – 07.07.1933




*Распоред на воените српски и бугарски единици на биткатa на Брегалница, 30.06.1913*

*(„Биткатa на Брегалница 17-25 Јуни 1913", Белград, 1926 година)*

Уште порелјефен во своите сеќавања е Тодор Мановиќ[19], кој во своите публицистички трудови од своите блиски и постари Штипјани забележува: „На „Пребег" и на „Мерите" по стишувањето на акциите, сè уште се слушаа пискотници и офкања на ранетите на кои никој не им приоѓал на помош. Денот беше врел и сонцето печеше. Нашите баби,

[19] Тодор Мановиќ, Македонец, е роден 1910 година во Штип, каде што се здобил со основно и средно образование, а потоа во белградскиот Универзитет студирал Словенска филозофија. Со новинарство и публицистика започнува уште како средношколец. Објавил над 150 белешки и репортажи во весниците „Брегалница", „Правда", „Глас Југа" и „Република". Преведувал поезија и проза на српски и македонски од руски, бугарски и турски јазик. Публицистот Т. Мановиќ активно учествува во истражувачката дејност на архивот на МАНУ за збогатување на фондовите со документи од културно просветното и уметничкото минато на Македонија, а исто и во преведување на повеќе стотици единици документи за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија. Посебна активност покажува спрема културното и историско наследство на неговиот роден град Штип. Во МАНУ е формиран Фонд на Тодор Мановиќ.

нашите мајки, потоа и по некој стар човек, а по нив и ние децата разбудени уште од полноќ од топотот на војничките чизми под нашите прозорци, со бардаци и ѓумови со вода преминувавме преку Новоселскиот мост во клисурата заштитена од сите страни од куршуми и ги поевме ранетите со вода. ,Вода брате', моли Србинот, ,Вода братко', моли Бугаринот. А кајсиите кај Новакова чешма, Курт Бунар и Рибник беа родиле како никогаш дотогаш. Од нив носевме понуда на ранетите."[20]

Краен резултат на сите овие страдања е Букурешкиот мир склучен на 10 Август 1913 година. Всушност, мирот ја означи најкобната страна во историјата на македонскиот народ. Тој беше фатален по него. Македонскиот национален интегритет беше распарчен меѓу трите буржоаски држави: Србија, Бугарија и Грција. Едно ропство македонскиот народ го замени со друго, многу пострашно, поцрно и потешко. Траумите од овој мир биле такви, што се чувствуваат и се актуелни и до ден денес. Букурешкиот мировен договор ќе ги утврди границите меѓу Србија, Бугарија и Грција. Букурешкиот мир ќе ги разочара сите Македонци во Европа и надвор од Европа. „Веста за потпишување на договорот во Букурешт и за извршената поделба на Македонија од македонското иселеништво во САД била примена со најжестока осуда и протестни демонстрации со осуда на новите поробувачи на македонскиот народ биле одржани во сите поголеми иселенички центри како Чикаго, Њујорк и други."[21]

Древниот Штип во своето богато минато за таков краток период никогаш не доживеал толку бурни настани како во времето од 1912 до 1918 година. За неполни шест години во градот неколку пати, едно по друго се менувале господари и нивните режими. За ова време се случиле двете Балкански и една Светска војна. Потоа четири катастрофални епидемии, кои предизвикале тешки човечки загуби: колерата во 1913 година, пегавиот тифус 1915 година, маларијата 1916/17, која во Штип ќе се задржи се до 1946 година и шпанскиот грип 1918 година.

---

[20] Тодор Мановиќ, „Публицистички белешки, МАНУ, Фонд на Тодор Мановиќ

[21] Михајло Миновски, „Соединетите Американски Држави и Македонија 1869-1919 година", Скопје, 1994 година, стр. 67

Двете Балкански војни оставиле трајни последици врз економскиот и духовниот живот на народот од овој регион. И едната и другата војна вршеле бескрупулозен грабеж врз населението од градот и селата, дотерувајќи го народот до питачки стап. Во годината на нападот, бидејќи било лето, била уништена целата летина од многубројната војска, што уште повеќе придонело за осиромашување на народот. За потребите на војската е вршена насилна реквизиција. Војните оставиле тешки последици не само врз земјоделието и сточарството, туку и врз целокупното стопанство во штипскиот регион.

„Сè до 1912 година занаетчиството во Штип била најразвиена стопанска гранка и со различна структура. Познато е дека во Штип до 1912 година постоеле 35 занаетчиски дејности со над 500 дуќани и околу 30 еснафски организации. Меѓу најразвиените занаети биле: кондурациските со близу 100 дуќани, шивачкиот – 60 дуќани, берберскиот – 30 дуќани, кожарскиот – 30 дуќани, фурнаџискиот – 28 дуќани, ковачкиот – 27, казанџискиот – 20, леблебиџискиот – 28, терзискиот – 30, сарачкиот – 10, касапскиот – 9, грнчари – 9, кожувари – 30, лебари – 28, ковачи – 20, шеќерџии – 10, ножари – 2, чибукчии – 3, столари – 6, опинчари – 15, самарџии – 20, кројачи – 15 и рогожари – 3."[22]

Сите овие занаетчиски дејности биле ставени за време на војната во служба на воените власти. Многу трговски и колонијални дуќани биле ограбени или уништени ова особено се однесува за турските дуќани, кои по нивното одење биле безмилосно ограбувани. Дел од трговците и занаетчиите за да ги избегнат учасите на војната ги напуштале своите дуќани во потрага по посигурен живот. Веднаш по завршувањето на војните и Букурешкиот договор, српските власти во Македонија завеле буквално политичка и воена диктатура. Штипскиот регион бил окупиран од српските војски, кои веднаш ќе го прогласат за српски. Србија во овој регион поставила воено-полициска и административна власт. Со оваа административна поделба штипскиот регион влегол целосно во кралството на Србија. Новата политичка власт започнала веднаш со својата насилствена и бескрупулозна денационализаторска политика и со прогони на секој што ќе се спротивста-

вувал на ваквото насилство. Започнала физичка и дуговна тортура на населението од овој регион. Една од задачите на режимот била и разоружувањето на луѓето од овој регион и во градот и во селата, плашејќи се од отпорот и гневот на овој борбен народ од новото и далеку потешко ропство од претходното.

Во летото 1914 година во селото Карбинци, штипско дошол Јован Бабунски со голема група четници кои барале да го предадат сокриеното оружје и да ги поткажат јатаците на комитите. Ги малтретирале и убиле 9 селани. Во селото Почивало за непослушност кон режимот четниците на Јован Бабунски и жандармеријата убиле повеќе селани. Такви убиства и насилства биле забележани и во селата: Горни Балван, Долно Трогерци, Сарчиево, Љуботен, Таринци, Пиперово, Лесковица, Селце, Крупиште и Патриќ.

Како последица од овие војни се и почетоците на колонизацијата во Македонија која својата целосна физиономија ќе ја добие во периодот меѓу двете Светски војни. Покрај тоа, целата земја од напуштените турски фамилии, режимот ја прогласил за државна. Со ова била уништена и последната надеж на селаните од овој регион дека со одењето на Турците ќе добијат земја и ќе го подобрат својот живот.

Училиштата и во градот и во селата целосно биле ставени во служба на српската денационализаторска политика. Целта на власта била уште во најраните години на децата да ја реализира својата асимилаторска политика, внесувајќи кај учениците сознание дека припаѓаат на српскиот, а не на македонскиот народ. Илузорно е да се верува дека во вакви услови може да се развива било каква училишна активност. Бројот на училиштата бил сведен на минимум затоа што многу од нив биле ставени за потребите на војската и претворени во касарни. Во овој период престанале со работа училиштата во селата: Горни Балван, Долно Трогерци, Љуботен и Долани.

По Балканските војни училиштата кои биле отворени во градот и во селата целосно биле ставени во служба на српската денационализаторска политика. Во 1913 година со Кралски указ била отворена нижа гимназија

[22] Јевремија М. Павловиќ, „Брегалничка област", Београд, 1924 година, стр. 125

под наслов Српска кралска гимназија, во која во учебната 1913/14 година биле запишани:

| | |
|---|---|
| Во I клас | 53 ученика |
| Во II клас | 29 ученика |
| Во III клас | 29 ученика |
| Во IV клас | 24 ученика |

Предавањата се држеле на српски наставен јазик од 9 наставника.

Во 1915 година по иницијатива на белградските друштва Коло на српските сестри и Књегиња Зорка, во Штип било отворено Женското радничко училиште. „Се случуваше ученици од штипскиот регион кои ја започнале наставата на бугарски јазик пред Балканските војни, поделбата на Македонија во учебната 1914/15 година да ја продолжат на српски јазик и пак на бугарски и за потоа да се повтори и продолжи на српски јазик."[23]

Кон воената беда и проблемите што ги наметнувала таа се придружил и најверниот сојузник на сите војни – епидемијата. Во овој случај – пегавиот тифус. Постарите жители на Штип никогаш нема да го заборават мирисот на карбол со кој се посипувале улиците, сокаците, куќите и колибити. Не ќе ги заборават „ѓубрарските коли" кои носеле одеднаш по неколку десетици мртви. Санитетот десеткуван и исцрпен од ужасите на двете претходни војни и огромните загуби од колерата се наоѓал пред ново искушение. Уште во месец октомври 1914 година кога почнале да се јавуваат првите случаи на тифус веќе се навестувала опасноста од појавата на епидемијата. Кога како причина за брзото и неконтролирано ширење на болеста која во месец јануари и февруари 1915 година го достигнала својот врв, се наведува отсуството на потребната хигиена од недостигот на вода, сапун, алишта и постелина за преслекување, немање санитарии и не постоење на минимум хигиенски навики кај населението и војската, завладеала неодминливата вошливост, па масовно се боледувало и масовно се умирало. Разгорувањето на епидемијата го потпомогнал и недостатокот

---

[23] Александар Апостолов, „Штипската гимназија помеѓу двете Светски војни, 1920-1941 година, со посебен осврт на последните три генерации матуранти", стр. 3

на лекови, медицински персонал, непознавањето на епидемијата и се помалиот број на лекари зашто болеста и нив не ги поштедувала.

„Во дивизиската болница во Штип и зградите на училиштата во градот кои повторно биле претворени во привремени болници, војниците лежеле по подовите, ходниците, дворовите и таму и умирале. Се случувало умрените и по неколку денови да останат непогребани."[24]

Епидемијата и понатаму џиновски растела, со ништо не можела да се запре. Немоќта да и се застане на патот на злокобната стихија била очигледна, а помошта од пошироки размери неминовна. Апелите за помош пристигнувале речиси до сите континенти. После многу очајнички повици за помош, светската солидарност стапила на сцена. Пристигнувале доброволни санитетски мисии. Според монографијата на Елена Јоксимова се дознава дека во 1915 година работеле за сузбивање на епидемијата во Штип д-р Јован Драгулис, д-р Мило Наичковиќ, д-р Мишо Франк, д-р Харутин Хозарјан, д-р Амон Медонса и други. „Присуството на д-р Харутин Хозарјан го потврдува и неговата изјава депонирана во Фондот на Министерството за внатрешни работи – Отсек за јавна безбедност во Архивот на Србија. По исказот на овој лекар четниците на војвода Јован Брљо во 1915 година убиле 116 тешко ранети војници во болницата во Штип."[25]

Во „Македонија под игото" во еден цитат од книгата се споменува и Нако Иванов, војвода кој во 1915 година убил повеќе српски ранети војници кои останале во Штип при повлекувањето на српската војска.

„Санкцијата на оваа поделба што ја извршил Букурешкиот мировен договор, била всушност санкција на завојувачите воени акции на Бугарија, Србија и Грција во однос на Македонија. Поделувајќи си ја на овој начин Македонија балканските буржоазии воспоставувале божемна рамнотежа меѓу себе, а всушност, како што ќе покажат идните настани, само го продлабочиле јазот меѓу себе и ги заостриле спротивностите кои само по

[24] Елена Јоксимова, „Штип и неговата здравствена култура во XIX и XX век", монографија во ракопис, Архив на Медицински центер во Штип

[25] Исто, страна 60

две години ги довеле до нова војна во Македонија и пак за нејзина прераспределба."[26]

По двете Балкански и исцрпувачки војни на Србија и Бугарија им требал мир, од причини за нивно економско заздравување и поради големите човечки жртви од војните. Како изгледала Србија во тоа време сликовито раскажува еден од најпознатите српски критичари Јован Скерлиќ: „Во разговорот во возот на станиците тие денови се гледале само намуртени лица на стари и преплашени жени, се слушале само зборовите ранет, убиен."[27]

Како држава победник пво Балканските војни Србија се стекнала со голем авторитет на Балканот и пошироко и со сè позасилено влијание врз настаните на Балканот. Во таква силна и влијателна Србија Хабзбуршката монархија гледала опасност во зачувувањето на своите јужни покраини. Австро-унгарија почувствувала дека нејзините интереси на Балканот се загрозени и само чекала момент кој ќе доведе до меѓусебен воен судир. И навистина не чекала долго. Атентатот во Сараево, на 28 Јуни 1914 година и убиството на Франц Фердинанд, биле доволен повод за ултиматумот и почеток на Првата светска војна.

Новите настани не можеа да не најдат одраз во Македонија, која се наоѓала под српска окупација. Како прва последица на новите настани е мобилизацијата на населението во Македонија, а во контекст на тоа и во штипскиот регион за потребите на српската војска биле мобилизирани многу луѓе: и млади и повозрасни од Штип и штипско. Покрај регрутацијата над народот се вршел и друг терор и реквизиција: собирање на храна, добиток, запрежни коли, облека и се друго што можело да послужи за потребите на српската војска. Згора на сето ова се зачестуваат грабежите на српските чети на Бабунски, турските банди, комитските чети на Тодор Александров и Александар Протогеров. Животот на населението од овој регион станува се понесигурен, безнадежен и исполнет со страв и неизвесност. Паралелно со ваквото однесување на српската власт растел и отпорот и незадоволството на населението. Започнало масовно бојкотира-

[26] Петар Стојанов, „Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна", Скопје, 1969 година, стр. 62

[27] В. Чоровиќ, „Наше победе", Београд, 1929 година, стр. 78

ње на регрутацијата. Бидејќи биле испраќани во првите борбени редови и тоа без било каква основна обука. Сеќавајќи се на овие настани Алексо Мартулков, современик и учесник во нив, забележува: „Ние отпочнавме една акција за организирање на дезертирање и префрлување на дезертери во Бугарија. Влегов во врска со моите стари пријатели од Штип. Уште од првите денови почнавме да испраќаме групи од 50, 100 и 150 души бегалци. Нивниот број непрекинато растеше и за многу кратко време биле испратени 1.500 бегалци."[28]

Од сеќавањата на најстарите Штипјани, чии родители дезертирале или побегнале во Бугарија, се добивало сознание дека нивната судбина таму не била ништо подобра, отколку онаа што ја имале и во своите родни огништа. Разочарувањата започнувале уште при самото доаѓање. Дел од нив веднаш биле прифатени од четите на Тодор Александров, распоредени во пограничниот појас на Пиринска Македонија. Други, пак, биле веднаш мобилизирани во Бугарската армија, која забрзано се подготвувала за нова војна, а трети останале по улиците борејќи се за основна егзистенција.

Бугарија незадоволна од поразот во Втората балканска војна и чувствувајќи се територијално оштетена, а како членка на Централниот сојуз, како да ги дочека добрите денови за нова пресметка со Србија. Откако Централните сили ѝ ветиле окупација на цела Македонија и Југоисточна Србија, не чекала долго. Единиците на Бугарската коњичка дивизија, без отпор влегла, на 19 Октомври на територијата на штипскиот регион.

Со заземањето на Македонија, бугарскиот окупатор веднаш започнал со организирање на граѓанско административна управа. „Окупираниот дел од Македонија од страна на Бугарската армија службено започнал да се именува како Македонска воено-инспекторска област (МВИО), или ‚Македонска област' била создадена како воен-територијална команда за стратегиско обезбедување на непосредната заднина на Македонскиот фронт

---

[28] Алекса Мартулков, „Моето учество во револуционерните борби на Македонија", Скопје, 1954 година, стр. 294.

кој бил создаден во Македонија во есента 1916 година и постоел сè до есента 1918 година."[29]

Во поглед на административно територијалната поделба Бугарите ништо не измениле во однос на оваа поделба од српскиот режим. Тоа значи во Брегалничкиот округ и понатаму останале: Штип, Кочани, Радовиш, Берово, Царево Село и Свети Николе. Централно седиште исто така останал Штип.

Бугарската власт во овој регион започнала веднаш со одмазди и репресалии, во однос на луѓето кои за време на српскиот режим биле носители на било каква власт. Започнала нова голгота над народот во овој крај, нови психички и физички тортури, се прогонувале учители, свештеници, службеници, и други личности кои биле во „црните списоци". Започнала нова и насилствена денационализаторска политика, на секој начин настојувајќи овој народ да се прикаже како бугарски. Оваа асимилаторска политика се спроведувала систематски и организирано започнувајќи од книгите на новородените преку училишните установи, па до сите режимски институции. Понатаму, се менувале и имињата на улиците, ставајќи нови со имиња на личности од бугарската историја и политичкиот живот. Перфидно и со бескрупулозна демагогија се фалсификувала историјата на македонскиот народ и многу македонски револуционери од времето на турскиот период биле прикажувани како бугарски. Така на пример, спрема податоците на „Илюстрация Илинденъ" по решение на Општинскиот совет во 1916 година биле наименувани улици во градот и во Ново Село со името на револуционерот Мише Развигоров[30]. Најдобра потврда до кој степен стигнувале овие иницијативи

---

[29] Ѓорѓи Малковски, „Свети Николе и светиниколско од 1912 до 1945 година", Свети Николе, 1990 година, стр. 54

[30] Штипјанецот Мише Развигоров е роден на 28 Октомври 1873 година од татко Спиро и мајка Дона Развигорови. Во родниот град Штип завршил 3 клас прогимназиско училиште, а потоа Ќустендил и Казанл'к завршил педагошко училиште. Потоа учителствувал во Штип. Заедно со Гоце Делчев и Даме Груев во Штип го создале вистинското револуционерно јадро на ТМОРО и со тоа биле ставени основите на револуционерната организација во Штип. За време на Виничката афера 1897 година, бил фатен, затворен и мачен и целата одговорност ја земал врз себе. Како член на Скопскиот револуционерен округ учествувал на советувањето одржано во Софија, во текот на Јануари и Февруари 1904 година. По враќањето во

покажуваат податоците од истото списание во кое за прославата на десетгодишнината од убиството на Мише Развигоров, се вели: „Голем број граѓани по улиците кои биле исчистени, излегле како да е денот Велигден. Се слушале камбаните на црквата ,Св. Никола'. Учениците построени тргнале кон местото на одбележувањето на овој значаен јубилеј на омилениот револуционер и син, кој целиот свој живот го посвети на борбата против турскиот јарем. Во црквата биле присутни претставници на официјалната власт на чело со Окружниот управник, учители и високи началници на градските и воени власти. Потоа граѓаните се упатиле кон гробот на Мише Развигоров."[31]



*Мише Развиїоров, Даме Груев, Ефрем Чучков и Аїанас Бабаїа*
*(„Илюсїрация Илинденъ", Архив на Шїиї)*

---

Штип развил интензивна илегална револуционерна и економска активност, прво како штипски, а потоа и како скопски војвода. Од тие причини бил наречен „Овчеполски кнез". Меѓу другото бил познат и како голем заштитник на сиромашните и страдалниците. Неговата правичност му донела голем авторитет меѓу народот. Бил убиен на 2 Април 1907 година во куќата на Петре Брашнаров во Исарското маало заедно со своите соборци, Милан Крстев и Петре Жабата, предаден од благајникот на организацијата во Штип, Мише Анчев. За мотивот и начинот на убиството на војводата Мише Развигоров постојат повеќе верзии.

На спрема сите овие помпезности изразени преку одделни прослави и јубилеи, македонскиот народ економски сè повеќе тонел доведувајќи се на работ на гола егзистенција. Меѓу другите фактори кои влијаеле за осиромашување на луѓето од овој регион, особено тешко паѓала реквизицијата кога народот заборавил како изгледа бело брашно, бел леб. Покрај месото почнало да го нема млекото и маслото. Населението останало без чевли, наместо од кожа почнале да носат дрвени налани. Облека се правела од чаршафи и килими, а сапунот речиси исчезнал. Ова време за населението од овој крај означувало непремостлива бездна, резигнација, фатализам и очај. Една од најтешките форми на оваа трагедија на народот од овој регион, била регрутацијата што бескрупулозно ја вршеле бугарските окупатори за потребите на нивната војска. Бугарските власти правеле списоци на сите мажи за кои сметале дека можат да бидат од полза на бугарската војска. Точни податоци за тоа колкав бил бројот на мобилизираните мажи од Штип и штипско, во форма на пишана документација, сè уште нема, но затоа пак, според сеќавањата на Јордан Зуљамов, автентичен сведок на овие настани, можеме да ги наброиме имињата на стотина Штипјани кои биле ангажирани во воените акции на бугарската армија. Во продолжение ги приложуваме списоците на Јордан Зуљамов:

Список на Штипјани кои учествувале во Првата светска војна:

1. Тоде Чолакот;
2. Ванчо Зејтиников;
3. Ристо Јорданов;
4. Сане Кузманов;
5. Јовче Иванов;
6. Тасе Бошков;
7. Јосе Јованов;
8. Стојан Тасков;
9. Коле Илиев;
10. Аксе Илиев;
11. Ване Пуфтов;
12. Ристо Биков;
13. Пане Бурето;
14. Тоде Шијако;
15. Ристо Козаро;
16. Коле Кекерето;
17. Лазе Тасев;
18. Тиме Дербов;
19. Митко Лазарев;
20. Моне Цидров;

---

[31] „Илюстрация Илинденъ", година IV, София, Март 1932, книга I, стр. 3

21. Милан Митев;
22. Трајчо Панов;
23. Петре Ефремов;
24. Трајчо Брашнарски;
25. Крупишки;
26. Тоде Марин;
27. Тоде Жежов;
28. Мите Ушло;
29. Ване Жежов;
30. Тоде Ангелов;
31. Доне Кератуков;
32. Тоде Кескимов;
33. Коле Пиперевски;
34. Божо Бојаџиски;
35. Трајчо Аџипецов;
36. Петре Пиката;
37. Мане Кљусев;
38. Стефко Башчеванџиски;
39. Ване Шалев;
40. Симеон Колев – Гори-гори
41. Тоде Ставрев
42. Петре Ставрев
43. Петре Ников
44. Ванчо Павлов
45. Коле Павлов
46. Тоде Шишков
47. Трајчо Колев
48. Пане Колев
49. Данче Пануков;
50. Тоде Савев;
51. Стојан Савев;
52. Лазо Пеливански;
53. Димко Венкин;
54. Јордан Варналиев;
55. Тошо Бичиклиев;
56. Мише Цеков;
57. Ристо Таската;
58. Јордан Арето;
59. Димко Камчев;
60. Мијалче Кусата;
61. Ефрем Андонов;
62. Пане Гзаков;
63. Милан Сечков;
64. Јордан Пакосот;
65. Коле Љуботенски;
66. Мише Сечков;
67. Петре Данов;
68. Панче Ѓурков;
69. Рсито Цуцулов;
70. Петре Цуцулов;
71. Доне Ќедето;
72. Коле Стефаната;
73. Мише Крстов;
74. Давче Абаџија;
75. Пано Лазаров;
76. Ване Кусата;
77. Ефрем Трпков;
78. Мише Кочубата;
79. Тоде Борaниски;
80. Петре Доганџиски;
81. Јордан Авукатов;
82. Милан Р’ѓата;
83. Тоде Р’ѓев;
84. Васил Фертико;
85. Ладе Кавраков;
86. Костадин Миладинов;

87. Мијалче Чекалот;
88. Славчо Чекалот;
89. Тоде Дулдурот;
90. Коле Грнчарот;
91. Мише Крупишки и
92. Васил Брашнаров.

Убиени и ранети во битката кај Криволак:

1. Стојан Дербов;
2. Тоде Зејтиников;
3. Петре Сечков;
4. Митко Муфтиски;
5. Стојан Устичков;
6. Александар Јанев;
7. Милан Бакалинот;
8. Мане Грличков;
9. Сане Анев;
10. Милан Кашиков;
11. Мијалче Тртката;
12. Тоде Марков и
13. Васил Фертико

Меѓутоа, овој насилнички чин народот не го примил рамнодушно и со целосна граѓанска послушност, ами напротив, познато е дека многу мажи способни за војска го напуштале градот и регионот за да ја избегнат регрутацијата. Исто така впечатлив е и бројот на војниците кои бегале дирекно од фронтот. Од друга страна окупаторските власти ги малтретирале семејствата на побегнатите војници, им се заканувале, дури и физички ги ликвидирале.

Особено е трагична судбината на македонските војници во Криволачката битка во составот на Единаесетата македонска дивизија на Втората бугарска армија. Голема заслуга за масовното учество на Македонците во оваа битка имаат Тодор Александров, Александар Протогеров и полковникот Борис Дрангов, командант на Деветиот пешадиски полк, меѓу војниците многу популарен и сакан и не е чудно што останала изреката: „Има Дрангов – има леб, нема Дрангов – нема леб". Битката на Криволак ја покажа целата бесмисленост и апсурдност на бесмислени човечки колежи на двете завојувани страни на фронтот. Тоа беше пример на човековата голгота. „Неподносливата положба на фронтот, неизвесноста за исходот на војната, мизерната положба во која се наоѓале домашните, суровата дисциплина и специфичната психолошка состојба што неминовно се јавувала од долготрајниот престој во рововите, предизвикувале поединечни или масовни предавања на

непријателот или чести дезертирања, што претставува колку краен, толку и опасен чекор, особено во воено-времената ситуација."[32]

Дека приказот на проф. д-р Александар Апостолов целосно одговара за вистината на оваа човечка драма, потврдуваат и зборовите на Сане Анев, еден од учесниците на оваа крвава битка, кој во една пригода рече: „Гладот беше наш најголем непријател, храна немавме, постојано бевме во ровови. Психички бевме толку напрегнати, што одвај чекавме да започне борба. Во една акција бев ранет во десната рака од еден француски војник. Јас стрелав во неговата нога. Свесно го направивме тоа за да не се убиеме меѓу себе. Бевме еден покрај друг и со очите си кажувавме сè. Во тој момент наиде еден вод на француски војници од кој по гестикулацијата нивна разбрав дека ќе одат по санитетска помош за да не згрижат. Меѓутоа по нивното заминување одеднаш наиде бугарска единица и пред мои очи го закла францускиот војник, земајќи ја целата облека од него. Ова којзнае по кој пат покажа дека во оваа сурова војна не се почитувале ниту Женевските конвенции, за ранетите и болните војници. Битката на Криволак остави тешки трауми на македонскиот народ, за кои сведочат многубројни народни песни, меѓу кои: Черен гарван над мен лети, Там где Брегалница се тече во матниот и крвав Вардар, Пуста останала гарата и други

Криволачка гара

Пуста остана гарата
гарата братија криволачка
и там паднаха нашите братја
од шести македонски полк.

Силни атаки атакува
веригите ги отблснува
веригите ги отблснува
од англо-френските војски.

Од шести македонски полк
тринаесетта рота кртешка
тринаесетта рота кртешка
силни атаки атакува.

Веригите ги отблснува
од Англо-френските војски
и там загина Димитров
нашиот ротен командир.

---

[32] д-р Александар Апостолов, „Злетовска област, географско-историски осврт", Скопје, 1974, стр. 461

Еј вие браќа Македонци
кога ќе минете гарата
кога ќе минете гарата
гарата браќа ќустендилска.

Ќе ве посрешне мајка ми
и тја ќе пита за мене
каде е син ми Димитров
вашиот ротен командир.

Вие право да и кажете
син ти се мајко ожени
син ти се мајко ожени
за една мома Македонка.

За една мома Македонка
за црна земја криволачка
за една мома Македонка
за црна земја криволачка.

И гробот му се наоѓа
од левата страна на Вардар
таму почива Димитров
нашиот ротен командир."[33]

Меѓу другите ужаси и последици од Првата светска војна во Штип и штипско биле заразните болести, меѓу кои маларијата и страотниот шпански грип. „Санитетот полека, но сигурно почнал да се врти во круг на безизлезност. Интересно е да се спомене активноста на д-р Филеборн од Германскиот воен санитет, кој во 1916 година ја организирал војската и населението во Македонија во борба против маларијата."[34]

Неговата работа се сведувала пред сè на борбата против леглата на анофелесот во околината на трупите и населбите покрај штипскиот регион Брегалница и тоа за време на рововската војна, значи под најнеповолните услови. Маларијата не била последна. До крајот на војната во 1918 година,

---

[33] Песната е испеана спрема кажувањата на нашите стари, за време на борбите на Криволак од Ноември 1915 година. Во овој полк бил и војникот-Штипјанец, Владимир Петров, кој согледувајќи ја ситуацијата бега од фронтот и се крие во куќата кај чешмата Дамјаница, во која сега живее неговото поколение. При отстапувањето на споменатиот полк, во кој изгинале скоро сите војници, а останале само мал број, Петров се качил на кровот на куќата и од баџата повикал кон соборците, кои поминувале покрај неговата куќа, со полн глас: „Нејќеме примирје, сакаме војна до крај". Тоа останало во народот да се раскажува до денес.

[34] „Гласник на Министерството за народно здравје", Београд, 1920 година.

во војничките ровови, а оттаму и кај населението пристигнал страшниот шпански грип, во Штип запаметен како „испанска болест".

Со еден збор, сè она што успеало да ги преживее колерата, пегавецот, маларијата, го чекало шпанскиот грип за кого не можело да се рече дека бил помалку трагичен од другите.

Пробивот на македонскиот фронт од 15 до 18 Септември 1918 година и поразот на германските и бугарските војски го означи крајот на една од најкрвавите војни во историјата на човештвото. Набргу потоа, влегувањето на српската војска во Штип, во септември 1918 година, го означи крајот на тригодишната бугарска окупација и овој регион.

# ГЛАВА ТРЕТА

# ЕКОНОМСКАТА ПОЛОЖБА ВО ШТИПСКИОТ РЕГИОН 1918 - 1941

## I. ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Нема дилеми дека македонскиот народ низ векови својата основна егзистенција ја осигурувал преку земјоделството и сточарството.

Меѓутоа кога станува збор за оваа стопанска гранка во периодот меѓу двете империјалистички војни непобитна е вистината дека токму земјоделието најмногу ќе ги почувствува последиците од Балканските и Првата светска војна. Овие војни оставиле длабоки траги во стопанскиот живот на македонскиот народ, а особено биле фатални за населението, чиј основен извор за опстанок било токму земјоделието. Тоа било речиси целосно опустошено и напуштено. Окупаторските војски оставиле зад себе пустош и ограбувале сè што било од полза за нивните потреби. Понатаму голем дел од активното население настрадало за време на војната, други биле мобилизирани, а некои ја напуштиле татковината и заминувале во поблиските или далечни земји. Старосната структура на народот речиси целосно била изменета. По селата останале смо стари и изнемоштени луѓе кои не биле во состојба да ја обработуваат земјата. Со една ваква состојба во земјоделството, Македонија ќе влезе во составот на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците.

И покрај сите овие последици, сепак земјоделието останува основна стопанска гранка на македонскиот народ. Дека земјоделието и натаму останало главно занимање на народот од овој крај, покажуваат и количините на земјоделските производи во текот на една година.

Од извештаите на Трговско-индустриската комора од тоа време во Скопје, може да се констатира дека во Македонија се произведувале: 18.542 вагони пченица, 2.400 вагони пченка, 7.628 вагони јачмен, 2.337 вагони овес, 1.500 вагони 'рж, 200 вагони јаболка, 320 вагони друго овошје, 10.000.000 килограми тутун, 250.000 килограми афион, 200.000 килограми памук, 600.000 килограми ориз, 600.000 сусам, 3.000 наут и 100.000 анасон. Ако овие бројки се споредат со цифрите на годишниот национален доход од останатите стопански гранки застапени во Македонија, тогаш ќе се ндојде до заклучок дека земјоделството е носечко занимање на народот под овој дел.

Аналогно на ова, сите белези на оваа стопанска гранка во Македонија се карактеристични и за регионот во Штип и штипско. Така, на пример, и во овој регион земјоделството и сточарството претставувале основна и најважна гранка во стопанскиот живот. За развојот на земјоделството и сточарството во штипскиот регион придонеле мошне поволните природни и географски услови.

## *1. АФИОН*

Афионот бил најрентабилната земјоделска култура во штипскиот регион. Од него обично се добивало 15-16 килограми катран од хектар и 400-500 килограми афионско семе. Афионот од површините на овој крај содржал морфиум 14-16%, поради што и бил многу баран на сите светски пазари. Од тие причини и површините засадувани со оваа култура се проширувале, а поради специфичноста на одгледувањето на оваа индустриска билка, била потребна и помногубројна работна рака. Од друга страна одрежувањето на чушките и собирањето на катранот бил процес, кој не трпел одлагања и затоа, покрај семејната работна рака производителите на афион биле приморани да користат и платена работна рака. Неа не било тешко да ја најдат. Поради ниските примања, голем број занаетчии биле принудени во летниот период да одат по селата на жетва, или на берење афион. На работниците жетвари им се плаќало во натура, а на берачите на афион, пресметано во готови пари. Афионот бара блага зима, без големи мразеви или со подебел

снежен покрив, кој го заштитува растението од смрзнување и јаките студени ветрови што се појавувале во одреден временски период. Афионот се сеел во есен, во април се прашел, а во јуни се берел. Впрочем, од сè најбитно е временските прилики при сечењето на чушките да бидат сончеви, без ветер и дожд. Во спротивно дождовите би го измиле катранот, најефектниот производ од афионот. Во такви прилики разочарувањата на производителите биле големи.



*Аргати за берење на афион, Јуни 1922 година*
*(Од фототека „Народна техника" – Штип)*

За ова сликовите раскажува Невена Апостолова, една од берачите на афион во тоа време: „Јас како дваесетогодишна девојка бев приморана како аргатка да берам афион во нивите на Пане Балванлиски. Неговите ниви, главно, се наоѓаа на површините во близина на денешната населба Баби. По ручекот, околу 3 часот одевме на нивата со специјални ножеви за сечење на чушките. Чушката ја режевме на половина и ја остававме до утрото и во утринските часови пред изгрејсонце го собиравме катранот. Катранот го стававме во специјални чашки што ни беа приврзани околу половината со каиш или ортома. После тоа насобраниот катран го мереа количински и за надоместок за вложениот труд ни плаќаа во пари." Невена Апостолова

аргатувала и по нивите на Тошанци Чепреганови што се наоѓале во селата Кривидол, Крупиште, Кучичино и Чишиново.

Поради својата висока доходовност, поголем дел од познати трговски фамилии од Штип биле вклучени во откупот на катранот или на семето од кое се добивал квалитетен шарлаган. Меѓу другите биле и познатите трговци: Тодор Зигов, Владо Пуздерлиев, Јаков Леви, Пане Балванлиски, Лазар Пеливанов, браќата Тошанови, Мише Прлеа, браќата Пењушлиски, Панче Ѓурков и други. За одбележување е и тоа дека во откупувањето на катранот учествувала Брегалничката банка – акционерско друштво, Штип.

Впрочем, ова „златно време" за штипските производители и трговци со катран не траело долго време. Уште во почетокот на 1929 година производството на афион бележи нагло паѓање за да го достигне својот најнизок тренд по Женевската опиумска конференција одржана на 4 Септември 1929 година, која ја потпишало и Кралството на СХС, со која се ограничило производството на афионскиот катран и тоа само за медицински потреби. Прометот на суровиот катран бил ставен под стропга контрола на државата со цел да се намали илегалниот промет и криумчарењето. Зајакнатата контрола на државните органи, кои веќе и го диктирале производството и ја одредувале цената, која била многу ниска, не само што ќе го намали производството туку се довело и прашањето за неговото постоење. Ова било сосема логично, бидејќи цените на опиумот биле такви што не можеле да ги покријат и основните трошоци за неговото производство.

За тоа како се движело производството и цената на афионот во Македонија во прилог го даваме следниот табеларен преглед:

| Година | Производство | Цена |
|---|---|---|
| 1920 | 62.000 | 400-500 |
| 1921 | 35.500 | 700-800 |
| 1922 | 25.859 | 850-1.000 |
| 1923 | 42.400 | 1.200-1.400 |
| 1924 | 121.000 | 1.400-1.800 |
| 1925 | 148.000 | 1.100-1.200 |
| 1926 | 100.000 | 780-930 |
| 1927 | 55.000 | 880-950 |
| 1928 | 185.000 | 630-930 |

| | | |
|---|---|---|
| 1929 | 38.000 | 640-1.100 |
| 1930 | 140.400 | 370-820 |
| 1931 | 58.650 | 250-350 |

*Милан Гавриловиќ, „Привреда Јужне Србије",*
*Скопље, 1933 ѓодина, стр. 25*

## 2. ТУТУН

Производството на тутунот во Штип и штипско има богата традиција, впрочем и во цела Македонија. За време на турското владеење тутунот во овој крај обезбедувал големи финансиски средства. Своето значење за живот на луѓето оваа доходовна билка нема да го измени ни подоцна кога Македонија ќе влезе во составот на новосоздадената држава на СХС. По број на засадени површини, ова индустриско растение ќе стане водечка стопанска гранка во целокупното производство во Македонија. Иако поднебјето и климатските услови овозможувале многу поинтензивно производство на тутунот, сепак овие погодности не биле максимално искористени. Главна причина за ова бил постоечкиот закон за монополско производство на тутун.

Всушност, тутунот бил монополски артикал во секој поглед. Тоа значи дека управата на државните монополи одредувала каде и колку ќе се засади тутун, по колку пари ќе го откупува од призводителот и колку ќе го продава на потрошувачите во земјата. Овој и ваков монопол, се разбира, не му одговарал на производителот од причина што го оневозможувал да произведува колку што може и колку што сака и да го продава според светските цени. Треба да се каже дека главни производители на тутунот во штипскиот регион биле луѓето од најсиромашните општествени слоеви. Всушност, тоа било случај и во цела Македонија. Тежок и макотрпен е патот до финалниот производ на оваа билка. Пред сè за нејзино производство се бара многубројна работна рака. Поради тоа во нејзината обработка биле вклучени од најмладите, па до најстарите членови на семејството: деца, жени и мажи.

И покрај оваа, до максимум исцрпувачка работа, сепак, поголемиот број на населението од Штип и штипско својата егзистенција ја барало токму во садењето на тутунот, бидејќи во отсуство на било каква индустриска гранка, друга алтернатива немало. Од различните видови на тутун, во Штип и штипскиот регион најмногу бил застапен и распространет тутунот од видот „Јака". За поорганизирано и позасилено тутуново производство, во 1930 година во овој регион биле формирани и две задруги: во Карбинци и во Штип. Во Карбинци, најголемото село во ова подрачје, во задругата членувале 150 производители, а за нејзин претседател бил поставен Станое Неделковиќ. Колку на овие задруги се давало значење зборува и податокот дека за претседател на задругата во Штип бил избран првиот човек на градот – Михаијло Каламатиевиќ, во Штип познат како Мијалче Каламатија. Меѓутоа, овие задруги во ништо не ја измениле монополската државна политика во однос на производството на тутунот. Речиси ништо не е направено за модернизација на неговото производство. Целиот процес се изведувал на најпримитивен начин, почнувајќи од селекцијата на семето, па до начинот на сушењето. Цените на откупот од ниски, пониски. Затоа и Кочо Рацин ќе биде толку инспиративен кога ја слика човековата болка во мигот кога илузијата на производителот дека потта и трудот вложен преку цела година ќе му го донесе кантарот при мерењето на тутунот, се распукнува пред суровата вистина:

*„Кантарот носи лисјето златно,*
*а в гради луто далгите беснат*
*на жолтата мака – на жолтиот тутун*
*на жолтата пот од рацете ни."*

А како и можело поинаку кога за еден килограм сув тутун се добивало помалку отколку за еден килограм свеж спанаќ. И покрај ова народот немал избор. И понатаму тутунот останувал доминантна стопанска за што зборува и податокот дека во целокупното производство на тутун во Југославија, Македонија учествува со 35,5%. Ова најдобро го покажува табеларниот преглед на Милан Гавриловиќ во книгата стопанството во „Јужна Србија".

| Година | Производство |
|---|---|
| 1920 | 7.807.000 кг |
| 1921 | 11.850,000 кг |
| 1922 | 19.864.000 кг |
| 1923 | 18.002.900 кг |
| 1924 | 33.669.734 кг |
| 1925 | 8.100.000 кг |
| 1926 | 16.080.000 кг |
| 1927 | 12.141.000 кг |
| 1928 | 8.052.000 кг |
| 1929 | 13.500.000 кг |
| 1930 | 14.159.800 кг |
| 1931 | 13.217.100 кг |

## *3. ПАМУК*

Исто како и тутунот и производството на памук во Македонија има подалечна традиција, особено во околината на Штип, Струмица, Дојран, Неготино, Кочани и Радовиш. Според должината на влакното, еден од критериумите за неговиот квалитет, не може да се каже дека е еден од подобрите видови памук, но затоа пак овој памук има особина да се пере и да се бојадисува, полесно од било кој друг памук во светот. Поднебјето и климатските услови и за оваа индустриска билка во овој регион исто така се многу поволни. Памукот се сеел во месеците Март и Април, откако земјата претходно ќе биде подготвена за тоа. Во месец Јуни, кога памукот ќе израсне 40-50 см, започнува да цвета, а неговото зреење започнува во месец Август. Стари Штипјани, производители на памук, се сеќаваат дека од еден хектар површина добивале 150-200 ока памук. Во овој регион во почетокот памукот се произведувал само за семејна употреба: плетење на чорапи, блузи, шалови, ракавици, за полнење на душеци и перници, а помалку за индустриска употреба. И сосема логично било така бидејќи и немало таков индустриски обејкт за преработка на памук. За производство на памук била заинтересирана и државата, поради што и Министерството за земјоделство во својата Програма предвидело и купување на машини за чистење на памукот, проширување

на површините засеани со памук со цел да се поттикне неговото производство. Оваа политика дала и одредени резултати што во книгата „Брегалничка област" ги потврдува и Јеремија Павловиќ: „Пред 1912 година во штипско се берело годишно 5.000-6.000 ока памук. Веќе во 1919 година – 1.200 ока, а во 1922 година – 2.000, кога почнало да се зголемува производството на памук во овој регион. Од овој трен на зголемено производство на памук продолжило и во наредните години."[35]

## *4. ЖИТНИ КУЛТУРИ*

Карактеристични за земјоделството во овие краеви се и житните култури. Иако и житариците биле со подолг век и со важност за животот на населението од овој регион, сепак нивното производство повеќе се сведувала за своја лична егзистенција и за исхрана на добитокот. Најзастапени видови на житарици биле: пченицата, пченката, 'ржта, јачменот и овесот. Од сите овие видови најзастапена била „Црвенката", која имала помали приноси, но затоа била многу поквалитетна житарица. Брашното од неа било бело и се употребувало за фини работи. Од друга страна пак, непобитен е фактот дека приносите на житните култури од овие краеви, вклучувајќи го тука и Овчеполието, па и други житни региони во Македонија, по хектар и таму каде што е најдобар, далеку заостануваат зад придонесот кој по иста единица површина се постигнувал во северните краишта на Кралството или во други земји. Тоа доаѓа, главно, поради тоа што овде земјата се обработувала примитивно и од семе кое веќе било дегенерирано. Но и покрај ова, според количествата и годишните придонеси и по бројот на населението што се занимавал со производство на жито, ова производство е најголемо во споредба со другите земјоделски гранки.

[35] Јевремија Павловиќ, „Брегалничка област", Белград, 1924 година, стр. 117

## *5. ГРАДИНАРСТВО*

Обележје на земјоделското производство во штипскиот регион давало и градинарството, со кое, поради извонредните услови се занимавале повеќе фамилии. Површините на кои биле застапени градинарските производи, најмногу биле застапени по течението на реката Брегалница. Ова не било случајно, затоа што со изливањето на водите на реката Брегалница, зад себе оставале квалитетни наноси кои ја облагородувале земјата и ја правеле плодна за овој вид градинарски производи. Покрај плодните наноси се користеле и водите на Брегалница за наводнување на градинарските растенија и тоа преку повеќе начини и форми. Покрај примитивните канали и јазови, најчесто се копале бунари од кои водата се црпела со чаркови, влечени од коњи и се пренесувала до нивите. Нивите биле потхранувани со арско ѓубре, без употреба на било какви хемиски препарати, што овозможувало да се добие чиста и незагадена храна.

Градинарите (башчаванџиите) имале и свој начин на живеење и работа. Покрај нивите граделе и простории за живеење. Најчесто соба за одмор и живеење и посебна просторија за добитокот и живината. Не биле ретки случаите покрај куќите да се изградат и фурни што овозможувало непрекинат престој преку целото лето.

Според кажувањата на Штипјани кои се занимавале со производство на градинарски култури, најчесто биле застапени: пиперките, патлиџаните, компирите, краставиците, зелките, морковите, бостанот, кромидот, лукот, грашокот, гравот, боранијата, магданосот и многу други. Карактеристични производи биле алабашот, родоквите и шарлаганките, кои со долгогодишна традиција биле врзани за верскиот празник Чист понеделник, првиот ден по Прочка, кога, речиси, немало ниедна куќа која не ги купувала овие производи. Покрај задоволувањето на личните потреби, градинарските производители ги продавале своите производи на пазар или ги носеле на пиљарите, кои го откупувале целото производство. На многу фамилии од овој регион градинарството им било единствен извор за егзистенција. Такви фамилии биле: Аневи, Апостолови, Тункови, Макаронови, Петрови, Ладеви, Моневи, Зуљамови, Муфтиеви, Глифурови, Калејски, Гуњови и други.

Градинарските култури биле карактеристични и за некои села, особено оние покрај Брегалница: Карбинци, Караорман, Балван, Чардаклија, Софилари, Крупиште, Драгоево и други.

## *6. ОВОШТАРСТВО И ЛОЗАРСТВО*

Покрај земјоделството, како најзастапена гранка во овој регион застапени гранки биле и овоштарството и лозарството. Бллгодарејќи на климатските и теренските услови и не така скромната традиција од минатото, Кралството Југославија во својата Програма за развиток и перспективите на овоштарството и лозарството вложувало максимум напори да ја интензивира оваа стопанска гранка. Во сите места каде постоеле пуслови за овоштарство и лозарство биле создавани расадници со цел за унапредување и добивање на поквалитетни видови од овој вид на производство. „Такви расадници биле изградени во 1920 година во Скопје и Кавадарци, а во 1926 година во Штип."[36] Штипскиот расадник за добивање овошни и лозови калеми бил лоциран на десната страна покрај реката Брегалница на главна комуникација Штип-Радовиш.

Покрај својата основна намена расадникот во Штип организирал и курсеви за теоретска и практична обука на земјоделци од целиот Брегалнички регион. Така, на пример, „На основа на решението на Господин министер за земјоделство и води бил организиран, во обласниот расадник во Штип, од 17 Март до 10 Април 1929 година, земјоделски курс за возрасни младинци и домаќини од Брегалничката област. Целта на курсот била да се подготват слушатели од сите области на земјоделието."[37]

За разлика од другите овоштарски региони во Македонија, какви што биле Охрид, Преспа, Тетово и Крива Паланка, овоштарството во Штип и штипско било послабо развиено и количински и по квалитет. Карактеристично овошје од овој регион била цреашата, која била позната и подалеку од

[36] „Споменица двадесетпетогодишњице ослобоѓења Јужне Србије 1912-1937 година", Скопје, 1937 година, стр. 570

[37] „Брегалница", Година III, Штип, 1929 година, стр. 12

овој регион. Штипските цреши биле познати и на пазарите во Велес, Кочани, Радовиш и Струмица. Покрај црешата, на овој терен успевале уште и кајсијата, јаболката, обичната слива, дуњата, костените, скорушата, мушмулата, оревите и бадемите.

Лозарството во штипскиот крај во периодот меѓу двете империјалистички војни имало големо значење за населението од овој крај. Традицијата за одгледување на винова лоза се пренесувала од генерација на генерација и речиси немало фамилија која нема барем еден или два декари површини посадени со оваа култура.

Дека виновата лоза била со витално значење за луѓето од градот и селата зборува и податокот дека неа ја произведувале и поимотните фамилии, занаетчиите и трговците. Главна причина за ова била доходовноста од производството на виновата лоза главно изразени преку ракија и квалитетно вино преку кои се добивале парични средства за помирување на многубројните потреби.

Бербата на грозјето во овој регион претставувала вистински ритуал. Со денови се подготвувале садовите, а луѓето, речиси, психички се подготвувале за денот кога ќе почне бербата, кога дури и училиштата престанувале со работа, а во фамилиите од најмладиот до најстариот член биле по лозјата. Се личело на еден вид идила, слична на расказите од Борислав Станковиќ. Одекнувале песни македонски од сите страни, а мирисот на брањарската јанија привлекувал од далеку. Виновата лоза на потесниот регион во Штип и околината била застапена на месностите: Ново Село, Пребег, Мерите, Каваклија, Кумлакот, Струмена Чешма, Чамлакот и Суитлакот. Што се однесува, пак, до селата виновата лоза најмногу се одгледувала во: Доброшани, Криви Дол, Врсаково, Долни и Горни Балван и во ниските падини на Плачковица.

## II. СТОЧАРСТВО

Сточарството во Штип и штипско не била ниту карактеристична ниту доходовна стопанска гранка. Бидејќи оваа појава била карактеристична и за

сточарството во цела Македонија. Министерството за земјоделие на Кралството на Југославија правело обиди за негово унапредување и зголемување на сточниот фонд. Ова го потврдува и извештајот од Врховното поверенство на Аграрната реформа под број 5974 од 1935 година во кој се вели: „На молба на Сојузот на сточарите, селекциски задруги, по можност да излезат во пресрет на предвидената програма за работа која е од капитално значење, како за сегашниот, така и за идниот развиток на сточарството во Вардарска Бановина." Понатаму во извештајот се додава „дека треба да бидат опфатени сите добри страни во практичното спроведување на животот на основните потреби на сточарството. Таа програма треба да овозможи да се создадат услови за пасишта, а тоа може само да го создаде Министерството за земјоделство."

Меѓу другите форми што требале да придонесат за унапредување на сточарството во Македонија, била и онаа која по член 15 од Законот за населување на јужните краеви дел од слободната аграрна земја да биде доделена и за употреба на пасишта. Од списокот на слободната аграрна земја може да се забележи дека во општината Штип биле опфатени следните села прикажани на табеларниот преглед.

| Територија аграрно повереништво во Штип | | | |
|---|---|---|---|
| Срез | Општини | Аграрни села | Слободна расположлива површина |
| Штипска | Доланска | Балталија | 350,00 |
| | | Долани | 226,00 |
| | Карбинска | Караорман | 520,00 |
| | Г. Балванска | Г. Балван | 50,00 |
| | | Врсаково | 199,00 |
| | | Д. Балван | 105,00 |
| | | Пишица | 326,00 |
| | | Сарчиево | 80,00 |
| | | Криви Дол | 70,61 |
| | | Чардаклија | 50,89 |

Така на пример, во атарот на село Сушево, постоел голем комплекс земја употреблив за зимска паша на стока со површина на 133 хектари кој веднаш бил отстапен на Сојузот на сточарските задруги.

Во штипскиот регион од сточарството биле застапени следните видови: овци, кози, свињи, говеда, коњи и магариња. Нема дилема дека овцата била најмногу застапена од сите домашни животни бидејќи овцата во овој крај, впрочем како и во сите други краеви во Македонија претставувала главно, а може да се рече и единствено занимање, односно извор на средства за живот.

Козите го заземале второто место по број на грла. Сточарството во некои делови од овој крај, како на пример, Серта, Лакавичкиот крај и други било главна и животна егзистенција на населението од овој крај. Традицијата за одгледување на овој сточен фонд датира уште од турскиот период. И тоа не само поради месото, туку повеќе поради кожата која се извезувала во големи количини. Меѓутоа, позната е и вистината дека козите се штетни за шумата, која со закон е заштитена од државата и поради тоа на 21 Декември 1929 година бил донесен закон според кој се забранува пуштање на кози во државните атари. Тоа ќе биде и една од причините што во Штип и штипско во овој период започнува нагло намалување на одгледување на кози.

За одбележување е и тоа дека во селата покрај реката Брегалница се одгледувале и значителен број биволи кои служеле покрај за обработка на земјоделските површини и како превозно средство. Нив бројчано најмногу ги имало во селото Чардаклија. Денес може да се каже дека од овој вид добиток нема останато ниту еден примерок.

Што се однесува до одгледувањето на свињи карактеристично е дека тие повеќе се одгледувале за лична потреба на населението и речиси не постоела фамилија која за Божикните празници не колела свиња.

И покрај извесната заинтересираност на државата да го зголеми сточниот пфонд од сите видови, сепак селаните не покажувале поголем интерес за тоа поради што сточарството ја зачувало својата форма на традиционално и заостанато одгледување.

# III. ЗАНАЕТЧИСТВО

По Првата светска војна занаетчиството во Македонија морало да се прилагодува на барањата на новото време бидејќи на голем дел од занаетчиите им претстоело целосно исчезнување. Неговото модернизирање, истовремено значело и спротивставување на индустриското производство, кое се заканувало со целата своја силина. Одењето на Турците од овие простори довело и до промена на вкусот на потрошувачите, кои од занаетчиите бараале и поевтина, но и поквалитетна стока, затоа што овие барања индустриското производство полесно им ги овозможувало. За одбележување е и тоа дека извесни нови пулсирања на овој план се почувствувале дури и во поголемите села во кои започнале да се отвораат дури и продавници со стока за која порано морале да одат дури и во градовите. Ова значи дека индустриските производи веќе се наметнале и во селата и меѓу селаните. „Постојаното зголемување на културните потреби, иако се одвиваше во минимални рамки, диктираше производството на занаетчиите да продолжи со еволуција. Заради тоа во занаетчиството започна една нова етапа во која се вршеше една построга селекција на сите оние занаети што не можеа да ги задоволат новите барања. Останувaa само оние што благодарение на прилагодувањето на новите прилики имаа можност да просперираат.“[38]

И самата влада била заинтересирана да го спаси занаетчиството во Македонија, со тоа што на занаетчискиот подмладок му овозможувала за што побрзо да ги запознаат современите методи на работа. Ова е сосема разбирливо кога се знае дека Македонија била занаетчиска земја и државата барала форми како да го спаси занаетчиството од налетот на индустриското производство. Меѓу другите такви форми биле и барањата што побргу да се отвори занаетчиска комора и занаетчиска банка во Македонија, која би им овозможила на занаетчиите да им бидат давани заеми со многу поповолни услови.

И Штип бил град со богата занаетчиска традиција. Производите на штипските занаетчии биле познати многу подалеку од овој регион, бидејќи

[38] Милош Хр. Константинов, „Занаети и еснафи во битолско“, Битола, 1966 година, стр. 91

покрај својата занаетчиска основа производите на штипските занаетчии содржале и уметничка подлога. И затоа тие биле барани. Занаетчиството во Штип била најразвиена стопанска гранка со најразлична структура. Познато е дека во Штип до 1912 година постоеле 35 занаетчиски дејности со над 500 дуќани и околу 30 еснафски организации. По името на занаетчиската дејност и бројноста на дуќаните биле формирани и цели чаршии, како на пример: Казанџиската, Ковачката, Кондурџиската, Леблебеџиската и други.

Високиот животен стандард и богатството, овозможиле овие трговски фамилии да станат носители на сè што претставува иновација во животот на луѓето од овој период и во материјалниот и духовниот живот, носители на напредното и прогресивното, на техничките и европски достигања, и пратењето на модата од европските земји.

Овие современи влијанија најмногу ги пренесувале децата на штипските трговци, кои се школувале во Европските центри и кои единствени ја имале оваа привилегија, затоа што тоа им го овозможувало богатството на нивните родители. Карактеристично е тоа дури и при склучувањето на бракови се внимавало на сталешката припадност.

## V. ИНДУСТРИЈА

Познато е дека земјоделството и сточарството биле најважни гранки во стопанската дејност во Македонија во овој временски период, бидејќи тоа

[41] Сите податоци за наведените трговски семејства се земени од нивните фондови од Градскиот архив на град Штип.

[42] Елисавета – Фетка Бојаџиска, „Штипска хроника", Штип, 1995 година, стр. 31

го овозможувале и природните услови. Меѓутоа, исто така, познато е и тоа дека Македонија располагала со огромни рудни богатства кои веќе се експлоатирале, а дури и во големи количества и се извезувале, тогаш е сосема разбирливо поради што и потребата од индустриски производи меѓу населението станувала се поголема. Но, од друга страна состојбата во која се наоѓала индустријата, ни од далеку не можела да ги задоволи овие барања.

За индустриската состојба во Македонија во ова време ќе се послужиме со податоците добиени од Извештајот на трговско-индустриската комора на Јужна Србија. Во Извештајот се вели дека во Јужна Србија во тоа време имало 104 индустриски претпријатија, а „од нив најголем дел припаѓа на мелниците и рударските претпријатија, меѓу кои воедно се наоѓаат и најмоќните претставните на индустриската дејност од оваа област. Мелници има 36, а рударски претпријатија 12, бројот на останатите претпријатија е знатно помал. Така, на пример, постојат: 8 текстилни претпријатија, 7 фабрики за сапун и други хемиски производи, 7 електрични централи, 6 печатници и фабрика за книжни ќесиња, односно картонски производи, 5 тулани и други керамички производи, 5 фабрики за мраз, 3 фабрики за масло, 3 металургиски претпријатија, 3 фабрики за дрвна и металска покуќнина, 2 пилани, 2 пиварници и две фабрики за кожа."[43]

Кога ќе се зборува за индустријата во Македонија во ова време, не треба да се заборави и на политичкиот момент од овој период, односно дека Кралството воопшто не било заинтересирано за индустрискиот подем на овие краишта бидејќи сè уште не било сигурно дека овие приклучени делови уште при преговорите во Версај биле спорни. Од тие причини од Македонија, Кралството ги користело само суровините, а нивната преработка се вршела на други места. Во контекст на една ваква сиромашна, речиси никаква индустриска состојба, нема дилеми и можеби со уште полоша ситуација се наоѓал штипскиот регион.

Од индустриски капацитети постоеле само:

---

[43] Извештај од трговско-индустриската комора во Јужна Србија, Скопје, 1921 година, стр. 32

## *1. МОНОПОЛ – ОБЈЕКТ ЗА ОТКУП И ОБРАБОТКА НА ТУТУН*

Главната цел на Монополот била да го откупува тутунот од целиот овој регион, да го обработува и да го подобрува неговиот квалитет. Неговата управа требала да го оправда своето постоење, а со тоа што ќе биде заинтересирана за интензивирање на тутуновото производство, преку селектирање и избор на најадекватен семенски материјал што најмногу ќе одговара на земјените и климатските услови и помодерна обработка на целиот процес на производството. За жал, од сето ова, речиси, конкретна реализација немало никаква. Напротив, целата активност на Монополот се сведувала во избор и доделување на земја на производителите и на контрола против криумчарите. „Капацитетот за обработка и откуп на тутун изнесувал 100 тони, а се состоел од три дрвени бараки каде што и условите за работа биле неповолни. Производството на ферментиран тутун во периодот од 1930 до 1940 година се движел од 50 до 110 тона."[44]

Карактеристично е дека монополските власти користеле работна рака од редовите на младите луѓе и тоа предимно женска. Иако не постои пишан документ колку точно изнесувал нивниот број, сепак од сеќавањата на ретко живите свидетели, бројот на вработените не бил мал, но затоа работеле под извонредно тешки услови. Класифицирајќи го лист по лист во бали правот, мирисот и „жолтиот отров" ги напаѓале младите градите на вработените. Покрај тоа продолженото работно време не значело и поголем надоместок, напротив надниците биле многу ниски со што се вршела најгруба експлоатација на вработените во Монополот и не случајно меѓу работниците била популарна песната:

*„Земи ме либе, земи ме*
*или ме млада отрови*
*од тие пусти тутуни*
*од тие лоши мајстори"*

Зградата на Монополот се наоѓала на истото место каде што е и денес, веднаш до капацитетот на Модната конфекција „Астибо".

---

[44] Астибо I-XX век, Штип, 1964 година, стр. 102

## 2. *МЕЛНИЧКА ИНДУСТРИЈА*

Во Штип во периодот меѓу двете Светски војни постоеле неколку мелници за брашно. Мелницата за брашно на Јордан Пуздерлиев и Давид М. Сион се наоѓала на десниот браг на реката Брегалница во непосредна близина на Камениот мост. Овој индустриски објект бил изграден во 1930 година. За тоа време бил доста современ и произведувал брашно за потребите на градот и војската. Дека млинот бил максимално користен, потврдува и податокот дека за 24 часа преработувал околу 20 тони брашно.

Друг мелнички кпацитет била мелницата на браќата Шеќеринови во Овче Поле. Тие поднеле „Молба до Министерот за трговија и индустрија во Белград за да им одобри отварање на мелница."[45] Молбата на браќата Шеќеринови била позитивно решена и им било одобрено да започнат со изградба на мелница. Тие тоа и го реализирале.

Молба со иста содржина до истото Министерство поднел и Штипјанецот Витларов Милан, за изградба на моторна мелница во градот. Инспекцијата на Земска одбрана при Министерството за војска и морнарица, со својот акт, бр. 360, од 31.03.1931 година го известува Министерството дека нема против на Витларов Милан да му одобри изградба на моторна мелница.

Во 1935 година во Штип парна мелница отворил и Нацаков Петар. Оваа мелница претставувала модерен индустриски капацитет. Покрај другото, мелницата била со триер, машина за прочистување на семето и со машина за просејување на меленото брашно. Во мелницата се работело сезонски со време од 12 часа дневно и тоа од Јуни до Септември.

## 3. *ЕЛЕКТРИЧНИ ЦЕНТРАЛИ*

Во 1929 година, Штип и штипските улици за прв пат добија светлина од електрични светилки. Граѓаните почувствувале како мракот од нивниот

[45] Министерство за трговија, индустрија и занаетчиски оддел III, број 11954, Белград, 21 Април 1931 година

град да исчезнал засекогаш. На радоста и немало крај. Оваа придобивка на современото живеење и ја овозможила електричната централа покрај левиот брег на реката Брегалница, на самото подножје на Исарот, изградена од познатото трговско семејство Пуздерлиеви.

На „Барање на Васил Пуздерлиев на 14 Септември 1929 година до Министерството за трговија и индустрија да му се одобри изградба на електрична централа, ова Министерство во согласност со Секретаријатот на Сојузот на земската одбрана при Министерството за војска и морнарица му дозволи изградба на таков индустриски капацитет."[46]



*Зграда на првата електрична централа во Штип*
*(Фототека „Народна техника" – Штип)*

Зградата била од цврст материјал со две простории. Поголемиот простор служел за сместување на машините, а помалиот за развој на постројките на централата. Сопственикот на електричната централа вложил капитал:

- Основен .................................. 1.400.000 динари;
- Зграда........................................ 300.000 динари;

---

[46] Министерство за трговија и индустрија, бр 2826, 14 Септември 1929 година, Белград

- Машини ................................. 1.600.000 динари;
- Вработен персонал .................. 7 работници; и
- Раководител...................................................... 1

Електричната централа работела на дизел мотор со четири цилиндра од 80/88 коњски сили, со 375 обрти во минута, производ на англиската фабрика Кчоенеј. Овој мотор движел трофазен генератор од 80 KW со 3.150 V. Монтажата одговрала на потребите на техничките прописи.

Од развојната постројка на централата тргнувала една линија од трофазен систем, под напон од 1.250 V и во градот ги напојувала двата трофазни трансформатори во масло. Од трансформаторската станица поаѓале проводници со низок напон 380/220 V и се разгрануваат на улиците сочинувајќи ја градската мрежа за производство на јавно осветлување.

## *4. ФАБРИКА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ВЕШТАЧКИ МРАЗ*

Во 1931 година во Штип била отворена првата фабрика за производство на вештачки мраз со одобрение на Министерството за трговија и индустрија. Со овој објект конечно се ставило крај на примитивното снабдување со мраз кршен и носен во зимските денови од реката Брегалница. Мразарата била сопственост на Шеќеринов Стојан од што сместена на улицата „Д-р Рајс" бр. 117 во близина на денешниот трговски центар. Работното време на мразарата било сезонско и тоа од 15 Мај до 15 Септември. Во фабриката работеле 2 работника и според потребите на граѓаните. Годишниот капацитет на мразарата изнесува 800.000 литра вода.

# VI. БАНКАРСТВО

## 1. *БРЕГАЛНИЧКА БАНКА – АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО, ШТИП*

Во 1921 година во Штип е формирана Брегалничката банка – акционерско друштво, Штип.

Според податоците од „Службен весник” бр. 208, Сптември 1921 година, стр. 4, првата седница на акционерите била закажана за 11 Октомври 1921 година во 8 часот, претпладне во салата „Гранд хотел” во Штип. На седницата на акционерите меѓу другите биле присутни и иницијаторите за отворањето на банката: Јордан Бабамов, Мијалче Балабанов и Тодор Балванлиев. За претседател на Управниот одбор бил избран Владо Пуздерлиев. На седницата бил донесен и правилник за работа на банката. Во правилникот е нагласено дека:

1. Брегалничката банка е акционерско друштво со седиште во Штип;
2. банката може по потреба да отвора филијали и застапништва и во други места;
3. времетраењето на банката изнесува 50 години, почнувајќи од денот на основањето;
4. собранието се свикувало еднаш во годината, додека Управниот одбор по потреба;
5. Брегалничката банка била одговорна за целокупниот имот и резервниот фонд на своите обврзници и
6. банката ја регулирала добивката и нејзината поделба на своите акционери.

Почетната главнина на банката изнесувала 2 милиони динари, поделена на 2 илјади акции од по 1.000 динари, номинална вредност.

Запишувањето на акционерите се вршело со изјава во која секој запишан акционер, покрај своето име и презиме, професија и место на живеење, нагласува колку акции и дека ги прифаќа сите обврски предвидени во правилникот на банката.

На Првата седница на банката одржана на 5 Март 1922 година, свои акции депонирале:

| Рд. бр. | Име и презиме | Место | Број на акции | Број на гласови |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Пане Пишколовиќ | Штип | 20 | 6 |
| 2. | Коце Шумадиевиќ | | 20 | 6 |
| 3. | Димитар Аџијанев | | 10 | 3 |
| 4. | Христо Гаќевиќ | | 15 | 3 |
| 5. | Деви Мушон Сион | | 30 | 10 |
| 6. | Диме Поп Костиќ | | 30 | 10 |
| 7. | Ване Муцковиќ | | 10 | 3 |
| 8. | Божо Спировиќ | | 5 | 1 |
| 9. | Јусуф Моша Сион | | 10 | 3 |
| 10. | Христо Зафировиќ | | 5 | 1 |
| 11. | Митко Љуботеновиќ | | 5 | 1 |
| 12. | Јордан Џидровиќ | | 10 | 1 |
| 13. | Коле Карапандовиќ | | 20 | 3 |
| 14. | Мише Поп Алексовиќ | | 30 | 6 |
| 15. | Мушон Ароеста | | 10 | 10 |
| 16. | Тодор Влавчевиќ | | 10 | 3 |
| 17. | Исак М. Бонано | | 10 | 3 |
| 18. | Ристо Цуцуловиќ | | 10 | 3 |
| 19. | Петар Цуцуловиќ | | 10 | 3 |
| 20. | Ристо Шеќериновиќ | | 10 | 3 |
| 21. | Александар Поп Ристиќ | | 5 | 3 |
| 22. | Коста Поп Ристиќ | | 3 | 1 |
| 23. | Леви Сион | | 10 | 1 |
| 24. | Аџи Давид Сион | | 10 | 3 |
| 25. | Филип Медаровиќ | | 5 | 3 |
| 26. | Милан Мишевиќ | | 5 | 1 |
| 27. | Лазар Веловиќ | | 10 | 1 |
| 28. | Илија Вукановиќ | | 1 | 3 |
| 29. | Глигор Дрмовиќ | | 3 | 1 |
| 30. | Ване Монковиќ | | 15 | 5 |
| **Вкупно** | | | **356** | **168** |

Ваквиот начин на работа се повторувал секоја година од чии списоци на годишните собранија се забележува пораст на акционерите секоја наред-

на година, што, всушност, е потврда и за успешната работа на акционерската банка во Штип се до нејзиниот престанок со работа во 1934 година.[47]

## VII. СООБРАЌАЈ

Една од приоритетните задачи на српскиот режим во Јужна Србија била да се изгради современа патна и железничка мрежа. Власта била свесна дека за развој на внатрешниот промет и надворешната трговија неопходно била потребна модерна патна мрежа.

Од друга страна, Кралството во овие територии наследи катастрофална сообраќајна ситуација. Се ова е последица од двете војни. Сите правци од патниот сообраќај биле сосема уништени. Единствена сообраќајна врска била железничката линија Скопје-Солун. Ваквата состојба уште покарактеристично била изразена и во патниот сообраќај, на Источна Македонија, а посебно во штипскиот регион. Сите правци од патниот сообраќај биле сосема уништени.

Од тие причини, една од главните задачи на српската власт се наметнала да ги подобри условите за одвивање на сообраќајот во овој регион. Се започнало со поправки на оштетените делови од патниот сообраќај, се оспособувале разрушените мостови и се подготвувале терени за изградба на нови патишта.

Трговците својата стока наменета за пазарите во Кочани, Берово, Радовиш, Струмица, Дојран, Велес, па дури и во Скопје, ја пренесувале, речиси, исклучиво со запрежни коли. Многу редок бил случајот да се сретне и по некој камион останат од војната.

По сеќавањата на повеќе постари Штипјани, луѓето патувале најчесто со пајтони – лондони, како што уште ги викале покриените пајтони затворени со врати од двете страна. Селаните, пак, од околните села, во

---

[47] Сите податоци за основањето и работата на Акционерската банка во Штип се земени од микрофилмот бр. 293, под наслов „Битолска и Брегалничка банка", при Архивот на Македонија.

Штип доаѓале исклучиво со коњи, магариња, или со запрежни воловски коли. Само побогатите селани имале и свои „чезиња" (двоколки). Одењето до Скопје, најчесто се вршело на тој начин што патниците до Велес патувале со пајтони, а оттаму со воз до Скопје.

Ваквата положба со друмскиот сообраќај траела се до изградбата на железничката линија од Велес до Штип. Пругата Велес-Кочани градена е во 2 етапи.

Изградбата на железничката линија Велес-Штип започнала на 1 Ноември 1923 година, а во употреба свечено била пуштена на 20 Октомври 1924 година, кога пристигнал и првиот воз во Штип. Пругата била долга 52 km и го делела Овче Поле на два дела.

Во функција на железничката линија, од Велес до Штип биле изградени 24 нови објекти, од кои само железничките станици на Овче Поле и Штип чинеле по 1 милион динари. „Мостот на Вардар бил најголем објект од ваков вид од Ниш до Гевгелија, со должина од 230 m, а висок 12 m."[48]

Се забележува дека изградбата на железничката линија Велес-Штип државата ја чинела многу скапо, односно дека биле потрошени 88.106.443 динари. Железничката линија се градела под извонредно тешки услови. Тоа најдобро го почувствувале самите нејзини градители. Во отсуство на модерна механизација, работите се одвивале рачно и со време повеќе од 12 часа дневно, а „оние што не биле од Велес спиеле крај железничката линија, под ведро небо, немало бараки за сместување, некои патувале и по четири часа секојдневно до своите домови по околните села. Редовна храна на тие работници им биле само лебот и солта со толчен пипер. Биле среќни кога настапувала сезоната на домати и пиперки."[49]

Во изградбата на железничката линија учествувала и војската, како ефтина работна рака со цел што побргу да биде изградена пругата, која за Кралството претставувала значаен сообраќаен и стратешки пат према бугарската граница. Од тие причини железничката линија е изградена за рекордно време од 11 месеци и 10 дена, во должина од 51,5 km.

---

[48] „Политика", 1924 година, Београд, стр. 1

[49] Ефремов Дончо, Пругата ги измачила градителите, „Штипски весник", Штип, 24 Октомври 1997 година, стр. 10

Пристигнувањето на првиот воз во Штип на 20 Октомври 1924 година за Штипјани и за многумина од сите градови на Источна Македонија значело вистински празник. Скоро сите луѓе од градот дошле на железничката станица да го видат ова „чудо”, досега, за многумина непознато. И затоа не е чудно што за овој настан се врзани и многу анегдоти со шеговит карактер. Дека овој настан бил невообичаен покажува и податокот дека дочекот на првиот воз бил помпезен и со присуство на највисокото раководство од јавниот, политичкиот, културниот, духовниот и воен живот од регионот и пошироко, од целото Кралство. Свеченоста завршила со многубројни културно-забавни и спортски манифестации.

Пругата Штип-Кочани била изградена од 1 Јуни 1924 до 25 Август 1926 година, во должина од 33 km. Првиот воз во Кочани пристигнал во 10 часот, а во 11 и 30 се вратил назад.

Од какво значење бил овој настан за режимот од Белград кажува и податокот нотиран во белградска „Политика” во кој се вели: „Првиот воз помеѓу Штип и Кочани значи историски чин за Јужна Србија, нов датум кој по важност доаѓа по оној на Брегалничката битка.”[50]

Самото присуство на кралот и кралицата и кнезот Арсен зборува за важноста на овој настан.

Патниот сообраќај, спрема Радовиш и Струмица бил потполно идентичен како и оној спрема Велес и Кочани. Ваквата положба придонела тогашната власт, поточно Министерството за сообраќај, да формира Секција за градење на железничката линија Штип-Струмица преку Радовиш. Секцијата од 1936 година работела во железничката станица во Штип, а подоцна работните простории на Секцијата се наоѓале во градот, во куќата на Панче Милев, трговец со дрвен материјал. Шеф на Секцијата бил инжинер Даниел Нахмијас, по народност Евреин, со уште неколку инжинери, техничари, цртачи, административен и книоговодствен персонал. Поголемиот број од персоналот бил од други територии од Југославија, а само мал број од Штип и Велес. Така, на пример, помошник на книговодителот бил Никола Крупишки, а во административниот персонал работеле уште и Васил Пуздерлиев,

---

[50] Краљ и краљица у Јужној Србии, „Политика”, 14.09.1926, Београд, стр. 5

Димитар Тунџов и Благој Царев, сите од Штип. Како носител на овие активности, Никола Крупишки добро се сеќава: „Кон крајот на 1938 година трасирањето на патот заврши. Паричните документи се правдаа по отпуштен акредитив на секои 15 дена и тоа во Министерството за сообраќај во Белград, ‚Сараевска' 14. Последниот паричен отчет го извршив јас и на мое барање да отворат нов акредитив за да продолжат работите на железничката линија Штип-Струмица. Го добив следниот одговор: ‚Со железничката линија до Струмица е завршено, затоа што претседателот, Милан Стојадиновиќ тие 80.000.000 ги дал на некој концесионер за друга релација.' Со тоа, продолжува Крупишки, градењето на железничката линија за Струмица заврши. Речиси, до денешни дни се познаваше колчењето на трасата. Сите вработени беа преместени по други секции за трасирање, а нас, Штипјани, не испратија: мене за Никшиќ, Димитар Тунџов за Колашин, а Панче Зафиров – Тренето за Горажде, оние што не го прифатија преместувањето од Штип останаа без работа."

По изградбата на железничката линија Велес-Штип-Кочани и патниот сообраќај воп овој регион започнува да добива поорганизирана форма.

Од штипската железничка станица патниците редовно се превезувале до градот, исклучиво со пајтони. Познати пајтонџии биле: браќата: Аџиниколови, Ангел Пајтонпџијата, Давче Пајтонџијата и други. Стоката, пак, за широка потрошувачка, како брашно, сол, газје и други производи кои биле пренесувани со товарен воз до Штип, понатаму го продолжувале својот пат со стари камиони останати од војната, а поправани и оспособувани за работа од руските механичари побегнати по Октомвриската револуција од Русија. Такви биле, на пример: Сергеј Иванов – Мали, Петар Казанков, браќата Сергеј и Анатол Троицки и други. Подолго време тие биле и единствени шофери во Брегалничкиот регион.

Дури подоцна, прв Штипјанец што го положил возачкиот испит бил Мирче Витларов, но како дошло до тоа се сеќава самиот Мирче. Тој вели: „Во 1924 година, автомобил-такси возеше Ѓорѓи Ѕверот од Радовиш, јас уште тогаш бев заинтересиран и со задоволство го гледав и имав желба да станам возач. Меѓутоа, за да станеш шофер требаше да се полага шоферски испит во Белград. Јас ја имав таа среќа да бидам испратен во Белград и тоа

во Првата руска возачка школа. Во гаражата имаше 4 возила: 2 ‚пуха' и 2 ФИАТ камиони. Курсот траеше 2 месеца, учевме теретски и практичен дел. Од Белград се вратив со вочачка дозвола за возење на вочило од било каков тип." По враќањето во Штип, Мирче Витларов работеше како такси-шофер на првата такси-служба во Штип. Подоцна, до формирањето на Бановината ги возел големиот жупан во Штип, а подоцна и банот Жика Лазиќ во Скопје.

Во 1925 година „во Штип возила од типот Форд ‚шевролет' користеле и Алберто Берани, Сион Менахмен, Јордан Самоников, Анатол Троицки, Јордан Черкезов, Герасим Андонов. По Скопје и Битола, Штип имал најмногу возила и возачи."[51] Покрај такси-службите во Штип биле отворени и автобуски линии Штип-Струмица, Штип-Велес и Штип-Кочани. Дека станува збор за поорганизиран патен сообраќај, потврдува и податокот дека во Штип постоело и автобуско претпријатие „Експрес", сместено во зградата на Евреинот Давид Кагијанс, на улица „Крал Александар" бр. 80.



*Мирче Витларов, со првиот „Форд-Т" во градот Штип, 1925 година (АМСМ во Штип)*

Во прилог на оваа констатација ќе го спомнеме и податокот дека на 15 Ноември 1929 година била пуштена во сообраќај поштенската автомобилска линија Штип-Радовиш-Струмица. Оваа автомобилска линија

[51] Марковски Ристо, „Автомобилизмот во Македонија, АМСМ", Скопје, 1995 година, стр. 38

била од големо значење за овој регион. Исто така постоело и акционерско друштво за превоз на патници со мали автобуси.

Меѓу другите, шофери во ова друштво биле и Штипјаните Лаза Барзата, Тодор Устичков и Јордан Черкезов.



*Возила паркирани покрај Отиња*
*(АМСМ во Штип)*

Организираниот и зачестен сообраќај барал и нови шофери. Такви во овој временски период биле уште: браќата Самоникови, Тодор Крушката, Крум Витларов, Тодор Каракирез и други.

## ГЛАВА ЧЕТВРТА

# ЗДРАВСТВО

Првите повоени години за животот во Штип, како впрочем и за цела Македонија, воопшто биле извонредно тешки и оптоварени со стари и нови проблеми без многу алтернативи за нивни решенија. Последиците од новата војна се чувствувале насекаде. Воената бура оставила зад себе безброј изнемоштени, слепи, осакатени и беспомошни луѓе. Особено била тешка здравствената состојба.

Илустративни податоци за тоа како изгледала таа наоѓаме во извештајот на комисијата на Американското друштво за заштита на воени сирачиња во кој се вели: „Помалку од 12% од селаните и земјоделците користат медицински услуги затоа што лекар во близината нема, а и кога има тие услуги се многу скапи. Обично болните се препуштени најчесто на самооздравување, на милост и на незнаењето на селските баби – бајачки, лекарици или пак на смртта. Селаните спијат на душеме за совет на своето дете се обраќаат на бабите, јадењето го приготвувале на отворено огниште, по нечистите душемеа од колибите. Во Македонија еден лекар покрива подрачје од седумдесет, па и повеќе илјади жители."[52]

Идентични биле и извештаите на санитетската управа на Брегалничкиот округ, чие седиште бил Штип, кои воедно претставувале и форма на барање до Министерството за народно здравје за што побрзо воспоставување на медицинска служба во Штип и регионот.

Меѓутоа, треба да се истакне и тоа дека ваквата катастрофална здравствена култура била резултат не само на воените пустошења и разорувања, туку и од непостоењето на медицинска служба што ќе се грижи за здравјето на луѓето. Само за илустрација, ќе го наведеме податокот дека во овој период во Брегалничкиот округ работел само еден воен лекар, д-р

---

[52] Воислав Ѓукановиќ, „Матеиа – Социомедика", Сараево, 1988 година, стр. 18

Фрањо Навратил, кој едновремено подолго време бил и единствениот воен и граѓански лекар во цела Источна Македонија. Од тие причини Министерството за народно здравје уште во Декември 1918 година формирало постојана епидемска комисија со задача да помогне во разрешувањето на проблемите со заразните болести. Оваа комисија во 1921 година била преименувана во Антималарична комисија, најверојатно поради рашироноста на маларијата како еден од најтешките здравствени проблеми.

Веднаш по војната санитетската и административната организација подолго време се одржувала на ниво од пред војната. Впрочем, подоцна, со новоформираното Министерство за народно здравје, престанало со работа поранешното санитетско одделение, кое било под дирекна надлежност на полицијата. Оваа промена била од огромно значење, бидејќи лекарскиот позив конечно бил еманципиран од управните власти со поголема слобода во работата и поголема одговорност за народното здравје.

И покрај извесни промени во административната организираност на здравството, сепак во целиот Брегалнички регион сè уште не постоела ниту една болница за граѓанството освен привремената воена болница во Штип која била сместена во старата зграда на основното училиште „Св. Ранѓел (Арханѓел)" формирана уште 1918 година. Од тие причини и најразличните заразни болести какви што биле: маларијата, тифусот, шарлахот, дифтеријата, сипаниците, туберкулозата и други, неминовно барале поорганизирана здравствена заштита на селаните што довело до формирање на Окружна и среска санитетска служба .

Со санитетската служба раководел воениот лекар д-р Фрањо Навратил, кој едновремено бил и училишен лекар во Штипската гимназија, а го предавал предметот хигиена. Д-р Фрањо Навратил, еднаш или двапати во неделата вршел прегледи и на децата од Детската станица за воени сирачиња која во 1920 година прераснува во Детски дом. Исто така овој лекар добил задача од Министерството, да врши и здравствен надзор над проститутките по многубројните штипски кафеани. За оптовареноста на д-р Фрањо Навратил зборува и податокот дека тој бил лекар и со приватна медицинска практика.

Нов квалитет во работата на здравствената служба во Брегалничкиот регион ќе внесат лекарите дојдени од Русија по Октомвриската револуција меѓу кои по барање на Министерството, во Штип и штипско во 1920 година биле назначени следниве лекари и помошен персонал:

1. Д-р Фрањо Навратил – окружен физикус;
2. Д-р Сергија Богданов Мироновиќ;
3. Д-р Хозаријан Харутин;
4. Д-р Николај Митрофиовиќ – Мињенко;
5. Д-р Феодор Карташев;
6. Василие Којзаклиевиќ – писар;
7. Јован Симјоновиќ – квалификуван дизенфектор; и
8. Стојан Ѓорѓевиќ – служител.

Со Законот за окружната санитетска управа од 1921 година се издвојуваат окружните и среските лекари како самостојни надлежништва. Се воведува институцијата општинска медицинска служба. „Од 1921 година како срески и општински лекари во Округот работеле, покрај наведените лекари уште и: д-р Андреја Волчков, д-р Христифор Василевиќ - Ѓеорѓиј, д-р Јосиф Муклос, д-р Херш Каменицки. Во 1922 година за в.д. окружен физикус на местото на д-р Фрањо Навратил бил назначен д-р Вања Дворзис, а од 1924 година по укинувањето на окружната служба и воведување на обласна медицинска служба, за обичен санитетски референт бил назначен како привремен, хонорарен лекар д-р Алексие Полканов, а од 1925 година оваа функција ја презел д-р Зарејбица и ја раководел до 1929 година, кога истата поминува во бановинска надлежност со седиште во Скопје. Во Април 1924 година за срески санитетски референт бил поставен д-р Драгољуб Чвориќ, а подоцна, како срески лекар заедно со него работел и д-р Среќко Савиќ, а од 1928 година, веднаш по дипломирањето за срески лекар дошол Штипјанецот д-р Страхил Панев (син на штипскиот фотограф Пане Лазаров), кој останал на таа должност се до 1941 година.“[53]

На 27.02.1922 година како училишен лекар во Штипската гимназија бил назначен д-р Благоја Тошанов, кој од 06.10.1924 година работел и како

[53] Јоксимова Елена, „Штип и неговата здравствена култура во XIX и XX век“, Монографија во ракопис, Архив на Медицински центер во Штип

општински лекар. За одбележување е дека овој лекар успеал да формира фонд за бесплатно лекување на сиромашните граѓани од Штип. Оваа функција д-р Тошанов ја обавувал се до 1927 година.

Првата општинска бабица во Штип, која била поставен во 1920 година како дел од општинската медицинска служба, била Миќиќ Милева. Во меѓувреме, во 1925 година приватна бабичка практика во општината Штип добила Шарлота Пакард. Покасно за општински бабици биле назначени Аспасија Џидрова и Павлина Стевова.

## I. ПРВА АНТИМАЛАРИЧНА СТАНИЦА ВО МАКЕДОНИЈА

Во 1923 година во Штип, а воедно и во Македонија била изградена првата антималарична станица. Целта на оваа станица била да ја испитува, анализира и спречува најраспространетата болест во овој регион – маларијата, позната уште како барска грозница, или треска. Со проблемот на маларијата во Штип до отворањето на оваа станица се занимавала антималаричната комисија на чело со д-р Макс Ајглинг. Со него на проблемот на маларијата работеле уште: Миливој Ранков, Сергеј Константиновиќ – Рамзим, Евгение Петровиќ и д-р Јован Лазаревиќ. Првиот персонал на антималаричката станица го сочинувале д-р Ѓеза Алковиќ и медицинската сестра Наталија Живковиќ. Набргу потоа, кон нив се приклучува и Славјанка Влавчева[54]. „Од 1924 до 1930 година Славјанка Влавчева ентузијазирано работи на борбата против маларијата која беше многу раширена на територијата

---

[54] Славјанка Влавчева е родена во Штип на 18 Декември 1900 година. Основно училиште завршува во своето родно место, а потоа се школува во училиштето за медицински сестри на друштвото на Црвениот крст во Белград. По завршувањето на училиштето до 1930 година работи во Штип, а потоа поминува на работа во антитуберкулозниот диспанзер во Скопје. Учесник е во Народноослободителната војна. За нејзината хумана и алтруистичка работа добитник е на највисокото признание за сестринство – Медалот Флоренс Најтингел што го доделува Меѓународниот комитет на Црвениот крст во 1971 година. Славјанка Влавчева почина 1988 година.

на нејзиното родно место – Штип. И покрај сите тешкотии таа секојдневно ги обиколуваше селата, а и се грижеше за здравствената заштита на населението. Поради нејзиниот придонес на позивот – медицинска сестра и хуман однос со луѓето, одделно со болните, таа беше многу почитувана од жителите од градот и селата."[55]

Во 1925 година било отворено првото хемиско-бактериолошко одделение и училишна поликлиника. Раководител на одделението била д-р Ивана Јакобсон, а со училишната поликлиника д-р Крсто Харамбашиќ.

Маларичната станица во 1927 година прераснала во Дом за народно здравје во кој функционирале уште и: Диспанзер за доенчиња и мали деца, Пастерова станица и Ветеринарно одделение. За работата и значењето на антималаричната станица во Штип пишува и „Белградска Политика". Во 1927 година направена е посета од 8 лекари од Друштвото на народите, 4 Шпанци, 2 Персијци, 1 од сирија и 1 од Либерија. По завршениот маларички курс во Париз овие 8 лекари биле испратени од страна на Лигата на народите во Штип, со специјална задача, на практика во штипската маларична станица за испитување на маларијата. „Тие извршиле посета на станицата која што била современо опремена и работела со модерни средства. Лекарите биле прилично изненадени од лекувањето на оваа опасна болест."[56]

И навистина, Антималаричната станица во Штип во периодот меѓу двете Светски војни, дала голем придонес за спречување и искоренување на маларијата не само во овој регион, туку и пошироко во Македонија.

## II. ФОРМИРАЊЕ НА ОКРУЖНА ГРАЃАНСКА И ВОЕНА БОЛНИЦА

Првата болница во Источна Македонија наменета за граѓанството била формирана во 1914 година по иницијатива на тогашниот окружен

---

[55] Пионер на хуманиот позив, медицинската сестра, „Солидарност" при Републичкиот Црвен крст на Македонија, Скопје, стр. 10

[56] „Политика", 28 Јуни 1927 година, Београд, стр. 3

физикус, д-р Светислав Шохајевиќ. Меѓутоа со самиот почеток на Првата светска војна оваа болница престанала со својата работа.

Подоцна, по завршувањето на војната, на 1 Април 1919 година болницата е повторно отворена и тоа за време на епидемијата од пегавиот тифус. Граѓанската болница била во ранг на Окружна со 30 постели. За прв в.д. управник бил назначен д-р Фрањо Навратил, а првиот персонал го сочинувале: Магдалена Јаковлевиќ – бабица, Славко Манев – економ, Коста Пецков – писар, Савка Караѓозова и Марјанка Андрееве – болничарки.

Подоцна поради тоа што болницата не одговарала на стандардите за болничка здравствена заштита, во 1931 година бил изготвен проект за изградба на нова болница. Изградбата на болницата започнала во 1934 година, но поради недостиг на материјални средства се пролонгирала до 1938 година. Од истите причини болницата не можела да биде отворена и до почетокот на Втората светска војна, а својата работа ја започнала дури 1943 година, за време на бугарската окупација во Македонија.

Воената болница во Штип била изградена во 1925/26 година и тоа за потребите на воениот санитет. Болницата располагала со 100 постели, поделени во 3 павилјони во кои биле сместени: интерно, хируршко и заразно одделение.

## III. АПТЕКАРСКА СЛУЖБА

Долго време во Штип работела само една единствена аптека, сопственост на Евреинот Хаим Ардиге, отворена уште во 1901 година, која подоцна со воспоставувањето на новата држава продолжила со своите услуги во просториите на „Гранд хотел". „Дури 1920 година во Еврејското маало била отворена уште една аптека сопственост на м-р Гвозден Матиќ, а која ќе работи се до 1941 година." Аптеката подоцна ќе стане сопственост на м-р Бошко Ристовиќ, кој набргу потоа изградил аптека на десниот брег на реката Отиња. Потоа ја продал на м-р Иван Балванлиев. Зградата на оваа аптека постои и денес и се наоѓа веднаш до зградата на кино „Култура".

# ГЛАВА ПЕТТА

## СРПСКАТА КОЛОНИЗАЦИЈА ВО ШТИПСКИОТ РЕГИОН

Во новосоздадената држава, Кралството на СХС, од многубројните форми на српската буржоазија, Владата и Монархијата за зајакнување на својата власт, било и спроведувањето на аграрната реформа. Со оваа реформа српските власти полагале голема надеж дека со неа ќе ги решат економските и социјалните проблеми во новосоздадената држава. Народот македонски слушнал за некаква аграрна реформа, за некаква слобода, која требало да им ја врати земјата насилно заграбена од Турците. Навистина, по Првата светска војна, аграрната реформа била спроведена, но како? Надежите на македонскиот народ и овој пат останале празна илузија, аграрната реформа значела колонизација на Вардарска Македонија.

Реализацијата на колонизацијата во Македонија од страна на големосрпските хегемонисти, имала свои подалечни и историски корени за територијалното проширување кон овие убави простори, богати со неограничени природни ресурси.

Уште познатиот српски политичар Илија Гарашин во своето „Начертание" од 1844 година, зборувал за Српската држава која треба да ги присоедини сите несрпски територии. Меѓутоа, голем дел од овие територии тогаш биле сè уште под турска власт. За спроведување на една ваква иницијатива требало да се пристапи плански, систематски и организирано. Затоа српската буржоазија започнала силна пропагандна активност, дури и пред европската јавност, запознавајќи ја со тешката положба на македонскиот народ под турската тиранија. Исто така се интензивирало и српското присуство на овој терен преку населување на српски семејства, преку конзуларни претставништва и други форми.

Со Балканските војни и Букурешкиот мир се остварил големиот сон на српската буржоазија за голема српска држава. Со присилното распарчување на македонскиот национален интегритет, Србија конечно ги

присоедини кон себе и овие македонски територии. Затоа српската власт не чекала долго и ја донела специјалната Уредба од 20 Февруари 1914 година за населување на српски колонисти во Македонија. За овој повеќе политички, отколку економски момент, Иван Катарџиев ќе запише: „Користејќи го аграрното прашање, како фактор за денационализација Српската влада веднаш по Букурешкиот мир, 1913 година превзела мерки, земјата што ја напуштило турското население да се насели со колонисти од другите делови на Србија. Освојувачот се надевал дека со населувањето на колонистите ќе изврши сериозни промени во националниот состав на населението со што ќе создаде база на режимот."[57]

Конкретната реализација на овој колонизаторски зафат по зборовите на д-р Александар Апостолов: „Спрема бугарската граница, но сосема бил мал бројот на семејства кои се населиле."[58] Впрочем, резултатите од остварувањето на оваа Уредба останале само на своите почетоци бидејќи започнувањето на Првата светска војна, а со тоа е крајот на српското владеење во Македонија.

Меѓутоа, за жал, Версајскиот договор од 1919 година целосно го верифицирал Букурешкиот мир што практично значело и повторно присоединување на Вардарска Македонија кон Српската држава. Социјалната и економската положба на македонскиот народ уште повеќе се влошува. Народот бил загрижен за својата судбина, а власта плашејќи се да не дојде до социјални немири посебно инспирирани од Октомвриската револуција, била принудена да прави отстапки и компромиси. Во овие мигови на големо незадоволство, решавањето на аграрното прашање повторно ќе биде реактивирано. Дури и самиот Крал Александар плашејќи се од големите селски немири ќе биде принуден да го објави Манифестот од 6 Јануари 1919 година, во кој се вели: „Јас сакам веднаш да се пристапи на аграрното прашање и да се укине кметството и големите земјишни имоти. Во двата случаи земјата ќе се подели меѓу сиромашните земјоделци со еднаков надоместок на досегашните нејзини сопственици. Затоа ја

[57] Катарџиев Иван, „Борбата до победа", Книга II, Скопје, 1983 година, стр. 54

[58] Д-р Александар Апостолов, „Колонизацијата на Македонија во Стара Југославија", Скопје, Култура, 1966 година, стр. 39

повикувам мојата Влада да формира комисија која ќе ја подготви аграрната реформа, а селаните ги повикувам смирено да почекаат, со доверба на мојот кралски збор, нашата држава по законски пат да ја предаде земјата што ќе биде само нивна."[59]

Набргу по ова Владата на Кралството на СХС ќе го прифати Нацртот на аграрната реформа, кој на 27 Февруари 1919 година под наслов Претходни одредби за подготовка на аграрната реформа, ќе биде усвоен. Со ова, всушност, ќе бидат поставени темелите на колонизацијата во Македонија.

Колонизацијата во штипскиот регион ќе започне да се реализира со донесувањето на Уредбата од 24 Септември 1920 година за населување на граѓани од СХС во овој дел од Македонија. Првите колонисти во Штип и штипско почнале да пристигнуваат уште во 1920 година. Уште во самиот почеток на колонизацијата, иако планирана и подготвувана од врвни владини експерти и од сите политички партии на СХС, сепак уште во самите почетоци ќе се покаже дека, сепак, е избрзана и недоволно организирана. Но, тоа не било причина колонизацијата забрзано да започне да се спроведува. Сите овие неочекувани потешкотии ќе се рефлектираат не само на подготвувањето на колонизацијата, туку нив уште повеќе ќе ги почувствуваат самите колонизатори на терен, кобни и за колонистичките фамилии дојдени од Србија, Лика, Црна Гора, Далмација, Војводина, и други краеви на Кралството на СХС.

Спрема Уредбата за населувањето од 24 Септември 1920 година, токму била одредена која земја ќе биде населена и од кого. Спрема пишувањето на Ѓорѓи Крстиќ ова изгледало вака:

1. Слободна државна земја;
2. општинска и селска земја;
3. напуштена земја, чии сопственици трајно ја напуштиле и
4. земја одредена со подготовките на аграрната реформа.[60]

Која категорија ќе земе најмногу земја и каква, сепак зависело од заслугата што ја имала спрема државата. Најголемиот дел од земјата, и по

[59] Ferdo Čulinovič, "Jugoslavija između dva rata", Kniga I, Zagreb. 1961 година, стр. 227

[60] Ѓорѓи Крстиќ, „Колонизација у Јужној Србии", Сараево. 1928 година, стр. 3

површина и по квалитет, ја добивале доброволците во српската војска, четниците, учесниците во Балканските и Првата светска војна (Солунците), хуманитарни организации, училишта, на војската и жандармеријата.

Табеларно Милан Гавриловиќ ја прикажал вака:

| Рд. бр. | | Број на населени фамилии | Разделена земја во хектари |
|---|---|---|---|
| 1. | Колонисти | 10.004 | 75.223 |
| 2. | Доброволци | 112 | 704 |
| 3. | Четници | 208 | 1.619 |
| 4. | Домородци | 8.193 | 22.259 |
| 5. | Оптаите | 235 | 1.368 |
| 6. | Сопственици во замена | 439 | 4.802 |
| 7. | Угледни добра | 13 | 220 |
| 8. | Земјоделски училишта | 5 | 127 |
| 9. | Основни училишта | 153 | 217 |
| 10. | Цркви и манастири | 66 | 647 |
| 11. | Војска | 8 | 1.167 |
| 12. | Жандармерија | 112 | 122 |
| 13. | Културни и други установи | 116 | 1.538 |
| 14. | Пасишта за стока | | 21.846 [61] |

И во штипско и во Овчеполието разочарувањето на колонистите ќе биде уште поголемо. Многу колонистички фамилии бргу ќе ја сфатат својата илузија и кобната грешка што ја направиле затоа што наместо ветениот „рај" наидуваат на сурови и крајно неповолни услови, неквалитетна земја, лоша клима, недостиг на вода за пиење, а камоли за наводнување и крајно лошиот прием од месното население. Покрај тоа маларијата која беснеела во овие краеви била фатална, така што голем број од нив ќе ги остават и своите животи во оваа, за нив туѓа земја. Освен ова, можеби најтежок проблем со кој се соочиле колонистите, бил нерасчистеноста на сопственоста на земјата која била доделена. Сосема е природно дека ова ќе предизвика отпор и ќе создаде нетрпеливост и антагонизам помеѓу доселениците и месното население. Степенот до кој

[61] Милан Гавриловиќ, „Привреда Јужне Србије", Скопје, 1933 година, стр. 80

стигнала оваа нетрпеливост и последиците од неа ги воочило и самото Аграрно повереноство во штипскиот регион со седиште во Штип создадено во 1920 година. Порано секој проблем поврзан со колонизацијата и доселениците бил во компетенција на главното аграрно повереноство со седиште во Скопје.

Колонистите во штипскиот регион биле лоцирани во рамното Овче Поле, во атарот на Ежово Поле, по тек на реката Брегалница и лакавичкиот терен. Поконкретно тоа биле селата: Кадрифаково, Ерцелија, Врсаково, Криви Дол, Карбинци, Таринци, Радање, Аргулица, Караорман, Долани, Драгоево, Селце, Љуботен, Лесковица, Софилари, Црвуљево, Степанци, Балталија, Чардаклија, Долно Трогерци, Крупиште и Долни Балван. Понекогаш се одело и до таму што се формирале нови колонистички населби, како што е случајот со селото Ново Батања, основано 1924 година. Според податоците на д-р Александар Апостолов првите доселеници во овој крај од 121 семејство биле населени во село Долани.

Кадрифаково е најкарактеристичната доселеничка населба можеби во целиот овој регион, во близината на Штип. Селото се наоѓа на главниот пат Велес-Штип, а подоцна и покрај железничката линија Велес-Штип-Кочани. Очигледно дека државата настојувала да го исполни своето ветување на колонистите дека земјата што ќе им ја доделат ќе биде покрај главните комуникации, плодна, која ќе им овозможи пристојна егзистенција. Селото било населено 1922 година од триесетина семејства од разни краеви на Југославија од кои 14 фамилии од Далмација, 11 од Босна и Херцеговина и 5 од Лика. Иако ја добиле најобработливата површина, сепак голем дел од земјата и натаму не се обработувала од искажувањата на некои останати колонисти, добивме сознание дека тие и немало причина да ја обработуваат земјата. Поради тоа и не е случајно што еден новинар на белградска „Политика" саркастично ќе забележи во својот допис: „Материјалот што државата го доделила сè уште стои неупотребен. Ниту една нова куќа нема изградено. Во име на Бога, луѓе зошто малку не се потрудите да изработите макар било што. Гледате дека селото ви личи на циганско и гледате дека мештаните ви се потсмеваат. Најчест одговор на

овие прашања бил: Зошто да работиме и градиме кога не знаеме дали ќе останеме?"[62]

Колонизацијата на овие краишта останала без свои социјални и политички рефлекси. ВМРО (автономисти) чии активности се одвивале токму на овој регион, бурно ја пратела колонизацијата и со несимпатии гледала на нејзиното спроведување. Од друга страна и месното население не било рамнодушно спрема сѐ она што се случува, што одело во прилог на комитската организација и акциите што ги подготвувала. Државата, пак, не случајно го интензивирала колонизирањето токму во овие краишта, во близината на Бугарија, затоа што сметала дека колонизаторите ќе бидат гаранција за нејзината јавна безбедност и бедем спрема границата на Бугарија. Сметајќи дека со терористичка акција може да биде сопрено понатамошното колонизирање и ќе го сврти вниманието на европската јавност, комитите на Тодор Александров ќе започнат пресметка со колонистите.

Карактеристичен е примерот со селото Кадрифаково во кое четата на Јован Јанев – „Брљо" ќе направи вистински масакр убивајќи ги сите членови од семејството Олуиќ.

Друга колонистичка населба во штипскиот регион било селото Ерџелија, кое се наоѓа 3-4 km оддалеченост од селото Кадрифаково. Меѓу доселениците во ова село најмногу биле Словенци, а покрај нив уште неколку фамилии Личани и една од Шумадија. За разлика од Кадрифаково, животот во оваа населба бил далеку посреден, поорганизиран, што е резултат на словенското население, кое влијаело за културното издигнување дури и на месното население. За време на нивното двегодишно престојување направиле земјата да биде поплодна, зашто е ѓубреле, старото рало било заменето со плуг и граделе куќи со хигиенски услови. И покрај добро организираниот живот, Словенците најмногу поради маларијата, набргу го напуштиле селото.

Новоформираната населба Нова Батања се наоѓа 10 km од Штип, била населена од Оптанти со унгарско потекло. За изградување на оваа

[62] „Политика", Како се код нас колонизује, Белград, 07.09. – 29.10.1923 година, број 5543, стр. 4

населба државата вложила максимум напори и инвестирала околу 12 милиони динари за да овозможи примамливи услови за нормален престој на колонистите.

Нивното населување започнало 1924/25 година, а биле сместени во 163 новоизградени куќи. Спрема Белградска „Политика”, „на 3 Април, вечерта, на свечен начин било извршено осветувањето на новата колонистичка населба, Ново Батања, која се наоѓа во близината на Штип, помеѓу Горни и Долни Балван. На отворањето биле присутни генерал Узун Мирковиќ, Големиот жупан Добрица Матковиќ, народниот пратеник, Штипјанецот Пуздерлиевиќ и многу граѓани од општината и околните места.”[63]

Спрема сеќавањата на личниот учесник на овој настан, Јордан Зуљамов, отворањето на населбата навистина било спектакуларно. Меѓутоа и покрај сè ова, населбата имала краток век. Населбата бргу морала да пропадне, бидејќи на локацијата немало вода за пиење, а камоли за наводнување. Дури и најдлабоко копаните бунари немале доволно вода. Земјата била сува и поголем дел необработлива. Затоа населениците-колонисти биле принудени да го напуштат Батања и веќе во 1928 година останале само 18 куќи. „При посетата на управникот на Министерството за земјоделство и водостопанство, Јанковиќ во Скопје дека ќе обезбеди потребни средства за копање на артериски бунари на колонизираните населени места во Овче Поле во штипската околија. Најпрво требало да се изврши во Ерџелија, Кадрифаково, Батања и други колонистички села каде што започнале да се иселуваат колонисти, токму поради немањето на вода. Затоа требало под итно да се започне со копањето на бунари и да се дадат потребни средства што ќе бидат употребени зо вода, а со цел да бидат задржани старите колонистички фамилии и да се задоволат и оние кои требало да се населат. Во изведувањето на овој проект било вклучено и хидротехничкото одделение во Штип.”[64]

---

[63] „Политика”, село Мишиќево, Београд, 1924 година, бр. 3

[64] Фонд Министерство за земјоделство и водостопанство, Скопје, 1922-1931 година, Архив на Македонија

Другите села во штипскиот регион. во кои биле сместени колонистите биле со мешовит карактер. Најцелосен преглед на колонистите во штипскиот регион дава аграрното поверенство преку својата Азбучна картотека за општина Штип од 12.02.1935 година. Овие статистички податоци по име и презиме изгледаат вака:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Арсиќ Г. Стојан | Таринци |
| 2. | Атанасопвиќ Стојанче | Драгоево |
| 3. | Баиќ Ј. Петар | Таринци |
| 4. | Баиќ Б. Јован | Таринци |
| 5. | Башиќ И. Стеван | Таринци-Карбинци |
| 6. | Бодирога Благоја | Караорман |
| 7. | Божиќ С. Божо | Штип |
| 8. | Брќиќ Јово | Таринци |
| 9. | Бубоња Томо | Таринци |
| 10. | Булат Хектор | Таринци |
| 11. | Веговиќ Р. Михаијле | Долани |
| 12. | Величковиќ Д. Каранфилко | Драгоево |
| 13. | Велковиќ Ј. Стојан | Црвулево |
| 14. | Воиновиќ В. Воин | Карбинци |
| 15. | Воиновиќ Љ. Радован | Караорман |
| 16. | Вујовиќ Воислав | Караорман |
| 17. | Вуксановиќ М. Душан | Долани |
| 18. | Голубовиш С. Арса | Црвулево |
| 19. | Грнчаревиќ Г. Коста | Радање |
| 20. | Грковиќ М. Радоица | Штип |
| 21. | Грубишиќ Ѓуро | Таринци |
| 22. | Грубар П. Ѓуро | Таринци |
| 23. | Грубар Милан | Таринци |
| 24. | Грубар Перо | Таринци |
| 25. | Грубар Симо | Таринци |
| 26. | Грубар Тодор | Таринци |
| 27. | Дедиќ Марко | Штип |
| 28. | Димитриевиќ Димитар | Црвулево |
| 29. | Димовиќ Д. Џорџе | Долани |
| 30. | Доневиќ Д. Мита | Таринци |
| 31. | Дроњак В. Милан | Таринци |
| 32. | Ѓошиќ Љ. Бошко | Селце |
| 33. | Џуканопвиќ Р. Милош | Долани |
| 34. | Џукановиќ И. Мича | Долани |
| 35. | Џуканопвиќ Р. Томаш | Долани |

| | | |
|---|---|---|
| 36. | Џурица М. Паја | Таринци |
| 37. | Џурковиќ Јован | Драгоево |
| 38. | Јуковиќ Миша | Радање |
| 39. | Јованевиќ Ангел | Црвулево |
| 40. | Јовиќ Т. Панта | Таринци |
| 41. | Калеишиќ Бојо | Долани |
| 42. | Костиќ Штерија | Балталија |
| 43. | Крнета Светозар | Таринци |
| 44. | Круљ С. Владо | Караорман |
| 45. | Круљ Т. Јован | Караорман |
| 46. | Круљ Ч. Риста | Караорман |
| 47. | Круљ Ч. Стефан | Караорман |
| 48. | Лазаревиќ Дане | Аргулица |
| 49. | Лапчевиќ П. Трифун | Карбинци |
| 50. | Љубенковиќ Г. Ачин | Караорман |
| 51. | Луковиќ В. Никола | Карбинци |
| 52. | Максимовиќ Вукомир | Долани |
| 53. | Максимовиќ Велизар | Долани |
| 54. | Максимовиќ Раде | Таринци |
| 55. | Маневиќ Тимо | Долани |
| 56. | Манојловиќ Р. Милован | Карбинци |
| 57. | Манчиќ П. Стојан | Лесковица |
| 58. | Маринковиќ А. Јефта | Драгоево |
| 59. | Мариќ Д. Филип | Таринци |
| 60. | Маровиќ П. Никола | Долани |
| 61. | Маровиќ С. Душан | Долани |
| 62. | Милосавлевиќ Милојко | Таринци |
| 63. | Митевиќ Т. Марко | Карбинци |
| 64. | Митошевиќ С. Видое | Таринци |
| 65. | Митошевиќ С. Давид | Таринци |
| 66. | Митошевиќ Ј. Лука | Таринци |
| 67. | Митошевиќ Ј. Никола | Таринци |
| 68. | Митровиќ Ф. Мане | Долани |
| 69. | Митровиќ Рила | Долани |
| 70. | Мишиќ Јеврем | Селце |
| 71. | Митиќ Т. Крста | Долани |
| 72. | Митровиќ Ч. Никола | Црвулево |
| 73. | Михаиловиќ Риста | Селце |
| 74. | Мусолиновиќ Г. Драган | Долани |
| 75. | Неделковиќ Величко | Карбинци |
| 76. | Неделковиќ Славко | Радање |

77. Николовиќ Димитрие — Радање
78. Ненчевиќ Сретен — Карбинци
79. Николиќ Милутин — Таринци
80. Николиќ Спасое — Радање
81. Новковиќ Миле — Таринци
82. Павловиќ С. Џорџе — Лесковица
83. Павловиќ С. Марко — Лесковица
84. Пантовиќ Мирко — Долани
85. Перишиќ Лука — Караорман
86. Петковиќ Герасим — Драгоево
87. Петровиќ П. Ване — Долани
88. Петровиќ П. Јован — Долани
89. Поповиќ Џорџе — Долани
90. Поповиќ Г. Станко — Таринци
91. Радуловиќ К. Раде — Долани
92. Радуловиќ Сима — Долани
93. Татоловиќ П. Никола — Долани
94. Татоловиќ Л. Миле — Долани
95. Татоловиќ Петар — Долани
96. Трниниќ С. Раде — Таринци
97. Трниниќ В. Трифун — Таринци
98. Филиповиќ С. Милан — Драгоево
99. Филиповиќ Ф. Петар — Долани
100. Цветковиќ Спасое — Долани

Покрај на приватните лица, во штипскиот регион, државата доделувала земја и на државни институции, како на: училишта, црква, војска и на жандармеријата.

| **Основни училишта** | | **Цркви и манастири** | | **Војска** | | **Жандармерија** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број | Хектари | број | хектари | Број | хектари | број | хектари |
| 13 | 15,00 | 5 | 29,00 | 1 | 150,00 | 11 | 10,50 |
| 11 | 10,00 | - | - | 2 | 25,00 | 4 | 4.00 |
| 4 | 4,00 | 6 | 37,00 | - | - | 12 | 13,00 |
| - | - | - | - | - | - | 1 | 0,20 |
| 1 | 2,00 | - | - | 1 | 1,00 | 6 | 6,00 |
| **29** | **31,00** | **11** | **66,00** | **4** | **176,00** | **34** | **33,70** |

Кога на крајот ќе се анализираат резултатите од спроведената колонизација, која започнала со самото српско управување во овој дел од Македонија, ќе се констатира правата вистина за целите на овој крупен настан, политички и економски, односно дека со неа големосрпскиот режим ќе успее да го измени националниот состав на населението од овој крај, со што ќе создаде база приврзана кон режимот. Со други зборови речено, крајна цел на спроведената колонизација требало да значи: денационализација, асимилација и посрбување на македонскиот народ.

Иако, притисокот што го вршела српската власт преку најразлични форми, од демагошки до жандармски, македонското население да го направи српско, сепак не ги постигнал очекуваните резултати.

Од друга страна и покрај сè ова, може да се зборува и за некои позитивни аспекти од колонизацијата на Македонија. Пред сè треба да се каже, колонистите во Македонија доаѓале од некои места со многу повисок степен на културно и економско живеење. Граделе модерни куќи на живеење, имале поинаков начин на обработка на земјата со воведување на нови технички машини, наѓубрување, употреба на вештачки ѓубрива што овозможиле далеку поголем род на овошните и другите земјоделски култури. Подобрување на сточниот фонд со нови сорти крави и коњи. Подобрување на здравствените и хигиенските услови на живеење. Нивното влијание се чувствувало дури и во кулинарските вештини. И не е чудно што тоа е така, зашто меѓу колонистите имало интелектуалци.

# ГЛАВА ШЕСТА

# ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИОТ ЖИВОТ ВО ШТИП И ШТИПСКО 1918-1941 ГОДИНА

## I. ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКАТА ПОЛОЖБА ВО ПЕРИОДОТ НА ДРЖАВНИОТ ПРОВИЗОРИУМ ВО КРАЛСТВОТО НА СРБИ, ХРВАТИ И СЛОВЕНЦИ 1918-1921 ГОДИНА

### *1. ВРАЌАЊЕТО НА СРПСКИТЕ ОКУПАТОРСКИ ВЛАСТИ И ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНО-УПРАВНИОТ АПАРАТ ВО ШТИП И ШТИПСКО*

Есента 1918 година бил ставен крај на Првата светска војна, една од најстрашните и најкрвави војни во развитокот на човечкото општество. Таа направила големи материјални штети и однела голем број на човечки жртви. Првите денови по војната, за животот во штипскиот регион и Македонија воопшто, биле многу тешки и обременети со старите и со нови проблеми.

На 26 Септември во Штип влегле сојузничките војски, заедно со српските единици. Војската на сојузниците останала и се задржала се до крајот на 1919 година. Особено интересен настан за Штипјани биле црнците во состав на сојузничките војски. Тие и другите војски внеле нови возбудувања и страв во животот на Штипјани. А имало и зошто. По сеќавањата на најстарите Штипјани, автентични сведоци на овие настани, имало дури и морбидни ситуации. Таков бил случајот за една млада доилка која по силувањето од двајца црнци набргу починала. Вакви, или слични

случаи не биле осамени. Од друга страна љубопитноста на Штипјани била голема, бидејќи за прв пат гледале црнци.

На 1 Декември 1918 година и официјално било прокламирано обединувањето на Србите, Хрватите и Словенците. Создавањето на новата држава било дочекано со недоверба, не само во овој регион, туку и во цела Македонија. Сето ова не е случајно туку носи и длабоки историски постулати. Овој скептицизам навистина имал и реална основа. Тоа најпрвин се манифестира во непризнавањето на Македонија и индивидуалитетот на македонскиот народ. Понатаму била Македонија прикажувана како стара татковина и колевка на српството, што ќе стане основа на сите настојувања на големосрпскиот хегемонистички режим во докажувањето на српското потекло на Македонците. Ова за положбата на македонскиот народ во државата на Кралството останала непроменлива политика на режимот сè до 1941 година.

Преземајќи ја власта во свои раце, буржоазијата во територијата на Македонија го прифатила и спровела стариот српски државен апарат. Исто така „додека на територијата на потесна Србија вовела едни закони, на територијата на Македонија вовела специјални уредби".[65]

Српската војска што повторно ја окупирала Вардарска Македонија, ја ставила нејзината територија под команда на Третата армиска област со седиште во Скопје. Армиската област била поделена на три дивизиски области и тоа: Вардарска, со седиште во Скопје; Битолска, со седиште во Битола и Брегалничка дивизиска област, со седиште во Штип.

Во административно-територијален поглед, Вардарска Македонија била поделена на окрузи, околии и општини. Територијата на Вардарска Македонија била поделена на три области и тоа: Скопска, Битолска и Брегалничка. Штипскиот регион бил вклучен во Брегалничката област, која во однос на другите две области била со најмала површина, од 4.965 $km^2$. На сите три области бил поставуван жупан. Оваа административна поделба траела сè до 1929 година кога на 6 Јануари е воведена шестојануарската диктатура и кога новата Влада на Петар Живковиќ го

---

[65] Јулија Врчинац, „Краљевина СХС до Видовденском процесу", Београд, 1956 година, стр. 55

сменува името од СХС во Кралство Југославија. Со новата административна поделба целата држава била поделена на девет бановини. Македонија влегла во состав на Вардарска бановина.

Штипскиот регион бил поделен на две околии: Овчеполска и Штипска. Овчеполската околија ги опфаќала следниве општини: Штипската, Горнобалванската, Горобинска, Црнилишка, Мечкуевска, Немањичка, Светиниколска, Троолска, Барбаревска, Павлишенска и Џумајлиска. Во Штипската околија влегувале општините: Брегалничка, Лесковичка, Карбинска, Љуботенска, Никоманска и Почивалска.

Брегалничката област со своите 109.416 била најмала по број на жители. Административен, политички, економски и културно-просветен центар во Брегалничката област бил градот Штип.

Со донесената специјална уредба биле укинати најелементарните права на македонскиот човек. Со неа на најбрутален начин се газела честа и достоинството на македонскиот народ. Меѓу населението во штипскиот регион било создадено чувството на несигурност и страв. Граѓаните на новата власт гледале како на туѓинци и експлоататори дојдени наспроти нивната желба. Спрема зборовите на проф. д-р Александар Апостолов: „За скоро година време, колку што се применуваше оваа Уредба во Македонија државните чети и полициските власти, било доволно да се отуѓи македонскиот народ и да го замрази ненародниот режим.”[66]

Покрај самоволието на жандармеријата која дејствувала речиси независно од управната власт, животот на граѓаните во штипскиот регион бил загрозен и од терористичките чети на велешкиот учител Јован Стојковиќ – Војвода Бабунски. Тој вршел незапамтив терор во овие краеви на населението. Неговите четници го тепале редум населението и вршеле поединечни убиства во Штипско и Тиквешко. За своите недела зборува и самиот учител Јован Стојковиќ кој на прашањето што мисли да го смири револтот на народот од Тиквешко одговорил дека: „Треба да убие во Тиквешијата повеќе луѓе како што сторил во Штип.”[67]

---

[66] д-р Александар Апостолов, „Злетовска област”, Скопје, 1974 година, стр. 496

[67] АВИИ, Кутија 56, ф. 2

Јован Бабунски не само што го тероризирал населението во Брегалничката област, туку и му служел на командантот на третата армиска област како најдоверливо лице на теренот и го известувал за сите дејства и однесувања на воените власти во Источна Македонија. Покрај терористичките акции и пљачкосувања, од четите не помалку населението страдало и било ограбувано и од војската. За тоа колку биле несигурни граѓаните и селаните во првиот период на новоформираната власт, зборува и писмото на командантот на Третата армиска област, во кое се кажува: „Во Штипската и Овчеполската околија на патот Штип-Велес се случуваат многу непријатни настани на нашата работа и нашата управа. Повеќе од два месеца постојано се ограбувани трговци и патници од страна на војската на 23 Полк, а во градот Штип има забележано случаи на кршење и ограбување на дуќани. Од овие грабежи и пљачки, во селата од овој регион, завладел страв и паника. Селаните не смееле да одат на пазар, ниту пак да купуваат и продаваат производи. Во Штип на пазарот близу до касарната биле ограбени само за една вечер од разни лица, близу 2.000 динари."[68]

Под притисок на јавното мислење, како и многубројните поплаки кои биле предмет на дискусии и во Народното собрание во Белград, четата на Бабунски набргу била расформирана и укината на крајот на 1919 година. Во Штип како центар на Брегалничката област, државно-управниот апарат бил многу поброен. За повисоки административно-управни функции биле назначувани луѓе проверени и одани, верни на власта, дојдени од други места на Кралството, додека луѓето од Штипската околија ги вршеле најниските административни работи: пониски службеници, курири, чувари, чистачи, падари и полицајци. „Исклучок е правен само на лицата кои пројавиле активност во ‚Здружението против бугарските бандити', како и за тајните агенти, соработници на полицијата чии имиња не се среќаваат во архивите, документите, тие се именуваат само како наш човек, поверливо лице и слично."[69]

---

[68] Командант на Третата армиска област, К XXXV/1 од 19.05.1919 година, Фонд на Македонскиот национален институт - Скопје

[69] Димитар Галев, „Белиот терор во Југоисточна Македонија 1910-1941 година", книга II, Штип, 1991 година, стр. 101-102

Штип бил седиште на Брегалничката област, а за прв Велики жупан бил поставен Добрица Матковиќ. Исто така постоело Началство на Брегалничката област на чело со началник. Началството било сместено во зградата во близината на денешното основно училиште Ванчо Прке. Основна задача на Началството била да ја следи безбедносната состојба на регионот и да испраќа извештаи до Министерството за внатрешни работи – одделение за јавна безбедност, Скопје. Извештаите биле испраќани еднаш месечно и во нив се известувало за политичките состојби, социјално-економските прилики, здравствените, просветните и др.

Друг орган на власта во Брегалничката област бил и Првостепениот суд. Исто така постоел и жандармериски баталјон со поширoки компентенции. За време на командата на баталјонскиот потполковник Страњаковиќ, дури бил формиран и таен суд во кој покрај него влегувале уште и Великиот жупан и претседателот на општината Михаијло Каламатиевиќ. „Тие тројца избирале лица кои биле непогодни на режимот и нарачувале на третото лице на таа комисија, потполковникот Страњаковиќ, да организира убиство."[70]

Во градот постоеле и неколку жандармерски станици. Градската општина ја сочинувале повеќе административни одделенија. На чело на општината стоел претседател и одборници. Градската општина ја сочинувале претседателот и одборниците и други административни одделенија. За прв претседател на општината бил назначен Филип Митровиќ, а потоа следуваат Караџов, Каламатиевиќ, Петре Ников, Трајчо Аџи Пецов и Сеизов. Најприврзан на власта и највлијателен во животот на граѓаните во Штип бил Михаијло Каламатиевиќ.

Општината се грижела за развојот и унапредувањето на градот и регионот. Така, на пример, при општината постоел градежен одбор, составен од претседател, секретар и два члена. Од архивскиот материјал може да се констатира дека градежниот одбор имал задача на своите седници да дава мислење во врска со изградбата на објектите, доградба, рушење, или поправки на приватни или државни објекти. Иницијативите на

[70] М. Апостолски, „Големобугарските претензии од Сан Стефан до денес", Белград, 1978 година, стр. 74

градежниот одбор со одлуките на одборниците давале и конкретни резултати. Така на пример бил изграден кејот на реката Отиња, со што бил регулиран и дотекот на водите. На повисоките места, Исарот, Кумлакот и Бело Брдо биле посадени повеќе садници. Во 1930 година бил изграден мостот на реката Отиња, а во 1931 година – доградба на кланицата. Министерството за војска подигнало две големи згради за потребите на офицерскиот кадар. Едната била изградена во центарот на градот, а другата во кругот на касарната „Крал Петар". Во 1934 година бил изграден и општинскиот затвор. Во овој период биле изградени и две спомен-капели и споменик на убиениот генерал Ковачевиќ.

Едната капела била посветена на борците паднати на Брегалничката битка на местото Каленица, височинка на крстопатот Велес-Кочани, каде што денес се наоѓа метеролошката станица на Штип, а другата посветена на паднатите борци од 1915 до 1918 година изградена на војничките гробишта во близината на Штип. Капелата е изградена во облик на крст во византиски стил и симболично предадена на 1 Декември 1931 година. Во контекст на ова треба да се одбележи дека на 28 Октомври 1926 година при враќањето од Кочани Кралот и Кралицата и Кнезот Арсен ја посетиле спомен-капелата на Каленица.



*Капела посветена на борците паднати на Брегалничката битка (фототека „Народна техника" – Штип)*

Во 1930 година бил извршен попис на Кралството Југославија. Според податоците објавени во „Политика", Штип имал 12.389 жители од кои 6.405 мажи, 5.984 жени. Политика исто така ја дава и националната структура на граѓаните во Штип и констатира дека во градот живееле Македонци – 9.438 (назначени како Срби), Турци – 2.114, Евреи – 7.013 и останати 124.[71]

Кога се зборува за административната управа во Штип треба да се одбележи дека се водела книга за персоналот вработен во општината, означена како Книга за персоналот вработен во општина Штипска во периодот 1919-1940 година. Всушност, книгата претставува регистар на вработени на градот од сите видови структури: чиновници, чувари, курири, лекари, медицински персонал. Вкупно имало вработени 583 лица. Оваа книга содржи податоци за структурата на вработените во Штип сè до 1940 година.[72]

## 2. *АКТИВНОСТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ПАРТИИ И НА КПЈ И НИВНОТО УЧЕСТВО НА ИЗБОРИТЕ ОД 1920 ГОДИНА*

На 1 Декември 1918 година била создадена заедничката држава на Србите, Хрватите и Словенците. Новоформираната држава не ги остварила очекувањата на народите кои живееле во Југословенската држава, а посебно на македонскиот народ, кој не бил признат како посебна нација. Во формираната влада биле застапени претставници од најјаките буржуаски партии. Буржоазијата која настојувала да ја зајакне својата власт ја прифатила идејата за национално единство исклучиво на Србите, Хрватите и Словенците, додека македонскиот и црногорскиот народ воопшто не се спомнувале и нивното национално прашање останало нерешено до крајот на версајска Југославија. Со цел да ја осигура власта, кралот и српската буржоазија наметнале централистичко, унитаристичко уредување. Поли-

---

71 „Политика", Штип има 12.389 жители, Белград, 1930 година, бр. 7889, стр. 7

72 Фонд општина Штипска, околија Штипска, Архив на град Штип, Сигнатура 10, 311, 011/1-20

тичкиот живот во Кралството го карактеризирал неговиот многупартиски систем. Од друга страна постојаните партии меѓусебно се разликувале по своите програмски ориентации. Во Привременото народно претставништво во Кралството на СХС, Македонија ја претставувале претставници од Радикалната партија. Во Македонија за целиот период од постоењето на Кралството Југославија биле застапени и имале активно влијание во политичкиот живот следните партии (странки): радикалната, демократската, републиканската и организацијата на Муслиманите во Југославија „Џемиет".

Покрај овие буржоаски политички партии, значајна улога во политичкиот живот во овој период имала и комунистичката партија на Југославија.

Радикалната партија од периодот на 1918 до 1929 година била постојано на власт самостојно или во коалиција со некои други партии. Синоним на оваа партија, всушност бил нејзиниот долгогодишен претседател Никола Пашиќ[73]. За време на целото свое постоење Радикалната партија во своите програмски начела секогаш се залагала за големосрпските хегемонистички позиции, а во периодот меѓу двете светски војни решително стоела на централистичко уредување, и ќе биде жесток противник на работничкото и комунистичкото движење во Кралството. За радикалите нивните противници во Кралството на СХС често зборувале дека целиот нивен програм се исцрпува во едно начело „власт заради власт"[74]. Радикалната партија во Македонија се задржала сè до шестојануарската диктатура.

---

[73] Никола Пашиќ (1845 – 1926) Бил политичар и државник. Се родил во Зајачар во трговска фамилија. Неговата фамилија потекнува од Македонија и тоа од околијата на Тетово. Никола Пашиќ се школувал во Швајцарија и станал инжинер. Тој е учесник во сите политички настани пред, за време и по Првата светска војна. Потписник е на Крфската декларација. Бил народен пратеник и претседател во Народната скупштина во Кралството на Србија. Во 1919 година бил шеф на делегацијата на Кралството на СХС на Мировната конференција во Париз. Како претседател на Владата во Кралството на СХС, од Јануари 1921 до Април 1926 година, ја спроведувал големосрпската политика и централистичкото уредување и бил жесток противник на работничкото и комунистичкото движење во Кралството. По избивањето на скандалот за корупција на синот на Никола Пашиќ кралот ќе го отпушти од функцијата претседател на Владата, за да му биде предадена на радикалот Никола Узуновиќ.

[74] Ferdo Čulinović, "Jugoslavija između dva rata", Zagreb, 1961 година, стр. 282

Југословенската демократска странка била формирана во Мај 1919 година. Во своите редови оваа партија главно ги опфаќала ситните трговци и трговскиот капитал, а во политички поглед се определила за централизам на чело со мохархија. Во национално-политички поглед таа го истакнувала југословенскиот унитаризам. На конгресот во Белград, 1921 годниа, за нејзин водач бил избран Љуба Давидовиќ. Влијанието на оваа партија се чувствувало особено во Вардарскиот дел на Македонија. Впрочем за време на шестојануарската диктатура нејзините активности сосема згаснале.

Републиканската партија била формирана во Јануари 1920 година. Нејзин идеолог и водач бил Јаша Продановиќ. Во своите програмски начела голем акцент давала за републиканскиот облик на управување во државата. Потенцирајќи го својот став за една југословенска опција, оваа партија и го добила името Републиканска. На парламентарните избори не покажала забележливи резултати. Ова особено е видливо во Македонија, затоа што водечката радикална партија уште во самиот почеток ја кочела нејзината активност. Југословенската републиканска странка била распуштена 1929 година за да по 6 години биде повторно обновена, а во 1941 престанала целосно да постои.

„Џемиетот" како политичка организација постоела уште пред Балканските војни, за време на турското ропство. Членовите на „Џемиетот" биле исклучиво муслимани. Водачи на оваа организација биле, обично, аги, бегови и верски водачи. Оваа организација, речиси, секогаш била во најтесна врска со владеачката, Радикална партија и своите гласови на изборите исклучиво ги давала за неа. Во 1925 година, Радикалната партија ја укинува оваа организација.

Комунистичката партија на Југославија била формирана на Конгресот одржан во Белград од 20 до 23 Април 1919 година, со учество на 432 претставници од Социјал-демократските партии и социјалистичките групи од целата земја, освен Словенија. На Конгресот го добила името Социјалистичка работничка партија на Југославија (комунисти). На Вториот конгрес во Вуковар одржан од 20 до 25 Јуни 1920 година го добила името КПЈ. Оваа партија масовно била прифатена од народот, бидејќи во својата програмска ориентација најмногу ги одразувала народните

интереси. Од тие причини и не е чудно што КПЈ со симпатии ќе биде прифатена и од работничкиот и сиромашниот слој и во Македонија.

Реакционерната и хегемонистичка српска буржоазија под самиот почеток била решена да се пресмета со револуционерното работничко движење. Перспективите што ги отвараше работничкото движење на македонскиот народ му овозможи нови услови да го сврти својот поглед кон комунистичката партија и да ја поврзе својата борба со револуционерните сили на југословенскиот народ. Македонскиот народ гледаше во КПЈ единствена политичка сила која можеше на рамноправна основа да ја поврзе неговата борба со борбата на останатите поробени народи во Југославија.

Меѓу најраните партиски организации во Македонија биле формирани во 1919 година во Скопје, Велес, Битола и Штип.

Основачкото собрание на КПЈ во Штип било одржано на 7 Септември 1919 година и првата организација броела околу 20 члена за овие политички мигови и за формирањето на КПЈ во Штип, Ристо Кадифков во својот осврт „Синдикалното движење во Штип меѓу двете Светски војни, 1919-1941 година" пишува: „Во вриежите на 7 Септември 1919 година се одржува основачкото собрание на СРПЈ. Собранието е одржано во кафеаната на Ване Филипов. Во почетокот оваа организација во градот броела дваесетина члена мѓу кои:

1. Коле Ќуљумов;
2. Димитар Палашев;
3. Тодор Попандонов;
4. Методи Јанев;
5. Милан Аксиев;
6. Тодор Панајотов;
7. Тодор Чемков;
8. Васил Хаџипецов;
9. Митко Филипов – Пупунчето; и
10. Милан Миладиновски.

За претседател бил избран Милан Миладиновски, а за секретар Митко Филипов – Пупунчето."[75]

Формирањето на првата партиска организација во Штип предизвика интензивен политички живот. Очигледни беа симпатиите на народот кон оваа политичка организација поради што власта започна систематски и организирано, понекогаш дури и брутално, да ја загушува нејзината активност. Како последица на ова било забрането растурањето на „Социјалистичка зора", гласило на КПЈ, а во 1920 година била укината и партиската организација. Впрочем набргу потоа на 30 Јуни 1920 година во Штип повторно била обновена. Автентично видување за овие настани во своите сеќавања дал Димче Зографски. Тој запишал: „На 30 Јули 1920 година во Штип се одржало повторно Основачко собрание на кое се избра нов управен одбор во состав: Марија Јаковлевиќ, акушерка – претседател, Илија Данев, чевларски работник – секретар, Васил Гранков – благајник и членови: Димко Кљонков, месарски работник, Петар Игњатовски, Гаврило Китиќ и Витомир Раиќ."[76]

Токму во овој временски период се совпаѓа и активноста на Владата на Миленко Весниќ за организирање на општинските избори и изборите за Уставотворното собрание на Кралството на СХС. Поради краткоста на времето и репресиите на општинската власт, партиската организација во Штип и покрај тоа што имала своја кандидатска листа, не учествувала во општинските избори од 22 Август 1920 година. Но, затоа пак, народото буквално ги бојкотирал изборите и од 2.327 гласачи, на изборите се појавиле само 832.

Уште покарактеристичен е односот на народот и граѓаните во Штип и штипско кон изборите за Уставотворното собрание на Кралството на СХС одржани на 28 Ноември 1920 година во кои народот јасно и гласно се произнесе за кандидатите на КПЈ, затоа што само таа во тој момент најмногу ги одразуваше нивните животни и историски интереси. Интересно е што покрај теророт и бескрупулозните форми на режимот и носителите

[75] Ристо Кадифков, „Синдикалното движење во Штип меѓу двете Светски војни, 1919-1941 година", Архив на град Штип

[76] Димче Зографски, „Сеќавања за дејноста на КПЈ, 1919-1928 година", Архив на град Штип

на власта да ги оневозможат подготовките за агитацијата на КПЈ за своите кандидати, во оваа антикомунистичка кампања учествувале и претставници на автономистичката ВМРО на Тодор Александров во прилог на републиканците, а пред самите избори Тодор Александров на своите гласачи им сугерирал да гласаат за КПЈ. Нема дилеми дека ова и придонело КПЈ да победи на овие избори.

Во Брегалничкиот изборен округ биле истакнати четири кандидатски листи и тоа на: Комунистиката, Демократската, Републиканската партија и „Џемиетот". Според сеќавањето на Димче Зографски „Во штипскиот округ, според изборниот закон, требаше да се изберат тројца пратеници за Уставотворното собрание, и на секоја кандидатска листа требаше да има најмалку еден квалификуван кандидат (правник). Окружната конференција за утврдување за штипскиот округ, КП одржа во Штип и се утврди следнава кандидатска листа: носител на кандидатската листа – Душан Цекиќ од Скопје, Тихомир Јефтиќ – професор од Велес и Воислав Стојановиќ – Судија од Присштина, како квалификуван кандидат."[77]

Кандидатската листа на Демократската партија ја сочинувале:

1. Јордан Пуздерлиевиќ – трговец од Штип;
2. Јордан Бабамовиќ – учител од Белград;
3. д-р Божидар Марковиќ – професор на Универзитетот во Белград и
4. Миливое Радоевиќ – судија од Велес.

Републиканската листа ја сочинувале:

1. Ристо Трајковиќ – трговец од Кавадарци;
2. Стојмен Трајковиќ – земјоделец од Шипковица;
3. Милош К. Недиќ – адвокат од Штип и
4. д-р Михајло Илиќ – новинар од Белград.

За кандидати на „Џемиетот" биле истакнати:

1. Ристо Илиќ – земјоделец од Драмче;
2. Али Шефиќ Муртеза – економ од Штип;
3. Ратко Трифуновиќ – окружен началник од Скопје и

---

[77] Тодор Зографски и Димче Зографски, „КПЈ и ВМРО (об) во Вардарска Македонија во периодот 1920-1930 година", Скопје, 1974 година, стр. 44

4. Ѓура Ѓукиќ – адвокат од Штип.

Со цел да обезбеди победа на овие избори во предизборните активности, а особено за време на изборите, носителите на власта не бирале средства и начини да ги елиминираат своите противници. За ова „Социјалистичка зора” пишува: „Во Брегалничкиот пашалак полициските и воените власти на сите можни начини денеска ја пречат не само изборната агитација, туку и нормалната работа на организациите, на пример во Штип, теророт на полицијата е таков што кафеџиите поради страв од репресалии не и даваат никаде локал на нашата организација, ниту за постојан стан, ниту за собранија, а во Кочани на нашите другари воопшто и се забранува дури и право на здружување, а за агитација не станува збор.”[78]

Од многуте фарси за време на изборите би ги издвоиле само во селата Горни Балван и во Брес, каде што и во едното и во другото село изборите биле поништени. Сето ова се случило поради големата победа на комунистичката партија во овие места. Во Брегалничкиот округ од 15.077 лица, колку што излегле на гласачките места, за КПЈ гласале 5.138, за Републиканската партија 3.137, а за Демократската партија само 1.662 гласачи. Резултатите од изборите само го потврдиле големото политичко влијание на КПЈ меѓу македонскиот народ. Буржоазијата и власта тешко го примиле овој пораз и под изговор дека комунизмот во Штип и во цела Македонија е форма во која се крие „бугаризмот” завеле невиден терор удирајќи по човечкото достоинство и чест. Прикажани табеларно резултатите од изборите за Уставотворното собрание во Брегалничкиот округ изгледаат вака.

Околија Овчеполска – Штип

| Рд. Бр. | Општина | Изби-рачи | Гласа-чи | Демократ-ска листа | КПЈ | „Џемиет” | Републикан-ска листа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Гр. Штип I | 1.129 | 680 | 55 | 458 | 156 | 11 |
| 2. | Гр. Штип II | 1.203 | 675 | 49 | 496 | 119 | 11 |
| 3. | Горни Балван | 258 | 25 | 1 | 12 | 11 | 1 |
| 4. | Горубинска | 305 | 254 | 1 | 103 | 146 | 4 |
| 5. | М. Црнилишка | 377 | 316 | 1 | 155 | 151 | 9 |
| 6. | Мечкуевска | 326 | 273 | 6 | 256 | 5 | 6 |

[78] „Социјалистичка зора”, Изборен терор, 21.10.1920 година, број 102

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Немањичка | 366 | 309 | 1 | 303 | 3 | 2 |
| 8. | Светиниколска | 540 | 403 | 1 | 256 | 120 | 17 |
| 9. | Троолска | 340 | 274 | - | 106 | 1 | 167 |
| 10. | Барбареевска | 439 | 260 | 8 | 230 | 14 | 8 |
| 11. | Павлешенска | 260 | 185 | 2 | 166 | 15 | 4 |
| 12. | Џумајлиска | 900 | 721 | 2 | 10 | 700 | 9 |
| **Вкупно:** | | **6.443** | **4.377** | **127** | **2.560** | **1.441** | **294** |

Околија Штипска – Штип

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Брестјанска | 98 | 81 | 17 | 3 | 2 | 59 |
| 2. | Лесковичка | 208 | 190 | 4 | 167 | 12 | 7 |
| 3. | Карбинска | 279 | 220 | 3 | 58 | - | 3 |
| 4. | Љуботенска | 62 | 58 | 2 | 53 | - | 3 |
| 5. | Никоманска | 254 | 220 | 1 | 69 | 131 | 19 |
| 6. | Почивалска | 349 | 211 | 14 | 66 | 84 | 47 |
| **Вкупно:** | | **1.250** | **980** | **41** | **416** | **383** | **149** |

За народни пратеници биле избрани:

Воислав Г. Стојановиќ – судија од Приштина, на листата на КПЈ;

Душан Цекиќ – трговец од Скопје, на листата на КПЈ; и

Али Шефиќ Муртеза од Штип, на листата на „Џемиет".[79]

Веднаш по изборите буржоаската водечка радикална партија ја започнала жестоката борба со Комунистичката партија и другите прогресивни сили, а особено најсилно било евидентно на територијата на Македонија. Со цел да се спречи ширењето, јакнењето и омасовувањето на КПЈ и да се бори против револуционерното движење „касно во ноќта помеѓу 30 и 31 декември 1920 година жандармите и полициските агенти започнале да лепат по сите места во Југославија големи плакати со кои наутро го привлекувале вниманието на минувачите од крупните наслови **‚Обзнана'**. Тоа бил судбоносниот акт на управувачите на новата млада држава кои во очи на состанокот на штотуку избраните пратеници на Уставотворното собрание го ставиле целокупното работничко движење во државата, а со тоа и целата работничка класа надвор од законот."[80]

[79] Статистички преглед на изборот за народни пратеници за Уставотворното собрание на Кралството на СХС, одржан на 28 Ноември 1920 година, Белград, 1921 година

[80] Моша Пијаде, „Одбрани списоци", том I, книга III, Белград 1965 година, стр. 208

Обзнаната ќе ја забрани активноста на КПЈ. Веднаш набргу започнале масовни затворања, биле распуштени партиските и синдикалните организации, забранета била пропагандата и печатење на партиски весници, биле забранети сите манифестации и демонстрации. Последиците од Обзнаната најсудбоносно се почувствувале во Македонија. Со овој закон во Македонија била забранета активноста на единствената организација која ги бранеше интересите на народот и во која беа вклучени работници, занаетчии, трговци, средношколци и студенти.

Власта со донесената Обзнана ќе успее за краток временски период да ја разбие најреволуционерната општествена сила во земјата и својот најопасен противник КПЈ.

Белградските властодршци во првата половина на 1921 година ќе бидат ангажирани околу подготовките за донесување на Видовденскиот устав[81]. Со Видовденскиот устав династијата Караѓорѓеви уште повеќе ќе ја зајакнат власта, кралот станал главен носител на целокупната управна власт и главен заповедник на војската.

По донесувањето на Видовденскиот устав набргу бил донесен и Законот за заштита на државата, на 2 Август 1921 година. Со овој Закон уште повеќе се заостриле мерките донесени со одредбите на „Обзнаната" за уште позасилено и посурово прогонување на комунистите и сè она што е прогресивно. Секоја пропагандна активност и секој оној кој ќе биде против рушењето на државата по револуционерен и друг пат биле осудувани на 20 години робија и на смрт.

Во Македонија било засилено насилството против целокупното население. КПЈ ќе биде тргната од политичката сцена. На сите буржоаски партии ќе им биде отворен пат и обезбедени услови за нивно засилено политичко присуство во Македонија. При вакви многу сложени и

---

[81] Видовденскиот устав бил донесен на 28 Јуни 1921 година во Народното собрание во Белград. На гласањето биле присутни 223 пратеника, додека 126 биле отсутни и не гласале за Уставот. Со Уставот Кралството на СХС била централистичка-парламентарна монархија, во која кралот ја делел законодавната власт во Собранието и кој можел да ја распушти. По Уставот Собранието претставувало најголем орган на власта во земјата.

специфични услови не може да се развие еден активен политички живот во штипскиот регион.

# II. ОПШТЕСТВЕНО ПОЛИТИЧКИТЕ ПРИЛИКИ ВО ШТИП И ШТИПСКО ОД ИЗГЛАСУВАЊЕТО НА ВИДОВДЕНСКИОТ УСТАВ ДО ВОВЕДУВАЊЕ НА МОНАРХО-ДИКТАТУРАТА (1921-1929)

## 1. *ПРОПАГАНДНО-ВООРУЖЕНАТА ДЕЈНОСТ И АТЕНТАТИТЕ НА ВМРО (автономистичка)*

*„Периодот од крајот на 1918 до 1934 година го исполнуваа врховистичките комитски активности и против акциите на државната власт и нејзините чети што придонесе на границите меѓу Кралството на СХС и Бугарија да нема мир цели 15 години, а во Источна Македонија, како што вообичаено ја нарекуваат ‚Долина на солзите', да владее неподнослив бел терор од кој најмногу страдало македонското население."*

*Зоран Тодоровски*

И навистина констатацијата на Зоран Тодоровски претставува жива слика за положбата на македонскиот народ во Источна Македонија во овој период, а најмногу карактеристичен за жителите на Брегалничкиот регион.

Ова не е случајно, туку сосема реална слика бидејќи Брегалничкиот округ, поради мошне сложената општествено-економска и политичка ситуација детерминирани од насилствената денационализаторска политика на режимот на Кралството, од интензивната активност на бугарско-шовинистичката пропаганда и присуството и активностите на автономистичките чети на Тодор Александров. Автономистичката пропаганда на Тодор Александров и Александар Протогеров во овој регион нашла дури и своја поволна клима, затоа што српската власт сè уште била несредена и слабо подготвена да ја организира подготвеноста на границата спрема Бугарија.

ВМРО (автономисти) умееле ова вешто да го искористат и со пропагандистичките и пароли за автономна Македонија да го убедат населението дека тие се единствените продолжители на Гоцевата ВМРО и за слободна Македонија. Оваа пропагандна активност не останала и без одредени резултати. Дури и во уставот на ВМРО (автономисти) се кажува дека целта на организацијата била да ја обедини поделената Македонија врз нивната етничка и географска граница и да извојува полна политичка автономија. ВМРО се определиле за автономија надевајќи се дека големите сили ќе и гарантираат ваков статус.

Македонскиот народ многу очекувал од Версајскиот мировен договор. Сè уште постоеле надежи дека и на македонскиот народ ќе му се признае правото на самоопределување. „Во исто време повеќе македонски друштва и организации за да ги запознаат владите и делегациите на големите држави учесници на конференцијата со стремежи и барања Македонија да се конституира како посебна државно-политичка единица на Блаканот, чија самостојност би била гарантирана од една од големите сили или од Друштвото на народите. Една од тие организации била и обединетата бивша ВМРО на чело со раководното тело познато под името Привремено претставништво."[82]

Впрочем, Никола Пашиќ, водачот на југословенската делегација ги урнал сите надежи на секој Македонец и на македонската емиграција и на сите прогресивни сили, кога ќе каже дека македонскиот народ нема потреба да биде загрижен и да му се ветува некаква автономност, бидејќи со вклучувањето на овие делови од поделената Македонија ќе му бидат гарантирани сите граѓански и човечки права.

Бугарија, пак, незадовлна од повторното губење на Македонија ќе настојува перфидно да ја искористи оваа национална трагедија на македонскиот човек и започнала да ја помага материјално и морална новосоздадената ВМРО (автономисти), овозможувајќи и слободни активности на територијата на Бугарија, а посебно во Пиринска Македонија. Од многубројната македонска емиграција биле формирани чети популарно меѓу народот по-

[82] Даринка Петревска, „Општествено-политичката положба во Македонија од крајот на Првата светска војна до 1921 година", Историја, Скопје, 1992 година

знати како комити надевајќи се дека тие се продолжувачи на делото на некогашните познати борци против турскиот поробител. Речиси исклучиво тоа биле луѓе пребегнати од источниот дел на Македонија и од различно социјално потекло. Потпомогнати со оружје и материјални средства од Бугарскиот двор, воените кругови и реакционерната буржоазија, овие чети своите вооружени активности ќе ги насочат токму кон Вардарска Македонија, а посебно на Брегалничкиот округ. Центарот за подготовки на четите, на чело со се попопуларниот Тодор Александров се наоѓал во пиринскиот дел на Македонија сè со цел да можат да бидат поблизу до границите на окупираната од Србите Македонија. Од еден извештај, упатен до командантот на Третата армиска област во Скопје се кажува дека „на 15 Март 1919 година, Тодор Александров и Петар Чаулев заминале за Ќустендил, а потоа ја преминале границата и навлегле во кратовско-штипскиот крај со 25 стари четници, а меѓу нив и пет војводи. Тие носеле со себе голема количина на пари, со цел да поткупат влијателни луѓе за да можат слободно да вршат пропагандно-терористичка активност."[83]



*Штипскиот војвода Јован Јанев – „Брљо"*
*(Музеј на град Штип)*

Тодор Александров како водач и член на Централниот комитет на ВМРО ги повикал на соработка со организацијата познатите револуционери и со искуство борци: Стојан Мишев, Славе Иванов, Ефрем Чучков, Панчо Михајлов, Григор Циклев, Мише Соколарски и Ванчо Михајлов.

[83] АИНИ, Фонд ТАО, кXXXV/1, реден број 77

Формациски четите биле составени од по 20-30 борци на чело со војвода. Во Брегалничкиот округ биле одредени Јован Јанев – „Брљо", Панчо Михајлов и Стеван Панталејски.

Веќе во текот на Февруари 1919 година воените власти на Брегалничкиот и штипскиот регион го регистрирале и првото присуство на комитските чети во село Долани. За акциите во штипскиот регион била одредена четата на Јован Брљо, роден во Горни Балван – Штипско. Веќе во 1919 година сè почесто во овој регион е видно присуството на Јован Брљо. Тоа го потврдува и извештајот на еден српски повереник, упатен до Третата армиска област – Скопје во кое се пишува дека „од Ќустендил кон Македонија, на 27 Март во 10 часот Јован Брљо со 8 четници ја преминал границата кај Равна Нива и тргнал за Горни Балван."[84]

Забележливо присуство на Јован Брљо во Горни Балван и околината, Министерот на војската генерал Хаџиќ со телеграма му наредил на командантот на Третата армиска област да преземе најенерегични мерки за уништување на оваа чета, затоа што Јован Брљо се сметал за најопасен човек за српството во Брегалничкиот регион. Тодор Александров издал посебни директиви за дејноста на организацијата во штипско, кратовско-злетовската, кочанската, царевоселската и струмичката на веќе обновените организации во местата. Самиот Тодор Александров во пролетта 1920 година заминал во Источна Македонија задржувајќи се околу 2 месеци. Почетните акции на четите на Тодор Александров имале забележливи резултати на што укажува и едно писмо упатено на раководителите на револуционерните чети во штипско со кое се евидентираат овие успеси. Содржината на писмото, преведена од српски јазик ја препишуваме во целост:

*„Писмо бр. 2*

*Кога ќе се прочита во градот да*
*се предаде на околиската група*
*да го објави во околијата.*
*Бабантов*

---

[84] АИНИ, Фонд збирка ТАО, кXXXV/1, реден број 78

*До раководителите на револуционерните чети во штипската околија*

*Имајќи ги на ум забележливите резултати што ги постигнува организацијата, за правата на македонскиот роб, српската влада исплашена од овие успеси ќе настојува да ја спречи активноста на нашите чети. За таа цел Владата на Србија ќе испрати на различни места на теренот спрема Бугарија воени одделенија со задача да ги претресуваат селата и да го заплашуваат народот да се отргне од нивната приврзаност кон организацијата. Но овие мерки на сила на српската власт нема да успеат да ја спречат нашата активност, бидејќи во македонското население ,не може да се згасне она што ќе се згаснува'. Иако српската власт прави обиди да го посрби македонското население, Македонија ќе биде слободна. Централниот комитет на ВМРО располага со податоци дека српската војска и полициската потера кај што поминувале носеле терор и страв, поради што населението било принудено да соработува со власта и така да стане предавник на македонскиот народ. Од тие причини Комитетот предлага на раководителите на револуционерните групи во Штип да ги преземат следниве мерки за да се спречат овие штетни и непожелни последици и да отстрани стравот меѓу народот:*

*- Да се соберат селаните и да се запознаат со целите на српската власт. Да го подигнат моралниот дух на борците и со зборови и примери да всадат доверба во македонскиот народ за неговото скоро ослободување;*

*- ако меѓу населението има некој кој е под сомнение дека е склон на предавство да се опомене и доколку се потврди дека и понатаму продолжува, во тој случај во согласност со Законот на организацијата да се ликвидира;*

*- се препорачува на раководителите на револуционерните групи да бидат внимателни, да не наседнуваат на провокаци кои, би се штетно одразиле, а истовремено би биле и повод за прогони и затворања."*[85]

Дека навистина српските власти биле заплашени од присуството на овие чети зборува и податокот дека Министерството за внатрешни работи на Кралството на СХС распишало и потерница на водачот на ВМРО, Тодор Александров во која стои дека оној кој ќе го убие или ќе го фати, ќе добие 100.000 динари. Ова го потврдува и податокот дека и началникот на штипската околија ќе побара од командантот на Третата армиска област

---

[85] Фонд на Началството на Брегалничкиот округ, Музеј на град Штип

повторно да биде активирана веќе укинатата чета на Јован Бабунски. Спрема мислењето на началникот, една ваква чета повеќе би користела отколку една жандармериска чета.

И покрај сите преземени мерки на српската власт акциите на четите стануваат сè почести.

Во текот на 1921/21 година во штипскиот регион најбројни биле акциите на четата на Јован Брљо. Поради тоа потерните одделенија сè почесто биле во потрага по него. Во една таква потрага бил убиен на 26 Мај 1922 година жандармерискиот капетан Еуген Модерчина, заедно со неговите 5 жандарми. Тој ден „Еуген Модерчина наишол со своето потерно одделение во заседа на комитската чета на Јован Брљо и по кратка борба погинал тој и неговите жандарми. По извршеното убиство комитите ги опљачкале своите жртви до гола кожа и побегнале.”[86]

Не помалку интересен е и еден друг извештај пратен до Комесарот на Јужна Србија, инспекторот Будимировиќ во кој еден повереник, за жал Македонец, кој го известува началникот на околијата Овчеполска дека открил комитска чета во штипскиот регион. И овој извештај ќе го цитираме во целост:

*„До началството на околијата Брегалничка*
*Строго пов. 621*
*12 Јули 1922 година*
*Штип*

*До Комесарот на Јужна Србија, инспекторот г-дин Будимировиќ – Скопје*

*Денеска дојде повереник кој на 19 Јули открил комитска чета во околината на штипскиот регион и по тој повод ми го кажа следново: ,Познато е дека во минатото бев познат бугарски работник, и за таков денеска ме сметаат. Како добар познавач на работата на Комитетот тврдам дека бугарскиот Централен комитет никогаш не бил толку силен и со голем број на привrзаници каков што е денес. Сите оние кои за време на окупацијата правеле злодела и се истакнувале како бугарофили, стапуваат во редовите на Тодор*

[86] „Политика”, Убиство капетана Модерчина, Београд, 1926 година, број 6516, стр. 6

*Александров и Александар Протогеров. Тие се свесни ако српската власт ја оставаат на мира, за нив Македонија ќе биде загубена. Во цела Бугарија се пропагирало дека без Македонија нема живот и таа мора да биде бугарска. Србија сакала или не сакала мора да биде протерана од Македонија. Братот го повикува својот брат, роднината својот роднина, секој ден во Ќустендил, Петриќ, Џумаја, сѐ повеќе растел бројот на пребегани Македонци, кои по комитски начин полагаат заклетва примаат оружје и се распоредуваат долж границата со Македонија. Многу подобро би било на границата спрема Бугарија да бидат распоредени луѓе дојдени од Србија и да бидат засилени жандармерските станици. Руските жандарми треба да бидат отпуштени, и да бидат протерани и семејствата на пребеганите членови во Бугарија. За непослушните потребно е физичко измачување. Македонецот кој соработува со власта треба да биде награден. На мене дадовте 500 динари со што си го изложив животот на опасност. Сакам и понатаму да соработувам со вас, но за тоа треба повеќе да бидам награден.'*

*Јас му ветив дека за секој фатен или убиен комита ќе добие 2.000 динара."*[87]

Впрочем, комитите своите акции сѐ повеќе ги зачестиле. На 18 Август 1922, во 17 часот претседателот на Никоманската општина, Џемаил Јусеин и служителот на истата општина, Серафим Цветковиќ, враќајќи се од Штип за Никоман, кај местото Копан, на 5 km од Штип биле убиени.

Комитските чети имале и добро организирана мрежа на јатаци. Така на пример при еден претрес на воденицата на Ване Кочевиќ и неговата пријателка Анѓа Зипчевиќ во Штип на таванот од воденицата биле пронајдени голем број пушки, пиштоли и муниција. Покрај тоа полицијата открила летоци и писма со пропаганден карактер. За јataштвото Ване Коцевиќ и сите други како него, Бугарите добро ги наградувале.

Во текот на 1923 година автономистичките чети на Тодор Александров извршиле повеќе злосторства во штипскиот регион од кои најстрашно е она што го направиле над српските колонисти во село Кадрифаково.

За одбележување е дека колонистите станале зачестена мета на четите на Иван Брљо и Тодор Александров. Масакарот во село Кадрифаково са-

[87] Фонд збирка Брегалничка област, Завод Музеј – Штип

мо ја потврдува оваа констатација. Настанот се случил на 16 Јануари 1923 година кога комитската чета на Иван Брљо во оваа зимска приквечерина навлегла во селото и во првата куќа, во која домаќините само што се подготвувале за вечера, четата го започнала колежот на невините жртви: стари, млади, жени и деца. И така во секоја куќа, по ред оставајќи зад себе морбидни состојби. Во извештајот на началникот на Брегалничкиот округ, за овој настан што го изнесува Ѓорѓи Малковски во книгата „Свети Николе и светиниколско од 1912 до 1945 година” пишува: „На ден 16 Јануари 1923 година во 17:30 часот една разбојничка банда на бугарските комити во јачина од 30 луѓе опколила 5 населени куќи во село Кадрифаково. Разбојниците ги нападнале куќите, влегле во нив и ги убиле овие лица: Стојан Олуиќ, Лазар – син на Мило Олуиќ, Симо Олуиќ, Никола – син на Симо Олуиќ, Зорка – жена на Јован Олуиќ, Љубица – жена на Пано Олуиќ, Богдан – син на Пано Олуиќ, Никола Олуиќ и Стана – жена на Никола Олуиќ, ранети се Василија – вдовица на Никола Гугљата, Сретко – син на Василија, Воин – син на Милош Олуиќ, Цвета – ќерка на Симо Олуиќ, Смиља – жена на Аврам Олуиќ и Ружица – вдовица на Симо Десница.”[88]

Пред да заминат, комитите запалиле и неколку куќи, ја изгореле целата сточна храна и оставиле писмо, потпишано лично од Тодор Александров, во кое им се заканува на сите колонисти дека ќе ги снајде истата судбина ако не ја напуштат Македонија.

По крвавиот настан во село Кадрифаково, Министерството за внатрешни работи на Кралството СХС презело невидени одмазднички мерки. Најпрвин ја зголемило наградата за главата на Тодор Александров од 100.000 на 250.000 динари, понатаму, во Брегалничкиот округ биле испратени најдобрите полициски сили, а за голем жупан на Брегалничкиот округ на 20.01.1923 година бил назначен Добрица Матковиќ. За целта на своето доаѓање и овластувањата што ги имал ќе ги изнесе самиот Матковиќ пред претседателите и кметовите на Брегалничкиот округ со збороровите: „Моето доаѓање во штипскиот округ ќе биде означено со смрт и жестокости спрема оние кои се спротивставуваат на постоечкиот поредок во Македонија. Ако

---

[88] Ѓорѓи Малковски, „Свети Николе и светиниколско од 1912 до 1945 година”, Свети Николе, 1990 година, стр. 81

само некои се осмелат да тргнат по умот на тие од планините знајте дека милост нема да има. Ќе ве отепам и ќе ви ги одведам блиските надалеку."[89]

Заканите на Добрица Матковиќ многу бргу станале реалност. Веќе на 3 Март 1923 година, значи за неполни 3 месеци од грозомората во село Кадрифаково се случил масакарот во село Гарван. По наредба на Добрица Матковиќ под изговор дека Гарван било познато јатачко село и канал на комитите од Штип, Радовиш и Струмица, било опколено и во раните утрински часови започнало претресување на куќите. Селаните започнале да даваат отпор поради што казнениот одред на потполковникот Радиќ употребил артилериско оружје и со митролез убил 28 луѓе. Во овој одмаздничкиот чин погинале следните селани:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Тане Иванов | 50 | Пане Коцев | 28 |
| Петруш Иванов | 47 | Стојан Филипов | 25 |
| Димитар Иванов | 41 | Доне Василев | 29 |
| Петруш Атанасов | 21 | Моне Василен | 12 |
| Георги Милев | 22 | Иван Василев | 35 |
| Ефрем Трајанов | 30 | Мите Здравев | 19 |
| Стефко Трајанов | 39 | Диме Колев | 37 |
| Петруш Велјанов | 35 | Атанас Колев | 13 |
| Костадин Здравев | 18 | Богатинов Ѓорѓи | 23 |
| Христоманов Поцев | 57 | Петре Горгиев | 40 |
| Георги Денев | 31 | Јане Потев | 59 |
| Тасе Ефтимов | 52 | Ефтим Петрушев | 20 |
| Трајан Тасев | 23 | Васил Симеонов | 27 |
| Столе Коцев | 34 | Костадин Цветков | 31 |

[89] Зоран Тодоровски, „Нова Македонија", Тодор Александров во Брегалничкиот округ 1919-1924 година, 25 Март 1992, стр. 20

Автентично видување на овој настан дал еден очевидец, кој во едно писмо до неговите пријатели запишал: „Драги Гого, Спасо и Ангов. Еве ја целата историја за колежот во село Гарван. Кога српската потера навлезе во селото и нѐ собра сите селани, мажи, жени, старци и млади, да не известат за некои наредби, една група од млади жени ја одведоа на страна, а мажите ги врзаа и одведоа надвор од селото. Началникот на потерата ги запрашал селаните да кажат каде се нашите или во спротивно ќе бидат натепани како кучиња. Селаните одговориле дека не познаваат никакви комити и дека никогаш немале работа со нив. Началникот започнал да пцуе и им наредил на војниците да пукаат во врзаните селани. Војниците во почетокот не сакаа да пукаат во невините луѓе, потоа началникот нареди да постават три митралеза и со нив започнаа да стрелаат во селаните. Убиените биле оставени на полето 6 дена непогребани."[90]

Српските жандармериски власти сѐ почесто ги обиколувале селата во Брегалничкиот округ во потера по комитите на Тодор Александров. Како изгледале овие потери сликовито раскажува Андре Милосавлевиќ, новинар на белградска Политика, кој лично учествувал во претресот на населението во три села по горниот тек на реката Брегалница. Милосавлевиќ пишува: „Подготвени сме да тргнеме во ноќта со задача да се претресат три села во горниот дел на Брегалница. Се претпоставуваше токму таму се крие и Брљо со својата чета. Се мислеше дека во едно од овие села се наоѓа и неговата љубовница Мара. Експедицијата беше составена од војници и жандарми. Единствен цивил бев јас. Во едно од овие села живеат наши Личани. Тука се чува селска стража бедни луѓе. Преку целиот ден работат, а ноќе мораат да чуваат стража, за да не се повтори Кадрифаково."[91]

Во Септември 1923 година во Бугарија се случувале настани од судбоносно значење. Најкрупен од нив е убиството на Александар Стамболиски[92] и доаѓање на Цанков на чело на новата Влада со помош на

---

[90] „Македония под игото 1919-1929 година", „Документи и свидетелства", София, 1931 година, стр. 68

[91] Андре Милосавлевиќ, „Политика", Потера по Брљо, Београд, 1923 година, стр. 5

[92] Александар Стамболиски (1879-1923), бугарски политичар и државник. Во земјоделското движење во Бугарија преминал во 1898 година, а во 1908 година станал претседател на

Тодор Александров, еден од главните креатори на овие настани. За односот на ВМРО со политиката на Стамболиски зборува и написот даден во весникот Вардар под наслов „Последната опомена на Тодор Александров до Стамболиски" во кој пишува: „Ако наспроти нашите повеќекратни опмени за тоа повторно бидете дрски да испраќате во Македонија под бугарска власт разбојници, познати од бугарската јавност како федералисти и пред сите дискредитирани ограбувачи, сметам за своја должност последен пат да Ве опоменам дека сите последици за тоа безумие на царството за бугарскиот народ Ве земам за одговорни: Вас лично, Вашите другари, Министри и сите агилни учесници во тоа омрзнато и предавничко злосторство, Претседателите на здруженијата и останатите земјоделски првенци."[93]



*Тодор Александров*
*(Архив на град Штип)*

Овие промени на некој начин се реперкуирале и во Македонија, а посебно во дејствување на комитските чети, бидејќи сега раководството на ВМРО ја добило целата морална и материјална помош од новата Влада на Бугарија како благодарност за учеството на ВМРО во овие јунски и септемвриски настани. Впрочем, овие „благодети" немаат долг век и нема да се одразат многу во интензивирањето на комитските акции од поголеми раз-

---

Земјоделскиот сојуз кој ги собирал имотните селани. Од 1919 до Јуни 1923 година бил избран за претседател на бугарската Влада. Како претседател на Владата непријателски се однесувал спрема работничкото револуционерно движење и ВМРО. Ќе биде познат како човек кој извршил аграрни реформи. Во надворешната политика ќе го потпише Нишкиот договор. Со овој договор ќе ги сврте против себе крупната буржоазија, реакционерните воени кругови и ВМРО. На 9 Септември бил извршен државен удар и била распуштена Владата. Стамболиски бил затворен и убиен.

[93] „Вардар", Последната опомена на Тодор Александров до Стамболиски, Софија, 6 Октомври 1929 година

мери, бидејќи се случил настан кој многу ќе се одрази во дејствувањето на ВМРО во Брегалничкиот округ – убистовото на Тодор Александров[94] на 31 Август 1924 година.

По неговото убиство спласнуваат и активностите на комитските чети и нивното навлегување во Македонија и Брегалничкиот округ е сè понезабележливо. Наследниците на Тодор Александров, Александар Протогеров и Иван Михајлов од многу причини биле приморани да ја менуваат и тактиката на своето дејствување во овој регион. Во контекст на изменетите услови, слабеењето на авторитетот на ВМРО меѓусебните пресметки за превласт во организацијата помеѓу автономистите и федералистите, и менувањето на односот на бугарската власт према ВМРО поради надворешните притисоци и сè поорганизираната српска власт во овој регион, придонеле наследниците на Тодор Александров да поминат на нов начин на дејствување, односно, вооружените чети да се заменат со така наречени „тројки". Задача на овие, тројки, била вршење на поедини атентати и диверзии во Брегалничкиот округ и пошироко на целиот простор на источниот дел на Македонија. Ваквиот начин на дејствување бил регулиран и со Уставот на организацијата. Терористичката група имала свој началник, поставен од војводата во согласност со Околиската управа.

---

[94] Тодор Александров е роден на 4 Март 1881 година во штипско Ново Село од родители, татко – Александар Попорушов и мајка – Марија Хаџијанева од Штип. Основно образование и три класа прогимназијално училиште завршува во Штип, а потоа продолжува во скопското педагошко училиште. Потоа учителствувал во одделни градови во Македонија. Со политичка активност започнал да се занимава во 1898 година како член на ВМРО. Во 1905 година е избран за член на тесното раководство на Скопскиот револуционерен округ. Неговата стратешка определба била на сила да се одговори со сила, на убиство со убиство и на грабеж со грабеж. Од тие причини е и активен учесник во бомбашките атентати од 1910 и 1912 година. Учесник е во Балканските војни и Првата светска војна со своите чети ставајќи се во служба на Бугарската армија. Со создавањето на ВМРО (автономистичка) станува еден од нејзините лидери. Од 1921 до 1924 година ВМРО (автономистичка) на Тодор Александров со уфрлените чети во Вардарска Македонија е во постојана пресметка со српската полиција и војска. До крајот на својот живот останал верен на своите политички уверувања. По налог на Александар Протогеров и Дворот убиен е на планината Пирин, во близина на селото Лапово на 31 Август 1924 година, на пат за учество на Конгресот на Серскиот револуционерен округ.

Началникот сам ги избирал своите терористи, а најчесто тоа биле лица до крај испитани, смели и готови на самопожртвуваност. Терористите требало да извршуваат егзекуција врз видни политички личности, а за оние кои се откажувале следувале најостри казни.

Меѓу првите терористички акции бил и атентатот на Стојан Мишев во Штип. На 30 Декември 1924 година, со необична смелост, Кирил Глигоров – Келешот во сред Штип го убил војводата Стојан Мишев. Убиството се случило на самиот праг од неговата родна куќа, во близината на новоотворениот Савин хотел, во кој претходно војводата во друштво со своите соработници биле служени од убиецот кој работел како келнер во истиот хотел. Овој настан предизвикал вчудоневидување во градот, а посебно тоа што убиецот имал само 21 година и се сметал за повлечен и лојален граѓанин. Од друга страна јасно било и тоа дека убиството е дело на Македонскиот комитет, кој во лицето на стојан Мишев гледал опасен предавник и соработник на окупатурската српска власт. Впрочем, само два дена по убиството, предаден од селаните, во Костин Дол, бил фатен Кирил Глигоров и вратен во затворот во Штип. На судењето на атентаторот што се одржало на 17 Мај 1925 година во штипскиот суд, убиецот Кирил Глигоров – Келешот детално ќе ги изнесе сите мотиви за тоа кој стои зад ова убиство, и како овој млад човек бил приморан со закани дека ќе биде убиен во колку не го изврши овој злосторнички чин. Осуден на смрт, егзекуцијата е извршена на 30 Август 1925 година во касарната, погоден со 4 куршуми, од кои два во главата и два во градите. На околискиот лекар, доктор Чвориќ, не му останувало ништо друго освен да констатира сигурна смрт.

По повод овој атентат во Штип биле осудени и следните лица, Лазар Гацов – 20 години робија, Стојче Мишев – 15 години, Добре Кукушев – 20 години затвор, Мијалчо Глигоров – Дервишот – 20 години, Коце Николов Јуруков – 20 години, Јордан Синев – 10 години, Никола Селев – 10 години, Ката Брљова – 8 години, Трајчо Брљов – 2 години, Славка Брљова – 5 месеци, додека Петар Јуруков и Славка Кукушова умреле во истражниот затвор.

Во моментот кога се чинело дека безбедноста во регионот е веќе сигурна, во 1925 година во Штип била откриена илегална организација кога во станот на Дончо Лазиќ, син на народниот пратеник Арсо Лазиќ, биле

пронајдени повеќе пушки и пари, кои Македонскиот комитет ги испратил за пропаганден материјал. Во градот овој настан бил сфатен како голема сензација. Завладеал повторно страв од одмазда на Македонскиот комитет. „Преку ноќ штипската чаршија, како и главните улици изгледале потполно пусти. Сите продавници и кафеани биле затворени, а Штип повторно обвиен во темнина."[95]

Во врска со овој настан биле затворени и други лица, членови на организацијата, вкупно 14 и тоа: Мите Дербов, Донче Јорданов, Донче Хаџистанков, Мише Икономов, Тодор Караќерез, браќата Милан и Коле Горигори, Лазар Казанџиски и Евреинот Аврам Леви.

Набргу по убиството на генерал Ковачевиќ, во Штип се случил нов трагичен настан, кога на 2 Ноември 1927 година на новоселскиот мост биле убиени таткото и братот на Иван Михајлов. Мотивот за ова убиство останал необјаснет и покрај сите претпоставки меѓу народот. Најзагадочно од сè било кој всушност е убиецот и кој стои зад него. До денес со сигурност и со податоци не е потврдено, иако најчесто истражувачите на ова убиство го споменуваат името Сане Смиљански, Штипјанец, еден од основачите на здружението Бугарски бандити, иако подолго време и самиот престојувал во Софија како федералист. Името на Сане Смиљански најчесто се споменува и во врска со убиството на напредниот студент по техника во Белград, Благој Монев – Кратовчето.

За убиството на Мише и Ристо Глигорови биле заинтересирани и информативните средства. Група новинари разговарале со началникот на јавната безбедност, Жика Лазиќ, кој рекол дека нема нови моменти, за убиецот и кој сè уште не бил откриен. На прашањето од еден новинар од еден попладневен весник, дека се слушало оти Жика Лазиќ добил писмо од ВМРО за него и за генерал Томиќ дека ќе биле убиени, одговорот на Лазиќ бил – тоа е стар метод и дека ВМРО многу пати се заканувал на многу луѓе.

Сè до 1923 година во Македонија ВМРО (автономисти) немала организација која ќе ги опфаќа студентите меѓу своите редови. Поради тоа Ванчо Михајлов направил обид, посебно од студентите во тешка материјална состојба, или од оние кои немале јасна претстава што се крие

---

[95] „Политика", Апсења во Штип, Београд, 1925 година, стр. 5

зад иницијативата на Михајлов, да формира таква организација и во Југославија под името ММРО на ВМРО. Такви организации Бугарскиот комитет веќе имал формирано во Виена, Париз, Грац, Лајпциг и други европски градови. Меѓутоа, обидот да се формира младинска македонска револуционерна организација во Белград не успеал, бидејќи белградската полиција преку свои агенти се посомневала во некои македонски студенти поради што многу од нив ќе бидат затворени. Според сведоштвото на Штипјанецот Кирил Караџов „над нив била вршена тешка физичка тортура. Биле тепани, камшикувани и биле употребувани и други инквизиторски средства што ги доведувале младите студенти во лудило."

На судскиот процес во Скопје 1927 година српскиот режим ја покажал целата своја суровост во борбата за опстанок во Македонија. Меѓу овие студенти се наоѓале и Штипјаните: Кирил Вангелов – магистер, аптекар, 26 години, Кирил Караџов – студент на ликовната академија во Загреб, Мане Чучков – 25 години, студент на педагогија, Тодор Гичев – студент по медицина во Белград, Благој Монев – студент на техничкиот факултет во Белград, Страхил Иванов – студент во Белград, Ристо Аџикимов – студент на чиста филозофија во Загреб, Тодор Христо Успрцот – студент по медицина. На сите суденти што биле осудени им престанало понатамошното издржување и стипендии. По излегувањето од затвор често биле пратени од агентите.

На 14 Јули 1929 година во Штип биле убиени Крум Банов и Мијалче Колев – Шилката, испратени од Ванчо Михајлов да извршат атентат на Мијалче Каламатија. За овој настан весникот Политика пишува: Синоќа во 8 часот во штипското корзо се слушнале истрели. Пред самиот хотел седел агентот и телохранител на Мијалче Каламатија, Шукри. Во 7:30 часот покрај Шукри поминале двајца сомнителни лица и се упатиле према хотелот „Српски крал" за да го извршат атентатот. Пред хотелот седеле големиот жупан, Мијалче Каламатија, претседателот на општината и бригадниот генерал Драгиша Ковачевиќ. Сакајќи да бидат легитимирани од Шукри кој од нив бил ранет и започнала пресметка во која биле убиени двајцата атентатори. Една ноќ пред Велигден во 1929 година, околу полноќ спроти куќата на Ванчо Михајлов била запалена фурната. Со помош на

фурнацијата кој се разбудил и повикал помош со која била изгасната. „Се претпоставува дека фурната намерно била опожарена од власта со цел да изгоре Ново Село кое спрема многу граѓани српската власт многу го мразела. Повеќе куќи во Ново Село се дрвени со чардаци и бргу би се проширил пожарот."[96]

Комитските акции станувале се поретки заради строгите мерки што властите ги преземале и секако заради големите жртви што попусто биле давани од двете страни. Во 1934 година доаѓа до политички преврат во Бугарија, кога власта ќе ја добие Кимов Георгиев, чија политика ќе биде изменета во штета на ВМРО. Новата Влада ќе се зближи со Кралството Југославија, а Кимов со честите контакти меѓу Белград и Софија и под притисок на големите сили кои барале да се стави крај на овој петнаесетгодишен период. Веднаш по овие меѓусебни договори ќе биде укината ВМРО, а нејзиниот лидер, Ванчо Михајлов, на 9 Септември 1934 година ја напуштил Бугарија и заминал најпрвин во Турција, а потоа менувајќи ги местата во многу држави и градови во Европа, за да најмногу се задржи во Рим, каде и умира во 1990 година.

## 2. *КОНТРАЧЕТНИШТВОТО И УЛОГАТА НА „ЗДРУЖЕНИЕТО ПРОТИВ БУГАРСКИТЕ БАНДИТИ"*

Во периодот од 1919 до 1923 година сè почесто се интензивираат и сè почести се акциите што ги организира ВМРО (автономистичка) на чело со челникот на оваа организација, Тодор Александров. Овие засилени активности тесно се поврзани и се во контекст на настаните што се случија во Софија на 9 Јуни 1923 година, кога бил извршен државен удар на Владата на Александар Стамболиски од страна на Дворот, незадоволните офицери и комитската организација на Тодор Александров и Александар Протогеров. Овој политички настан овозможи послободно и поорганизирано дејствува-

[96] VERITAS, „Македония под игото 1919-1929 година", Документи и свидетелства, София, 1931 година, стр. 123

ње на политичките акции во источниот дел на Македонија. Сè почесто комитите на ВМРО (автономисти) со своите организирани акции и наоружани влегувале по селата на овој регион и со закани го принудувале населението да ја прифати нивната организација и да се вклучи во борбата против српската власт. Покрај борбата против српскиот терор во Македонија, со овие акции, раководството на комитите имало и поширока цел – да покаже пред европската јавност дека тие се борат за слобода на Македонија, да оствари и пошироки политички резултати – дека нивната организација е единствена која се бори за единствена и слободна Македонија. Овие акции биле со големи ефекти, барем во почетокот бидејќи методите и начините со кои биле изведувани не биле непознати, ами напротив, познати уште од турско време, кога се изведувале слични акции и речиси со идентичен карактер.

Свој прилог на овие почетни позитивни резултати дава и сè уште неорганизираната власт на Кралството на СХС во новоосвоените краеви. Така на пример, сè уште бројот на војската бил мал за да може поорганизирано да се спротивстави на нападите, неподготвеноста за ефикасно дејствување на малиот број на жандармериски и полициски станици и речиси никаква гранична сигурност. Од сите овие причини не е ни чудно што сигурноста и безбедноста на српската власт ќе биде несигурна, затоа власта ќе бара нови форми и инструменти за одбрана од акциите на комитите. Најпрвин српската власт ќе ја засили својата пропагандна активност уверувајќи го народот дека Револуционерниот комитет не е идејна организација, туку терористичка, пљачкашка и уценувачка. За оваа цел ги користи училиштата, црквите и другите институции на власта. Покрај ова српската власт го организира својот одбранбен механизам. Се зголемува бројот на војската во Брегалничкиот регион. Се градат нови жандармериски станици, по границата никнуваат нови караули. Од тој момент ќе почнат и првите пресметки на војската и жандармериските единици против комитските упади. За жал од сето ова најмногу ќе страда и крваво ќе го плаќа данокот невиното македонско население.

Можеби најилустративни за оваа ситуација се впечатоците на еден дописник од весникот „Политика": „Чудни се состојбите во нашиот југ. Цела студија е потребна за човек да сфати и да влезе во длабочината на оваа

состојба. Но, таму што се случува? Од Велес, Штип, Кочани, насекаде загадена атмосфера. Постои нешто ненормално. Тоа се чувствува на секој чекор. Од сите страни зрачи неискреност, недоверба, некое непријатно чувство го следи човека од утро до мрак. Животот е тежок, народот го носи на својот грб, од кој сака бргу да се ослободи." Потоа во дописот новинарот се обидува да ги побара и причините за оваа состојба, па ќе продолжи: „Сето ова се должи по вина на нашата власт. Во Бугарија, во градовите: Софија, Горна Џумаја, Ќустендил и други центри, комитите и нивните чети се подготвувале за уривање на нашата власт. Никој не е сигурен како и дали ќе преживее, бидејќи не знаат што носи ноќта. Кога преку ноќта му залае куче, целиот се тресе, бидејќи знаел кој гостин можел да му упадне."[97]

Со цел ВМРО на Тодор Александров да ги оствари своите цели, за финансиски потреби на организацијата вовел посебна такса, односно сума пари од поимотните граѓани, трговци и занаетчии, кои биле должни да ја дадат на Организацијата, а за непочитувачите на оваа обврска следувале казни, па дури и смрт. За потврда на оваа констатација, ќе ги наведеме само примерите со двајцата штипски трговци: Илија Хаџивасков – по професија книжар, и Михајло Каламатиевиќ. Настаните што подоцна ќе се случат ќе доведат до пресвртница на политичкиот живот во Штип и штипско во овој период, можеби фатални за измената на политичката клима во полза на српската власт, е сторената грешка на Тодор Александров, по чија иницијатива е извршен атентатот на двајцата негови, до вчерашни негови блиски пријатели, Михалјо Каламатиевиќ и Илија Хаџивасков, во Октомври 1922 година.

По сеќавањата на Никола Крупишки, Ѓошо Ѓуров, бил испратен од Тодор Александров за непослушност да ги казни со смрт, таткото Ристо и синот Михајло Каламатиевиќ, бидејќи не сакале да ја платат сумата од 20 турски лири за Организацијата. На молбите од својот син Мијалче, Ристо Каламатиевиќ да ги плати парите, затоа што претпоставувал што може да се случи, татко му Ристо одговорил: „На кокошкари и баничари, јас не давам ни емфија (прашок за лекување кијавица), а камоли пари."

---

[97] „Политика", Београд, 15.05.1923 година, стр. 2

За негова среќа, а за несреќа на народот штипски, кога подоцна ќе се потврди, Мијалче Каламатиевиќ бил само ранет во вратот и пределот на увото и веднаш бил пренесен во болницата во Штип. Истиот атентатор идниот ден преоблечен во овчеполска носија, со бокал во раце влегол во куќата на Илија Хаџивасков со молба да му наточи вино. Кога слегнале во визбата полна со бочви, атентаторот со два истрела го убил на лице место. Мотивот на убиството бил потполно ист – одбивање да се плати бараната сума пари. Ползувајќи го овој настан, српската власт уште наредниот ден започнала со своите репресалии. Веднаш биле притворени членовите на огранокот на ВМРО во Штип: браќата Блажо и Панче Буреви, Мите Муфтиски и неговиот татко Петре, Мите Боринаро и други граѓани, без да се докаже нивната вина, биле исто така затворени. За Жика Лазиќ, пак, началник на Одделението за државна безбедност при Министерството за внатрешни работи на Кралството на СХС, овој настан ќе послужи како повод да започне со целосна пресметка со членовите на организацијата. За таа цел на Соборот одржан на 9 Септември 1923 година, пред 10.000 граѓани, било формирани друштвото Здружение против бугарските бандити или како гласи неговото вистинско име – „Удружење проти бугарских бандита”.

Со ова Здружение била формирана и првата народна милиција за борба на теренот против уфрлените комити на ВМРО (автономисти). Самиот Жика Лазиќ во една своја статија во белградско „Време”, оценувајќи ја политичката состојба во Македонија, ќе констатира дека проблемите во Јужна Србија произлегуваат од две зони: „Едната, лева – како што ја нарекува тој, која се протега по линијата на градовите: Прешево, Скопје, Штип, Велес, Крушево, Струга – зона на комитски акции и втората, десно од оваа линија, на Муслимани (Арнаути), отпадници – Качаци. Во првата комитските акции се најголемите грижи на власта, бидејќи таму нема други кривични дела, ниту од областа на криминалот, освен грижите што им ги задаваат комитите.”[98]

Сите околности упатуваат на тоа дека единствена цел на ова Здружение била борбата против уфрлените чети на ВМРО и поради тоа и

---

[98] Жика Лазиќ, „Јавна безбедност у Јужној Србии”, „Време”, Београд, Август 1923 година, стр. 28

не случајно, Жика Лазиќ со декрет ќе го наименува за Велики жупан Добрица Матковиќ на Брегалничката област со седиште во Штип. Овие две личности, со своите злодела, подоцна ќе станат меѓу најомразнатите меѓу граѓанито во Штип и штипско. Здружението има и своја организациска поставеност: Главен одбор, Правилник и воена и цивилна формација. Претседател на Главниот одбор бил Михајло Каламатиевиќ, а членови на Одборот:

1. Ристо Дуков – бакалин;
2. Тодор Зенделов – ортомар;
3. Ване Муцков – трговец;
4. Глигор Чешларов – трговец;
5. Јусуф Леви – трговец;
6. Барух Леви – трговец;
7. Трајко Кукувалиски – набавувач;
8. Пане Лазаров – фотограф;
9. Тоде Ефтимов – Р'ѓата – шивач;
10. Тодор Чешларов – трговец;
11. Мите Сеизов – трговец;
12. Петар Ников – шивач;
13. Коле Настов – златар;
14. Али Шефиќ – Беј;
15. Милан Поптрајков – благајник;
16. Глигор Циклев;
17. Коле Ефремов;
18. Санде Пеливанов;
19. Дане Стојанов;
20. Стојан Судеклиски;
21. Нако Иванов;
22. Демир – телохранител на Каламатија и
23. Ставре Ставрев – курир на Здружението.

Спрема книгата „Документи за борба на македонскиот народ за семостојност и за национална држава", Здружението имало и свој Правилник за работа поделен во одделни членови.

- членот I го формира името, печатот и целта на Здружението;
- членот II го опфаќа името на Здружението;
- членот III кажува дека Здружението не припаѓа на ниедна политичка или режимска партија; и
- последниот член IV ја определува целта на Здружението:
  в) да работи на елиминирањето на акцијата на бугарските комити на целата територија на Јужна Србија. Дејствувањето има информативен и активен карактер;

в) кај народот да ја развива националната свест и да се бори за неа за да ја одржи на потребната висина;

в) да работи на културното и национално издигнување на населението во овој регион;

г) да ја брани честа на татковината;

д) да работи на искорнувањето на секое зло во краиштата на Јужна Србија без оглед на тоа од каде доаѓа.



*Главниот одбор на Здружението против бугарските бандити*
*(Приватна колекција на Никола Крупишки)*

Во Правилникот се нагласува и тоа дека Одборот за да ја оствари својата задача ќе се служи со сите помошни легални средства.

Покрај редовните жандармериски и воени сили, била создадена и воено-цивилна организација при Здружението за борба против бугарските бандити. Во состав на Здружението постоела и селска милиција. Неа ја сочинувале селани од Брегалничката област. Секој припадник на оваа формација бил наоружан со пушка и револвер (само четниците) и на даден знак за узбуна во најкраток можен временски рок пристигнувале на зборното место од каде тргнувале во акција. На чело на оваа воена формација стоел селски војвода. Во таа смисла илустративни се зборовите на Јордан Зуламов, современик на овие збиднувања, кој во своите сеќавања пишува: „Селаните на Штип и штипско биле формирани во чети и селски

војводи. Тие биле униформирани, платени од државата. Тие биле нарекувани како селска милиција. Кога излегувале и тргнувале во акција, биле облечени во четничка униформа, наоружани со пушки и ја пееле песната ,Подгответе се четници'."

Повозрасните Штипјани се сеќаваат дека кога доаѓала селската милиција во градот, со задача да извршат претрес, влегувале во кафеаните, четите јаделе и пиеле, за да на крајот место пари зборувале: „Каламатија ке плати." Оваа фраза и до ден денес останала како анегдота помеѓу граѓаните на Штип и штипско.

Нова содржина и нови односи во работењето на селските чети ќе внесе доаѓањето на пребеганиот војвода од Бугарија, Стојан Мишев.

Стојан Мишев е роден во Штип 1880 година. Завршил за учител и оваа професија ја вршел сè до 1904 година. Потоа заминал за Бугарија, каде се вклучува во Македонскиот револуционерен комитет. Станал близок соработник на Тодор Александров. Стојан Мишев учествувал во ослободувањето на Тодор Александров заедно со Славчо Иванов, Монев и Прилепчански, кој бил обвинет како воен злосторник во Првата светска војна, за делата што Александров ги правел со бугарската војска во Јужна Србија. По своите политички убедувања, Мишев бил недефинирана личност. Честопати се колебал помеѓу автономистите и федералистите. Откако ќе започне да се спротивставува на лошата стратегија на водењето на организацијата од страна на Александров и Протогеров, Стојан Мишев ја навлекува омразата на Тодор Александров и бугарската власт врз себе. Потоа тој се определува за федерализација и заедно со Петар Чаулев, Тодор Паница и Димитар Влахов, ќе бидат едни од столбовите на ова крило на Македонската революционерна организација. Поради ова над Стојан Мишев ќе биде извршен атентат во Софија од страна на Т. Александров и А. Протогеров. Со доаѓањето на Александар Цанков за Премиер, положбата на Стојан Мишев уште повеќе ќе се загрози. Поради тоа е приморан да ја напушти Бугарија. Во спрега со српската Влада и за голема сума пари добиени од српскиот амбасадор во Софија, заедно со 50 четници и војводи, преку Грција, во 1923 година се вратиле во Штип.

Српските власти умееле до максимум да ја искористат новонастанатата ситуација и како награда Стојан Мишев бил назначен за началник на селската милиција во Брегалничката област. Тој, за да ја искаже својата лојалност кон новите господарисите врски, канали и членови, активисти на ВМРО ги кажал на српската власт. Поради сите активности во гонењето и искоренувањето на сè што е поврзано со комитските чети, Стојан Мишев, 1924 година е убиен во Штип.

Во контекст на ова би додале и тоа дека овие години се можеби и најтешките во историјата на живеењето на овој народ. За потврда на оваа констатација во целост ќе го цитираме извештајот од командантот на Брегалничката дивизија полковникот Михајло Ковачевиќ, упатено до командантот на Вардарската дивизиска област во кој на најавтентичен начин се анализираат состојбите во овој регион. Во извештајот се вели: „Од пред некое време во нашата служба биле примени 20 бугарски комити кои се предале на нашите власти. Поголем број од нив сега би требало да бидат во затворите, поради предавствата и ѕверствата направени на српското население. Но, место тоа од нив се формирани летачки чети со кои управува Големиот жупан на Брегалничката област и неговите околиски началници. Духовен водач и инструктор на овие чети е Стојан Мишев, кој постојано живее во Штип и е во чести средби со жупанот Добрица Матковиќ и Здружението за борба против бугарските бандити. Работата на овие чети, во колку ми е познато, би требало да биде откривањето на создадените организации по селата и да ги уништува, да пронаоѓа бугарски комитски чети и да се пресметува со нив. Какви се резултатите од ова се гледа од досегашните извештаи и од моето лично известување до големиот жупан, молејќи се да се заинтересира и да ја испита нивната работа. Една од овие чети отишла во селото Петришино, ги фаќа селаните Стојан Урду и влавот Канаревиќ, ги однеле во шума и ги убиле двајцата. Во селото Мородвиз дошле бугарски комити и побарале храна од еден влав. Тој ги нахранил, а потоа веднаш отишол во селото Теранци, за да ги пријави на жандармските власти. Една од овие чети веднаш била упатена во село Мородвиз, каде го фатиле истиот влав и го претепале до смрт. Во селото Крупиште – штипско, била испратена една од овие чети во потрага на бугарски комити. На ова

одделение водач бил Нако Иванов, еден од оние на нас предани војводи кој не заминал во потера по комитите, туку свратил во селото Аргулица и влегол во куќата на Косе Јусеинов од кој зел 23 турски лири, а од неговата жена накитот со златни пари. Потоа отишол во куќата на Бечки Исмаил од кого зел 300 банки. Поради овие пљачки некој селанец се пожалил на носителите на власта, поради што парите му биле вратени, но затоа пак, истиот селанец страшно бил претепан, поради што и самиот зборувал дека подобро било да даде уште толку пари само да не се случело ова. Во селото Доброшани – штипско, некој Турчин бил претепан во канцеларијата на Здружението против бугарските бандити само поради тоа што бил осомничен дека фитилите што си ги купил за себе биле за бугарските бандити."[99]

Во овој подолг извештај, Михајло Ковачевиќ дава и други примери за ѕверствата што ги вршело Здружението против невиното македонско население и не само во Штип и штипско, туку во целиот Брегалнички регион. Заедно со Стојан Мишев од Бугарија ќе пристигне и војводата Нако Иванов кој веднаш станува експонент на српскиот режим. Својата лојалност кон српскиот режим ќе ја изрази и преку суровоста што ја покажал со активноста на летечките чети и предавството на своите доскорашни соработници. За каква личност станува збор ќе се послужиме и од еден цитат од книгата Veritas во која се вели: „Меѓу нив има и некои кои што и денес се бугарски припадници. Нако Иванов, бугарски војвода во 1915 година убил повеќе српски ранети и болни војници кои останале во Штип при повлекувањето на српската војска. Тоа го знаеле сите Штипјани, а денес тој разбојник е доверлива личност на Големиот жупан и заштитник на српството."[100]

Еден поцелосен увид во работата на Здружението против бугарските бандити ќе покаже и тоа дека неговите злодела се манифестираат не само преку активноста на селската милиција, туку добиваат и пошироки

---

[99] Од Извештајот на полковник Михајло Ковачевиќ до Вардарската пешадиска бригада, строго пов., број 7, 26.02.1924 година, Архив на град Штип, Фонд Михајло Ковачевиќ

[100] Veritas, „Македония под игото 1919-1929 година", София, 1931 година, стр. 148

димензии вперени и против сите прогресивни и општествени сили, а најмногу против личностите, носители на комунистичките идеи.

Во осветлувањето на овој период карактеристични се и зборовите на жандармерискиот потполковник Стријнаковиќ, кој при една средба со генерал Михајло Апостолски, рекол дека во ова време во Источна Македонија биле убиени повеќе луѓе без да им биде судено и без да бидат сослушувани. Злоделата на Здружението кои биле крајно жестоки ќе наидат на силен отпор од населението на Брегалничката област и од целата македонска јавност, од сите прогресивни партии на Балканот и Европа и од пратениците во парламентот од Брегалничката област во Белград.

До какви висини било влијанието на Здружението во политичкиот, јавниот и општествениот живот во овие простори зборува и самата вистина дека од работата на Здружението се плашеле и оние кои го создале.

Овие и многу други причини придонеле работата на Здружението за борба против бугарските бандити да престане да постои по десетгодишен период, во 1934 година – кога престанала да дејствува и ВМРО.

## 3. *ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ И ОПШТИНСКИТЕ ИЗБОРИ ВО ШТИП И ШТИПСКО ВО ПЕРИОДОТ ОД 1923 ДО 1929 ГОДИНА*

### *а) Изборише од 1923 година*

Позната е вистината дека веднаш по донесувањето на Законот за заштита на државата започнала неговата конкретна примена: КПЈ била распуштена и забранета, а нејзините пратеници во Собранието и одборниците во општинските Одбори биле отстранети. Овие реперкусии се почувствувале и во работата на партиската организација во Штип, која била разбиена и распуштена. Освен тоа и оние поединци што останале постојано биле прогонувани, застрашувани и тоа не само тие туку и целокупните нивни семејства.

Карактеристично и ново за овие избори е тоа што за прв пат во нив свои кандидати истакнала и радикалната партија во Брегалничкиот округ. Меѓутоа, оваа партија, како и Демократската и другите буржоаски партии не постигнале забележливи резултати од причина што не успеале да ја стекнат довербата на македонскиот народ, бидејќи сите овие партии во поглед на решавањето на македонското прашање не само што не го поставувале, ами очигледно било нивното настојување да го посрбат македонскиот народ. Така, на пример Радикалната партија, територијата на Македонија ја сметала за српска.

Во една таква политичка состојба започнале и вторите избори во Кралството на СХС, кои се одржале на 18 Март 1923 година. И во такви услови во кои се наоѓала Комунистичката партија во Штип и штипско, сепак развила интензивна предизборна активност. Штипските комунисти во договор со комунистите од Радовиш се договориле на изборите да учествуваат заедно со опозиционата републиканска партија на Јаша Продановиќ. За кандидат на оваа партија бил предложен Ристо Трајковиќ од Кавадарци, а за негов заменик и пратеник од Радовиш бил предложен Стојмен Трајков. За пратенички кандидат од Штип бил предложен д-р. Тошанов, а за негов заменик бил одреден Илија Данев.

„Веста дека комунистите подготвувале изборна листа брзо се проширила низ градот и била примена со големо интересирање. Иако потребниот број на потписи бил собран и листата предадена на Судот за оверување, Судот по налог на Матковиќ, без причина ја поништил, а подносителите биле задржани во затвор дури не истекол рокот на жалбата."[101]

Откако не успеале во своите намери комунистите од Штип решиле да ги бојкотираат изборите, поради што презеле и некои активности.

Во Брегалничкиот изборен округ, од многубројните политички партии што истакнале свои кандидати за изборите биле потврдени листите само на Демократската партија, Радикалната партија и Џемиетската партија. За кандидат на Демократската партија бил истакнат Јордан Бабамовиќ, на Радикалната – Владо Пуздерлиевиќ и на Џемиетската – Кенан Зија.

---

[101] д-р Александар Апостолов, „Политичкиот живот и изборите за претставнички органи на власта во штипскиот крај 1919-1941 година", Архив на град Штип

По завршувањето на изборите од 18 Март 1923 година во штипско се добиени следниве резултати:

| Ред. Бр. | Гласачко место | Вкупно гласови | Од вкупниот број гласови добиле | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Демократска (Ј. Бабамовиќ) | Радикална (В. Пуздерлиевиќ) | Џемиет (К. Зија) |
| 1. | Брест | 81 | - | 78 | 3 |
| 2. | Карбинци | 283 | 57 | 48 | 178 |
| 3. | Лесковица | 221 | 1 | 156 | 64 |
| 4. | Љуботен | 87 | 1 | 85 | 1 |
| 5. | Никоман | 180 | 2 | 41 | 137 |
| 6. | Почивало | 280 | 3 | 56 | 221 |
| 7. | Штип I | 495 | 147 | 133 | 215 |
| 8. | Штип II | 545 | 185 | 212 | 146 |
| 9. | Штип III | 494 | 167 | 210 | 117 |
| **Вкупно:** | | **2666** | **563** | **1019** | **1082** |

Табеларниот преглед покажува дека во Брегалничкиот округ Радикалната партија добила 51,9% од вкупно 16.084 и од нејзините редови биле избрани двајца пратеници од кои едниот бил Владо Пуздерлиевиќ.

### *б) Изборите за Народната скупштина во 1925 година*

Обележје на предизборните активности на овие избори дава засилениот терор што се вршел во Брегалничката област, со цел добиените избори од пред две години и позициите што ги имала Радикалната партија, по ни една цена да не ги загуби. За таа цел жупанот Добрица Матковиќ и неговиот послушен слуга, Михајло Каламатиевиќ не бирале средства за спроведување на жесток терор над населението во градот и околијата. Во предизборната борба против приврзаниците на Демократската партија, Претседателот на Здружението против бугарските бандити, Михајло Каламатиевиќ, ги користел државните контра-чети кои требало да ги гонат комитите во функција на својата предизборна кампања.

За одбележување е дека „Џемиетот" на изборите од 1925 година не истакнал свои кандидати во Брегалничкиот изборен округ, најверојатно од

причини што големосрпските властодршци веќе ни во турското население немале доверба. Во една ваква атмосфера на невиден терор и притисок изборите се одржале на 8 Февруари 1925 година.

Непобитен е впечатокот дека притисокот и бојкотот се главни карактеристики на овие избори во Брегалничкиот изборен округ. Најдобра потврда за ова е податокот дека од вкупно 23.885 избирачи, гласале само 18.650, додека 5.235 избирачи не се јавиле на изборите. И покрај целата бескрупулозност и методите на терор, сепак забележливо е и опаѓањето на бројот на гласовите и на бројот на избраните кандидати на листата на Радикалната партија.

На изборите од 8 Февруари 1925 година од Радикалната партија бил избран само еден кандидат – Владо Пуздерлиев, додека од Демократската партија во Брегалничкиот изборен округ биле избрани двајца народни пратеници.

Изразени табеларно изборните резултати од 8 Февруари 1925 година во штипскиот крај изгледаат вака:

| Ред. Бр. | Гласачко место | Вкупен број | | Од вкупниот број гласови добиле | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Избирачи | Гласале | Радикална (Владо Пуздерлиевиќ) | Демократска (д-р. Илија Шуменковиќ) |
| 1. | Долани | 105 | 81 | 20 | 61 |
| 2. | Карбинци | 401 | 327 | 29 | 298 |
| 3. | Лесковица | 238 | 187 | 52 | 135 |
| 4. | Никоман | 231 | 166 | 32 | 134 |
| 5. | Почивало | 342 | 259 | 116 | 143 |
| 6. | Шопур | 84 | 73 | 42 | 31 |
| 7. | Штип I | 771 | 516 | 81 | 435 |
| 8. | Штип II | 903 | 603 | 75 | 528 |
| 9. | Штип III | 852 | 602 | 80 | 522 |
| **Вкупно:** | | **3927** | **2814** | **527** | **2287** |

### *в) Парламентарните избори од 1927 година*

По сменувањето на Големиот жупан Добрица Матковиќ од својата функција и ослабувањето на позициите на Михајло Каламатиевиќ, во Штип и штипско се создадоа поповолни услови за политичко дејствување. Ваквата политичка клима ги поттикна надежите и на партиската организација и на Организацијата на ВМРО (обединета) за учество на идните парламентарни избори од 11 Септември 1927 година со независни кандидатски листи.

„По повод ставот и решението на Обласниот комитет на ВМРО (обединета) да се направи обид на престојните парламентарни избори со независни кандидатски листи, со кандидати, прогресивни и лево ориентирани Македонци. Во Штип е одржан состанок со претставници од Радовиш, Царево Село и Берово, на кој е прифатен ставот на Обласниот комитет и е донесено решение да се оди на избори со независна граѓанска листа. Веднаш на тој состанок беа предложени за можни кандидати и тоа: за носител на листата – инжинер Димитар Караџа, д-р. Благој Тошанов – лекар од Штип, Стојмен Трајков од Радовиш, Илија Данев - чевларски работник од Штип."[102]

Меѓутоа режимските политички партии: Радикалите и Демократите служејќи се со најпримитивни методи, закани, убиства, протерувања, затворања, физички и духовни малтретирања и слично, не дозволија обелоденување на оваа листа. Поради тоа штипската партиска организација и ВМРО (об) за својата форма на дејствување преку бојкотирање на изборите и пропаганден материјал да не се гласа за кандидатите на големосрпскиот режим. За овие избори во Брегалничкиот изборен округ било предвидено да се изберат тројца народни пратеници. Впрочем, од познати причини свои кандидатски листи пријавиле само Радикалната и Демократската партија. Радикалната партија за свои кандидати ги предложила Мита Димитриевиќ, Владо Пуздерлиевиќ и Влајко Коциќ, а Демократската партија истакнала само еден кандидат д-р. Илија Шуменковиќ.

Изборите од 11 Септември 1927 година во Штипската околија ги покажале следниве резултати:

---

[102] Т. Зографски и Д. Зографски, „КПЈ и ВМРО (об) во Вардарска Македонија во периодот 1920-1930 година", Скопје, 1974 година, стр. 185

| Ред. Бр. | Гласачко место | Вкупен број | | Од вкупниот број гласови добиле | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Изби-рачи | Гла-сале | Демократ-ска | Радикална | | |
| | | | | И. Шуменковиќ | М. Димитриевиќ | В. Пуздерлиевиќ | В. Коциќ |
| 1. | Долани | 128 | 95 | 88 | 2 | 2 | 3 |
| 2. | Карбинци | 739 | 604 | 325 | 11 | 9 | 259 |
| 3. | Лесковица | 376 | 318 | 306 | 3 | 3 | 6 |
| 4. | Почивало | 405 | 381 | 352 | 4 | 5 | 20 |
| 5. | Штип I | 730 | 470 | 311 | 7 | 47 | 105 |
| 6. | Штип II | 893 | 567 | 404 | 3 | 68 | 92 |
| 7. | Штип III | 854 | 570 | 398 | 6 | 92 | 74 |
| **Вкупно:** | | **4125** | **3005** | **2184** | **36** | **226** | **559** |

Осврнувајќи се на условите под кои се одржале овие избори, англискиот новинар Греј Чарлс, кој престојувал во повеќе градови на Македонија, меѓу кои и Штип, во едно писмо испратено до министерот за просвета, Милан Грол, во Белград, пишува: „Политичките права на народот се одземени на тој начин што е забрането формирање на национални партии. Општо е признато дека во Македонија последните избори се извршени на најлош можен начин од сите досегашни избори. Добро ќе биде ако овде додадам некои факти што ми ги соопшти г. Степан Радиќ. Господин Радиќ ги истакнал своите листи во Македонија на чие чело стоело име на еден Хрват, додека на останатите листи биле тамошни луѓе. Господин Радиќ обично не избирал бугарофили, туку тамошни Срби, оние што Бугарите ги гонеа, но луѓе што тој ги опишал како вистински демократи и кои се за локална самоуправа во Македонија, но ниедна од овие листи не смеела да биде званично претставена. Честопати полицијата одела кај оние луѓе и со закана ги терала своите имиња да ги повлечат од листата. Самите листи биле откачувани и кинати. Бил направен и званичен протест, но не како што пропишува законот – 24

часа откако е примена листата, туку во последен момент така што листата не можела да биде поставена."[103]

## 4. *ИЛЕГАЛНАТА РАБОТА НА КПЈ ВО ШТИП ДО ВОВЕДУВАЊЕТО НА ДИКТАТУРАТА*

Обзнаната, Видовденскиот устав и Законот за заштита на државата ѝ задале тежок удар на КПЈ и на целокупното прогресивно движење. Удар кој ќе остави трајни последици во работата на партиската организација. Во вакви услови била изложена и партиската организација во Брегалничкиот округ и штипскиот регион. Партијата во Штип и штипско беше обезглавена и речиси целосно распуштена, со исклучок на поединци кои и понатаму продолжиле со некои активности, но главно поединечни, неповрзани и неорганизирани.

Во една таква ситуација, во отсуство на било каква сигурност, единствена визија за излез од оваа состојба, македонскиот народ од овој крај можел да согледа во оживувањето на работничкото движење и формирањето на партиската организација. До тоа и навистина дошло во Април 1923 година, кога се формирала новата партиска клетка со секретар и шест членови. Тие биле: Димче Зографски, Илија Данев, Васил Гранков, Ставре Ставрев, Тодор Аџитомаов, Ладе Пингов и Мијалче Рогожарски. Во тоа време дошло до формирање и на Синдикална и Скоевска организација. Партиската организација оценила дека се наполно созреани условите за синдикално организирање на работниците во градот. Во Септември 1923 година на Основачкото собрание била донесена одлука за формирање на Синдикална организација која соединувала во себе повеќе секпции на шивачки, берберски, чевларски, столарски и други работници. Сеќавајќи се за овие настани, Трајчо Ковачев во своите сеќавања пишува: „Во 1923 година образувавме Синдикат на кондураџиски работници. Претседател на Синдикатот на кондураџиските

[103] До Министерот за надворешни работи, строго дов., број 251, 27 Август 1928 година, Белград

работници беше Трајко Ковачев, а Ставре – берберинот, секретар, Тоде Шуманов – член и браќата Дивициски – членови. На првиот состанок, масовно присуствуваа работниците. За нашиот состанок разбраа властите и наредниот ден бевме повикани од страна на власта, сослушувани, а потоа беа затворени следниве другари: Тодор Шуманов, браќата Дивициски, Коле Бумбаров, Васил Гранков, Илија Данев, Трајчо Ковачев и други."[104]

На овој начин Синдикатот во градот Штип станал значаен фактор во борбата на работничката класа за подобар и почовечен живот. Работата на Синдикалната организација се манифестирала низ разнообразни форми, но сите со заедничка цел – подобрување на животот на работниците и нивното подготвување за борбата што допрва ги очекувала.

За една таква активност се сеќава тогаш кондурџискиот работник-калфа Методи Попстојменов, а се однесува за првата прослава на 1 Мај 1924 година во Штип. Прославата ја организирал првиот штипски Синдикат. Спрема зборовите на Методи Попстојменов зборното место било кај Тополското маало, пред крчмата на Ване Муцката. Откако се собравме тргнавме кон мостот на патот кон Каваклија. Меѓутоа, по патот ни се придружија полициски писари кои постојано не следеа. Поради нивното присуство и не можевме да одржиме говор. Потоа се вративме кај местото 'Кр Теќе каде ја направивме оваа слика. Жандармите не следеа сè до мостот кај денешното текстилно училиште. На палтото носевме црвени каранфили. Таму наидовме на Мијалче Каламатија кој повика повидни граѓани повидни граѓани, а некои од нив беа и затворени: Васил Гранков, Тодор Аџитомаов и Ставре Берберинот, кои беа и организатори на маршот. Каламатија се обрна до мене и ме праша зошто е сето ова. Јас му одговорив дека ние сме работници и дека тоа е наш празник. На оваа позната Првомајска прослава во Штип, учествувале, што се гледа и на фотографијата: Методиј Попстојменов, Тодор Аџитомаов, Васил Гранков, Тодор Шумански, Ставре Ставрев, Владо Пингов, Илија Данев, Тодор Дивиџијата, Пенчо Варадински, Страхил ЌЕдев, Васил Царев, Петар Пилосов, Никола Панев, Симеон Веселинов, Моне Керимов, Митко Богословски, Добре Кукушев, Панче Доганџиски, Благој

[104] Трајчо Ковачев, Сеќавања за неговата активност во Синдикалната организација 1924 – 1926 година, Фонд Мемоарска граѓа, Историски архив на град Штип, стр. 1

Тошанов, Страхил Џамбазов, Лазо Ничев, Ладе Тасев, Глигор Патраклиски, Тоде Јованкин, Ристо Рунтев, Санде Петров, Митко Зајков, Сане Џамбазов, Ванчо Тошанов, Добре Дрмов, Ладе Милев, Петре Данкин, Моне Ефремов и Крум Аџитомаов.



*Прославата на 1 Мај 1924 година во Штип*
*(Музеј на град Штип)*

Впрочем, со вакви и други активности, синдикалната организација не можела да продолжи од причини што на 11 Јули 1924 година била забранета активноста на независните Синдикати на Југославија. Од друга страна, пак, најголемиот број на Синдикатот биле младинци, што овозможило во есента 1924 година во Штип тие да формираат своја Скоевска организација, кој во почетокот опфаќала околу 40 младинци. Поконкретно за овој настан пишува Ристо Кадифков: „Есента 1924 година се формира младинската организација на СКОЈ и оваа организација работи илегално, како што тоа го правеше Комунистичката партија. Веднаш да речам, во оваа младинска организација најмногу беа застапени занаетчиите и младинците-работници и таа броеше 40 члена. Овие млади работници беа ударната сила и во самата Синдикална организација. За да се зачува илегалноста и во оваа организација имаше ќелии од пет до шест члена. Редовно се одржуваа

состаноци, како од организациона природа, така и за нивната теоретска подготвеност."[105]

Настан што ги возбуди граѓаните од Штип и штипско и целиот Брегалнички округ во ова време беше излегувањето на книгата на Коста Новаковиќ, „Македонија на Мкаедонците, земјата на земјоделците". Оваа книга се појави од потребата јасно да се диференцира ставот на КПЈ по однос на македонското национално прашање. Иако книгата не беше имуна од некои слабости, сепак поттикна огромен интерес меѓу народот, бидејќи таа покажа дека КПЈ е единствена партија досега која прави обид да ги разреши најсуштествените прашања од животот на македонскиот народ. Во летото 1925 година жупанот Матковиќ и Каламатија, создадоа вештачка политичка афера во Штип. Очигледно дека аферата била монтирана поради што граѓаните биле вознемирени. Во аферата беа опфатени видни богати луе од градот Штип. Набргу, во 1926 година тоа јавно ќе се манифестира преку Соборот што го организира сенаторот Ладе Пуздерлиевиќ во хотелот „Српски крал", вперен против Каламатија и жупанот Матковиќ. Граѓаните во салата и однадвор започнале да викаат: „Ура! Да живее Пуздерлиски, да живее правдата! Долу несовесните и неодговорни фактори кои не ги почитуваат законите!" По овој успех на граѓаните на Штип во кој учествувале и членови на партиската организација, краен резултат бил сменувањето на жупанот Матковиќ, а Михајло Каламатиевиќ бил принуден да попушта под притисокот на народното незадоволство и на власта од Белград.

## *5. ВМРО (обединета) ВО ШТИП*

Манифестот од 6 Мај 1924 година, можеби, беше вистинскиот момент кога за прв пат бил направен обид по долг временски интервал да се направи обид конечно, Македонското револуционерно движење од сите три дела на Македонија да се обедини во една посилна и поорганизирана револуцио-

---

[105] Ристо Кадифков, „Синдикалното движење во Штип и штипско меѓу двете Светски војни 1919-1941 година", Архив на град Штип

нерна сила која ќе се бори за независна и самостојна Македонија. Потпишувањето на Манифестот во суштина значело обединување на силите на Македонското национално ослободително движење во склад со новонастанатите политички, економски и географски услови на распарчениот македонски интегритет. Ова внесе и нов квалитет во борбата на македонскиот народ за својата слобода изразен преку поврзувањето на Македонското револуционерно движење со прогресивните национални сили на Балканот, а пред сè со Коминтерната и меѓународното Комунистичко движење. Кога веќе стремежот на македонскиот народ за слободен живот добил конкретна форма, а неговите идеали создале услов за своја персонификација, не се чекало долго време на очекуваните реакции на Бугарскиот двор, реакционерните буржоаски кругови и високите воени кругови да го потпишат овој договор и да го спречат неговото оживотворување. Најпрвин Дворот извршил силен притисок врз Тодор Александров и Александар Протогеров да ги повлечат своите потписи од Мајскиот манифест, кои тоа и го сториле.

Впрочем, идеите, целите и задачите на Манифестот било тешко да се уништат. Поголемиот број на македонското национално дело од сите три дела на Македонија биле опфатени со неговото ткиво и како резултат на тоа дошло до формирање на ВМРО (об) во Виена од 1 до 11 Октомври 1925 година. „Основачката конференција работела 11 дена. На 9 Октомври бил избран Централен комитет од 5 души. Во него влегле: Димитар Влахов, Ѓорѓи Јанков, Христо Јанков и Димитар Арнаудов. Едно место било оставено за претставник на групата од Вардарска Македонија што подоцна го потполнил Панко Брашнаров. Биле избрани и тројца кандидати за членови на ЦК и тоа: Владимир Поп Томов, Риза Ризов и Павел Шатев.”[106]

За реализирање и популаризирање на своите програмско-политички начела, ВМРО (об) издавала и свои весници: „Балканска федерација” и „Македонско дело”. За сериозноста и амбициите на раководството на ВМРО (об) кон овие весници, зборува податокот дека „Балканска федерација” била редактирана на француски и германски јазик и на јазиците на сите балкански земји. „Балканска федерација” излегувала од 1924 до 1932 година. Другиот весник, „Македонско дело” како гласило на

ВМРО (об), излегувал два пати месечно, отпрвин во Виена, а потоа во Париз.

Интересна е вистината дека КПЈ, и покрај сугестијата од Коминтерната да ја прифати и да ја помага оваа организацијам, потоа и покрај ветувањето на КПЈ дека ќе го стори тоа, сепак комунистите од вардарскиот дел на Македонија не само што ќе покажат индолентност кон оваа организација, туку во некои моменти дури и ќе ја бојкотираат.

По формирањето на ВМРО (об) во Виена, набргу и во Вардарска Македонија, во есента 1925 во Велес било свикано Основачко собрание на обласната конференција на ВМРО (об). „На конференцијата учествувале 20 делегати од Штип, Царево Село (Делчево), Струмица, Прилеп, Куманово, Кавадарци и Скопје."[107] На оваа обласна конференција од Штип присуствувале: Димче Зографски, Пано Гудинаков (Црн Пано) и Илија Воинов. Веднаш по одржувањето на конференцијата започнале да се реализираат нејзините програмски начела од кои меѓу највважните активности било ширење, омасовување и создавање на организациони единици на ВМРО (об) во другите градови на Македонија.

Меѓу првите во кои се формирала ВМРО (об) не случајно бил градот Штип. Покрај блискоста до Велес, за ова придонела и долгогодишната соработка на прогресивните сили на овие два града. Поради тоа уште во текот на 1926 година во градот биле формирани организациони единици на ВМРО (об) и групи кои имале задача за ширење и популаризирање на идеите на оваа организација. Членовите на овие групи најчесто биле познати активисти и поранешни борци од страна на ВМРО, или луѓе со забележливи прогресивни сфаќања, блиски до идеите на Комунистичката партија на Македонија. Токму и затоа, уште во текот на 1926 година во Штип биле создадени повеќе групи, иако точниот број на членовите со сигурност не се знае.

Спрема сеќавањето на Димче Зографски, еден од најзаслужните за популаризирање на оваа организација во Штип, попознати активисти во градот биле: „Милан Поповски – фурнаџија, Славко Кангалов – јорганџија,

---

[106] ВМРО (об), „Документи и материјали", Книга I, Скопје, 1991 година, стр. 22

[107] ЦК на ВМРО (об), Предавници на македонското дело, Скопје, 1983 година, стр. 37

Јордан Инџекаров – ноќен чувар на дуќани, Никола Бумбаров – чевлар, Јове Јовев – падар, Моне Самоников – земјоделски работник, Крум Ефремов – тенекеџија, Милан Тодоров, Ристо Шопов, Глигор Патраклиев, Пано Гудинаков и други."[108]

Впрочем, за некаква поинтензивна активност на ВМРО (об) во градот не може да се зборува, освен некои форми на агитација и пропаганда, најчесто изразени преку растурањето на „Балканска федерација" и „Македонско дело" за други поконкретни резултати не може да стане збор. Можеби, за тоа придонесува и отсуството на посебен раководен орган на Организацијата во Штип, бидејќи со неа се раководело директно од врвовите на партиската организација. По групите и на состаноците најчесто се разговарало за дотогашните искуства на Македонското револуционерно движење, за бескруполозните форми на асимилацијата во поделената Македонија, за предавствата и злосторствата на Врховистичката ВМРО со челниците од типот на Ванчо Михајлов, Александар Протогеров и други, слични на нив.



*Пано Гудинаков, еден од првите активни членови на ВМРО (об)*
*(Музеј на град Штип)*

Без разлика на скептицизмот и односот на КПЈ спрема ВМРО (об), сепак, организацијата и покрај сите бескруполозни форми да го спречат нејзиното влијание меѓу народот од слугите на Ванчо Михајлов, таа даде свој вреден придонес за зајакнување на позициите на КП. Од поконкретните акции на ВМРО (об) во Штип најчесто се спомнуваат: учеството на нејзините членови во демонстрациите против диктаторскиот режим на Матковиќ и Каламатиевиќ во 1926 година и бојкотот на изборите од 1927 година. Овдека треба да се истакне и тоа дека ВМРО (об) во Штип меѓу своите членови имала и студенти што студирале

[108] Тодор и Димче Зографски, „КПЈ и ВМРО (об) во Вардарска Македонија во периодот од 1920 до 1930 година", Скопје, 1974 година, стр. 162

во Белград или Загреб и не само тоа, некои од нив биле и раководители на групи. Таков бил, на пример, студентот по економија во Загреб, Тодор Мировски и студентот по технички науки во Белград, Бојан Санев. Меѓутоа, и покрај не многу забележливите резултати, сепак и тоа било доволно носителите на власта на српскиот режим жестоко да се пресметуваат со членовите на ВМРО (об). Така на пример, „При фаќањето на еден курир кој пренесуваше пропаганден материјал на ВМРО (об) бил ликвидиран без суд, во Делчево, а само поради еден број „Македонско дело" што е најден при еден претрес во дуќанот на чевларот Шеќеринов, судот ги осудува и него и неговиот работник, Димче Митев, на 4 години робија."[109]

Но, и покрај сè, треба да се нагласи дека Штип во 1926 и 1927 година имал важно значење за ширењето на идеите на оваа организација. Ова го потврдува и податокот дека Обласниот комитет на ВМРО (об) бил на мислење дека писмената коресподенција на организацијата да се одвива само преку Скопје и Штип, а печатените материјали преку пунктови од Белград и Загреб да се доставуваат до Скопје, Велес и Штип.

Со големите провали во 1929 година, ВМРО (об) во овој дел на Македонија претстанува организираната и легалната дејност на оваа организација. „Членовите кои останале незафатени од апсењата се повлекле од работата во оваа организација, така што нејзиното влијание сред национално угнетените маси по 1929 година, така речи повеќе не се чувствувало."[110]

Во своето десетгодишно постоење ВМРО (об) во Штип, остави белег во политичкиот живот во градот и даде свој придонес за зајакнување на прогресивните и револуционерни сили чии резултати ќе бидат видливи во идните настани, а посебно оние по Априлската војна од 1941 година.

---

[109] Исто, стр. 164

[110] Даринка Пачемска, „ВМРО (об)", Скопје, 1985 година, стр. 99

## *6. АТЕНТАТОТ НА ГЕНЕРАЛ МИХАЈЛО КОВАЧЕВИЌ И ВОВЕДУВАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛНА ВОЕНО-ПОЛИЦИСКА СОСТОЈБА ВО ШТИПСКО*

Во моментот кога се почувствува попуштање на политичките стеги, во штипксиот регион се случил настан кој овозможил ново засилување на теророт и крвавата одмазда на кралскиот режим. Ота било убиството на генерал Ковачевиќ на 05.10.1927 година.

Михајло Ковачевиќ е роден 1878 година во село Рибница – Ваљево. Основното образование го завршил во Крагуевац, а потоа заминал на Нижата воена академија. Во Септември 1902 година бил унапреден во чин поручник. Како поручник учествува во убиството на кралот Александар Обреновиќ и неговата жена Драга Машин. Во годините 1913 и 1914 било извршено и првото регрутирање на околу 2.000 млади од Брегалничката област, кои биле испратени во Крагуевац. Овде бил формиран нов полк, познат под името Брегалнички пешадиски полк. Меѓу командантите на овој полк на еден баталјон се наоѓал и мајорот Михајло Ковачевиќ.

Учествувал во сите војни што ги водела Српската војска. На Солунскиот процес, како сведок бил повикан и Михајло Ковачевиќ, со задача да сведочи лажно, со што би придонел кралот Александар полесно да ја реализира својата цел во пресметката со високите офицери Апис и Бабиќ. Впрочем, како правичен и морален човек тој одбил лажно да сведочи, кажувајќи ја правата вистина, поради што бил затворен. Рехабилитиран е дури на обновениот Солунски процес во Белград.

Во 1922 година станал командант на Пешадиската бригада на Вардарската дивизиска област во Штип. Во 1925 година, на 1 Ноември, го добил чинот Бригаден генерал и сè до неговата смрт – убиството од 05.10.1927 година останал на служба во Штип.

Престојот на генерал Михајло Ковачевиќ во Штип е по многу свои белези, поради што неговата личност оставила трајни впечатоци не само на неговите современици, туку и подоцна. На што се должи тоа? Пред сè бил поборник на хумани меѓучовечки односи без разлика на нивната национална припадност.

Заедно со својата жена Зорка го формирал друштвото „Коло на српските сестри", во Штип. Исто така бил еден од основачите за формирање на Пчеларско друштво, а покрај тоа со своите совети често ги помагал земјоделците, особено лозарите. Посебно треба да се обележи активноста на Михајло Ковачевиќ околу омасовувањето на Соколското друштво и подобрување на условите за работа на соколите. Забележлива е и неговата работа за просветното издигнување на луѓето од овој регион. Лично барал материјални средства од Министерството за образование за школување на талентирани ученици од сиромашни средини. Според сеќавања на голем број на Штипјани на крајот од секоја учебна година генерал Михајло Ковачевиќ, на најдобрата сиромашна ученичка од Работничкото училиште и подарувал машина за шиење „Singer". Би додале и тоа дека, дали сето ова било резултат на демагошки причини или човечки карактер, сепак непобитен е податокот дека генерал Михајло Ковачевиќ ќе остави белег на едно време и трајни сеќавања на неговото постоење.

Токму оваа популарност на генерал Ковачевиќ меѓу граѓаните во Штип го свртела вниманието на ВМРО (автономисти) кои работеле на бугарска територија и кои биле добро информирани за активноста во штипскиот регион и пошироко. Тоа било и причината што Централниот комитет на ВМРО (автономисти) и Иван Михајлов ќе ја донесат и конечно одлуката – да се убие оваа личност. Затоа и сосема оправдан е скептицизмот во однос на мислењето дека потегот за убиство на генералот бил спонтан и случаен. Напротив изборот за неговото убиство бил организиран и подолго време подготвуван. Како потврда за ова се и заканувачките писма што често пати генералот ги добивал. Во едно од тие писма се вели: „Ти го спречуваш присоединувањето на Македонија кон мајка Бугарија и затоа ќе платиш со својата глава."[111]

За ова бил свесен и самиот генерал Ковачевиќ, поради што зборува и податокот од неговиот последен престој во Белград кога на еден свој пријател при збогувањето рекол: „Најверојатно повеќе нема да се видиме."

---

[111] Архив на град Штип, Фонд Михајло Ковачевиќ

Сето тоа укажува дека на популарниот генерал му биле одбројани деновите и се чекало само на миг или повод. Тој миг се случил на 05.10.1927 година. На тој фатален ден генералот се наоѓал во касарната на своите вообичаени обврски. По завршувањето на работата заедно со потполковникот Томиќ, началник на инжинеријата, навратил во „Гранд хотел". По излегувањето од хотелот, заедно со ѓаконот Јордан Јевремовиќ, кој исто бил во хотелот, заминале во правецот на раскрсницата Рајска, Крал Петар и Цар Душан, преку патот на црквата „Св. Никола". Ненадејно одекнал револверски истрел. Потоа уште три, двата во главата и еден во градите на генералот. Тој веќе бил мртов.

Кои биле атентаторите на генерал Михајло Ковачевиќ?

Извршители на овој атентат биле Илија Лилинков, Благој Кралев и Ипократ Развигоров.

Атентаторот Благој Кралев бил син на егзархискиот бугарски учител Јордан Кралев, кој во 1907 година пребегнал во Софија, заедно со својот син. Работеле како трговци. Овдека се вклучува во редовите на бугарските анархисти, за подоцна да се вклучи во редовите на Македонскиот комитет. Изборот на Благој Кралев да го убие генералот не бил случаен, тој веќе бил познат на софиската полиција како убиец, впрочем, бил ослободуван од судските процеси, благодарејќи на неговата поврзаност со Македонскиот комитет на Ванчо Михајлов. Често ги менувал комитските чети за да на крајот по системот тројка биде испратен во Штип.

Другиот атентатор, Илија Лилинков, исто како и многумина Штипјани не сакајќи да служи во Српската војска, се префрлува во Бугарија во 1922 година. Станува четник во четата на војводата Панчо Михајлов. Учествувал во многу акции во штипскиот и радовишкиот крај. Спрема некои извори учествувал и при убиството на Александар Стамболиски. По професија бил кројач, еден од оние кои српската влада го амнестирала. И поради тоа бил должен да се јавува секој ден во полицијата.

Ипократ Развигоров бил роден во Штип. Како и Лилинков, за да ја избегне воената обврска, и тој пребегнал во Бугарија. Во Перник работел како рудар. По сериозната повреда откога ќе стане траен инвалид се враќа во Штип, каде исто така бил амнестиран. За одбележување е дека српската

власт во него стекнала потполна доверба не претпоставувајќи дека крои пеколен план.

По извршениот атентат убијците успеале да побегнат од градот, упатувајќи се во правецот на Радовиш, па оттаму да се префрлат кон Малеш и бугарската граница. За тоа што не ја оствариле својата замисла фатални се два момента: едниот – телесната повреда на Илија Лилинков, на кој едната нога речиси му била целата неподвижна, и средбата со кметот на селото Дражанци. Откако кметот им дал храна и цигари, веднаш ја известил првата жандармериска станица. На потерата долго не се чекало. Во неа покрај жандарми, учествувала и војската од Штипската дивизија, која ги опколила на местото наречено Ораовска Река. Атентаторите успеале да се засолнат во една пештера, но набргу биле откриени. На лице место загинале Илија Лилинков и Ипократ Развигоров, чии тела биле толку унакажани што било тешко дури и да се идентификуваат. Третиот член на оваа тројка бил фатен жив и префрлен во Штип.

Утредента во 7 часот наутро била извршена идентификација на комитите. Впечатлив момент од овој настан бил ликот на мајката на Илија Лилинков – Анастасија, која доближувајќи се кон телото на својот син извикала: „Еве го господине, тоа е мојот син, проклет син. Да даде господ да земјата да не го прими." Се свртела кон својот мртов син велејќи: „Што направи со нас сине." Самата мајка Анастасија знаела дали овие зборови доаѓаат од срцето и душата и стравот или биле присилно изнудени за да ги слушне многубројниот насобран народ.

Потоа Ипократ Развигоров бил препознат од својот брат.

Што се однесува до Благој Кралев, можеби повеќе пати ќе зажали што останал жив бидејќи за него голготата допрва доаѓала. Српските полициски власти сакале максимално да го искористат овој настан, да добијат нови сознанија за неговата позадина.

И се чини дека во тоа целосно успеале. Дека тоа е така сликовито кажува и самиот иследник Свет М. Драгачевиќ, во неговиот извештај заведен под број 150 од 11 Октомври 1927 година го опишува начинот на испитувањето на обвинетиот Благој Кралев, обвинет за убиството на бригадниот генерал Михаил Ковачевиќ. Тоа изгледа вака:

„– Се викам Благој Јордан Кралев, стар 21 година и поданик бугарски.

– Кои се членови на Централниот комитет и каде живеат?

– Членови на Централниот комитет се: бугарскиот генерал А. Протогеров, Иван Михајлов и Ѓорѓи Попхристов. Генерал Протогеров живее во Софија, на улица „Валково", а честопати наминува во Ќустендил и Петриќ, каде нема постојано место на живеење, тука се сместува кај своите пријатели. Иван Михајлов, бивш студент живее во Софија на улица „Цар Борис" бр. 47. Често ги обиколува пунктовите на началкиците во целата земја. За Ѓорѓи Попхристов знам дека само живее во Софија. Ѓорѓи сега се наоѓа во Албанија каде врши организирање на бугарски чети за префрлување во Србија.

Главните пунктови се наоѓаат во: Ќустендил, Џумаја, Петриќ, Свети Врач и Нехомија. Пунктови началници се: за Ќустендил – Куртов, бивш учител, за Џумаја – Караџов, а за Петриќ не го знам.

Од претставниците на Централниот комитет: во Софија се Прличев, Томалев и Шанданов, во Ќустендил – Узунов, бивш судија, во Свети Врач – Развигоров, син на Мише Развигоров.

– Благој кажи во кој однос се наоѓаат бугарската државна управа и воените власти спрема Централниот комитет.

– Односите помеѓу Централниот комитет и бугарските управни воени власт се во добри односи и се помагаат меѓу себе."

Понатаму Благој Кралев детално ги образложува во што се изразуваат тие добри односи, каде се наоѓа главната каса на комитетите, колку биле платите на куририте, комитите, началниците, војводите и други.

На прашањето од иследникот, кој го извршил атентатот во Штип на генерал Ковачевиќ, Благој Кралев одговорил: „Атентатот во Штип на генерал Ковачевиќ, по наредба на Комитетот го извршивме, јас, Благој Кралев, Илија Лилинков и Ипократ Развигоров. За извршување на оваа задача, Илија Лилинков бил испратен во Штип порано, а јас и Ипократ дојдовме на еден ден пред овој настан. Се најдовме со Илија и го пречекавме генерал Ковачевиќ пред неговата куќа, на петти овој месец и го убивме. За извршување на оваа задача од Комитетот добивме револвери, пушки, бомби

и пари. За извршување на овој чин наредба издал Иван Михајлов, член на Централниот комитет."[112]

Атентатот на генерал Ковачевиќ предизвика силен интерес не само во српскиот печат туку и во печатите на многу европски земји.

Убиството на генерал Ковачевиќ во Штип и Брегалничкиот регион предизвикало незапамтен терор од кога и да било порано. Михајло Каламатиевиќ повторно ја зел целокупната власт во градот и околината и потпомогнат од полицијата и власта завел режим на терор и убиства. Самиот град бил опкружен и отсечен од другиот свет. Спрема сеќавањата на многу свидетели на овој настан полицијата и војската ги контролирала сите патишта што излегувале и влегувале во Штип. На поедини витални места деноноќно стражареле полициски и воени лица, за да не може населението ниту да излегува, ниту да влегува во Штип. Луѓе кои се нашле во овој момент во Штип, случајно или на гости биле водени во полициските станици, каде биле задржувани и малтретирани.

За овој настан пишува и „Време" од 7 Октомври 1927 година каде пишува дека градот бил обиколен со војска и жандармерија. Дуќаните биле затворени. Никој не смеел да ги отвори, освен гостилничарите и пекарите. Ноќеска никој не смеел да се види на улица освен во придружба на жандарми. Секој премин од градот, без посебни пропусници од страна на власта, бил невозможен. Новинарите исто така тешко се пробивале низ војската и жандармеријата за да добијат некој извештај. И конечно по долготрајните испитувања, заврши процесот на оптужените за убиството на генерал Ковачевиќ.

Во Штип на 16 Март 1928 година, Штипскиот првостепен суд ја донел и следната одлука: Благој Кралев осуден на смрт, пресудата му била извршена во 1929 година, Коле Делипетровиќ исто така осуден на смрт, Донче Живадиновски, бивш кмет – осуден на смрт, Панче Бардаровиќ – осуден на смрт, Илија Велковиќ – 20 години робија во окови, Џорџе Златковиќ – 15 години, Ванѓел Стаменковиќ – 12 години, Стамен Доневиќ – 15 години, Трајче Гуњов – 20 години, Васил Гранков – 12 години, Атанас

[112] Иследник поглавар на Срезот Свет М. Драгачевиќ, Пов. бр. 150, 11 Октомври 1927 година, Архив на Град Штип, Фонд Михајло Ковачевиќ

Рашковиќ – 12 години, Коча Душевиќ – 5 години, Михајло Буретчиевиќ – 12 години и Јана Донева – 4 месеци.

Покасно Апелациониот суд во Скопје ќе ја преимени пресудата на Штипскиот првостепен суд. Смртните казни на Донче Живадиновски, Панче Бардаровиќ и Коле Делипетровиќ ќе ги намали на 20 години. Ослободени биле Јана Донева, Јордан Ќертков, Јордан Воденичаровиќ, Симо Џорцевиќ, Василија Бочваровиќ, Крум Хаџиандоновиќ и други.

Изменетите услови целосно оделе во прилог на Михајло Каламатиевиќ. Сега може да прави што сака и колку сака, а што е битно и под благослов на власта.

На 08.10.1927 година на седницата на Општинскиот одбор во Штип била донесена одлука која гласи: најголемиот пазар неизграден во Штип да го носи името на Михајло Ковачевиќ и да се подигне споменик.



*Споменик на генерал Ковачевиќ*
*(Фототека „Народна техника")*

Овој црн терор кој го спроведувал Михајло Каламатиевиќ ќе продолжи и за време на монархофашистичката диктатура и после неа. За потврда на ова ќе се послужиме со зборовите на Сава Д. Петровиќ, познат адвокат во Штип и претседател на Одборот на Брегалничката банка, акционерско друштво во Штип, кој во еден извештај од 11 Август 1934

година, до Штипскиот суд, заведен под број 9609 ја користи приликата да даде свое мислење за општата состојба во градот, а најмногу за самоволијата и најнечовечките постапки на Михајло Каламатиевиќ.

Во опширниот извештај меѓу другото тој вели: „Политиката што ја спроведува Михајло Каламатиевиќ со неговите општински агенти сее раздор меѓу народот од овој крај и по ништо не се разликува од она што го ‚прави Иван Михајлов во Петриќ и Џумаја'." Сава Д. Петровиќ додава дека: „Тие се сè и сешто, за нив не важат ни закони, ни чест, ни морал и никој не е во состојба да им застане на пат. Народот не може слободно и сè што го боли да каже, затоа трпи и пати."[113]

Својот извештај адвокатот Петровиќ го завршува со сугестија дека состојбата никогаш нема да се измени се дури ваквите „родољуби" и „усреќувачи" на народот конечно не се најдат зад решетките во Лепоглава.

[113] Брегалничка банка, микрофилм 293, Архив на Македонија

# ГЛАВА СЕДМА

## УЛОГАТА НА СРПСКАТА ЦРКВА ВО ШТИП И ШТИПСКО

Во својата историја Македонската православна црква ќе има свој разнообразен развоен пат проследен со чести падови и доблесци. Нејзините зачетоци најтесно се поврзани со работата на учењето и проповедите на двајцата најталентирани ученици на светите браќа Кирил и Методиј: Климент и Наум. Ширејќи ја христијанската вера меѓу македонските Словени, тие всушност ја реализираа желбата на нивните учители Константин и Методиј да го избават словенството од мракот на незнаењето вклучувајќи го овој народ на тој начин помеѓу цивилизираните и културни народи на Европа. Создавајќи ја азбуката „кирилица" наречена по името на светиот учител, Климент ќе успее уште повеќе да ја доближи христијанската вера до македонскиот народ. На овој начин Климент се и идентификува себе не само со создавањето на Македонската православна црква туку и со нејзината трајност низ вековната историја на македонскиот народ. Затоа не случајно народот ќе создаде од него култ и божество глорифицирајќи ја не само неговата личност туку и неговата работа. Ова е изразено и преку многубројните пофални слова упатени до него. Во едно од овие се вели: „Со зборови си ги упатил народите кон верата Божја, со делата си се издигнал преблажение, кон божествен и блажен живот. Со чудеса си ги просветил оние што пристапуваат верно кон тебе преславно осветлувајќи ја темнината. Заради тоа ја славиме твојата божествена памет, Клименте, ти загрме со своето учење."[114]

Зафаќајќи се со организирањето на својата епископија Климент Охридски ги поставил не само основите на Македонската православна црква, туку воедно ги втемелил основите на идната Охридска архиепископија – денес Македонската православна црква. Оваа епископија ќе помине долг историски период на успешен развој опстанувајќи на сите ветрини, световни и духовни, задржувајќи ја својата автокефалност сè до нејзиното

---

[114] Билтен на Републичкиот сојуз на православните свештеници, Здружение на Р. Македонија, Скопје, Библиотека на црквата Св. Никола – Штип

укинување во 1767 година. Но македонскиот народ нема да престане да се бори и во времињата што доаѓаат, поцрни од мрак и потешки од камен. Обновата на Охридската архиепископија отсекогаш тесно била поврзана со борбата на македонскиот народ за национално ослободување.

Веќе во втората половина на XIX век е време на македонската преродба која ќе се почувствува силно во народното движење за отфрлување на јурисдикцијата на Цариградската патријаршија и за обнова на Охридската архиепископија. „Често се сретнуваат масовни движења, во кои покрај борбата за македонски јазик, се водела организирана борба и за македонската црква."[115]

Црковните училишни општини како просветни институции преку формирање на училишта, кои станале средиште на духовниот живот на нашиот народ. Училиштата биле значаен фактор во неговиот развиток. Тие не само што ги задоволувале образовните потреби, туку влијаеле и на неговото национално осознавање.

Што се однесува до Штип и штипско, иако во него постоеле црковни општини уште во почетокот на XIX век, за вистинска црковна училишна општина може да се зборува дури по обновата на црквата „Св. Николај" во 1867 година.

Новата политичка состојба на Балканот по Првата балканска војна доведе до поделба на нејзините епархии. На место бараната обнова на Охридската архиепископија, дојде до воспоставување на јурисдикции на македонските епархии од трите соседни цркви. По насилното распарчување на македонскиот национален интегритет во фаталната 1913 година и присоединување дел на Македонија кон Србија, во сите поважни центри на Македонија биле испратени емисари на СПЦ. „Во Штип бил испратен Таса Урошевиќ, протојереј од Топличкиот округ. Овие пратеници имале задача да ја проучат положбата, да преземат мерки за организациони и кадровски решенија што би биле во согласност со политиката на Србија и СПЦ во Јужна Србија."[116]

---

[115] д-р Славко Димевски, „Охридската архиепископија", Скопје, 1968 година, стр 28

[116] Доне Илиевски, „Автокефалноста на Македонската православна црква", Скопје, 1972 година, стр. 104



*Црквата „Св. Николај" – седиштето на Злетовско-струмичката епархија (Фототека „Народна техника")*

Во Првата светска војна по окупацијата на Македонија од бугарските војски, била воспоставена јурисдикцијата на Бугарската егзархија, која се задржала се до 1918 година. Во 1919 година Вардарска Македонија влезе во составот на Кралството на СХС по постигнатата спогодба со Цариградската патријаршија, епархиите на териториите на Вардарска Македонија ги прогласила како српски и ги вклучила како составен дел на единствената Српска православна црква. Во составот на Српска православна црква влегува и Злетовско-струмичката епархија со седиште во Штип.

Првите мерки на епархиите во Македонија биле насочени кон отстранување на сите свештеници и други раководни лица во црковните општини што политички не ѝ одговарале на хегемонистичката и денационализаторска политика на СПЦ. Започнале масовни отпуштања на многу свештеници. Така, на пример, во Злетовско-струмичката епархија во месец јануари во 1922 година биле отпуштени 30 свештеници, а во наредната година биле разрешени уште 8 свештеници. Од еден извештај од Министерството за внатрешни работи, Одделение за јавна безбедност, упатено до Министерството за просвета, јасно се забележува дека од него се бара максимално залагање и помош за враќање на народот кон српската мисла која наполно

била одвоена од народот цели четириесет години благодарение на бугарската пропагандистичка активност. Во еден друг ракопис од Министерот за просвета се бара беспрекорно однесување на просветните власти во давањето помош за воспитувањето на младината во религиозен дух и за нејзино однародување и задојување во српски дух.

## I. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЗЛЕТОВСКО-СТРУМИЧКАТА ЕПАРХИЈА

Злетовско-струмичката епархија во која влегува и штипскиот регион во својата административна поставеност се дели на: архиерејско наместништво, црковни општини со парохии и манастири, архиерејското наместништво го сочинувале одреден број на црковни општини под надзор на архиерејскиот наместник. За формирање и наслов, укинување и промена на Архиерејското наместништво одлучувал Епархискиот архиереј во договор со Епархискиот црковен суд и Епархискиот управен одбор, а по одобрение на Светиот архиерејски синод, составен во согласност со Патријаршискиот управен одбор.

Црковната општина, пак, ја сочинувале една или повеќе парохии, парохиите во едно место сочинувале една црковна општина.

Спрема шематизмот објавен од Светиот архиерејски синод од 1924 година, парохиите во штипскиот регион изгледале вака:

1. Црквата „Св. Николај” со парохот Михаил Анџелковиќ, Димитрија Ѓорѓичковиќ и Ристо Шеќериновиќ.

2. „Успение Света Богородица” во Ново Село – Штип, Од архивската документација со која располага фондот на црквата „Успение Света Богородица”, може да се види дека парохијата на црквата постоела отсекогаш како самостојна во штипскиот округ. Од летописот на парохијата на црквата во Ново Село составен во 1928 година, може да се види кои свештеници опслужувале, а меѓу нив и архимандритот Симеон, протојереј Хазарие, јерејот Михаил Голев, архимандритот Пане Велев,

Анушков Илија, Червенелски Ристо, Ѓурѓичков Димитар, Бурев Глигор и Панев Михаил.

3. Брестичко со селата: Брест, Танатарци, Горичино, Шопур, Балталија, Селце, Љуботен, Долани и Софилари. Цркви во оваа парохија постоеле во селата: Брест – „Св. Атанасие" и во Долани – „Св. Илија". Парох на оваа парохија бил Петар Михаиловиќ.

4. Лесковачка парохија со селата: Лесковица, Пиперово, Суво Грло и Степанци. Цркви во оваа парохија имало во селата: Лесковица – „Св. Ѓорѓија" и Пиперово – „Св. Теодор Тирон". Парох бил Стојан Димовиќ.

5. Карбинска парохија со селата: Карбинци, Радање, Никоман, Караорман, Козјак, Липов Дол, Калапетровци, Таринци, Кошево, Почивало и Вртешка. Парох бил Михајло Ковачевиќ.

Злетовско-струмичката епархија била поделена на 10 намесништва. Во Штип постоеле 8 парохии во Струмица 20, Кочани 16, Малеш со 19, Овчеполска со 10, Радовиш со 8, Царево Село со 7 и Тиквешки протопрезветерот: со намесништвата 8 во Кавадарци, 9 во Неготино и 10 во Ѓевгелиско.

Црквите располагале со неподвижен имот, сопствени згради, воденици, дуќани, кои ги издавале под наем. За покривање на расходите на Црквата освен средствата предвидени со буџетот, Црквата имала приходи од црковни такси по член 12 од Законот на СПЦ, државна помош од установи, доброволни прилози, подароци од венчавање, крштевање, продавање на свеќи и друго. Активноста на црквите се одвивала преку следните органи:

- Црковно-општински збор;
- Црковно-општински совет и
- Црковно-управен совет.

За член на Црковно-општинскиот совет можел да биде биран граѓанин кој наполнил 30 години од животот, да е државјанин на Кралството Југославија и кој во соодветната црковна општина живеел најмалку 1 година. Српската православна црква вила заинтересирана за негување и развивање на црковната просвета и за црковната уметност. За овие потреби формирала и подигала соодветни училишта и заводи за

образование на свештенството. Постоеле виши и нижи богословски и монашки училишта. Овие училишта ги основал Светиот архиерејски собор во договор со Патријаршкиот совет, а ги укинувал со своја одлука. Карактеристичен пример за подолготрајно решавање на своите кадровски проблеми е отворањето на Битолската православна богословија во 1920 година. Наставните планови и програми во богословските и монашките училишта ги донесувал Светиот архиерејски собор, заедно со Министерството за просвет. Тие ја составувале наставната програма по веронаука за православната вероисповед во училиштата. Целта на веронауката во наставата во училиштата била да ги поттикне и развие моралните и религиозните чувства кај децата. Во таа смисла во Штип и штипско во сите училишта задолжително била застапена веронауката.

Впрочем, наставната програма во штипскиот регион по предметот веронаука била во друг дух и со јасна ориентација преку црквата да се врши асимилација и денационализација на македонскиот подмладок. Во училиштата вероисповедта се вршела исклучиво на српски јазик, а воедно се величело и средновековието српско, феудално историското мимнато, кое оставило белези и во овој регион. Такви се црквите „Св. Архангел" под Исарот и црквата „Св. Спас" задужбина на војвода Реља.

„Црквата „Св. Архангел" ја изградил војводата Реља кој долго време управувал во Штип. Црквата со имотот и луѓето Реља ќе ги подари на манастирот „Хилиндар". Кога Турците го освоиле Штип, црквата ја претвориле во џамија и ѝ дале ново име „Фетија" (Освоена)."[117]

Граѓаните на Штип и штипско ја посетувале црквата преку цела година, а особено во неделите на сите големи и помали христијански празници. Верниците во регионот исто така ги посетувале и манастирите и тоа не само на нивните патрони-празници туку и во обичните денови, додека за време на празникот посветен во манастирот конаците биле недоволни да ги соберат луѓето. Многу од нив биле принудени да спијат под ведро небо. На овие собори покрај религиозното обележје преку музичката песна и

---

[117] Иван Снегаров, „Историја на Охридската архиепископија од почетокот на турското владеење до нејзиното пропаѓање 1394-1767" Софија, 1932 година, стр. 473

играта народот доживувал вистинска катарза, заборавајќи на секојдневниот тежок живот.

Црквата ставена во служба на големосрпскиот режим служела и како форма за груба асимилација и посрбување на македонскиот народ. Ова таа го правела систематски и организирано, почнувајќи од најраното детство до најстарата возраст. Во прилог на ова ќе ја спомнеме и вистината дека при новороденче родителите ни името на детето не можеле да го стават надвор од списокот на имињата што ги нудела црквата.

Најсилен столб на српската асимилаторска политика биле нејзините поглавари. Во Штип и штипско во ова време такви се:

1. Неговото преосвештенство господин Серафим. Тој бил роден во Призрен. Завршил богословско училиште во Призрен 1895 година. Од 1912 до евакуацијата во 1915 година работел во Призренската богословска учителска школа како суплент. Од 1919 до месец декември бил професор во штипската гимназија. На 23 Декември 1920 година во белградската Соборна црква е хиротонисан за епископ на Злетовско-струмичката епархија. Бил одликуван во војската при „ослободувањето" на Битола во 1916 година со златен медал, а како професор во штипската гимназија со орден „Св. Сава". На ова место епископ Серафим останал до 1929 година.

2. Епископ д-р Венијамин од Бихаќ доаѓа во Штип во 1929 година. Граѓаните и властите од Штип му приредиле помпезен дочек на чело со тогашниот претседател на општината, Мијалче Каламатиевиќ. Новиот владика бил поздравен и од епископот Тимочки, Емилијан во својство на претеник на Архиерејскиот собор и Патријарх српски господин Димитрија. Потоа во името на свештениците од епархијата го поздравил протоерејот на Брегалничкиот округ господин Пешиќ. По церемонијата новиот владика бил одведен во неговата резиденција на левиот брег на реката Отиња, во куќата во која подоцна било отворено нижото музичко училиште (токму на местото на сегашното општинско собрание). Во 1930 година при гимназијата во Штип е отворен училишниот дом Крал Александар I. Целта на овој дом била да се овозможи полесно школување на сиромашните и талентирани деца. Оваа полезна иницијатива, може да се каже, дека била повеќе приватна и дело на епископот Венијамин и генералот Стево Радовановиќ. „Пра-

вилата за работа на домот, претседателот на иницијативниот одбор, епископот Венијамин ги испратил дирекно до директорот на штипската гимназија Крсто Љумовиќ, со цел тој да ги испрати на одобрување во Дворот, за домот да го носи името на Кралот."[118] Покрај тоа, владиката Венијамин се истакнал како активен пропагатор на српството во Штип и штипско, а нешто и пошироко во цела Злетовско-струмичка епархија. Од тој аспект Венијамин бил многу дарежлив спрема свештениците од епархијата кои со ентузијазам го ширеле српството меѓу македонскиот народ. Од тие причини не е случајно што носителите на власта при неговото заминување на 4 Октомври 1934 година му приредиле величествен испраќај.

3. Во 1934 година за нов епископ на Злетовско-струмичката епархија бил назначен д-р Симеон Поповиќ и пречекот на овој епископ не се разликувал многу од оној на Венијамин. Во времето на владикувањето на д-р Симеон во Злетовско-струмичката епархија постоеле 97 парохии и 73 парохиски свештеници. За одбележување е дека во овој временски период свештенството се управувало по канонски и законски ред. За време на епископувањето на д-р Симеон Поповиќ, работата на свештениците ќе придонесе да се почувствува силен подем во верски и национален подем. Владиката д-р Симеон успеал со своите демагошки иницијативи да го привлече народот. Така на пример, по негова иницијатива при црквата „Св. Никола" било формирано Верско старателско друштво кое се грижело да овозможи помош на сиромашните и немошните луѓе. Во негово време било формирано и пејачкото друштво на Српската православна црква „Цар Урош", а подоцна по желба на неговиот секретар и членовите на друштвото ќе го добие името „Брегалница". Пејачкото друштво, покрај основната дејност, пеењето во црквата, приредувало и духовни концерти во градот.

Во 1939 година владиката д-р Симеон Поповиќ изврши осветување на новиот Соколски дом во Штип. „По осветувањето на Домот, д-р Симеон Поповиќ пред присутните одржа беседа за важноста на соколската

---

[118] Писмо од Министерот за просвета, С.Н. бр. 34026 од 30 Октомври 1930 година, Архив на Југославија, Београд

активност и се заблагодари на сите што придонеле за изградба на Соколскиот дом во Штип."[119]

Во меѓувреме епископот д-р Симеон заболува и на негово место за администратор на епархијата бил одреден митрополитот Скопски г. Јосиф. На 21 Октомври 1939 година Симеон починал и бил закопан во црквата „Св. Архангел Михаил" во Штип.

4. Граѓаните на град Штип и целата Брегалничка област на ден св. Трифун, 1939 година го дочекале новиот владика Викентија Проданов. На пречекот присуствувале банот на Вардарската бановина, г-н Александар Андреевиќ, претседателот на општината, Михајло Сеизовиќ, сенаторот Михајло Каламатиевиќ, командантот на Брегалничката дивизија, Г. Стаменковиќ и други. Уште во својот прв поздравен говор, тој ја истакнал својата задача, да работи на посрбување на народот од овој крај. Затоа тој ќе рече: „Мојата програма е стара, но не и застарена, ниту пак некогаш ќе застари. Таа програма овде ја пропагирале и остварувале апостолите, мачениците и свештениците. Таа програма овде ја спроведувале и луѓе од науката и администрацијата и други субјекти. За негова жал, владиката Викентије Продановиќ немал многу време да ја реализира својата мисија, бидејќи доаѓа оној Април и бомбардирањето на градот, а владиката Викентије го напуштил Штип и заминал за Белград.

Спротивно на оваа интензивна денационализаторска и асимилаторска политика на СПЦ, имало и свештеници кои енергично се спротивставувале на оваа политика и вложувале напори за ослободување од српската јурисдикција на Македонската црква. Во контекс на овие настојувања би ги издвоиле штипските свештеници: протојерејот Михаил Панев (поп Дудо) и протојерејот-ставрофор Методи Димков.

Свештеникот Михаил Панов е роден на 21 Септември 1905 година во Штип. Својата наклоност кон христијанската вера ја манифестирал уште во најраното детство. Основно училиште и гимназија завршил во неговото родно место. Во Битола завршил Богословско училиште во 1926 година. По завршувањето на ова училиште стапува како свештеник на епархискиот духовен суд во Штип. За ѓакон е ракоположен на 29 Октомври 1932 година.

---

[119] Гласник Српске православне патријаршие, 25 Октомври 1939 година, Београд, стр. 573

Повеќе години работи како архиерејски заменик на Злетовско-струмичката епархија и бил претседател на Соборниот храм во црквата „Св. Никола" во Штип. По ослободувањето, популарниот меѓу народот, поп Дудо несебично се вклучува во сите форми на активности на младата Македонска православна црква. Умира на 28 Август 1967 година.

Протојереј-ставрофор Методи Димков е роден на 21 Јануари 1912 година во Штип. Завршил Богословија во Призрен. Повеќе години работи како свештеник во црквата „Успение Св. Богородица" во штипско Ново Село. Веднаш по ослободувањето како активен свештеник Методи Димков се вклучува во напорите за реализација на вековните идеали на македонските верници – осамостојување на Македонската православна црква преку обнова на Охридската архиепископија. Како еден од ретките заслужни свештеници, набргу станал секретар на Иницијативниот одбор за организирање на Македонската православна црква. Димков учествува во донесувањето на сите историски одлуки кои на МПЦ ќе и донесат самостојност. Со својот човечен и морален лик свештеникот Методи Димков влеваше доверба и ја уживаше почитта од сите граѓани на својот роден град. Умира на 20 Февруари 1974 година во Штип.

Желбите на овие свештеници и на многу други и на целиот македонски народ ќе бидат остварени на ден 16 Јули 1967 година кога на Црковно-народниот собор во Охрид ќе биде донесена одлука за возобновување на автокефалноста на Македонската православна црква.[120]

---

[120] Сите податоци за работата на Злетовско-струмичката епархија се земени од Гласник на Српската православна патријаршија; Весник на Српската патријаршија; Весник на Македонската православна црква; Шематизам на Српската православна патријаршија, издаден 1924 година, том I, од Архиерејскиот синод, стр. 181; Фондот на црквата „Успение Св. Богородица" при Архивот на градот Штип

## ГЛАВА ОСМА

# ЕВРЕИТЕ ВО ШТИП МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

Познато е дека, покрај Скопје и Битола во периодот меѓу двете Светски војни, бројно еврејско население живеело и во Штип. За тоа како и кога дошле Евреите во Штип најверојатна е претпоставката дека тие во овој град се доселиле од Солун. Во прилог на оваа претпоставка постојат повеќе документи од кои ќе ги спомнеме двата турски пишани документи од 1512 и 1530 година, спрема кои во Штип живееле 38 еврејски семејства, дојдени од Солун.

Еврејското население во Штип живеело во центарот на градот и главно било сместено на десната страна на реката Отиња. Еврејската заедница во Штип во периодот меѓу двете Светски војни и покрај сите политички и економски тешкотии, успеала не само да му обезбеди сигурен опстанок на своето население, туку да организира и богат општествен живот. Тие во градот имале своја еврејска општина, синагога, училиште и други институции.

Својата, пристојна егзистенција, еврејското население во Штип ја обезбедувало преку трговијата и занаетчиството. „Во составот на еврејското население и неговата економска структура влегувале: домаќини – 164, ученички и ученици – 159, трговци – 72, шивачки – 35, бакали – 19, касапи – 10, работници – 9, брашнари – 7, чевлари – 6, тенеќеџии – 5, трговски помошници – 4, златари – 3, кафеанџии – 3, овоштари – 2, житари – 2, надничари – 2, печатар – 1, сараф – 1 и други."[121]

Еврејското маало во Штип со години постоело во релативно мал простор. Меѓу двете Светски војни тука живееле околу 160 фамилии со околу 560 жители. Имало случаи кога некои Евреин работел заедно со

---

[121] Податоците се извадени од списоците подготвени за депортација на Евреите од Македонија, Историја, број 2, Скопје, 1987 година

македонското население. Карактеристичен е случајот Бохар Леви и Ристо Јанев кои работеле на откуп на разни земјоделски продукти. Имало и за откуп на афион. Од објектите во Штип постоела и една полуиндустриска мелница „Брегалница", сопственост на Јордан Пуздерлиев и Давид Мошон Сион. Афионот бил еден од најглавните производи во трговијата на населението од штипско. Еврејските трговци исто така биле вклучени во трговијата со опиум кој им овозможил забележливи финансиски ефекти. Еврејските трговци покажувале голем интерес за влужување на акции во Брегалничката банка чии финансиски резултати, исто така биле видливи.

Спрема сеќавањата на Јордан Зуљамов, автентичен сведок на ова време, Евреите биле снаодлив и отпорен народ, кои вешто умееле да ја остварат својата цел. Лично тој другарувал со нив и навлегол во обичаите и психологијата на овој народ. Еврејските дуќани и работилници по правило во саботите и на еврејските празници не работеле, со исклучок на оние кои по карактер на своите производи морале да работат. Зуљамов се сеќава дека најомилено место во летните горештини за излет и одмор било селото Лесковица и бањата „Ќежовица". Честопати наминуваа и во мојот дуќан, се снабдуваа со овошје и зеленчук, а потоа заминуваа по своите дуќани. Фатално веруваа, можеби како обележје на суеверие дека првиот човек што ќе влезе во нивниот дуќан мора нешто да купи, макар и по најниска цена.

Исто така имало случаи кога деца од штипски фамилии изучувале занает во еврејски семејства. Таков е случајот со Штипјанката Даница Пампалејска, која од 1934 година до 1938 година го изучувала шивачкиот занает, кај, тогаш познатата, шивачка Треа Мошон. Иако веќе во години, сеќавањата на Даница Пампалејска сè уште се живи и свежи. За овие денови за нејзиното чиракување во семејството Мошон таа кажува: „Работев двократно, без пари, а единствен надоместок изразен во пари го добивав, поради тоа што секоја сабота наутро го палев оганот, од причини што саботите, покрај тоа што за Евреите беа неработни, тие немаа обичај да палат ниту оган." Пампалјска кажува дека од сè најмногу била импресионирана од културното однесување спрема неа, од култот спрема чистотата и специјалитетите во исхраната, особено познатите еврејски семки кои и ден денес во Штип претставуваат вистинско задоволство. За

одбележување е дека Штипјани биле во пријателски односи со еврејските семесјтва. За периодот за кој станува збор не е забележан некој потежок инцидент или било каква конфликтна ситуација. Но и покрај оваа вистина чудно звучи констатацијата дека не е забележано склучување на ниту еден брак на македонско со еврејско семејство. Единствен случај е настанот со девојката Жана од еврејско семејство која побегнала за српски воен музичар. За овој настан пишува и белградска „Политика" под наслов „Бегањето на младата штипска Еврејка": „Голема сензација настанала во Штип кога ќе побегне убавата Еврејка, ќерка на Давид Сион со поднаредникот на воената музика, Јован Ѓорѓевиќ. Еврејката била многу убава, вредна и почитувана во градот."[122]

## I. КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНИОТ И ЗАБАВНИОТ ЖИВОТ НА ЕВРЕЈСКОТО НАСЕЛЕНИЕ ВО ШТИП МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

Во периодот меѓу двете Светски војни во Вардарска Македонија постоеле 3 еврејски општини: Скопската, Битолската и Штипската. Евреите во Штип имале своја општина, синагога, училиште и други организирани институции. Овие општини ја негуваа еврејската култура и јазик и развиваа голема културна и верска дејност меѓу овие припадници. Опшината располагала и со своја фондација чии средства билеползувани во хуманитарни цели: згрижување на болни и изнемоштени лица, помагање на деца за школување од најсиромашните еврејски семејства и помагање на духовните активности изразени преку бројните институции од ваков карактер.

Синагогата во Штип има подолга историја. Старата синагога била изгорена за време на Балканските војни. „По Првата светска војна беше покренато прашање за изградба на нова синагога. Иницијатор и главен организатор за таа изградва беше Давид Менахем Сион, наречен „Хаџи Давид" и

[122] „Политика", Београд, 1928 година, стр. 6

бил претседател на еврејската општина. Новата синагога била изградена околу 1925 година."[123]

Меѓу другите, најпознат рабин во Штип, кој се задржал повеќе години бил Давид Натон. Овдека треба да се спомне и тоа дека покрај верската служба, рабините воделе и матична книга на Евреите. Освен верските обреди, во синагогата се одржувале и други собири и тоа најчесто со културно просветен карактер. Еврејското училиште како образовна и воспитна институција, постоело повеќе години. Според податоците на Исак Сион[124] тоа не било училиште од современ тип, ниту со некоја верификација на признат ранг или степен на образование. И програмата што се реализирала во ова училиште овозможувала најелементарни познавања од писменоста, аритметиката и еврејската историја. Читањето и пишувањето, исто така, било на хебрејски и со хебрејски букви. Се изучувало читање и пишување и на хебрејско-шпански со прилагодени хебрејски букви. Ова училиште го посетувале сите еврејски деца од 5 до 10 години. Наставата главно имала индивидуален карактер, во зависност од возраста и можноста учениците да ја совладаат. Во еврејското училиште работеле двајца учители и тоа со педагошка подготвеност, а ги финансирала еврејската општина.

Од главната книга на училиштето може да се констатира дека него во периодот меѓу двете Светски војни го посетувале следните ученици:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. Капуало Пилкас | I клас | 2. Сион Ана | I клас |
| 3. Леви Дона | I клас | 4. Сион Арон | I клас |
| 5. Леви Давид | I клас | 6. Сион Моше | I клас |
| 7. Сион Оро | I клас | 8. Леви Моша | I клас |
| 9. Сион Минкас | I клас | 10. Јакар Исак | I клас |

[123] Исак Сион, Учеството на Исак Сион во НОВ во Штип од 1941 до 1945 година, Сеќавање, 13 Март 1985, ракопис, Градски архив Штип

[124] Исак Сион е еден од малубројните македонски Евреи што ја избегнаа депортацијата во март 1943 година и смртта во Треблинка. Кога окупаторската војска и полиција ги спроведуваа штипските Евреи кон железничката станица, Исак со извонредно чувство на решителност и храброст, кога можел на самото место да биде застрелан се издвојува и бега, поминувајќи потоа во партиска илегала. Исак Сион бил истакнат учесник во НОВ, носител на партизанска споменица од 1941 година, член на АСНОМ и поранешен висок државен функционер.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11. Коси Сара | II клас | 12. Леви Давид | II клас |
| 13. Леви Естерина | II клас | 14. Леви Менахем | II клас |
| 15. Сион Аврам | II клас | 16. Леви Исак | II клас |
| 17. Леви Мојс | II клас | 18. Сион Жулија | III клас |
| 19. Сион Пинхас | III клас | 20. Натон Хаим | III клас |
| 21. Деви Барух | IV клас | 22. Леви Шамоел | IV клас |
| 23. Сион Јаков | IV клас | 24. Леви Исак | V клас |
| 25. Леви Мојс | VII клас | 26. Леви Пава | VII клас |
| 27. Леви Менахем | VII клас | 28. Леви Матилда | VIII клас |
| 29. Сион Мојс | VIII клас | | |

Список на еврејски ученици што биле запишани во учебната 1941/42 година:

| | |
|---|---|
| 1. Дона Самоел Леви | 29.05.1934 |
| 2. Марина Самоил Сион | 14.05.1935 |
| 3. Марина Дев Каноана | 17.04.1935 |
| 4. Ребека Чел Леви | 09.03.1933 |
| 5. Жана Давид Леви | 23.06.1933 |
| 6. Рафаел Исак Сион | 03.10.1933 |
| 7. Ражела Давид Сион | 03.10.1935 |
| 8. Брондеј Манох Леви | 16.04.1933 |
| 9. Џаја Мисил Рубиса | 22.02.1933 |
| 10. Жулија Давид Леви | 21.04.1931 |
| 11. Жулија Саламон Сион | 30.06.1932 |
| 12. Луга Босале Кажуана | 29.03.1932 |
| 13. Тахана Аврам Леви | 22.07.1933 |
| 14. Сиела Мошон Коен | 22.07.1933 |
| 15. Јусуф Арон Леви | 06.09.1932 |
| 16. Барух Морде Сион | 30.11.1933 |
| 17. Давид Аврам Сион | 30.05.1933 |
| 18. Пинхас Јонус Хазан | 13.02.1932 |
| 19. Давид Јосиф Сион | 01.01.1933 |
| 20. Саламон Давид Каноале | 03.03.1934 |

21. Ана Дарио Каноале 11.07.1932
22. Жана Мошон Леви 15.08.1933
23. Мери Алберт Леви 26.02.1933
24. Ражина Носил Леви 24.11.1931[125]

Од материјалните можности на еврејската општина во градот зависел целокупниот општествен, крултурен и јавен живот на еврејското население во град Штип. За овој богат духовен живот можеби најмногу придонесувал Еврејскиот клуб кој постојано бил посетуван од Евреите во градот. Клубот бил претплатен, речиси, на целиот дневен печат, а ги добивал и сите списанија и публикации што излегувале на еврејски јазик.

Помеѓу другите културно-просветни активности, посебно треба да се издвои работата на Аматерската драмска секција на еврејските младинци, кои помеѓу 1925 и 1930 година во хотелот „Гранд" развиле интензивна драмска активност. Посебен интерес поттикнале драмските дела „Животот на Евреите во Царска Русија" и „Животот на кралицата Естер". Речиси целокупната реализација на драмските изведби при оваа секција ја остварувал Бесалел Симанте Асаел, кој истовремено и раководел со оваа драмска секција.

Тон на културниот живот во градот на еврејското население му давал и хорот кој бил формиран во 1929 година и во кој членувале скоро сите еврејски младинци. Хорот со својот богат репертоар, заедно со драмската секција гостувале и во другите градови на Македонија каде што имало еврејско население, како во Скопје и во Битола. Во целокупната оваа општествено-кулотурно просветна и забавна активност, посебно треба да се одбележи работата на друштвото „Хашомер Хасаир" кое ја опфаќало марксистичко ориентираната еврејска младина, друштво кое во 1937/38 година во својата содржинска насоченост организирало и агитирало за иселување на младите Евреи во Израел. Ова го потврдува и податокот „меѓу двете Светски војни и меѓу еврејското население созреваа сфаќањата за борба против фашизмот и се создаваа подготвени борци, особено меѓу

[125] Од Главната книга на училиштето, Музеј на град Штип

младината, за активно учество во настаните што дојдоа во Втората светска војна".[126]

Во Штип веднаш беа извршени подготовки за заминување во партизани на 20 до 30 Евреи.



*Група напредни илегалци – Евреи од Штип*
*(Архив на град Штип)*

За жал и Евреите од Штип ја доживеаа истата судбина како и другите Евреи од Европа над кои беше извршен геноцид од страна на Хитлеровата нацистичка идеологија. Во крематориумот на логорот во Треблинка најдоа смрт 7.132 Евреи од Македонија меѓу кои и 121 семејство со 535 лица од Штип.

---

[126] Жамила Коломонос, д-р Вера Весковиќ – Вангели, „Евреите во Македонија во Втората светска војна 1941-1945 година", Скопје, 1986 година, стр. 17

# ГЛАВА ДЕВЕТА

# КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНИТЕ ПРИЛИКИ, ХУМАНИТАРНИТЕ И СПОРТСКИ ДРУШТВА ВО ШТИП И ШТИПСКО МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

## I. ПРОСВЕТАТА ВО ШТИП И ШТИПСКО

Сосема нова насока школството во Штип и штипско, а што е сосема разбирливо, добива по присоединувањето на Македонија кон Кралството на СХС. Видлив е неговиот растеж и интензитет, но не од причина што српските власти сакале да го издигнат културно-просветното ниво на македонскиот народ од овој крај туку исклучиво од пропагандни цели, онаа за кое Крсте Петков Мисирков уште од почетокот на овој век го истакнуваше како најголемо зло на македонскиот народ. По Версајскиот диктат не само што не спласна туку во 20-30$^{тите}$ години тие добија и нова содржинска димензија. Ова, можеби, е најкарактеристично за Штип и штипско, бидејќи тоа го детерминираше нивната географска положба и границата со Бугарија. Династијата на Караѓорѓевиќите настојуваше по секоја цена да обезбеди таква училишна и просветна мрежа (непочитувајќи го дури ни Уставот на Кралството за задолжително основно образование) која ќе одговара на должностите и потребите на режимот. Дека ова е така потврдува и училишната мрежа на селата во штипскиот регион, кои биле отворани и затворани според моментната политичка состојба и расположението на носителите на големосрпскиот режим.

Гимназијата во Штип започнала со работа на 17 Декември 1918 година, како нижа и со четири класа. Меѓутоа, набргу се дошло до сознание дека нижата гимназија во Штип не може да ги задоволи потребите на учениците, бидејќи овој крај бил со богата училишна традиција, а граѓаните на Штип имале големи желби нивните деца да се школуваат. Од тие

причини и директорот на гимназијата, Лазар Трипковиќ го известува Министерот за просвета во Белград со писмо испратено на 15 Јули 1919 година дека е неопходно потребно во Штип да се отвори полна гимназија. Во писмото Л. Трипковиќ наведува и други причини за да го заврши своето писмо со следниве зборови: „Имајќи го пред вид, сето ова мислам дека отворањето на полна гимназија ќе го подигне значењето на Штип, бидејќи ќе ги собере учениците, не само од овој крај, туку и од околните места, потоа би се создала извонредна интимност помеѓу мештаните и нашите управи, би се втемелил српскиот јазик, а со тоа, засекогаш и се ставило крај на секаква туѓа пропаганда."[127]



*Гимназијата во Штип меѓу Двете светски војни*
*(Фототека „Народна техника")*

Писмо со идентична содржина, исто така до Министерот за просвета на 1 Август 1919 година има испратено и началникот на Брегалничкиот округ. Тој далеку помотивирано, со извесен политички пристап, во точки ги образложува сите причини поради кои е потребно отворање на полна гимназија во Штип. И во ова писмо како основен мотив се поентира политичкиот, затоа и началникот на Брегалничкиот округ во писмото

[127] Писмо до Министерот за просвета, 15 Јули 1919 година, број 180, Штип, Архив на Југославија, Београд

пишува: „Тоа е веќе одамна позната работа. Најважна причина за отворање на полна гимназија е политичката, заправо наш национален долг. Долгогодишната бугарска агитација и комитските акции во Штип и во овој округ имаат постигнато свој најголем успех. Тоа е веќе одамна позната работа. Поради тоа нашата задача на национален план е и премногу тешка. За успех во оваа потреба е многу и паметна на сите полиња, во сите гранки и струки и во сите правци. Отворањето на полната гимназија во Штип ќе биде од големо значење и ќе има влијание на расположението на овој народ, кој доста многу сака училиште и ретко кој пропушта децата да не ги школува."[128]

Оваа иницијатива дала и свои резултати. Со указот на Неговото височество, престолонаследникот Александар од 17 Септември 1920 година, штипската гимназија прераснува во степен полна.

Свечената прослава за почетокот на работата на штипската гимназија била одржана на 27 Јануари 1921 година. Сфаќајќи го значењето на оваа гимназија од аспект на националните српски интереси, лично Кралот прави демагошки потег испраќајќи 1.500 динари на гимназијата. За јакнење на својата пропаганда се изнаоѓале и други форми, па дури била вклучена и Српската кралска академија, која на 23 Февруари 1921 година со посебен акт донела одлука на секо тромесечје да се наградуваат 5 сиромашни ученика со по 100 динари од Пупиновиот фонд. Во истиот акт Академијата се обврзувала дека на празникот Св. Сава ќе наградува по 2 ученика од истиот фонд кои покажуваат најдобар успех по предметите: српски јазик, српска книжевност и српска историја. Не е потребно коментар каква била целта и со каков карактер биле овие награди. Во таа смисла се распишувала наградна тема чиј износ на наградата изнесувал 250 динари под наслов: „Културните старини на Јужна Србија".

Покрај гимназијата и двете основни училишта во ова време во градот се изведувала настава и на турски наставен јазик во Турското основно училиште, потоа работи Женското работничко училиште и Вечерното занаетчиско училиште. Теоретската настава во последното се изведувало во

---

[128] Начелство на округот Брегалнички, пов. број 739, 1 Август 1919 година. Штип, Архив на Југославија, Београд

три дена на неделата и во попладневните часови. За одбележување е дека во Штип во составот на женското работничко училиште работи и училиште за деца од предучилишната возраст. Од свидетелствата за упис на учениците во I клас во учебната 1921/22 година може да се види дека управник на основните училишта во Штип и штипско бил Македонецот Јордан Јевремовиќ а училишен надзорник Живоин Крстиќ.

Извесна возбуда во работата на штипската гимназија внела жалбата на ученичката Невенка Пенушлиевиќ упатена до Министерот за просвета за слабата оценка добиена од наставничката Љубица Михајловиќ. Родителите на Невена Пенушлиевиќ наведуваат дека нивната ќерка е неправедно оценета, дека оваа наставничка ги тепала децата удирајќи им ги главите од ѕидот, дека ги терала децата да работат во нејзината куќа, дека ги уценувала со слаби оценки ако не ги извршуваат нејзините желби, на часовите си читала книги и дека им пречела и на другите колеги, одземајќи им го работното време. Во жалбата, исто така, се наведува дека гимназијата ја напуштиле две ученички само поради ваквиот однос на оваа наставничка. Оваа жалба е индикативна и за наставниците од другите предмети.

Извесни промени во просветата и образованието во штипскиот регион до укинувањето на полната гимназија се забележуваат во основните училишта, особено во училиштата на село. Пред сè, видно се зголемил бројот на учениците. Ова се должи и на фактот дека покрај досегашните основни училишта во Карбинци, Радање и Долани биле отворени уште четири нови и тоа во селата: Горни Балван, Лесковица, Аргулица и Никоман. Исто така, и во Штип е отворено ново училиште во Горно Маало – Св. Арханѓел Михаил, чија зграда 1925 година служела како болница и за други потреби на војската. Под какви услови и со каква национална и социјална структура на децата, работеле учителите во штипските села, аргументирано, релјефно, иако awmalku со уметничко-публицистички тон, зборува Петар Татар, учител во 1928/29 година во село Никоман. Во почетокот на своето кажување Петар Татар пишува дека по некои непишани правила многу почетници од Србија и Црна Гора за учители биле поставувани во Македонија. Неговата прва средба во Штип била со дописникот на „Политика“, Јордан Јевремовиќ, кој бил човек со богато

искуство и југословенски определен. Понатаму, во своите сеќавања Петар Татар на еден живописен начин го опишува селото Никоман и неговото учителствување во него: „Селото Никоман се состои од 18 македонски домаќинства сместени на бреговитиот терен, 9 km оддалечено од Штип. Училишната општина ја сочинуваат уште две села: Калапетровци, исто така со 18 македонски домаќинства и селото Шашаварлија со 110 домаќинства од турска нардоност. Училишната зграда со површина од 100 $m^2$ се наоѓаше во средината на селото."[129]

Понатаму Петар Татар пишува дека селото било сиромашно, а училиштето напуштено и запоставено. „Во такви услови требаше да организирам живот, да развивам просветна дејност во средина чиј јазик не го познавам." Последнава реченица јасно укажува дека српските учители во Македонија се чувствувале во туѓа средина и зборувале на јазик кој за овој народ, сосема разбирливо, бил туѓ. Но, Петар Татар зборува со симпатии и топлина за македонскиот народ и бил изненаден што сè овој народ претрпел во својата историја, во своето петвековно робување и како и во какви услови на живеење го сочувал својот македонски национален идентитет, јазик, обичаи и вера. Дека искажувањата на Петар Татар се засновуваат на една реална состојба во однесувањето на македонскиот народ кон учителите покажува и еден извештај упатен до Министерот за просвета во Белград, уште многу порано во 1923 година, во кој се вели: „Покрај огромната штета што ја направиле Бугарите во национален поглед, тие оставиле барем една полза – направиле овој народ да го сака училиштето и со задоволство да ги испраќа своите деца во него. Кога и во било кое село да поминувам, селаните ми пријдувале со молба да им испратам учители, затоа нема никаква причина нашите млади учители и учителки да не доаѓаат во овој крај. што се однесува до безбедноста, таа е потполна и досега немало случај некој да биде убиен или застрашуван. Ова не е поради тоа што комитите не сфаќале каква опасност им се заканува од нашите просветни работници, туку од тоа што знаат колку народот го сака учителот и училиштето и дека смртно ќе го навредат ако удрат по тоа. Селаните се тиа кои ги заштитуваат

[129] Петар Татар, „Моите сеќавања од Македонија", Учесници и сведоци, книга III, Београд, 1984 година, стр. 236

учителите од комитите, а таа заштита е најсигурна. Како што реков, сè додека Црквата и училиштето не ги исполна своите задачи, дотогаш нема да биде решено прашањето пред кое стоиме. Честопати поединци зборуваат овде: ‚Немојте да очекувате од мене да кажам дека се чувствувам Србин. Цел век Бугарите ми всадувале во главата дека сум Бугарин, сега сè што можам да кажам е тоа дека сум Македонец.' Навистина и јас мислам дека се во право. Според мое мислење, сè додека Црквата, а особено училиштето не го сторат она што е во нивна можност, сè дотогаш прашањето на левиот брег на Вардар нема да биде симнато од дневен ред."[130]

Во моментот кога училишната мрежа во Штип и штипско почнала да се разгранува, граѓаните на Штип беа вчудоневидени од решението на Министерскиот совет да се укине Штипската полна гимназија и да се редуцира на 4 години. Се сметало дека бројот на полните гимназии во Кралството не треба да е поголем од 80, бидејќи финансиските можности и намалениот буџет во 1928 година го наложиле ова како неопходност. За овој, може да рече политички потег, д-р Марија Јовановиќ пишува: „По постигнатиот број од 15 гимназии кој бил максимален за периодот од 1918 до 1929 година, започнала да се менува политиката во настојувањето кон отворање на нови гимназии и претворање на непотполни во полни гимназии. Вликосрпската владеачка буржоазија започнала да страхува од создавање на голем број македонска интелигенција, која им создавала политичко главоболие, поради што таа пристапила кон менување на дотогашната политика во смисла да се прекине со отворање на нови гимназии, а набргу пристапила и кон затворање на веќе постојните."[131]

Колку носителите на големосрпскиот режим во Македонаија, а поесбно во Брегалничкиот регион биле загрижени за било каква опасност што ќе ја наруши србизацијата, го поврзува и фактот дека дури и студентите од Штип што студирале во странство или во центрите на Југославија биле

---

[130] Од писмото на Околискиот инспектор Огњановиќ упатено до Министерот за просвета, 7 Февруари 1928 година, Фонд за просвета на Кралството СХС, 1930 година, Архив на Југославија

[131] Д-р Марија Јовановиќ, „Просветно-политичките прилики во Вардарска Македонија 1918-1929", Скопје, 1983 година, стр. 215

постојано контролирани од агентите и полицијата на власта. Ова го потврдува и писмото што го упатил Великиот жупан на Брегалничката област до Министерот за просвета во Белград, во кое се вели: „Според актот пов. број 381 од 06.12.1926 година, чест ми е да му го доставам на Министерството овој список на студенти кои студираат во странство, а се родени во Штип:

1. Панче Караѓозовиќ студент по медицина во Виена;
2. Василие Кимовиќ студент по правни науки во Грац;
3. Панче Тошановиќ експортна академија;
4. Марика Зиговиќ студент по медицина во Минхен и
5. Ристо Пенушлиевиќ студент во Берлин.

Ова одделение ќе обрне посебно внимание на однесувањето и движењето на овие студенти кога ќе престојуваат во Штип и во оваа област. До колку нешто се забележи сомнително, ќе го извести Министерството. Освен овие студенти има и околу 30 студенти родени во Штип или во оваа област кои студираат во Белград, Загреб, Суботица и Скопје. Списокот за нив, ако е потребно може да се добие од дотичните универзитети. И за нив треба да се обрне големо внимание."[132]

Основните и другите училишта во градот и понатаму работат со ист интензитет, само што, во женското работничко училиште овојпат има само отсеци за кроење и шиење. Ваквата разгранетост на училишната мрежа во штипскиот регион континуирано продолжува и во наредните две учебни години, 1929/30 и 1930/31. Во овие години се забележуваат и основни училишта кои покрај оние во градот Св. Кирил и Методиј во Горно Маало и Ново Село и училиштата во селата Карбинци, Радање, Аргулица и Горни Балван се отворени уште и во Кошево, Лесковица, Пиперово, Драгоево, Долни Балван, Долно Трогерци и Врсаково. За одбележување е и тоа дека континуитетот на една брутална и бескрупулозна денацинализаторска политика преку училиштата не само што продолжува и понатаму, туку уште повеќе се интензивира. Така на пример, Месниот училишен одбор училиштето во Ново Село „Св. Богородица" го преименува во „Крал

---

[132] До Министерството за просвета во Белград, Список на студенти кои студираат во странство, а родени во Штип, Архив на Југославија

Милутин", училиштето „Св. Никола" во „Св. Сава", а училиштето „Св. Арханѓел" во „Реља Крилатица".

Од тие причини и не случајно споменатиот Околиски инспектор П. Огњановиќ во едно друго писмо до Министерот за просвета ќе забележи: „Наоѓам за непотребно да докажувам колку важна улога игра училиштето и учителот во националното воспитување на младината во штипскиот регион. Улогата на учителот во овој крај, пред сè е патриотска. Учителот во овој регион е еден вид апостол на српската национална мисла. Учителот кој учителствува на југот треба да биде начисто со тоа дека татковината му доделува мисија со многу повисока цел, отколку што е таа само да ги научи децата да читаат и пишуваат. Поентирајќи ја оваа мисионерска улога на учителот за србизација на македонската млада генерација, околискиот инспектор во писмото предлага дека сите оние кои не ја сфаќаат вака работата да бидат веднаш сменети со нови и проверени учители. Тој оди дури до таму што предлага кои учители да бидат сменети од своите работни места: Милунка Николиќ, Драгољуб и Босилка Јончиќ, Зорка Малениќ, Босилка Стојанчиќ, Зорка Ѓуришиќ и Радмило Ерцег. Инспекторот смета дека и гимназијата во Штип не е тоа што треба да биде – расадник за националното воспитување на младината, поради што бара промени на наставниот кадар и во оваа образовна институција. Тој предлага до Министерот за просвета, од гимназијата да бидат сменети следниве професори, наставници и стручни учители:

1. Ѓорѓи Обрадовиќ;
2. Нико Марчетиќ;
3. Сергеј Михајлов;
4. Славко Нетков;
5. Олга Марчетиќ;
6. Босилка Павловиќ;
7. Васил Антонов – русин;
8. Михајло Глушенко – русин;
9. Катерина Неткова – германка и др."[133]

---

[133] Фонд Министерство за просвета, Архив на град Штип

Сè до сломот на Кралството Југославија и бомбардирањето на Штип на 6 Април 1941 година во разгранетоста на просветните и училишни установи во Штип и штипско не се изменило ништо. Продолжиле со работа 3 основни училишта во градот и 12 на село, продолжило со работа и Вечерното занаетчиско училиште, Женското работничко училиште, Детското забавиште, Државната реална гимназија и Народниот универзитет. Сите овие училишта по капитулацијата на Кралството Југославија веднаш престанале со работа.

Со доаѓањето на бугарските фашистичи окупатори, образованието и воспитувањето во штипскиот регион добива нова боја, овојпат целокупната воспитно-образовна дејност почнала да се изведува на бугарски јазик. И, пак нови страдања за македонскиот народ и нови методи за негова денационализација и истребување.

## 1. *АКТИВНОСТА НА УЧИЛИШНИТЕ ДРУШТВА ПРИ ГИМНАЗИЈАТА ВО ШТИП*

Покрај воспитно-образовната и културно-просветната активност на штипската гимназија, видна била и нејзината повисока цел – да врши влијание врз однародувањето на македонскиот народ. Оваа политичка конотација била забележлива во програмските насоки речиси по сите предмети. Оваа денационализаторска политика организирано и систематски се манифестирала преку најразличните форми на активности. Такви биле и активностите на друштвата во составот на штипската гимназија. Позабележливи резултати од нив покажале: Ученичкото литературно друштво „Напредок", Подмладокот на Соколското друштво, Стрелачката дружина „Михаил Ковачевиќ", Подмладокот на Аеро клубот „Наши Крила", Јадранска стража, Црвениот крст, Феријалниот сојуз и Сојузот на трезвената младина „Среќа".

Ученичкото литературно друштво „Напредок" е формирано по иницијатива на учениците од повисоките класови на оваа гимназија, кои на 1 Јануари 1921 година званично го објавиле почетокот на работата на оваа

дружина. Основен тон на работата на дружината ѝ давале формите преку кои, што е сосема во склад со интенциите и политиката на целокупната активност во гимназијата. Се настојувало српскиот јазик и српската книжевност да најдат повеќе место. Се организирале курсеви по српски јазик за учениците да бидат подобро подготвени за погорните класови на гимназијата. Од учебната 1924/25 година „Напредок" веќе се спомнува и како литературно-уметничко друштво. Покрај веќе вообичаените форми на работа на состаноците на литературната дружина се читале и лични состави од учениците. На овие состаноци редовно присуствувале и одговорните наставници, а пред сè наставниците по литература и српски јазик. Една ваква организирана работа дала и свои резултати. Литературното друштво „Напредок" го продолжило континуитетот на својата работа, но може да се каже со исти форми и исти содржини. Така, на пример, бројот на членовите на оваа ученичка литературна дружина во 1935 година достигнал дури до 300 членови. Дружината веќе располагала и со своја библиотека, чиј книжевен фонд изнесувал 1.146 книги. Исто така покрај читањето на лични творби видно место во оваа активност зема и критиката. Прочитани биле 11 критики, кои поттикнале невообичаен интерес. Кога веќе зборуваме за фондот на книгите на оваа дружина треба да го спомнеме и лично гестот на Кралот, кој испратил 1.500 динари на гимназијата во Штип, од кои 1.000 динари биле наменети за литуратурната дружина „Напредок", главно за купување книги со пропаганден карактер, односно од српската историја и литература.

Од 1935 година при гимназијата во Штип започнала работата и на Подмладокот на Соколското друштво како секција на градското Соколско друштво. Подмладокот на Соколското друштво било едно од најмасовните друштва при гимназијата. Ова се чини дека е сосема разбирливо кога се знае какви активности и каква популарност имало градското Соколско друштво. Бројот на неговото членство во одделни години е различно, почнувајќи од 180, па сè до 300 членови. Ова здружение соработувало со Градското соколско друштво, па заедно со неговите членови настапувале на повеќе приредби и јавни манифестации. Непосредно пред војната во Подмладокот

на Соколското друштво членувале 137 ученика во сите категории. Активноста, главно, се изведувала во „Соколаната”.

Друштвото „Јадранска стража” било формирано во 1933/34 година. Бројот на членовите на оваа дружина понекогаш ја достигнувал бројката близу 200. Основна цел и на ова здружение било да ги шири и проповеда идеите на „Јадранската стража”. здружението активно учествувуало во сите манифестации што ги организирал Месниот одбор на „Јадранското здружение”.

Во Ноември 1938 година во гимназијата бил формиран и аеро клубот „Наша крила”. Во него членувале 123 ученика. Во Март 1939 година организран е и моделарскиот курс, кој го посетувале 20 ученика.

Забележителни резултати постигнала и дружината на Феријалниот сојуз. Целокупната активност на овој сојуз главно имала пропаганден карактер и се однесувала на популаризацијата на летувалиштата во Кралството Југославија. членовите имале членски карти кои им овозможувале да ги уживаат привилегиите што им ги пружало Друштвото.

Едно од помасовните здруженија на учениците од Штипската гимназија и тоа со хуманитарен карактер било Здружението на Црвениот крст. Целта на здружението била создавање на подмладок на оваа хуманитарна организација. Во ова здружение биле зачленети сите ученици и своите активности ги координирале со општинското друштво на Црвениот крст. Масовноста на ова здружение ја потврдува самата бројка од 385 члена. И покрај хуманитарниот карактер на ова здружение, сепак српските власти не ја испуштале можноста и преку него да дејствуваат врз негирањето на македонскиот национален идентитет.

Во 1939 година било формирано и Стрелачката дружина во состав на Стрелачкото друштво „Михајло Ковачевиќ”.

Сите друштва на учениците биле под контрола на наставник или професор што го именувал Наставничкиот совет на гимназијата. Нема дилеми дека оваа контрола добивала обележје на своевидна цензура. Впрочем, и покрај ова, многу членови на овие друштва започнале да се определуваат за прогресивните и напредните идеи на времето кое доаѓало и подготвени да ги дочекаат идните бурни историски настани, вклучувајќи се

во одбраната на Македонија и слободата на македонскиот народ. Многу од нив не ја дочекаа саканата слобода, но станаа борци и херои кои секогаш ќе служат за поттик и инспирација за сѐ што е човечко и слободољубиво.

## II. СРПСКИТЕ КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКИ ДРУШТВА И НИВНАТА УЛОГА ВО ШТИП И ШТИПСКО

Појавата на театарската активност во Штип меѓу двете Светски војни, околностите укажуваат дека не била ни случајна, ни спонтана појава, туку детерминирана од историски и актуелни мигови. Историската компонента се огледа во театарската и драмска традиција на македонскиот народ воопшто, па и во Штип, а вториот момент – преку настојувањата на режимот и династијата преку една ваква форма на човекова и духовна активнсот да ја реализираат својата денационализаторска и пропагандистичка интенција. Организиран театарски живот во Штип започнал во 1923 година, што не значи дека и пред оваа година во овој град не се давале театарски претстави. Така, на пример, учениците од гимназијата за секој поважен празник, под раководство на своите професори давале театарски претстави.

Втората компонента што ја овозможила интензивната театарска активност во градот е од политичка природа. По првата светска војна, Штип се нашол во рамките на Кралството на СХС и тоа на самиот нејзин југоисточен дел, на границата спрема Бугарија, традиционален историски непријател на Србија. Исто така, во овој град се чувствувала и имала извесно влијание и бугарската пропагандистичка мисла, што ќе ги присили носителите на кралската власт и тие да изнајдат форми што ќе значат асимилирање на македонскиот народ, односно на жителите на град Штип. Една таква форма, великосрпската буржоазија виде преку театарската активност, бидејќи драмската уметност, по своите специфичности, може најнепосредно и најсугестивно, од сите други видови на уметност да влијае врз обичниот човек. Впрочем, нема дилема дека поттик за почетоците на

театарската активност во Штип има дадено Скопскиот театар. Во своето петнаесетдневно гостување од 8 до 23 Јуни 1923 година, артистите од Скопје прикажале 18 претстави.

По кратки подготовки извршени со голем ентузијазам, на 22.08.1923 година, само по 2 месеци од гостувањето на Скопскиот театар, во Штип, откако претходно властите ги потврдиле правилата за работа, била отворена првата сезона на Штипскиот театар. За раководител на театарот бил избран професорот од гимназијата Душан Будимировиќ, познат драматург и главен режисер на театрите во Осиек и Нови Сад.

Активноста на Штипскиот театар добила таков интензитет што се наметнала потребата и за отворање на театарско училиште во Штип. Ова го потврдува и писмото упатено до Министерот за просвета во Белград, од 18.10.1923 година, заведено под број 44 во кое се бара од Министерот овој театар да стане повластен.

Меѓу позначајните драмски творби кои ги реализирал Штипскиот театар во 1924 година се: „Гроф Мишка" од А. Дефлер, „Лилјак" од Хофнер, „Кир Јања" од Јован Стерја Поповиќ, „Свет" од Нушиќ, „Хасанагица" од Огрузовиќ, „Македонка" од Душан Будимировиќ и Славко Нетков, „Станое Главаш" од Ѓура Јакшиќ, англиската комедија „Д-р Робен" и едночинките: „Чаша чај" и „Клуч". Носители на главните улоги на овие остварувања биле артистите: Иво Суиќ, Даница Будимировиќ, Благородна Бурева, Божа Митровиќ, Киро Караџиќ, Роза Којзаклиева, Елена Парнаџиева и др. сите овие дела биле прикажани три до четири пати, освен драмата „Македонка", која доживеала најголем успех и била прикажана 6 пати. Причината за ова е разбирлива, кога се знае дека овој драмски текст всушност претставува народна игра со пеење, во три чина, а дејствието на драмата се случува во Штип. Млада и убава девојка Павлина, Македонка, се влубува во момче од Србија, населеникот Перо. На пат за среќа се препречуваат родителите на девојката Павлина, кои не сакаат да ја дадат за новодојденик. Меѓутоа, се вмешуваат и луѓето од црквата, кои ги убедуваат родителите дека тоа се луѓе од иста православна вера и дека меѓу нив нема разлика. Затоа и крајот на оваа драма е среќен, затоа што завршува со песна, оро и игра. Носители

на главните улоги во драмата биле: Божа Митровиќ како Перо и Благородна Буревиќ како Павлина.

Во контекс на ова треба да ја спомнеме и драмата на Васил Хаџикимов – „Маруша”, која е изведена, исто така, од артисти на Штипскиот театар, само малку подоцна, во 1925 година. Овој драмски текст најверојатно е загубен, бидејќи до денес и покрај многу напори, за него малку се знае. Драмата се споменува во белградска „Комедија” број 3 од 1925 година, кога го презентира целокупниот репертоар на Штипскиот театар.

Драмите „Македонка” и „Маруша” се од особена важност за македонската драмска литература, затоа што четири години пред појавата на „Ленче Кумановче”, биле изведени на Штипскиот театар и тоа на македонски јазик – штипски дијалект. И едниот и другиот драмски текст претставуваат типично битова и фолклорна драма, која и претходи на „Бегалка” и другите македонски битови социјални драми. Овде треба да се изнесе дека успехот на драмата „Маруша” поради мотивот и јазикот ја натерале власта да ја забрани нејзината понатамошна изведба.

Во Март 1924 година Народниот театар броел 43 члена, што сведочи за неговиот, не само квалитативен растеж, туку и за неговата бројчана состојба. Меѓу овие артисти на Штипскиот театар имало и такви кои биле изразито талентирани: Димитар Зајков, Киро Караџа, Лазо Балабанов, Благородна Бурева, Дара Предоевиќ и други. „Активноста на Штипскиот театар не се сведува само на градот, туку и на пошироко – на целиот регион и нешто повеќе од тоа. Штипскиот театар од почетокот на својата работа па до крајот на 1924 година гостувал во следните места: Кочани, Радовиш, Струмица, Ѓевѓелија, Неготино, Кавадарци, Ерџелија, Свети Николе и други. На гостувањата биле прикажани 135 претстави во 9 градови и села.”[134]

Од извонредно значење за продолжување на континуитетот на театарската активност во Штип во 1925 година има изградбата на новата театарска зграда, изградена на исто место, врз темелите на старата театарска зграда. Значаен момент во овој период е доаѓањето на Сергеј

[134] Ристо Стефановски, „Театарот во Битола и Штип меѓу двете Светски војни”, Театарски гласник, број 26, стр. 54

Михајлов во Штип. Никој во овој момент не можел да претпостави од какво огромно значење ќе биде доаѓањето на овој доајен на музичкиот и театарскиот живот во Штип. Сергеј Михајлов многу брзо блеснува со сиот сјај, а кулминирале со реализирањето на првата оперска претстава, не само




*Плакат од изведбата на првата опера во Македонија (Народен театар – Штип)*

во Штип, туку и во Македонија, операта „Паљачи" од Ф. Леон Кавалов, на 29.08. 1925 година. Изведбата на оваа опера ја означува највисоката уметничка амплитуда на овој театар. „Првата оперска претстава била примена со големо воодушевување, не само од граѓаните во Штип, туку тоа наидува на извонредни коментари и во многу гласила и во Југославија."[135]

Градскиот хор овозможил да ги одбере најдобрите солисти. Соло партиите ги пееле: Андреја Шкербаков, Благородна Бурева, Славко Нетков, Ристо Ѓорѓичковиќ и др.

По оставката на Душан Будимировиќ на 16.09.1925 година, за нов управник на Штипскиот театар на 26.09.1925 бил ангажиран бившиот член на Скопскиот народен театар, Душан Цветковиќ. Иако, спрема зборовите на Сергеј Михајлов, периодот од 1925 до 1927 година бил најсјајниот во животот на театарот, сепак во 1926 година Штипскиот театар започнал да бележи стагнација во својата работа, затоа што, спрема зборовите на

[135] „Политика", 03.09.1925 година, Белград

тогашниот управник Душан Цветковиќ, бил препуштен самиот на себе. Театарот најверојатно би го доживеал и вистинскиот крах ако за неговата работа не бил заинтересиран и Големиот жупан Ѓурица Ѓорѓевиќ, кој вложувал несебични напори за да ги докаже патриотските побуди, да овозможи барем извесен континуитет во работата на театарот. Тоа овозможило Штипскиот театар од 12 Декември 1925 година до 12 Декември 1926 година да прикаже 88 претстави во Штип и 5 во околните градови.

На 16 Јануари 1927 година Душан Цвтековиќ упатува барање до Министерството за просвета повеќе да се ангажира, преде сè материјално, како би се овозможила работата на Штипскиот театар. Во барањето се вели: „Со оглед на националното значење на театарот во Штип, како и неговата цел за будење и ширење на националната свест во краиштата околу Штип, ова Министерство повеќе пати има свртувано внимание на Министерството за просвета со молба за овој театар да се издвојува државна помош за да може полесно да егзистира и да одговори на своето значење. Овој театар дава на народот национални претстави, не само во Штип, туку и во цела Брегалничка област, поради што безусловно му е потребна државна помош."[136]

Приликите уште повеќе се влошиле со атентатот на генерал Михајло Ковачевиќ во Октомври 1927 година. Затоа, на 19 Октомври, истата година, управникот на театарот, Душан Цветковиќ до театарскиот одбор поднел писмо во кое го известува дека работата на театарот со тогашниот дилетантски кадар е речиси неизводлива, а покрај тоа и условите на живеење во градот по атентатот на генерал Михајло Ковачевиќ биле изменети: бил заведен полициски час, било забрането излегување надвор од куќите, поради што артистите биле спречувани да доаѓаат на проби. Во една таква безизлезна положба, на Душан Цветковиќ не му останало ништо друго, освен да поднесе оставка. Во такви услови илузорно е да се очекува било каква дејност во Штипскиот театар.

Оваа состојба траела сè до 1930 година, кога во Штип повторно се родил театарскиот живот, но не со таков обем и со таков интензитет.

[136] Писмо од Министерството за внатрешни работи, број 271, 16.01.1927 година, Архив на Југославија, Белград

Можеби и обележјето на времето веќе имало нови карактеристики, начинот на животот во градот исто така, а најверојатно и некои други причини, кои сите заедно детерминираат ова театарско жарче што беше останало од златното време на Штипскиот театар никогаш да не се распламти во оган.

Впрочем, театарската активност во градот и традицијата зафатиле такви корени што неговото наполно згаснување речиси не било можно. Така, на пример, по иницијатива на група младинци, главно поранешни членови на театарот, покрената е акција за повторно заживување на театарот во Штип. Веќе во наредната 1927 година за оваа цел е свикано и Основачко собрание на кое како и пред неколку години реферат повторно поднел неуморниот носител на целокупниот духовен живот на град Штип меѓу двете Светски војни, Сергеј Михајлов. Во својата ретроспектива, Сергеј Михајлов, потсетил на работата на овој театар во минатото, укажувајќи и на тоа дека овој театар за својата работа, иако бил признат и од Одделението за книжевност при Министерството за просвета како повластен, сепак тој отсекогаш бил аматерски бидејќи освен три-четири платени членови и тоа само за одредено време сите други биле аматери. Покрај тоа, уште полоша е состојбата со артистите, кои во тоа време ги имало многу малку. Но, во целиот живот оптимистички расположен, Сергеј Михајлов во тој тон и го завршува својот реферат: „Сè се може ако се сака, потребно е само добра волја, уредност и точност и работата може да тргне о дмртва точка." Ова тргнување на подобро особено важи кога гимназијата повторно прераснала во полна гимназија. И повторно ентузијасти и повторно артистичка група. Спрема сеќавањата на Тодор Мановиќ оваа артистичка ученичка група ја сочинувале: „Ванчо Прке, Александар Фиданчев, Благој Попов, Боро Чешларов, Михајло Карчев, Нада Јоциќ, Ѓоко Митровиќ, Радмило Костадиновиќ и Цвета Дубарџиска."[137]

Не треба посебно да се зборува каква била политичката ориентација на оваа група, имајќи ги во предвид имињата на поедини членови, подоцна истакнати револуционери и народни херои.

---

[137] Мановиќ Тодор, „Културата и културните активности во Штип меѓу двете Светски војни", Фонд Мемоарска граѓа при Историскиот архив на град Штип

Во таква состојба на театарската активност, со носталгични тонови за некогашните златни времиња, граѓаните на Штип ја дочекуваат и пропаста на Стара Југославија. Тоа е крај на стариот театар кој со децении ги задоволувал духовните потреби на граѓаните од овој град. Неговото повторно раѓање е означено дури по триумфалната победа на народната револуција, но овојпат со нови определби во духот и барањата на новото време. Всушност, тоа е роденденот н асегашниот Народен театар во Штип.

Покрај резултатите што ги оствариja театарот и операта во Штип, тон на културно-забавниот живот му давале и други друштва, навистина не со таков интензитет, но сепак присутни во целокупното духовно живеење во градот. Иако нема доволно податоци, може да се констатира дека хорот и хорската дејност многу рано се спомнуваат во градот Штип. Во отсуство на пишани документи за оваа човекова духовна креација ќе се послужиме со сеќавањата и сознанијата на старите Штипјани, особено со тие кои биле непосредни креатори на хорската активност, како што е на пример, Панче Мировски, еден од најактивните членови на хорското „Единство” (точен назив „Јединство”). Според неговите сеќавања ова друштво било формирано 1924 или 1925 година. Негов прв диригент бил Славко Нетков, а потоа Сергеј Михајлов. Прв јавен настап пред граѓаните на Штип хорот „Единство” имал 1925 година, при изведбата на првата опера во Штип и Македонија, „Паљачи” од Леон Кавалов. Хорот „Единство” постигнал извонредни резултати. Тој го претставувал градот Штип во сите хорски манифестации што се одржувале, како во Македонија, така и во кралска Југославија и неговите простории ги краселе многу награди, трофеи, благодарници, признанија и друго. Друштвото честопати давало концерти и во други градови на Македонија.

Покрај пејачкото друштво „Единство”, во Штип бил формиран и работел меѓу двете Светски војни и хорот на гимназијата, во кој раководел Сергеј Михајлов. Хорот бил исклучиво формиран за потребите на културно-просветниот живот во гимназијата, градот и околните градови: Радовиш, Кочани, Струмица, Свети Николе и др. Хорот го придружувал оркестар на гимназијата со кој исто така диригирал Сергеј Михајлов. Хорот постојано настапувал на Светосавската прослава, на крајот од секоја учебна

година, на Видовден и по потреба, на приредби што ги организирала гимназијата за родителите на учениците и граѓаните од градот Штип.

Освен хорското друштво „Единство”, во Штип, помеѓу двете Светски војни, постоел и Црковен хор кој служел исклучиво за потребите на црквата. Можеби токму активноста на овој хор ќе создаде традиција, подоцна во 1938 година да се развие уште позабележлива дејност на Српското православно црковно-пејачко друштво „Цар Урош”. Всушност тоа бил мешан хор формиран по иницијатива на Општинскиот црковен одбор. Хорот, машки и женски вкупно броел 45 члена. „Благодарејќи на големата волја и упорност на членовите, посебно со ангажирањето на диригентот Константин Павлевски, воен чиновник, само по двомесечна подготовка хорот веќе почнал да пее редовно на богослужбите во Соборната црква ‚Св. Никола' во Штип.”[138]

Ова црковсно-пејачко друштво, кое во почетокот се викаше „Цар Урош”, а подоцна по предлог на неговиот секретар и по желба на членството го доби името „Брегалница”. Работеше сè до војната во 1941 година.

Во Штип бил формиран и тамбурашкиот оркестар „Напредок”. За него Панче Зенделски во сеќавањето „Културните, музичките и спортските активности во Штип”[139] се сеќава дека овој оркестар го формирал наставникот по цртање Боро Вучковиќ. Друштвото навистина ги немало ни најелементарните услови потребни за неговата активност, дури ни просториите за вежби и проби, но затоа имало членови ентузијасти кои своите проби ги одржувале во своите домови. Овој оркестар свирел на одделни приредби и игранки. За одбележување е дека ова друштво бргу се афирмирало и тоа не само во Штип, туку и пошироко, а свои концерти давало и во состав на Соколското друштво и во други градови на Југославија.

По извесно време се формирала и соколската „блех”-музика. Во почетокот голема помош, стручна и организациска за овој вид музика и давале

---

[138] „Гласник на Српската православна патријаршија”, број 8-10, Април 1938 година, Белград, стр. 260

[139] Панче Зенделски, „Културните, музичките и спортските активности во Штип во периодот од 1918 до 1941 година”, Историски архив на град Штип

воените музичари, кои и ја раководеле. Овде би спомнале само некои членови на оваа „блек"-музика. Тоа се: Методи Докузов кој свирел труба, грнчар по професија, пиколо свирел Пецо Спасов – шофер, флејта Тодор Слеански – службеник, кларинет Пенчо Зарков – шивач, чинелите ги удирал Коле Икономов – тровец, тапанар Митко Аџиѓорчев – службеник, тромбон Васил Цицонков – кондураџија и Коле Иванов – работник.

Оваа „блех"-музика ги придружувала сите соколски приредби и слетови, како во градот и околијата, така и низ цела кралска Југославија.

Прилог кон збогатување на културно-просветниот живот на граѓаните во Штип давале и некои други друштва од градот, само не со таков обем и не со таков интензитет. Меѓу другите поголема присутност меѓу граѓаните се издвојувале: Народниот универзитет, кој обично организирал актуелни предавања од најразличен карактер, а особено од областа на народното просветување и тоа не само во градот, туку и во селата. За одбележување е и тоа дека само во 1930 година Народниот универзитет од Штип организирал 27 аналфабетски курсеви, кои ги посетувале 853 ученика од 10 до 25 годишна возраст. Оваа богата содржина на работа на Народниот универзитет честопати добивала место и признанија и во средствата за информирање и тоа не само во Македонија, туку и пошироко. Градската библиотека со читална, исто така, имале свој удел врз културно просветното издигнување на градот. Читалната честопати била место за средби и разговори на напредни младинци, за средби и разговори на забранети теми. Во читалната се наоѓале и читале дневните и периодични весници, се играло шах и друго.

Во овој контекс би го спомнале и Клубот на пријателите на Франција кој подоцна ќе прерасне во Друштво на пријателите на Франција. Друштвото е формирано во 1935 година. Целта на друштвото била да го негува традиционалното пријателство родено во тешките денови на Првата светска војна помеѓу Франција и југословенските народи и за ширење на интернационалистичките погледи и сфаќања. Друштвото постоело сè до почетокот на новата војна. Традицијата на друштвото Штипјани и ден денеска ја продолжуваат преку Друштвото за пријателство и соработка на Македонија – Франција, Оддел во Штип.

# III. ХУМАНИТАРНИ И СПОРТСКИ ДРУШТВА ВО ШТИПСКИОТ РЕГИОН

## *1. КОЛО НА СРПСКИТЕ СЕСТРИ*

Обновувањето на работата на хуманитарното друштво „Коло на српските сестри" во Штип било извршено на 7 Јуни 1925 година. Велиме обновување, а не формирање, бидејќи ова друштво постоело од порано, иако не се знае точно од кога, но до 7 Јуни 1925 година не се евидентирани негови активности, поради што од оваа дата се смета дека дејствува Колото на српските сестри во Штип. Инаку на обновата на Одборот присуствувале и членови на Главниот одбор од Белград, меѓу кои и потпретседателката г-ѓа Проданова, членот на Одборот г-ѓа Пешиќ и секретарката г-ца Тодоровиќ. Заедно со нив била и Анѓа Јеремиќ, претставник на скопскиот Одбор на Коло на српските сестри.

Во извештајот на Главниот одбор прочитан на годишното собрание на Коло на српските сестри во Белград, се вели: „На многубројниот собир обновен е Одборот на Коло на српските сестри. Едногласно е избрана Управата. За претседател на Одборот е избрана Марија Пуздерлиевиќ – мештанка, а за потпретседател, Зора Ковачевиќ. Одборот главно го сочинуваат луѓе од градот. Сестрите од Штип со воодушевување ги поздравија гостите од Белград и Скопје. Потпретседателот на Главниот одбор го поздрави обновениот одбор и зборуваше за задачите на Колото и обврските на неговите членови. Одборот во Штип се конституира и ги вложува сите сили во полза на овој крај."[140]

Колото на српските сестри имало хуманитарен карактер, иако од неговите активности тешко може да се дистанцираат демагошко-пропагандните белези и сосема јасна цел – и преку неговите активности што е можно повеќе да се врши влијание за денационализација на македонскиот

---

[140] Извештај на Главниот одбор на Коло на српските сестри, Календар Вардар, 1926 година, Белград, стр. 6

народ. Но, и покрај тоа, Управниот одбор на Колото во својата пргрaмска насоченост се раководи од хумани и доброволни поттици. Право за вакви размислувања ни даваат активностите на Колото за 1925/26 година и неколку наредни години. Меѓу другото во овој временски период Одборот на Колото ги реализирал следните активности: била испратена ученичка на Вишата занаетчиска школа во Белград и сместена во интернатот на Главниот одбор, за Божикните празници Одборот купил 10 зимски палта, 1 фустан и 12 чифта чевли за сиромашни ученици. За болните во Воената и градска болница било испратено повеќе храна и цигари, испратена била помош на бегалци од Грција во Ѓевѓелија. Биле запишани 20 ученички на домаќинскиот курс во Штип, се помагало и при отворањето на килимарското училиште во Штип, дадена е помош за културно издигнување на своите членови итн.

Колото на српските сестри во Штип организирало и Словенски бал за кој биле обезбедени 35 костуми од најразлични краишта и бил добиен чист приход од 7.000 динари. Одборот на колото на штипските сестри соработувал и со Одборите на другите Кола од Југославија. Така, на пример, Одборот од Штип во 1927 година им испратил парична помош на Одборите на Коло на српските сестри во Струмица, Дервента и Пеќ.

За активноста на штипските „сестри" пишувале и јавните гласила. Така, на пример, блеградска „Политика" под наслов „Штипското Коло на српските сестри облекло 45 ученика" пишува: „Оваа година Коло на српските сестри се потруди на Велигден да облече 45 сиромаши ученици и деца. Ова кај родителите поттикнало голема радост и голема благодарност. Штипската општина покрај 20 чифта облека им поделила на учениците од основните училишта и 20 пара кондури."[141]

За ваквата успешна работа хуманото друштво Коло на српските сестри во Штип добило повеќе признанија, а лично кралот, во форма на помош испратил 3.000 динари. За цело време на своето постоење, Колото на српските сестри во Штип развило пред сѐ хумани, културни и забавни акции, но речиси секогаш со пропагандна и дамагошка обоеност. Активностите на

---

[141] „Политика", Штипското Коло на српските сестри облекло 45 ученика и деца, 1932 година, Београд, стр. 12

Колото на српските сестри во зависност од економските услови, продолжиле континуирано со помал и позасилен интензитет сè до почетокот на Втората империјалистичка војна.

## 2. „КНЕГИЊА ЗОРКА"

За разлика од Колото на српските сестри хуманитарното друштво „Кнегиња Зорка" било формирано подоцна, а спрема формите и содржината на своите активности било исклучиво со хуманитарен карактер. Друштвото било формирано на 13 Јануари 1929 година, а од самото Основачко собрание била испратена и телеграма до кралот и семејството во која, со возвишеност и со реторички зборови, се вели: „Со помош на друштвото ќе работиме за човечноста и добрините на овие граѓани и ќе дадеме виден придонес на ова поле."[142]

Во истиот број на „Политика" се наведени имињата на раководството и членовите на Управниот одбор. За претседател на Одборот била избрана Драга Марковиќ, а за потпретседател Даница Милиќевиќ. Должноста, секретарка на друштвото ја вршела Милунка Николиќ. Управниот одбор го сочинувале следните членови: Пандорка Стаменковиќ, Боса Миловановиќ, Љубица Стошиќ, Магдалена Каратасковиќ, Лепосава Павловиќ, Марија Чвориќ, Елеонора Јоксимовиќ, Цвета Коларовиќ, Мара Дрмовиќ, Стојка Доневиќ и Вера Јорганџиевиќ.

За илустрација каква била работата на друштвото Кнегиња Зорка ќе наведеме дел од содржината на неговите активности, хронолошки за повеќе години прикажани во извештајот на Главниот одбор на друштвото Кнегиња Зорка од 1929 до 1933 година. Само неколку месеци по основањето, за Ѓурѓовден на 06.05.1929 година, друштвото собрало храна за 70 сиромашни луѓе и тоа по иницијатива на Јулијана Марковиќ која лично собрала 500 динари со што ја зголемила радоста на овие сиромашни луѓе. Во летото, истата година од материјални средства на друштвото се купени учебници и

---

[142] „Политика", Друштво „Кнегиња Зорка", 13 Јануари 1929 година, Београд, стр. 5, Универзитетска библиотека „Климент Охридски"

мебел за Детското забавиште во градот, а со помош на војската е вграден орман и изработени закачалки.

По иницијатива на друштвото Кнегиња Зорка, Министерството за просвета одобрило во Штип да се отвори забавиште под покровителство на Главниот одбор. За учителка била поставена Евица Микoвиќ, која во Септември 1929 година започнала да работи. Набргу, друштвото добило и свои општествени простории, на чие отворање присуствувал и пратеник на крал Александар I. Очигледно ова зборува дека Кнегиња Зорка стекнала афирмација и на поширок план.

Следејќи ги активностите на ова друштво, може да се констатира дека тие најповеќе се насочени кон давање помош, најчесто парична, на сиромашни, болни или изнемоштени лица или на помош од пошироко значење. Понекогаш се случувало, обично при одбележувањето на некои јубилеи, верски празници, или дочек на Нова година, активноста на друштвото да има и забавен карактер, но и при овие случаи е собирана парична помош за потребите на „Кнегиња Зорка”.

Од регистрираните активности изнесени во извештајот на Второто годишно собрание, одржано на 15 Февруари 1933 година, може да се констатира дека за разлика од Колото на српските сестри, во работата на „Кнегиња Зорка” забележлива е повеќе хуманитарната, а помалку пропагандната дејност. На ова годишно собрание избрана е нова Управа со иста претседателка за чија работа се врзани најголемите достигнувања во друштвото. Од тие причини на Драга Марковиќ со акламација и е доверена должноста да раководи со Кнегиња Зорка. За потпретседателки на Одборот биле избрани Кристина Петровиќ, Боса Миловановиќ, за секретарки и Ратка Парнаџиевиќ, а за благајник Јагода Обрадовиќ. Надзорниот одбор го сочинувале: Ќева Поповиќ – претседателка, а членови: Олга Лешевиќ и Сидонија Мурвар. Одборот бил составен од следните членови: Вера Сокиќ, Слава Петровиќ, Ката Вујашевиќ, Вера Вујадиновиќ, Марија Смог, Рајна Тирнаниќ, Ката Петковиќ, Милева Мариќ, Дара Дениќ, Љубица Исиќ, Драгица Вукотиќ, Даринка Чујовиќ и Даница Чујовиќ. Впечатлив е и бројот на Штипјанки што влегувале во Одборот, а тоа се: Надежда Ѓорѓичкова –

секретарка, Ратка Парнаџиска, Анастасија Цидрова, Стојка Пуздерлиева, Рајна Куковалиска и Слободанка Шеќеринова.

Во иста насока и со иста содржина „Кнегиња Зорка" продолжила со својата интензивна работа и во наредните години, сè до оној момент кога почнала и му ставила крај на целокупното денационализаторско дејствување меѓу граѓаните од град Штип.

Од другите хуманитарни друштва кои оставиле позабележителни резултати биле и организацијата на Црвениот крст и Друштвото на пожарникарите од Штип.

Организацијата на Црвениот крст, своите најголеми и најдобри резултати ги реализирала во борбата против најраспространетата болест во тоа време во Штип и штипско, маларијата. На ова поле се постигнале и такви резултати што го привлекле вниманието дури и на светскиот Црвен крст. Тоа било и најмасовно друштво по број на членови во Штип.

За време на отоманското ропство ретко кој град во Македонија имал пожарникарско друштво. Меѓутоа набргу по формирањето на Кралството на СХС, неминовно се наметнува потребата од создавање на такво друштво од причина што во штипскиот регион многу често се случувале пожари, кои причинувале ненадоместливи материјални штети. Поради тоа, во Штип на 3 Март 1933 година, по иницијатива на Костадин Настиќ, роден во Штип, било формирано противпожарникарско друштво во Штип. На Основачкото собрание, Костадин Настиќ зборувал за значењето и потребата од вакво друштво и ги изнел своите искуства стекнати од неговиот повеќегодишен престој во Сталаќ. За претседател на друштвото бил избран Лазар Балабановиќ – општински чиновник, а за командир бил назначен Настиќ Костадин. За заменик на командирот бил избран Митко Чешларски – трговец, а за благајник Митко Хаџиѓорѓевиќ.

## *3. СОКОЛСКО ДРУШТВО*

Зачетоците на физичката култура во Штип и штипско временски се врзани за самиот крај на XIX и почетокот на XX век, особено при крајот на

турското ропство. Впрочем, поради Балканските војни и Првата светска војна, не се забележани некои посебни активности. Спортските друштва во ова време биле формирани со одредени политички цели од еден или друг поробувач, преку чии форми ги реализирале своите пропагандистички и денационализаторски стремежи кон македонскиот народ. Од 1915 до 1918 година во Штип забележлива активност покажува организацијата „Јунак". Активноста на Јунак се одвивала во училиштата, поради што и членовите на оваа организација биле ученици.

По Првата светска војна и создавањето на Кралството Југославија, престанала активноста на друштвото Јунак. Набргу по доаѓањето на Србите уште во 1919 година во Штип се формира гимнастичкото друштво „Сокол". Целосниот наслов на ова друштво гласи: „Брегалничка жупа, Вардарски сокол – Соколско друштво – Штип". Штипското друштво Сокол било зачленето во југословенскиот соколски сојуз. Началник на друштвото во овој период бил наставникот по фискулотура во штипската гимназија Чехословакот Алојз Соколовски. Гимнастичките активности во ова време се одвивале во „шпиталето"[143]. Друштвото набргу станало популарно и во него членувале сè повеќе деца и младинци. Вежбовните активности се сведувале на: прости вежби, вежби со справи, вежби на разбој, скокови и трчање.

Набргу, Штипското соколско друштво започнало да дава и јавни приредби пред граѓанството на Штип. Таков јавен настап членовите на друштвото секоја година имале на Ѓурѓовден во месноста Каваклија, каде што по традиција граѓаните на Штип се собирале на овој празник на излет. Покрај многубројните веселби овде се изведувале и фискултурни вежби. Таков јавн настап е изведен во 1926 година со голем број членови на друштвото.

Во 1925 година началникот на друштвото Алојз Соколовски бил преместен за наставник во Учителската школа во Штип, а на негово место

[143] „Шпиталето" била мала зграда со мал двор која во минатото служела како дом на сиромашни старци и изнемоштени луѓе. При крајот на Првата светска војна бугарските офицери ја користеле како менза. Денес зградата не постои, а нејзиното место се наоѓа на аголот од улицата Ванчо Прке и Гоце Делчев.

бил назначен некој си жандарм по име Фрањо. „Тој имаше добар однос со членовите и беше добро примен од вежбачите на друштвото. Исто така тој беше добар гимнастичар. Фрањо изврши самоубиство со револвер од љубовни побуди.”[144]

Континуитетот на растежот на гимнастичарското друштво во Штип продолжува особено по доаѓањето на Ганчо Пајтонџиев за началник на друштвото. Една од задачите што си ги поставил тој била збогатување на друштвото со справи.

Во 1926 година во Офицерскиот дом, гимнастичкото друштво извело забележливи академии со гимнастички вежби и специјални академски точки. Во реализирањето на оваа академија забележлив успех постигнале преку изведување на својата точка машкото одделение во состав: Киро Савев, Тиљо Кошевалиски, Мишо Каранаков, Ратко Петровиќ, Симеон Грков, Никола Милев, Васил Авукатов и Панче Давчев. Со слични академски точки Соколското друштво од Штип во 1927 година настапува и во Радовиш, Свети Николе и Кочани.

Во 1928 година Штип го посетиле мостарските Соколи. Тие во градот одржале јавен час на кој присуствувале многубројни граѓани. Нема сомнение дека оваа посета уште повеќе го поттикнала интересот на Штипјани кон соколството. Во 1929 година друштвото доживува уште поголема афирмација. За тоа најмногу придонесува извонредно талентираниот вежбач на справи, Боро Лазиќ, ученик во гимназијата во Штип. Во оваа година штипските гимнастичари имале голема турнеја во повеќе градови во Југославија и насекаде оставиле силен впечаток. Од друга страна тие насекаде наидувале на срдечен и топол прием. Една таква топла средба на штипските гимнастичари им била приредена и во Крушевац. За овој настан „Политика” пишува: „На својата голема турнеја, денес во 11 часот претпладне овде допатуваа членовите на Штипското соколско друштво. На железничката станица им бил приреден срдечен пречек. Пред доаѓањето на штипските гимнастичари на железничката станица биле собрани членовите на Крушевачкото соколско друштво, воената музика и

[144] Трајко Кошевалиски, „Развојот на физичката култура во Штип и штипско” – ракопис, стр. 3

многу народ. Кога пристигнал возот одекнало громогласното „Здраво". По патот и низ улиците на Крушевац граѓаните воодушевено пги поздравувале штипските гимнастичари."[145]

За издигнување на квалитетот и содржината на работата во 1930 година придонел курсот што се одржал во Скопје, кој траел еден месец, а на кој зеле учество и повеќе членови од Штип. Но, треба да се каже дека и во гимнастичарското друштво во Штип делува големосрпската пропаганда која од друштвото сакала да направи форма преку која ќе влијае врз однародувањето на македонскиот народ.

Овде треба да се спомне и активноста на познатиот големосрпски експонент Михајло Каламатиевиќ кој бескруполозно настојувал во Управата на друштвото да внесе свои луѓе. Тоа најдобро се покажало на Годишното собрание на друштвото во 1930 година, на кое организирана група на Каламатиевиќ настојувала да го смени старешината на друштвото, Гвозден Матиќ, а на негово место да го избере Никола Настов, кмет на општината. Откако членовите на друштвото се спротивставиле на овој предлог Собранието ја прекинало својата работа. Причината за сменувањето на Гвозден Матиќ, била исклучиво од политички карактер. Познато било дека Гвозден Матиќ, Сава Петровиќ, адвокат од Штип и Сава Тодоровиќ, хотелиер, биле политички противници на Каламатиевиќ и со своите политички убедувања припаѓале на Демократската странка. Сепак, на ова Годишно собрание за старешина бил избран Никола Настов, но, затоа пак, академијата која требало да се одржи во Офицерскиот дом не доживеала своја реализација. Многу често штипските гимнастичари ги посетувале и околните села.

Од активностите на Соколското друштво од 1932/33 година за одбележување се 15 дневниот курс за друштвото од Брегалничкиот округ на кој присуствувале гимнастичари од Штип, Кочани и Берово на чупанскиот Соколски слет одржан во Скопје од 3 до 5 Јуни 1933 година на кој штипските гимнастичари зеле учество во сите натпреварувачки дисциплини и постигнале завидни резултати.

---

[145] „Политика", Штипските соколи во Крушевац, 04.07.1929, Национална библиотека „Климент Охридски" – Скопје

Какво задоволство претставувало учеството на овие слетови најдобро го потврдуваат зборовите на „соколот" Никола Крупишки: „Може да се замисли каква радост владееше меѓу учесниците на Жупанскиот соколски слет во Скопје кога некои и за прв пат излеговме надвор од родниот град и кога за прв пат се качувавме на воз. Некои дури и се чудеа како е можно возот да оди само по шини."

И во 1935 година продолжил интензитетот на активностите на Соколското друштво и тоа преку различни форми и содржини: акдемии, слетови, курсеви и друго. Видливи се настојувањата и за омасовување на друштвото. Така, на пример, според статистиката на крајот од 1935 година бројната состојба само на вежбачкото членство изнесувала: членови: 27 младинци, 37 младинки, 14 машки деца, 48 женски деца.

Штипските гимнастичари од 12 до 15 Јули 1935 година учествувале на слетот во Софија. За одбележување е дека при враќањето од слетот се случил инцидент, бидејќи на некои од учесниците на слетот им бил пронајден пропаганден материјал во форма на брошури во кои се напаѓал српскиот режим.

Најзначаен момент за штипските гимнастичари е почетокот на изградбата на новиот Соколски дом. Иницијатива за изградба на домот дал генералот Бошко Тоскиќ. По негова иницијатива бил формиран Одбор за изградба на Соколски дом. Денот на почетокот на изградбата на Домот за Штипјани бил вистински празник. Каква важност му се давала на овој настан, кој што имал и политички карактер, најдобро зборува податокот дека при удирањето на темелите биле присутни големиот жупан Михаил Каламатиевиќ, Михајло Михајловиќ – адвокат, Панче Пуздерлиевиќ – познат трговец од Штип, Трајче Хаџипетров – претседател на штипската општина и многу други. Сите овие личности воедно биле и членови на Иницијативниот одбор за изградба на Соколскиот дом.

Во наредните 2 години, 1936/37 година, во работата на гимнастичарското друштво не се забележуваат никакви карактеристични промени ниту некои повидливи постигнувања.

Главен белег во работата на Соколското друштво во 1938 година биле подготовките и учеството на гимнастичарите на Деветтиот

сегимнастички слет одржан во почетокот на месец Јули во 1938 година во Прага. На овој слет од штипските гимнастичари учествувале: Лазар Каламатиев, Монко Ефтимов, Трајко Кошевалиски, Ѓорѓи Тосков, Петар Сарев, Методи Балванлиев, Киро Савев, Аспарух Гочев, Димитар Казанџиски и Илија Зипев. Од овој слет учесниците донеле незаборавни импресии, а пред сѐ биле воодушевени од гостопримството и љубезноста на кои наидувале на секој чекор. Сеќавајќи се на овој незаборавен настан, Трајчо Кошевалиски вели: „Со пристигнувањето во Чехословачка, уште на границата бевме примени мошне срдечно. Веднаш бевме почестени со сендвичи и разни безалкохолни пијалоци. Во Прага пристигнавме на 01.07.1938 година во 6:40 часот и на чело со музиката марширавме низ улиците на Прага, бурно поздравени од граѓаните сѐ до училиштето во кое бевме сместени. На јавниот настап кој се одржа на 3 Јули присуствуваше и претседателот на Републиката Д. Р. Бенеш."

Сите овие моменти ги забележуваме не само да ги регистрираме постигнатите резултати на штипските гимнастичари, туку и да останат забележани сите оние кои во едно специфично време оставиле белег на спортскиот живот и не само на него туку и на градот. И навистина е така. Членовите на Соколското друштво покрај спортските активности давале и тон на културно-просветниот живот во градот. Одржувале другарски вечер и игранки и не само за членовите на друштвото туку и за граѓанството. Исто така, честопати, по завршувањето на часовите, а понекогаш и во други термини друштвото организирало и одредени предавања, со најразличен карактер. Најчеста тема на предавањата била онаа која се однесувала на идеологијата на соколството. За тоа каков треба да биде моралниот лик на секој гимнастичар, во книгата „Идеологија на соколството" се вели: „Не смее да биде горделив, нескромен, неправеден, недоверлив, нечесен, недружељубив, непожртвуван, неправичен и себичен. Напротив, гимнастичарот мора да биде: горделив но со скромен карактер, одлучен, храбар, снаодлив, истраен, точен, совесен, чесен, дружељубив, пожртвуван, правичен и несебичен."[146]

[146] д-р Миливое Павловиќ, „Идеологија соколства", Издава Соколска жупа, Скопје, 1931 година, стр. 24

Најзначаен момент во 1939 година за гимнастичарите на Соколското друштво и на граѓаните на град Штип било свеченото отворање на новиот Соколски дом. По тој повод Гласникот на Српската православна патријаршија, пишува: „Штип, идниот центар на Брегалничката област, изгради прекрасен Соколски дом како споменик на штипските гимнастичари на починатиот крал Александар I Обединител, чие име го носи овој дом. Осветувањето е извршено на роденденот на Неговото Величество кралот Петар II во 11 часот претпладне. Осветувањето го извршил епископот Злетовско-струмички господин Симеон, заедно со целокупното свештенство од град Штип. По осветувањето господин Симеон пред присутните одржал беседа за важноста на соколската активност и се заблагодарил на сите што придонеле за изградба на Соколскиот дом во Штип."[147]

Впрочем, колку наближувал крајот на четвртата деценија од овој век, сè повеќе станувало јасно дека војната е неизбежна. Ваквата психологија на исчекување се одразила и на работата на Соколското друштво. Таа постепено спласнувала, за да на крајот од 1940 година потполно да замре и така да се стави крај на една масовна активност која дала огромен придонес за збогатувањето на спортскиот живот на градот во периодот меѓу двете Светски војни.

### *4. ФУДБАЛСКИ КЛУБОВИ*

Зачетоците на фудбалската игра во Штип се врзани за името на Боро Пенушлиев, кој веднаш по Првата светска војна, од Германија, каде што бил на студии ја донел и првата „вистинска" топка, односно фудбал во Штип. Тој еден ден ја фрлил топката во слаткарницата на браќа Ререви, која се наоѓала под куќата на Јордан Поп Картов. Присутните останале вчудовидени и радосни, отишле веднаш да ја ритнат топката, како што тогаш велеле. Колку и да звучи анегдотски, сепак тоа е вистината за почетните мигови на фудбалската игра во Штип. Впрочем, за првата

---

[147] Гласник на Српската православна патријаршија, бр. 23/24, 25 Октомври 1939 година, Белград, стр. 573

фудбалска топка во Штип постои и друга верзија, која ја спомнуваат Мирко Наџаков и Венко Прилепчански во книгата „ФК Брегалница 1921 –1991 година" која гласи: „Еве што е запишано во сеќавањата на Димитар Ковачев (Џоклев) во врска со донесувањето на првата топка во Штип. Бев ученик во гимназијата во Штип. Во вечерните часови кога се собиравме другарите и меѓу другите нешта, почесто зборувавме за фудбалот како игра на младите. Тоа се повеќе не привлекуваше и еден ден решивме преку пошта, од Љубљана да порачаме фудбалска топка, која набргу и ја добивме. Подигнувањето на фудбалската топка од поштата беше настан за сите нас. Бргу се собравме другарите и веднаш ја сфативме сериозноста од недостатокот – едноставно не знаевме што да правиме со неа, односно не знаевме како се игра фудбал. Веста дека сме имале фудбалска топка, во Штип бргу се прошири и по еден или два дена ни пријде еден музикант за чие име не се сеќавам. Тој ни се понуди самиот да ни објасни како се игра фудбал, бидејќи порано бил во Франција и таму гледал како се игра. Потоа следниот ден во дворот на Новоселската црква се состанавме и таму почнавме со објаснување на правилата за игра, распоредување на играчите, како се постигнува гол, дека фудбал се игра само со нозе и со глава."[148]

Не за долго време во градот бил формиран и првиот фудбалски тим и тоа во штипската реална гимназија под име „Ѓачки". Подоцна овој тим прераснува во граѓански фудбалски клуб „Обилиќ". Интересот за фудбалската игра во Штип станува се поголем, а штипските сарачи: Игнат, Мане Жежов, Саздов и браќата Јакимови, започнале по теркот на фудбалот од Германија и сами да изработуваат топки, кои граѓаните од Штип масовно ги купувале.

Во дваесеттите години во Штип сè уште немало игралиште, а се играло насекаде и без разлика колку е игралиштето оддалечено од градот.

Првата утакмица со натпреварувачки карактер е одиграна на денот кога во Штип пристигнал првиот воз, во 1924 година. Помеѓу дваесеттите и триесеттите години во Штип фудбалската игра масовно се развивала и биле формирани повеќе фудбалски клубови како што се: „Обилиќ", „Југовиќ", „Ѓачки", „Слога", „Занатлија", „Бирлиќ", „Хајдук" и други. Подоцна,

[148] Мирослав – Мирко Наџаков, Венко Прилепчански, „ФК Брегалница 1921 – 1991 година", Штип, 1991 година, стр 23 и 24

фудбалските друштва „Југовиќ” и „Занатлија” извршиле фузија и го формирале спортскиот клуб „Кежовица” на местото на денешното игралиште на фудбалскиот клуб „Кежовица”. Или вкупно во периодот меѓу двете светски војни, Штип имал 14 фудбалски клуба и бил веднаш зад Скопје.



*Фудбалскиот клуб „Слога” од 1932 година: Панче Кралев, Васил Доганџиски, Алија Алиев, Боро Ефремов – Смоко, Боро Лазаров, Лазар Миов, Бажо Доганџиски, Ристо Кочков и Ѓорѓи Коцев (По сеќавање на Панче Кралев, активен член на клубот) (Приватна колекција на Панче Кралев)*

И Евреите, покрај другите форми на културно-забавен живот формирале, исто така, фудбалски клуб „Макаби”, но без подолг временски век. Колку во Штип фудбалот станал популарен зборува и податокот дека покрај овие клубови биле формирани и воени тимови, какви што биле: „СК Музичар” составен исклучиво од воени музичари и „СК 23 Пешадиски полк”, „11 Артлериски полк” составени само од војници и офицери на овие полкови.

Сепак, најпознато место во развитокот на фудбалската игра во Штип, има фудбалскиот клуб „Брегалница”. Со ова име се врзани најголемите достигања на фудбалскиот спорт во Штип меѓу двете светски војни. Идејата

за формирање на овој клуб потекнала од Тошо Арсов, напреден младинец, комунистички ориентиран, бескомпромисен борец за слобода на македонскиот народ, подоцна учесник во револуцијата на која и го подари и својот млад живот. Новото друштво „Брегалница", според замислата на Тошо Арсов, требало да биде составено не само од ученици и студенти, туку у од работници, занаетчии и други лица од градот за подоцна да стане средиште на напредните младинци од градот.

Друштвото „Брегалница" било формирано во летото 1931 година, а во неговата управа биле избрани: Боро Апостолски – претседател, Тошо Арсов – секретар и Димитар Алексов, Лазо Срцев и Мијалче Тошанов - членови на управата. За овие мигови од формирањето на друштвото, многу сликовито се сеќава Боро Апостолски. Во своите сеќавања за зачетоците на фудбалската игра во Штип, а особено за фудбалскиот клуб „Брегалница" тој пишува: „За озваничување на Друштвото требаше да се добие согласност од надлежните органи, односно од Началството. Затоа утредента со Тошо отидовме во Началството да го пријавиме друштвото. Но, на големо изненадување, началникот направи забелешка на името „Брегалница" дека тоа не е во духот на времето и утврдените норми, какви и кои имиња треба да се даваат, водејќи сметка пред сè на херојската борба и националните белези на српскиот народ. Забелешката на началникот многу не нè изненади, но сепак беше непријатно поставена. Впрочем, бргу се снајдовме и одговоривме дека при одредувањето на името се земени пред вид и тие моменти, бидејќи во градот постојат друштва со такви имиња, па затоа се одлучивме на ова име кое исто така има длабоки корени во националната историја на српскиот народ, и истакнувајќи дека со ова име се одбележува победата на српската војска над бугарската на реката Брегалница. Нечалникот просто беше матиран и без двоумење ја даде својата согласност."[149]

Подемот на друштвото почна брзо. Тренинзите се одвивале редовно и одговорно. За името „Брегалница" веќе се слушало и надвор од Штип.

---

[149] Боро Апостолски, ФК „Брегалница", 10.01.1981 година, ракопис – Фонд Мемоарска граѓа при Историски архив на град Штип

Покани започнале да пристигнуваат и од околните градови: Велес, Неготино, Кавадарци, Струмица, Кочани и други.

Првата утакмица, надвор од градот, Брегалница ја одиграла на 21 Септември 1932 година во Неготино, каде пред многубројни гледачи победила со 2:0. Потоа следуваат нови утакмици, нови победи, од кои највпечатлива била онаа над „Беласица" со 6:0. До 1935 година друштвото „Брегалница" бележи постојан подем не само на спортски план, туку „Брегалница" станала спортско друштво во кое владеело разбирање, другарство, рамноправност, солидарност, бидејќи во „Брегалница" членувале: Македонци, Срби, Црногорци, Турци и други.

„Брегалница" била форма преку која Тошо Арсов и други напредни младинци ги ширеле идеите на комунистичката партија и се подготвувале за идните борци за НОВ и Револуцијата. Доволно е да се спомне дека подоцна активни членови на ова Друштво биле и Славчо Стојменски, Методи Митевски – Брицо и други.

Овој континуитет на исклучителни, не само спортски резултати на друштвото „Брегалница" ќе продолжи сè до нејзиното предвоено постоење. Овој интензивен растеж на фудбалската игра во Штип, сам по себе ја наметнал и потребата од фудбалски игралишта. Централно игралиште во Штип била рамнината во местото „Бело Брдо", игралиште кое служело за оваа цел, дури и десетина години по ослободувањето на Штип, односно сè до изградбата на модерниот стадион покрај реката Брегалница.

Иако најчесто натпреварите биле помеѓу самите клубови во градот, сепак на некој јубилеј или по повод некој државен или верски празник фудбалскиот клуб „Брегалница" играл и со тимови од околните или подалечните градови. Посетата за тогашните услови била голема, а влезниците – билетите биле наплатувани на самото игралиште пред почетокот на натпреварот. Другите клубови, финансиски послаби, се случувало, на пример, преку Струмена чешма да одат пешки дури до Радовиш за да одиграат натпревар. Тоа е навистина податок кој сам по себе зборува каков бил ентузијазмот на играчите кон фудбалскиот спорт. Што се однесува до административно-правните норми предложени најмалку од 10 граѓани кои ги формулирале сите обврски и права на членовите на клубот.

Правилникот бил одобруван од Среското началство, а подоцна од властите на Бановината од Скопје.

Имајќи ја, пред вид, сета оваа традиција на фудбалот во Штип, станува јасно поради што уште од првите денови по ослободувањето, па до денес фудбалската игра во Штип е најпопуларен спорт.

Соколството и фудбалските клубови придонеле за ангажирњето на младината за развојот на физичката култура во Штип и штипско меѓу двете светски војни, иако во суштина на сите била целта на режимот: однародување и посрбување на македоснкиот народ.

# ГЛАВА ДЕСЕТА

## ШТИП И ШТИПСКО ВО ПЕРИОДОТ НА ШЕСТОЈАНУАРСКАТА ДИКТАТУРА

Иако шестојануарската диктатура од 1929 година со која кралот Александар Караѓорѓевиќ ги распуштил сите политички партии, го укинал Видовденскиот устав и го распуштил парламентот, ги поделил сите територии на Кралството, сепак со сигурност може да се тврди дека во Вардарска Македонија, една од деветте бановини според новата административна територијална поделба, политичката и економската состојба на народот била најтешка. Монархофашистичката диктатура навистина своето вистинско лице и угнетувачка политика ги покажала со сета бескрупулозност и суровост во Македонија. Најстрого била прогонувана секоја демократска прогресивна и национална појава на македонскиот народ и потполно го задушил политичкиот живот во овој дел. Носител на овој терор бил првиот бан во Вардарска бановина, Жика Лазиќ, додека во штипскиот регион, Мијалче Каламатиевиќ, кој станал неограничен тиранин во штипскиот крај.

Шестојануарската диктатура теророт, кој бил главно обележје на животот во Брегалничкиот округ, а посебно во Штип и штипско ја достигнал својата кулминација. Покрај другите политички последици, шестојануарската диктатура во Штип се почувствувала и во сферите на образованието, меѓу другото и со укинувањето на Полната гимназија во градот. За овој период д-р Александар Апостолов пишува: „Со еден закон за средните училишта од 1929 година сосема беа укинати гимназиите во Кавадарци, Струмица, Кичево и Ресен, а од полни беа сведени на непотполни гимназиите во Велес, Куманово, Прилеп и Штип. Овој закон ја погоди само Јужна Србија, односно Македонија и се дојде до ситуација од

која можеше да се согледа дека врз македонскиот народ се врши дискриминација од секаков вид, па и во школството."[150]

За трагедијата на народот да биде поголема, покрај политичкиот терор, периодот на шестојануарската диктатура се совпаѓал и со Големата светска економска криза, која народот од овој крај го дотерала до питачки стап. Особено погодени биле земјоделските подрачја и производителите на тутун, афион и памук. Така на пример, цената на тутунот во овој временски период паднала од 4 до 5 пати. Производителите на тутун биле експлоатирани од сите страни: државните монополи, откупните органи, граѓанските партии и други. Неполесна била положбата и на тутунските работници. Нивните надници биле толку ниски што не биле доволни ни за нивниот физички опстанок. Затоа овие работници останувале без најелементарни потреби за живот. Речиси во иста ситуација се нашле и производителите на опиумот.

Од друга, страна невработеноста секој ден се зголемувала, а обичниот човек работел само за два динара со кој можел да купи само еден килограм леб. Исто така, занаетчиството не само што стагнирало, туку речиси целосно биле уништено. Можеби за карактеристиките од ова време најавтентични се сознанијата на штипскиот весник „Брегалница" кој меѓу другото пишува: „Многу е тежок и жален животот на земјоделците. Цела година се мачат, а кога дојде времето за жетва и кога требало да се вреднува вложениот труд и вложените парични средства се доаѓа до сознание дека нивниот труд воопшто не се исплаќа. Освен тоа, ова се должи и на застарените методи на работа и во земјоделството. Земјоделецот не може да ужива во благодетите на својот труд, сè додека располага со застарени средства за производство."[151]

И конечно кога последиците од кризата започнале да се лекуваат и кога сиромаштијата од другите краеви на Југославија свој спас гледале во емиграција и печалбарство во други земји, за луѓето од Македонија, посебно од „сомнителниот" Брегалнички регион и излегувањето од земјата им било скратено поради „лошите искуства" на режимот со народот од овој крај.

---

[150] д-р Александар Апостолов, „Колонизацијата на Македонија во Стара Југославија", Култура, Скопје, 1961 година, стр. 87

[151] „Брегалница", година III, Штип, Јануари 1929 година, стр. 12

# ГЛАВА ЕДИНАЕСЕТА

# ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИОТ ЖИВОТ ВО ШТИП И ШТИПСКО ОД 1934 ДО 1941

## I. ШТИП И ШТИПСКО ВО ВРЕМЕ НА ПЕТОМАЈСКИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ОД 1935 ГОДИНА

Периодот пред одржувањето на парламентарните избори од 1935 година во Штип и штипско се карактеризира со забележлива попустливост во политичкиот живот што е резултат на општите состојби и во контекст на целокупната политичка состојба на Кралството.

Најпрвин во 1931 година била укината шестојануарската диктатура. Наредната година била создадена таканаречената Југословенска национална странка на чело со Богољуб Јефтиќ или уште позната како „Дворска странка", бидејќи била исклучиво под силно влијание на Дворот и Кралот. Во 1934 година во Бугарија е распуштена Ванчомихајловистичката ВМРО, што не останала без одредени резултати, секако позитивни, и во Македонија, а најмногу во Штип и брегалничкиот регион.

Веќе наредната, 1935 година, Влатко Мачек ја создал партијата на Здружената опозиција, а Величко Ѓргиев (Черноземски) во 1934 година го извршил атентатот на Кралот Александар. И конечно, во предвечерието на самите избори биле формирани две политички партии: Југословенската радикална заедница (ЈРЗ) и Здружената опозиција (Блок на ЗО). За партијата ЈРЗ, основачот Милан Стојадиновиќ ќе рече: „Не ми е намерата својата работа со раководењето да ја споредувам со Никола Пашиќ или специјално што се однесува на партиската организација дека сме во право ние кои сме ја основале, дека ова наше дело го надминало она што Пашиќ

го направил проширувајќи ја радикалната странка на целата територија на Југославија. Таа всушност била и останала чисто српска страначка фракција, поради што не успеала да привлече голем број на несрпско население. Меѓутоа ЈРЗ успеала да го привлече вниманието, не само на српските маси, туку и на голем број на Словенци и сите босански Муслимани."[152]

Што се однесува до работничката класа, таа и овојпат останала без свој легален политички претставник. Но затоа пак, тие прогресивни и патриотски сили во Македонија се групирале околу Македонското народно движење (МАНАПО) формиран од македонските интелектуалци и студенти од Загреб и Белград. Во ова време активирањето на одделните интелектуалци кои барале признавање на националните права на македонскиот народ станувале се поактивни. Такви активности биле забележани и во штипскиот регион. За движењето МАНАПО во своите сеќавања Љупчо Арсов ќе запише: „Ова движење се развиваше под непосредно влијание на КПЈ и имаше задача да ги собира и да ги активира за борба сите Македонци кои што беа подготвени да се борат за националните права на македонскиот народ и за демократизација, слобода и независност на земјата, а против постојниот монархофашистички режим."[153]

Партиската организација на КПЈ во Штип својата активност ја започна во 1935 година определувајќи се на изборите за кандидатите на Здружената опозиција. Еве во такви политички услови во Штип и штипско се одржале изборите од 5 Мај 1935 година, кои ги дале следниве резултати:

Штипска околија

| р. б. | Гласачко место | Избирачи | Гласачи | Околиски кандидати | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | М. Каламатиевиќ | П. Миличевиќ | Ч. Миленковиќ | С. Петровиќ |
| 1. | Драгоево | 390 | 390 | 384 | 6 | - | - |
| 2. | Кошево | 533 | 333 | 280 | 50 | - | 2 |
| 3. | Лакавица | 576 | 494 | 398 | 93 | - | 3 |

[152] Милан Стојадиновиќ, „Ни рат, ни пакт", Ријека, 1970 година, стр. 318, 319

[153] Љупчо Арсов, „Сведоштва", Скопје, 1984 година, стр. 65

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Радање | 660 | 510 | 378 | 120 | - | 12 |
| 5. | Штип I | 751 | 605 | 438 | 152 | - | 15 |
| 6. | Штип II | 720 | 605 | 416 | 168 | 1 | 20 |
| 7. | Штип III | 739 | 595 | 587 | 93 | - | 15 |
| 8. | Штип IV | 821 | 685 | 489 | 184 | - | 12 |
| **Вкупно** | | **5.190** | **4.217** | **3.270** | **866** | **2** | **79** |

За народен пратеник на овие избори бил избран Михајло Каламатиевиќ, а за негов заменик Страхиња Паневиќ, двајцата од Штип. Листата на Радикалната заедница и Здружената опозиција добила 3239 гласа, што претставувало една третина од вкупниот број гласови. За одбележување е дека на самиот ден на изборите, младинците и напредните сили во градот пред кафеаната „Југословенска круна" и градската аптека, организирале јавен истап против ЈРЗ што завршил со отворени реперкусии и судир со полицијата и режимот.

Нема дилеми дека победата на Михајло Каламатиевиќ е резултат на предизборниот терор, заканувањата и заплашувањата на народот, со кои овој народен предавник со години опстојувал во врвовите на политичкиот живот во градот. За тривијалноста и перфидноста со кои Михајло Каламатиевиќ се служел на овие избори и прови своите опозициони противници, покажуваат случаите со сарачот Методи Јакимовиќ, кој бил малтретиран во полицијата под изговор дека „предвреме го отворал дуќанот", потоа случајот со берберинот Асен Миров, чесна и некомпромитирана и авторитетна личност во градот, агентите на Михајло Каламатиевиќ исцениралe обид за силување на Циганка која претходно богато била наградена. И конечно случајот со Петар Добраџиски, исто така политички противник на Каламатиевиќ, кој без било каков повод, преку ноќта бил одведен во полицијата и ставен во ситуација на најниски човечки понижувања, исмејувања, тепања, јавање и сл.

Можеби, најавтентична илустрација за ваквите состојби во Штип е и писмото испратено на граѓаните на Штип од 31 Јули 1935 година до Министерот за внатрешни работи во Белград, Антун Корошац. Во писмото кое ќе го преведеме во неговата целосна интегралност, се вели: „Ние и многубројните граѓани на градот Штип, се обраќаме до Вас, со оваа молба,

господине Министре, Ве молиме по истата, колку е можно во пократко време и да се постапи спрема Законот за да не дојде до несакани последици, до кои сигурно ќе дојде, ако и понатаму остане сегашната Управа на општина Штип со нејзините органи, да врши беззаконие и терор, како што работат до сега.

Ве молиме да се замени целокупната Управа на општина Штип од овие причини:

1. Денешната Управа на општината Штип не е ниту избрана по желба на народот, туку по желба на Михајло Каламатиевиќ, народен пратеник и со незапамтен терор на бившиот околиски началник, Слободан Петровиќ;

2. службениците на општината скоро сите се под суд за дела, кршење на законите, за тепапање на граѓаните во канцелариите и по званичната должност, за грабеж на граѓанскиот имот, за одземање на најосновните граѓански права, за што поединци веќе се и осудени, а скоро сите се под истрага на Судот;

3. управата на општината штипска не работи по законските прописи, не постапува со сите граѓани по законот, ниту постапува еднакво со сите, туку само на оние кои се со пратеникот Каламатиевиќи кои никогаш не се бунат против него и против работата на општинските органи, а сите останати немаат законска заштита и било каков отпор;

4. службениците на општината штипска секојдневно вршат терор и тоа стана, речиси, секојдневна работа, за што најдобар доказ се многубројните тужби во Околискиот суд и Државниот обвинител;

5. управата на општината штипска не раководи добро со општинските приходи и не води никаков надзор над своите службеници, поради што дојде до тоа општинскиот благајник, Поптрајковиќ Милан да украде поголема сума пари, па дури и да биде затворен, но сето тоа не е сторено од страна на општинската Управа, туку дури тогаш кога сето ова го откри Комесарот на Главната контрола, па пред некој ден е сменет;

6. управата на штипска општина не ги пополнува службените места по законот, ниту пак некогаш објавува конкурс, туку на испразнетите места, едноставно доведува нокј свој близок, или пријател, како што е случајот на

писарот на Кривично судското одделение и со благајникот, кои и двајцата се поставени овие денови без конкурс и противзаконито;

7. управата на општината штипска, исто така незаконски ги поставува полските чувари кои таа не ги плаќа, ами нив ги плаќа секој граѓанин кој има полски имот;

8. управата на општината Штип е под влијание на Каламатиевиќ и на општинскиот буџет има поставено толку службеници, посебно стражари и агенти, што би биле многу дури и за Скопје, а не за финансиските средства на општината Штип. Тие стражари и агенти вршат насилства над граѓаните и ги малтретираат по желба на Каламатиевиќ;

9. во поглед на наплатата на општинските трошоци ќе изнесеме само еден пример, односно дека на секој граѓанин му се наплатува данок на сите земјоделски производи кои ги внесува или изнесува од својата куќа во градот, иако не ги изнесува за продажба, додека Васил Пуздерлиевиќ и слични како него не плаќаат данок на брашното кое го внесуваат и продаваат на „ангро" и поединечно;

10. сето ова Управата на штипска општина го прави по волја на Каламатиевиќ, кој повеќе од своето време го поминува во општината, отколку во Народното собрание и кој лично ги поставува и сменува сите службеници и тоа само оние кои му помагаат во незаконското работење."

Продолжувајќи во ваков тон и со вакви зборови граѓаните на Штип писмото го завршуваат со барање: „Ние ги протегаме рацете кон Вас и Ве молиме, господине Министре, да наредите спрема Законот за општините, целокупната денешна Управа на општината да се смени, како и сите нејзини стражари и агентите насилници и да се постави привремена Управа и слободен избор на таа Управа. Привремената Управа не треба да ја поставува Околискиот началник кој е под силно влијание на Каламатиевиќ.

Ве молиме, господине Министре, да ја разгледате оваа наша молба, колку може побргу, бидејќи сè ова што трпиме е неиздржливо, па не тера сами да се браниме, со што може да дојде до несакани последици, ако на ова зло не му се застане на пат."[154]

---

[154] До господину доктору Антуну Корошцу, Министар унутрашњих послова, 31 Јули 1935 година, Београд, од граѓана варошу Штип, Архив на град Београд, Фонд Тајни документи

И конечно, служејќи се со вакви нечовечки методи овој експонент на големосрпската политика дошол и до сенаторско место.[155]

## II. ПОСЛЕДНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ОД ДЕКЕМВРИ 1938 ГОДИНА

И за овие избори било карактеристично исто што и за претходните, властодршците и експонентите на големосрпскиот режим со познатите испробани методи и форми на терор и застрашувања спречувале било каква акција од пропаганден или организиран карактер на народот и прогресивните сили на градот. Впрочем, и покрај ова, Синдикалната и Партиската организација во Штип за овие избори од 11 Декември 1938 година агитирале народот да се определи за кандидатите на Српската земјоделска партија, која спрема сознанијата на народот, најмалку била компромитирана. Освен тоа на 1 Декември 1938 година партиската организација организирала и масовни демострации, кои завршиле со големи репресалии врз народот, кога биле затворени и 40 напредни активисти. „За парламентарните избори на 11.12.1938 година на Земската кандидатска листа чиј носител беше д-р Милан Стојадиновиќ, за изборните единици на територијата на вардарскиот дел на Македонија беа одредени и потврдени следните кандидати под реден број 14 за околија штипска: 1. Михајло Каламатиевиќ, претседател на општина Штип, заменик – Страхиња Пецевиќ, околиски санитетски референт

[155] Михајло Каламатиевиќ, или меѓу граѓаните на Штип познат како Мијалче Каламатија е роден на 12 Април 1896 година во Штип. Завршил бугарско основно училиште и четврти клас гимназија. По професија бил трговец. Во 1927 година бил избран за обласен народен пратеник на листата на Радикалната партија. Потоа од годинити 1928-1934 година бил претседател на општина Штип. Од 1931 до 1938 година три пати бил избран за народен пратеник. Во 1939 година Мијалче Каламатија бил избран за сенатор. По Априлскиот дебакл побегнал заедно со српската администрација. Починал во Солун, 1960 година.

од Штип и 2. Владо Пуздерлиевиќ, трговец од Скопје, заменик – Асен Доневиќ, бербер од Штип."[156]

Во контекс на една ваква политичка состојба на насилство и терор, нормално било да се очекува победа на Михајло Каламатиевиќ.

## III. ОБИДИ ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ИЛЕГАЛНАТА ДЕЈНОСТ НА ПАРТИСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ШТИП

Во периодот 1934/35 година е почувствувано позабележително влијание на Партијата меѓу народот. Зголеменоста на активноста на Партијата во овој период се должи на општествено-политичките услови што биле создадени во штипскиот регион: заострените општествено-економски и политички спротивности, зголемената експлоатација на работничката класа, осиромашување на малите занаетчии, трговци и селани, а од друга страна и од засилениот терор и насилство спроведувано од владеачкиот режим. Во 1935 година при партиската организација во градот бил формиран Месен комитет. Комитетот бил составен од 5 члена и тоа: Аксе Лонгуров, Мијалче Саздов, Киро Кукушов, Тошо Арсов, Љупчо Ефремов. Месниот комитет помеѓу себе ќе ги распоредат и задолженијата. Бројот на членовите на организацијата набргу пораснал на повеќе од 20 члена. Во Штип започнал нов поорганизиран и далеку поинтензивен политички живот. За краток временски период, по формирањето на Месниот комитет, организацијата опфатила широк круг на работници, студенти и ученици и била создадена основата за проширување на Партиската организација и формирање на нови партиски клетки. Според социјалната структура, јадрото на партиската организација било составено, предимно од работници, што многу позитивно се одразило во штирењето на

---

[156] д-р Надежда Цветковска, „Граѓанските партии во вардарскиот дел на Македонија (1935-1941), Скопје, 1996 година, стр. 109-111

комунистичките идеи меѓу работничката класа. За овој момент, Љупчо Ефремов во своите сеќавања за неговата партиска активност од 1935 до 1941 година пишува: „Со класното осознавање на работниците и револуционерната клима во градот беа создадени услови Месниот комитет да ја насочи активноста на партиското членство на создавање струкови синдикални подружници во пролетта 1936 година и вклучување на работниците во нив, поради водење организирана борба против работодавателите, а за подобри услови на работа. Ова организирање наидуваше секогаш на отпор кај тогашната ракционерна власт која ги спречуваше со сите свои средства."[157]

Месниот комитет настојувал колку е можно поорганизирано да ја реализира една од задачите што се поставувала пред членството – собирање на црвена помош и настојувањето партиското членство да биде информирано за сите актуелни политички настани во Светот и во земјата за да можат истите правилно да бидат толкувани меѓу работничката класа.

Такви биле, на пример, Шпанската граѓанска војна и улогата на Интернационалните бригади во одбрана на демократијата и републиката во Шпанија, ширење на германскиот и италијанскиот фашизам и друго. Во 1936 година, комунистите од Штип за да придобијат повеќе симпатизери организираа: игранки, поседенки, приредби и журеви. Сето ова укажува какво значење одиграло формирањето на Месниот комитет, кој од една политичка пасивност и зачмаеност, под најтешки услови на политички терор и национално угнетување успеал да го револуционеризира народот и да го подготви за негова идна тешка борба. Но, за жал, во месец Април, 1937 година дошло до провала на партиската организација, што условило и прекини на нејзината работа. Провалата ќе предизвика тешки последици и ќе и нанесе тежок удар на многу партиски организации надвор од штипскиот регион, во Прилеп, Куманово, Кавадарци и Ѓевѓелија. Сите членови на Месниот комитет и некои од секретарите на партиските клетки и многу други комунисти и напредни граѓани се нашле во затвор.

Носителите на полициската власт и бранителите на режимот многу сурово се пресметале со партијата и нејзиното членство. За тоа како

---

[157] Љупчо Ефремов, „Сеќавања 1931 – 1941 година", ракопис, стр. 5, Фонд Мемоарска граѓа при Историски архив на град Штип

постапувала полицијата, релјефно се има изразено Аксе Лонгуров во неговите сеќавања. Тој пишува: „Мене ме тепаа 5-6 пати до губење на свеста и враќање на свест со ладна вода. Рацете ми беа врзани позади, нозете, исто така, ми беа врзани, така ме ставаа на дрво потпрено на маса и со специјални корбачи ме удираа по табаните. Тепањето и малтретирањето продолжуваше повеќе денови."[158]



*Прркев Ристо Ванчо – Сермен*



*Стојменски Коце Славчо*

Биле осудени сите членови на Месниот комитет: Аксе Лонгуров на 4 години робија, Љупчо Ефремов на 2 години робија, Тошо Арсов на 18 месеци, Киро Кукушев и Мијалче Саздов по 1 година строг затвор.

Меѓутоа, ова не значеше и крај на активноста на партијата во градот. Напротив, многу нејзини членови, кои го избегнаа затворањето и оние кои

[158] Аксе Лонгуров, „Сеќавања 1935-1945", ракопис, стр. 8, Фонд Мемоарска граѓа при Историскиот архив во Штип

по издржувањето на казната се вратија и со голема верба ја продолжија партиската активност со уште поголем интензитет, подготвувајќи го народот за бурните настани што допрва доаѓаат.

И конечно треба да се одбележи и тоа дека од 1938 до 1941 година, најголема политичка активност развиваа учениците од седмиот и осмиот клас на штипска гимназија. Содржината на својата работа тие ја реализирале преку таканаречените воспитни групи. Овие ученички групи, составени од млади комунисти, биле раководени од Ванчо Прке[159] и Славчо Стојменски[160]. Првиот почеток за ширење на напредната идеологија во гимназијата го отпочнал Ванчо Прке. Во првата група биле организирани следните активисти: Киро Зенделски, Тодор Вукански, Александар Грличков, Славчо Стојменски, Панче Ушински, Димитар Бојков, Раде Симовиќ, Панче Кусакатски, Асан Керим. Групата ја раководел Ванчо

---

[159] Народниот херој Прквев Ристо Ванчо – Сермен е роден на 22.04.1921 година во село Серменин – Гевгелиско. Уште како ученик во гимназијата во Штип започнал да ја организира младината во прогресивни групи. По завршувањето на гимназиското образование во 1939 година се запишал на Техничкиот факултет во Белград. Овде станал член на КПЈ. Пред самиот почеток на војната се вратил во Штип, каде што активно работи на организирање на вооружено востание во штипско. При крајот на 1941 година Ванчо Прков заминал за Битола каде што бил коптиран за член на МККП за Битола. Во текот на Април 1943 година се вратил во Штип со цел да помогне во организирањето на партизанските одреди во источниот регион. Во обид да се организира првата група на одредот „Гоце Делчев" од Штип на теренот на Плачковица, групата била откриена од бугарската полиција каде што во нерамноправна борба Прквев херојски загинал кај местото Вршин Дол – Виничко.

[160] Стојменски Коце Славчо се родил на 25.10.1921 година во Штип. Во родниот град завршил гимназиско образование, а потоа се запишал на Медицинскиот факултет во Белград. Впрочем, набргу ги напуштил студиите и се вратил во Штип. Како гимназијалец ја организира младината, а исто така активно е вклучен и во работничкото и синдикалното движење. По окупацијата активно работи на организирањето во вооружената борба против окупаторот. Како член на обласниот комитет, пролетта, 1943 година бил испратен на плачковичкиот терен за да подготви база за прифаќање на одредот „Гоце Делчев". По разбивањето на истиот Славчо Стојменски се вратил во Штип, каде што продолжил со организирање на нов партизански одред. Меѓутоа, бил откриен од бугарската полиција и на 17.08.1943 година во престрелката што настанала меѓу Славчо и бугарските фашисти, народниот херој Славчо Стојменски јуначки загинал.

Прке. Во сеќавањата на Панче Зенделски за неговите активности во НОБ и непосредно пред априлската војна пишува дека постоела и друга Скоевска група во која членувал тој со следните другари: Тошо Арсов – секретар на групата и членовите: Боро Доганџиски, Илија Брашнарски, Боро Саздов и Ванчо Ушински.

Овој период претставува организирана политичка и револуционерна сила која имала силно влијание и меѓу работничката младина. Покрај Ванчо Прке и Славчо Стојменски, идните народни херои на македонскиот народ, други истакнати младинци, цврсто врзани за идеите биле уште и: Фирус Назим, Митко Шеќерински, Тодор Вукански, Димче Беловски, Ацо Шопов, Славко Јовев и многу други, кои исто така активно учествуваа во револуционерната епопеја за ослободување на македонскиот народ од 1941 до 1944 година.

## IV. АПРИЛСКАТА ВОЈНА И КРАЈ НА СРПСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ ВО ШТИП И ШТИПСКО

Со распаѓањето на пактот од 27.03.1941 година станало јасно дека се чекало само на денот кога фашистичка Германија ќе го нападне Кралстовото на Југославија, а во неговите рамки и Македонија. И се случило така. На 6 Април од базите на Царството Бугарија, пред 9 часот хитлеровите авиони на најнечовечен и подол начин го нападнале и градот Штип. Бомбардирањето се одвивало во два налета. Во првиот случај германските авиони што доаѓале од исток, по реката Отиња, го бомбардирале источниот дел на градот, нанесувајќ тешки материјални и човечки жртви. Меѓу другите жртви, во овој напад загинале и 150 војника на Југословенската војска, стационирани во Соколаната, односно денешниот Народен театар. Само по 30 минути германските штуки, повторно го надлетале градот и со уште поголема жестина го истуриле својот смртоносен товар врз невиното население.

Од овој напад реоните: Горно Маало, Тузлија, Тополското и Грнчарското маало, биле обвиени со чад и пепел. На сите страни се слушале лелеци и повици за помош. Покрај многуте разурнати куќи била и зградата на старата болница. Жртви на овој напад биле и 63 невини граѓани на овој град и многу ранети од кои повеќе останале инвалиди за целиот свој живот. За Априлската војна и тешките последици од неа, сликовито раскажува осумдесетишестгодишната Вера Цацкова: „Психолошки бевме речиси подготвени за еден ваков напад, бидејќи радиото и дел од печатот постојано известуваше за подготовките на Германија да ја нападне Југославија, а покрај тоа и граѓаните на Штип се предупредуваа за еден можен воздушен напад, а меѓу другите и такви форми била и сирената сместена на Исарот. Покрај тоа знак дека нешто ќе се случи беше и мобилизирањето на населението, меѓу кои и мојот сопруг, Тодор Цацков. Тој и другите Штипјани биле заробени од фашистичката германска војска во Прилеп, а потоа сите Штипјани биле вратени во Штип и ослободени како Македонци. Жртва на овие крвави бомбардирања беше и мојата мајка Трајанка Анева."

Веднаш потоа, плашејќи се од нов напад, многу граѓани од Штип го напуштиле градот, селејќи се или во околните лозја или во поблиските села. Покрај тоа за одбележување е дека војската на Југословенската армија по бомбардирањето го напуштила градот, а заедно со неа и експонентите, властодршците на големосрпскиот хегемонистички режим од типот на Михајло Каламатиевиќ, Михајло Сеизовиќ и други. За едно денонoќие градот останал без власт и настапило време на безаконие и анархија. „Дведецениското владеење на Кралството Југославија, заедно со „штуките" ги напушти македонските простори, режимот големосрпски и хегемонистички. Најиманентните претставници на власта, просветниот кадар, ситното чиновништво, војската и полицијата го напуштија градот кој никогаш не стана нивен, зошто на секој чекор ги следеа погледите полни со омраза и прекор од месното население. Поминаа удобен живот во туѓа земја, од туѓа пот и мака, врз туѓи солзи и насреќи, но корени не пуштија. Туѓата земја не ги сакаше."[161]

---

[161] Виолета Карагунова, „Славчо Стојменски", Скопје, 1995 година, стр. 77

Карактеристично е дека не поминале ни 24 часа, а веќе единиците на 73 Пешадиска германска дивизија, преку Горна Џумаја, Царево Село (Делчево) и Кочани, на 7 Април 1941 година навлегле без било каков отпор во Штип, наоружани со тенкови и други најмодерни оружја за да продолжат кон Велес.

Овој вакум од старото и новото ропство траел само 2 недели, кога во Штип навлегле бугарските окупаторски војски, заедно со целокупниот административен, воен, полициски, просветно-културен и пропаганден апарат. За кратко време народот се соочи со ново разочарување, поголемо од првото и кога бугарскиот окупатор уште во првите денови на окупацијата го покажа своето право лице и не успеа подолго време да ја задржи ослободителната маска. Уште во самиот почеток на окупацијата на народот му стана сосема јасно дека промената на режимот не го носи очекуваното. Ова, всушност, значело само замена на едно ропство со друго, овојпат уште пострашно и поперфидно.

# ИЗВОРИ

## I. АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛИ

**1. Архив на Југославија, Белград**

- Фонд Министерство за трговија и индустрија
- Фонд Министерство за внатрешни работи
- Фонд Министерство за земјоделие
- Фонд Министерство за просвета

**2. Архив на Србија**

**3. Архив на град Белград**

**4. Архив на Македонија, Скопје**

- Фонд Банска управа на Вардарска бановина
- Фонд Милан Стојадиновиќ
- Фонд Македонски национален институт
- Архивска граѓа донесена од архивите на Бугарија
- Фонд Врховно поверенство за аграрната реформа – Скопје

**5. Архив на град Штип**

- Фонд Државна реална гимназија
- Фонд Генерал Ковачевиќ
- Извештаи од државната реална гимназија
- Албум „Алманако Македонија", София, 1931 година
- Фонд Штипско позориште, Белград
- Фонд на семејства трговци
- Фонд Мемоарска граѓа

**6. Завод – музеј, Штип**

- Фонд Збирка Брегалничка област

**7. Архивско одделение при институтот за нацонална историја – Скопје**

- Српски извори за историјата на македонскиот народ
- Фонд Третата армиска област

**8. МАНУ**

**9. Универзитетска библиотека „Климент Охридски” – Скопје**

**10. Универзитет „Св. Кирил и Методиј”**

– Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава

**11. Историски архив на КПЈ, Белград**

**12. Историски архив на КПМ, Скопје**

## II. ЛИТЕРАТУРА


1. Абаџиев Ѓорѓи, „Балканските војни и Македонија”, 1958 година
2. Апостолов Александар, „Колонизацијата во Македонија во Стара Југославија”, Скопје, 1966 година
3. Апостолов Александар, „Вардарска Македонија од Првата светска војна до изборите за конституантата”, Годишен зборник – Скопје, 1920 година
4. Апостолов Александар, „Специфичната положба на македонскиот народ во Кралството Југославија”, Гласник на ИЗИИС, Скопје, 1972 година
5. Апостолов Александар, „Злетовска област”, Скопје, 1974 година
6. Апостолов Александар, „50-годишнина од првата генерација на матуранти на обновената гимназија во учебната 1938/39 година со посебен осврт на штипската гимназија помеѓу Двете светски војни”, Штип, Дело, 1974 година
7. „Астибо – Штип”, Скопје, 1964 година
8. Алексиќ Дејан, „Наша реч 1939 – 1941 година”, Скопје, 1960 година
9. Алексиев Александар, „Основоположниците на македонската драмска литература”, Скопје, 1972 година
10. Апостолски Михајло, „Великобугарските претензии од Сан Стефан до денес”, Белград, 1978 година
11. Бошковски Јован, „Македонската драма”, Скопје, 1962 година
12. Петковска Ана, „Развитокот на земјоделството во Македонија”, Скопје, 1955 година

13. Гавриловиќ Милан, „Привреда Јужне Србије", Скопље, 1933 година
14. Гавриловиќ Милан, „Развој банкарства и привреда у Јужној Србии", Скопље, 1931 година
15. Ѓорѓиевски Михајло, „Библиотекарството во Вардарска Македонија меѓу Двете светски војни", Скопје, 1989 година
16. Босоевски Т., „Станое Тимо Данев – Стари", Штип, 1985 година
17. Балабанов Коста, „Студии од културното историско наследство на град Штип", Дело, 1974 година
18. Завоев Петър, „Град Штип", София, 1928 година
19. Јовановиќ Марија, „Просветата и политичките прилики во Вардарска Македонија 1919 – 1929 година", Скопје, 1983 година
20. Картов Владо, „Македонскиот народ и правото на самоопределување 1912 – 1941", Скопје
21. Крстиќ Ѓорго, „Колонизација у Јужној Србии", Сарајево, 1928 година
22. Наумовски Светозар, „Напредното учителство во Македонија меѓу Двете светски војни", Скопје, 1994 година
23. Милош Хр. Константинов, „Занаети и еснафи во битолско", Битола, 1966 година
24. Никола Члслов, „Занаетчиството во Јужна Србија", Скопје, 1924 година
25. Павловиќ Миливоје, „Идеологија на соколството", Скопје, 1931 година
26. Пачемска Даринка, „ВМРО (обединета)", Скопје, 1985 година
27. Влахов Димитар, „Одбрани говори и статии 1924 – 1947", Скопје, 1948 година
28. Петревска Даринка, „Општествено политичката состојба во Малешевијата од крајот на Првата светска војна до 1921 година", Историја, Скопје, 1992 година
29. Јован Јанев, „КПЈ во парламентарните изборни борби во Вардарскиот дел на Македонија 1919 – 1921", Скопје, 1992 година
30. Новаковиќ Коста, „Македонија Македонцима! Земља земљорадницима", Чачак, 1966 година
31. Суботиќ Гаврило, „Учеснике и сведоке", Београд, 1974 година
32. „Споменица 25-годишнце ослобоѓења Јужне Србије 1912 – 1937", Скопље, 1937 година

33. Стефановски Ристе, „Театарот во Македонија", Скопје, 1976 година
34. Стојанов Петар, „Македонија во време на Балканските и Првата светска војна", Скопје, 1969 година
35. Ристо Христов, „Селото во вардарскиот дел од Македонија меѓу Двете светски војни", Скопје, 1993 година
36. Ристо Христов, „Трудбеничките општествени слоеви во Македонија меѓу Двете светски војни", Скопје, 1994 година
37. Каракостов Стефан, „Миналото и театарот во Македонија", София, 1942 година
38. Миљовски Кирил, „Македонското прашање во националната програма на КПЈ 1919 – 1937", Скопје, 1962 година
39. Мисирков Крсте, „За македонцките работи", Скопје, 1951 година
40. Митев Камче, „Васил Доганциски", Штип, 1985 година
41. Соботиќ Гаврило, „Учеснике и сведоке", Београд, 1974 година
42. „Историја на македонскиот народ", том III, Скопје, 1969 година
43. Петар Стојанов, „Македонија во политиката на големите сили во време на Балканските војни 1912 – 1913", Скопје, 1979 година
44. Мирослав Мирко Нацаков, Венко Прилепчански, „ФК Брегалница 1921 – 1991", Штип, 1991 година
45. Милан Стојадиновиќ, „Ни рат, ни пакт", Риека, 1970 година
46. Цветковска Надежда, „Граѓанските партии во вардарскиот дел на Македонија 1935 – 1941", Скопје, 1996 година
47. Карагунова Виолета, „Славчо Стојменски", Скопје, 1995 година
48. Карагунова Виолета, „Ванчо Прке – Сермен", Штип, 1989 година
49. Марковски Ристо, „Автомобилизмот во Македонија", Скопје, 1995 година
50. Илиевски Доне, „Автокефалноста на Македонската православна црква", Скопје, 1972 година
51. Čulinović Ferdo, "Jugoslavija između dva rata", Zagreb, 1961 година
52. Мановиќ Тодор, „Записи за Македонија меѓу двете светски војни", МАНУ, Фонд Тодор Мановиќ
53. Мановиќ Тодор, „Публицистички белешки", МАНУ, Фонд Тодор Мановиќ

54. Лапе Љубен, „Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ" II дел, Скопје
55. Димевски Славко, „Охридска архиепискпија", Скопје, 1968 година
56. Снегаров Иван, „История на Охридската архиепископия 1394 - 1767", София, 1932 година
57. Војвода Мишиќ Живоин, „Моје успомене", Београд, 1969 година
58. Скоко Сава, „Други балкански рат", Београд, 1975 година
59. Јоксимова Елена, „Штип и неговата здравствена култура во XIX и XX век", Монографија во ракопис, Архив на Медицински центар – Штип
60. Битовски Крсте, „Положбата на Вардарска Македонија за време на бугарската окупација 1915 – 1918", Скопје, 1960 година
61. Малковски Ѓорѓи, „Свети Николе и светиниколско 1912 – 1945 година", Свети Николе, 1990 година
62. Павловиќ Јеремије, „Брегалничка област", Београд, 1924 година
63. Миновски Михајло, „Соединетите Американски Држави и Македонија 1864 – 1919 година", Скопје, 1994 година
64. „Битката на Брегалница 17-25 Јуни 1913 година", Белград, 1926 година
65. Матковски Александар, „Трагедијата на Евреите во Македонија", Скопје, 1962 година
66. Исак Сион, „Учеството на Исак Сион во НОВ во Штип 1941 – 1945", 1985 година, ракопис, Архив на град Штип
67. Колономос Жамила и д-р Вера Весковиќ – Вангели, „Евреите во Македонија во Втората светска војна 1941 – 1945 година, Скопје, 1986 година
68. Дедијер Јефто, „Нова Србија", Београд, 1913 година
69. Нетков Васил, „Положба, природни услови на населението, топографски развиток на градот Штип – Астибо", Скопје, 1964 година
70. Лазаревски А., „Климата во Македонија, Врнежи во СР Македонија", Скопје, 1971 година
71. Чоровиќ В., „Наше победе", Београд, 1929 година
72. „Veritas Македония под игото 1919 – 1929 година", Софија, 1931 година
73. Мартулков Алекса, „Моето учество во револуционерните борби во Македонија", Скопје, 1964 година

74. Тодор и Димче Зографски, „КПЈ и ВМРО (об) во Вардарска Македонија во периодот 1920 – 1930", Скопје, 1974 година
75. Стојков Тодор, „Опозиција у време шестојануарске диктатуре 1929 – 1935", Београд, 1969 година
76. Арсов Љупчо, „Сведоштва", Скопје, 1984 година
77. Моша Пијаде, „Избрани списи", Београд, 1964 година
78. Врчинац Јулија, „Краљевина СХС-а до Видовденског процеса", Београд, 1956 година
79. Галев Димитар, „Тодор Александров, Од автономија до самостојна држава", Скопје, 1995 година
80. Галев Димитар, „Белиот терор во Југоисточна Македонија 1910 – 1941 година", Штип, 1991 година
81. Катарџиев Иван, „ЦК на ВМРО (об) Предавниците на македонското дело"", Скопје, 1983 година
82. „Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава", Том II, Скопје, 1981 година
83. „Во пламенот за среќната иднина", Штип, 1975 година
84. Едровски Никола, „Штип меѓу Двете светски војни 1919 – 1941", Астибо – Штип, 1964 година
85. Цветковски Благој, „Историскиот и стопански развиток на Штип од создавањето до 1919 година", Астибо, 1964 година
86. Čulinović Ferdo, "Dokumente o Jugoslavii", Zagreb, 1968 година
87. Шишиќ Фердо, „Документе о постанку на Краљевине СХС-а 1914 – 1919", Загреб, 1920 година
88. „Работничкото и комунистичкото движење", Скопје, 1920 година
89. Иван Божиќ, Сима Кирковиќ, Милорад Екмеѓиќ и Владимир Дедијер, „Историја Југославије", Београд, 1973 година
90. Катарџиев Иван, „По врвиците на македонската историја", Скопје
91. Ивановски Иван, „Против заборавот на времето", Скопје, 1969 година
92. Хаџивасилевиќ Јован, „Јужна Стара Србија", Београд
93. Рибар Иван, „Политички записи", Белград, 1948 година

## III. СПИСАНИЈА И ВЕСНИЦИ


1. Брегалница
2. Автономна Македония – София
3. Вардарски Бановински гласник
4. Вардар – независни културно просветни лист, 1932 – 1936 година
5. Илюстрация Илинденъ – София
6. Јужна Србија
7. Македонско дело
8. Нова Македонија – Скопје
9. Комедија – Београд
10. Политика – Београд
11. Солидарност – Штип
12. Штипски весник – Штип
13. Јужни преглед - часопис за науку и књижевност, 1927 – 1939 година
14. Луч - часопис за културна, економска и социјална питања, 1937 – 1938 година
15. Театарски гласник – графички завод „Гоце Делчев" – Скопје, 1985 година